
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ



Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1057
Скопје, 1 јули 2013 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

Содржина на Билтен број 1057 од 1 јули 2013 година

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

1. Рецензија на ракописот **Основи на музичката теорија** од авторот **д-р Владимир Талевски**, пријавен на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје.....1-10

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на учебникот**Основи на отологијата и аудиологијата**, од **група автори**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.....11-17
2. Рецензија на ракописот **Практикум за вежби за медицинска хемија и биохемија за студенти по стоматологија**, од **група автори**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.....18-26
3. Рецензија на докторската дисертација **Морфофункционална анатомија на билијарниот систем кај човекот**, од **д-р Драгица Јурковиќ**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....27-29

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математикиот факултет во Скопје **(Милена Кузманоска, Станко Илиќ-Панов, Филип Свонсон, Николина Митреска, Ангела Алексовска, Васко Алексовски)**.....30

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник од областа на економските науки по предметот микроекономија на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Даниела Мамучевска)**.....31-50

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот за универзитетски учебник **Вовед во компјутерската физика**, од авторите **проф. д-р Благоја Вељановски, проф. д-р Наце Стојанов**, пријавен на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....52-60

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Рецензија на учебникот **Електрични мрежи**, од д-р Ристо Ачковски, д-р Мирко Тодоровски, пријавен на Факултетот за електротехника и инфорациски технолоигии во Скопје.....61-65а

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Иван Фиданов, Јасминка Богуновиќ, Блатко Поповски, Ласта Миленковски)**.....66

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. **Исправка** на Рефератот за избор во звањето насловен вонреден професор од областа информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(д-р Стево Божиновски)**.....67

.ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Маркетинг-стратегии и тактики во прехранбената индустрија во Р. Македонија**, изработена од **м-р Маја Кочоска**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....68-75

ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА

1. Рецензија за оцеан на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација со наслов **Нумеричко и експериментално истражување на лиени армиранобетонски колови за мостови изложени на латерални статички и динамички товари**, и научна оспособеност на кандидатот **м-р Томислав Ханик**, пријавена на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија Скопје.....76-80

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на асистент по предметите: храна и исхрана, микробиологија, микробиологија на храна и санитација, основни процеси во биотехнологијата 1, основни процеси во биотехнологијата 2, биолошки основи на суровините и вовед во суровините за прехранбената технологија и за биотехнологијата на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Анита Грозданов)**...81-85

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Реферат за избор во звањето виш лектор по предметот современ руски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(м-р Екатерина Терзијоска)**.....86-90

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Александар Стаматоски, д-р Дарко Крстевски, д-р Зана Јусуфи-Османи, д-р Спиро Спасовски, д-р Елита Сулејмани, д-р Селма Дурмиши, д-р Зорица Пеливанова, д-р Ерол Фејсули, д-р Кенан Сакипи, д-р Филип Таитуровски, д-р Денис Бафтијари, д-р Абдулнади Назифи, д-р Марија Андоновска)**.....91-92

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник од областа на математичката анализа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Петар Соколоски)**.....93-96

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Компаративна анализа на факторите на ризик и нивното влијание врз концентрацијата на плазма – хомоцистеинот во појавата на примарниот исхемичен цереброваскуларен инсулт во регионот на Тетово,** од **м-р Бајрам Камбери,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....97-102

ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО

1. Реферат за избор на научен соработник во научната област микробиологија на Институтот за сточарство во Скопје **(д-р Весна Левков)**.....103-113

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(Селсебил Калбопас)**.....114

ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР

1. Реферат за избор на наставник во сите звања на групата наставна програм – економика во дрвната индустрија на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје **(д-р Мира Станкевиќ-Шуманска)**.....115-126

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Реферат за избор на лектор по современ англиски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(м-р Наташа Стојановска-Илиевска)**.....127-136

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научните дисциплини: социјална работа (здравство, образование, социјална заштита и друго), современи системи на социјална заштита и методики на социјална работа (поединец, група и локалната заедница) на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Владимир Илиевски)**.....137-152

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на учебникот **Ендодонција** за студентите по стоматологија од **д-р Соња Апостолска, д-р Василка Рецова,** пријавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....153-160

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на трудот **Буџетско право** од авторите **д-р Весна Пендовска** и **д-р Александра Максимовска Велјановски**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....161-167

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Рецензија на докторската дисертација **Ефектот на пробиотикот Enterococcus faecium DSM 7134,** од **м-р Катерина Благоевска,** пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.....168-171
1. Рецензија на докторската дисертација **Детекција и типизација на лактобацили од автохтони вински сорти грозје и вина од тиквешкиот регион и нивното влијание врз инхибицијата на Listeria monocytogenes во системи со говедско мелено обликувано месо,** од **м-р Ирена Ераковиќ-Токалиќ,** пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.....172-178

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наслoвен доцент по групата предмети: основи на менаџментот, бизнис-администрација, маркетинг, плетенини, дизајн на текстилот и проектирање ткаенини, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Елена Томовска)**.....179-185

ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ

1. Реферат за избор на асистент на научната област хемија/аналитичка хемија на Земјоделскиот институтот во Скопје **(м-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски)**.....186-190

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(Јане Спасиќ, Нина Николиќ, Бранко Вељановски, Драгана Милошевски-Попова)**.....191

ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје **(Тахир Ахмети)**.....192

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на архитектонското проектирање во Институтот за архитектонско проектирање по предметите: архитектонско проектирање 5 и архитектонско студио од 7-9 на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје **(д-р Александар Радевски)**.....193-212

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по предметите економско планирање, аграрна политика и општествено богатство и национални сметки на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Сашо Ќосев)**.....213-226
2. Рецензија на докторската дисертација **Клучните макроекономски политики во услови на современата економска криза, со посебен осврт на Македонија,** изработена од **м-р Борче Треновски,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....227-231

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Рецензија на докторската дисертација **Мерни карактеристики, нормативе И стандарди за оценување на моторниот статус на младите,** изработена од **м-р Авди Пирева,** пријавена на Факултетот за физичја култура во Скопје.....232-235
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за физичка култура во Скопје **(Ангелина Димитровска, Ќамил Елмази, Бојан Темелкоски)**.....236

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник од областа на економските науки по предметите финансиски менаџмент, проектен менаџмент и меѓународен финансиски менаџмент на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Сашо Арсов)**.....237-249

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА МУЗИЧКАТА ТЕОРИЈА"
ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ВЛАДИМИР ТАЛЕВСКИ

Согласно со одлуката донесена од Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 5.4.2013 година, избран сум за рецензент на ракописот „Основи на музичката теорија", со практикум по наставната дисциплина основи на музичкото образование, за предучилишно воспитание и одделенска настава, за студиската група на македонски наставен јазик, од авторот доц. д-р Владимир Талевски.

На извршената анализа на учебникот и практикумот „Основи на музичката теорија", од доц. д-р Владимир Талевски, го приложувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. **Назив на учебникот и практикумот**
„Основи на музичката теорија".

2. **Назив на предметната програма:**
Ракописот – учебник и практикум „Основи на музичката теорија", се однесува за предметната програма основи на музичкото образование.

3. **Назив на студиската програма:**
Ракописот – учебник и практикум „Основи на музичката теорија", е наменет за студиската програма за предучилишно воспитание и одделнска настава на Педагошкиот факултет на македонски наставен јазик.

4. **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:**
Предметот основи на музичкото образование, за одделенска настава и предучилишно воспитание на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје е задолжителен предмет, според студиската програма се изучува во петтиот семестар со 60 часа, како задолжителен предмет, со неделен фонд на часови 2+2+1, со 4 ЕКТС - кредити.

5. Учебникот со практикум „Основи на музичката теорија" е напишан во согласност со предметната програма за предучилишно воспитание и одделенска настава.

6. Автор на учебникот и практикумот „Основи на музичката теорија" е д-р Владимир Талевски, доцент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

7. За рецензент сум избран со одлука на седницата на Наставно – научниот совет одржана на 5.4.2013 год.

8. Учебникот со практикум ќе претставува основна литература за студентите од предучилишно воспитание и одделенска настава на Педагошкиот факултет .

9. Ракописот – учебникот ќе биде прво издание во статус на учебник со практикум, и на студентите треба да им овозможи квалитетна учебникарска основа за совладување на материјата од предметната настава.

10.Општи податоци за учебникот и практикумот:

- учебникот е напишан на компјутер во Б5 - формат, со фонд на букви 12, а проред 1;
- практикумот е напишан на компјутер во А4 - формат, со фонд на букви 12, а проред 1;
- учебникот е конципиран на 85 страници со примена на стандардната учебникарска структура, целосно соодветна на современите студиски потреби и цели;
- практикумот е конципиран на 65 страници со примена на соодветни стандарди на современите студиски потреби и цели;
- содржинскиот материјал е распореден во 15 наслови, односно логични заокружени целини;
- стручниот материјал е презентиран на систематичен начин;
- теоретско – методските објаснувања го чинат принципот на застапеност на сопственото како и искуството на проучувачите на основите на музичката теорија, односно основната музичка писменост во музичката област;
- низ содржините на ракописот се актуализирани основните поими и пристапи во музичката писменост;
- сите наслови и поднаслови во учебникот соодвествуваат во практикумот, односно сочинуваат една заокружена целина.

10. Краток опис на содржината на ракописот

Од приложеното во ракописот „Основи на музичката теорија" се доаѓа до констатација дека музиката, односно музичкото образование, во целост е специфична научна дисциплина која бара и посебност во методскиот пристап за нејзина успешна примена.

Низ целиот ракопис авторот укажува на неопходноста од совладувањето на основната музичка писменост, како предуслов за успешна примена и реализација како на теоретските, така и на практичните содржини во воспитно - образовниот процес.

Во првиот наслов *Значењето на музичката уметност*, дадени се општите начела за феноменот музика, која соопштува знаење што се наоѓа исклучиво во контекстот на самото музичко дело, но музиката соопштува и значења кои на специфичен начин се однесуваат на вонмузичкиот свет на поими, дејства, емоционални состојби и карактери.

Во вториот наслов *Основни музички поими*, содржани се основните музички елементи: звук, главни карактеристики на тонот, имиња на тоновите, ноти, петтолиниски систем, вредности на ноти и паузи, музички клучеви, тонски

систем, бележење на ноти во виолински и бас - клуч. Сите наведени елементи се претставени постапно, едноставно, блиски до восприемачот, додека во практикумот се поставени соодветни барања за реализација како на теоретските, така и на практичните основни сознанија за поставените барања за наставниот предмет.

Во третиот наслов, *Основна скала, стапало, степен, тетракорд,* обработени се основните поими за музичката скала со нејзините придружни елементи, улогата и значењето на музичкото стапало и степенот во скалата, како и поимот тетракорд. Како во претходното поглавје, и во ова поглавје сите елементи се преставени со соодветни примери во учебникот и практикумот.

Во четвртиот наслов, *Метриката во музиката,* објаснет и разработен е музичкиот метар и пулсацијата на метричките групи; музичкиот такт како основна музичка целина, како значен сегмент во музичкото писмо; едноставните тактови се претставени конкретно, соодејствуваат со јасен приказ, а потоа се разработени и сложените тактови и дадена нивна поделба. Како и претходните поглавја, и ова поглавје е надополнето со соодветни вежби во практикумот.

Петотто поглавје, *Ритмика – музички ритам,* многу студиозно го обработува поимот ритам, како основен услов за восприемање и реализирање на карактеристичните ритмички појави кои претставуваат основа за различноста во музичката пулсација (синкпа, контртан).

Шестото поглавје ги обработува *специфичните тонски групи* (триола, предтакт, замав). Авторот со особен пиетет, ја обработува наставната материја содржана во ритамот и ритмиката, како основен двигател со застапеноста на специфичните тонски групи, надополнето со соодветни прашања и вежби во практикумот, како теоретски, така и практични застапени елементи од соодветната област и проблематика.

Седмото поглавје е посветено на *мелодијата во музиката,* која претставува фундаментално изразно средство, сосема оправдано е опфатено подрачјето што е предуслов за успешна примена на мелодијата со останатите придружни елементи, кои претставуваат една нераздвојна целина. Мошне студиозно и со впечатлив пристап, авторот ги образложува материјалните и функционалните задачи на нижењето на тонови по одредени принципи, која не е цел само за себе, туку служи за остварување на музичка форма како носител на која било музичка содржина.

Музички интервали, е насловот на осмото поглавје, како основен двигател на мелодијата, со кои се дадени најосновните потребни знаења кои треба да ги усвојат и практично да ги применат реализаторите на предметот музичко образование.

Во деветтото поглавје, *Музичка артикулација,* изразните елементи на мелодијата се надоплонети со артикулацијата, која претставува начин на кој се изведуваат поодделни тонови или група на тонови.

Во десеттото поглавје, *Динамика во музиката,* обработени се основните динамични нијансирања, како и основните динамички обележувања кои најчесто има можност да се применат во наставата по предметот музичко образование.

Темпото во музиката е насовот на единаесето поглавје, каде што со посебен селективен приод, селектирани се основните обележја во рамките на

музичката писменост – како предуслов за правилно восприемање на наставните содржини.

Во дванаесетотто поглавје, *Помошни знаци и кратенки*, објаснети се најосновните помошни знаци и кратенки, кои претставуваат нераскинлив дел од најобичната музичка целина (знак за повторување, прима и секунда волта, знаци за повторување на одрдени музички целини и сл.).

Во тринаесеттото поглавје, *Повишени и снижени тоново (предзнаци)*, со посебен акцент кон музичкото писмо сосема оправдано е опфатено подрачјето што е предуслов за успешна примена на нотното писмо, а со тоа препознавање на соодветните знаци во музичкото писмо. Преку богатите примери во учебникот и соодветните прашања во практикумот, дадено му е неопходно внимание за заокружување на основните знаења од областа на музичката писменост.

Во четиринаесетто поглавје, *Музички скали,* на сликовит начин е претставена основната скала, со сите придружни елементи кои ја сочинуваат неа, како и постапката, улогата и потребата од примена на останатите музички скали во процесот на совладување на музичкото писмо. Системот на формирање на дурските и молските скали, како сложен дел во совладување на проблематиката, се претставени постапно, логично, користејќи ги сите придружни елементи во навлегување на проблематиката на музичката писменост. Ова поглавје е надополнето со *квинтно - квартен руг,* каде што на едноставен и логичен начин дадени се основните начела за градење на сите музички скали. Во практикумот со соодветни вежби и прашања се разјаснуваат и се добиваат поставените одговори, правејќи ја материјата едноставна, пристапна и совладлива.

Петнаесетотто поглавје, *Созвучие – акорд,* претставува заокружување на изнесената проблематика за музичкото писмо, како и запознавање со основата на созвучието.

11. Предлози за потребни корекции

Според направената анализа на содржините на предложениот ракопис - учебник и практикум, корекции не се потребни.

12. Оцена на учебникот и практикумот:

Учебникот во ракопис е значаен материјал поради тоа што претставува сублимат на теоретските и практичните сознанија во областа на музичката писменост. Поставените цели и задачи кои ја сочинуваат содржинската структура во целост соодветствуваат со постојните методски релации на наставата по музичко образование.

Содржините од секоја тематска целина на учебникот се логички поставени и имаат методолошка заснованост. Во тематските целини со длабок аналитички пристап се разработени фундаменталните аспекти, концепции и теории за изучувањето на музичката писменост, кои се во согласност со современата научна мисла.

Изборот на темите и поднасловите соодветствува со нормативно-програмските и дидактичко-методските барања како неопходна условеност за реализацијата на методиката во музичкото образование.

Со практикумот се помага, односно се овозможува полесно усвојување на материјата и поефикасна примена на стекнатите знаења во практичната работа.

Во согласност со темите, во учебникот се застапени одреден број примери, како дополнување на теоретските содржини. Користениот систем на поими и термини соодветствува со академските барања за обработка на теоретските сознанија и применливоста во образовниот процес.

Учебникот во ракопис „Основи на музичката теорија", е напишан со разбирлив јазик, што овозможува непречено совладување на музичките содржини и нивна ефикасна имплементација во методскиот дел во практиката. Стилот на пишување ги задоволува потребните услови на еден универзитетски учебник, во согласност со стандардниот литературен јазик.

13. Категоризација: учебник и практикум.

14. Заклучок

Според изложената содржина, ракописот претставува сериозен и вреден труд кој во целост одговара на барањата од музичката теорија и практика, неопходни за студентите од групата предучилишно воспитание и одделенска настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", и историодните факултети, како и за сите што сакаат да се упатат во совладување на музичката теорија.

Врз основа на тоа, имам чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, да му предложам учебникот „Основи на музичката теорија", од доц. д-р Владимир Талевски да го прифати и да го објави како учебник за студентите од предучилишно воспитание и одделенска настава на македонски наставен јазик, за предметот основи на музичкото образование на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

Рецензент
Проф. Запро Запров с. р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА МУЗИЧКАТА ТЕОРИЈА" ЗА СТУДИСКАТА ГРУПА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ОД ДОЦ. Д-Р ВЛАДИМИР ТАЛЕВСКИ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, од 5. 4. 2013 год., одреден сум за член на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Основи на музичката теорија" со практикум од доц. д-р Владимир Талевски, наменет за предметот основи на музичкото образование, за студиската група предучилишно воспитание и одделенска настава, на македонски наставен јазик.

По разгледувањето и анализата на учебникот со практикум „Основи на музичката теорија" од доц. д-р Владимир Талевски, имам чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје да го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕБНИКОТ

1. **Назив на учебникот и практикумот:**
   „Основи на музичката теорија".

2. **Назив на предметната програма:**
   Учебникот со практикум „Основи на музичката теорија" се однесува за програмата основи на музичкото образование.

3. **Назив на студиската програма:**
   Учебникот „Основи на музичката теорија" е наменет за студиската програма за предучилишно воспитание и одделенска настава на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет.

4. **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:**
   Предметот основи на музичкото образование, за предучилишно воспитание и одделенска настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, се изучува како задолжителен предмет во петтиот семестар – 60 часа неделно, односно 2+2+1, со 4 кредити по ЕКТС.

5. Учебникот „Основи на музичката теорија" со практикумот е напишан согласно со наставниот план и програмата за наведениот предмет за групата предучилишно воспитание и одделенска настава на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

6. Име на авторот на учебникот и практикумот е доц. д-р Владимир Талевски.

7. Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје од 5. 4. 2013 г., одреден сум за член на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Основи на музичката теорија" од доц. д-р Владимир Талевски, наменет за студентите од македонска наставна група на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, за предметот основи на музичкото образование.

8. Учебникот претставува прво издание.

9. **Општи податоци за учебникот:**
   - учебникот во ракопис содржи 85 страници напишани на компјутер, со големина на буквите 12, оддалеченост на еден од друг ред 1 (Line spacing), во формат Б5;
   - практикумот во ракопис содржи 65 страници, напишан на компјутер, со големина на буквите 12, оддалеченост на еден од друг ред 1, со формат А4;
   - содржината на учебникот е распределена во петнаесет тематски целини, со постапност во начинот на презентираниот материјал.

10. **Краток опис на учебникот:**

Во приложениот учебник и практикум во ракопис „Основи на музичката теорија" станува збор за обработка на систем за изучување на основите на музичката писменост. Учебникот опфаќа петнаесет поглавја кои претставуваат логичка заокружена целина, која се однесува на основните постулати на музичката писменост. Во целина гледано, изборот на поглавјата кои се претставени во ракописот и начинот на кој тие се обработени и презентирани во целост соодветствуваат на длабочината и обемот во кој се проучува основата на музичкото писмо. Секоја тематска целина е поделена во различен број на поднаслови кои се логичко-методички и содржински поврзани, и претставуваат заокружена дисциплина.

Во првиот дел, ЗНАЧЕЊЕТО НА МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ, презентирани се значењето на музичката како уметност, човечката потреба за изразување на мислите, доживувањата и чувствата низ творештво како потреба за изразување на убавото, како и значењето на музиката во развојот на детската личност, нејзината воспитно-образовна, психолошка, социјална и емоционална улога.

Вториот дел, содржани се ОСНОВНИ МУЗИЧКИ ПОИМИ (звук, тон, главни карактеристики на тонот, имиња на тоновите, тонски систем, нотни знаци и петтолиниски систем, вредности на ноти и паузи, пртодолжување на нотните вредности и паузи, бележење на ноти во Ге и Еф клуч), кои претставува основна водилка за понатамошен приод во совладување на

музичките вештини. Тие се воведени од аспект на воведување во суштината на главната цел на предмет – музичката писменост. Поради оправданоста на целта, во овој дел, како во учебникот така и во практикумот, се наведени повеќе основни поими како показатели за наредните поднаслови што следат.

ОСНОВНА СКАЛА, СТАПАЛО, СТЕПЕН, ТЕТРАКОРД, е третиот дел во кои се обработени основните поими за основната музичка скала со сите нејзини придружни елементи претставени со соодветни примери, со синхронизирани прашања во практикумот, кои претставуваат заокружени целини.

Во четвртиот дел, МЕТРИКАТА ВО МУЗИКАТА, разјаснет е поимот музички метар во музиката, музички такт како најмала метричка целина, едноставните тактови, како и сложените тактови, кои се надоврзуваат со општите поими како патоказ во заокружување на основните теоретски и практични елементи во основите на музичката писменост. Тие се надополнуваат со прашања во практикумот, преку соодветни примери.

Петтиот дел му припаѓа на РИТМИКАТА – МУЗИЧКИ РИТАМ, ги содржи објаснувањата за ритамот, како важен сегмент во совладување на музичкото писмо и, секако, практичната примена во соодветни вежби, разгледувано од аспект како изразно средство за музичко изразување. Содржани се можностите за различни комбинации на тонско трење, како што е спојување во поголеми нотни вредности, поделба на помали нотни вредности и паузи итн. Таквите комбинации во рамките на еден такт на едноставен и приоден начин се пртеставени со соодветните збирови на нотни вредности во рамките на тактовите делови што го покажува, односно разјаснува соодветната дропка на почетокот на секоја музичка содржина.

СПЕЦИФИЧНИ ТОНСКИ ГРУПИ е шестиот дел, во кој на едноставен методски приод се објаснети основните специфични групи: триолата, претактот и замавот, надополнети во практикумот со соодветни примери и анализи.

Седмиот дел со однесува на МЕЛОДИЈАТА ВО МУЗИКАТА. Содржинската структура на овој дел ги синтетизира сите елементи и параметри кои имаат базична улога во реализацијата на една од главните елементи во изучување на музичката писменост, преку пеење или свирење на музички инструменти. Конципиран е во согласност со современите пристапи во рамките на теоријата и практиката за изучување на музичката писменост. На многу едноставен и јасен начин аналитички се презентирани ритамот и мелодијата како една нераздвојна целина, надополнети со мелодиски примери за практична примена.

Во осмитт дел, МУЗИЧКИ ИНТЕРВАЛИ, објаснет е поимот за музичките интервали, поделбата и примената на мелодиските интервали во основите на музичкото писмо, односно практичната примена во градбата на една музичка целина.

Деветтиот дел, МУЗИЧКА АРТИКУЛАЦИЈА, ги опфаќа начините на изведба на поодделни тонови во текот на една музичка мисла, координинирани со едноставни примери, кои можат да се сретнат и во

детските песнички, кои претставуваат патоказ за осознавање на основите на музичкото писмо.

Во десеттиот дел, ДИНАМИКАТА ВО МУЗИКАТА, наведени се основните динамички знаци и динамички нијансирања, нивната застапеност во музичкиот текст, како и улогата во рамките на една музичка мисла.

Покрај метарот, ритамот и динамиката, единаесеттиот дел му припаѓа на ТЕМПОТО ВО МУЗИКАТА, во кои се објаснети основните начела за вистинска вредност на една музичка мисла, надополнета со темпото. Наведени се основните темпа со своите нијансирања.

Во дванесетиот дел, ПОМОШНИ ЗНАЦИ И КРАТЕНКИ, исто така се објаснети основните помошни знаци и кратенки, кои овозможуваат точно и прегледено читање на нотниот текст или служат за пократок начин на бележење на нотниот текст, кој има можност да се практикува и во детските песни во рамките на наставните теми и содржани во наставните програми во воспитно-образовниот процес на предметот музичко образование.

Тринаесеттиот дел, ПОВИШЕНИ И СНИЖЕНИ ТОНОВИ (ПРЕДЗНАЦИ), претставува важен дел од трудот со оглед на тоа дека ги обработува основните познавања во совладување на оваа област во музичкото писмо. Секоја поделба во изнесеното е презентирана со целосен аналитички пристап, ги обединува како теоретските основи, така и сознанијата за реализацијата на практичниот дел. Во ова поглавје посебно место му припаѓа на музичката писменост, каде што на многу опширен начин се објаснети сите методски постапки за полесно совладување на теоретските и практичните сознанија.

Четиринаесеттиот дел, МУЗИЧКИ СКАЛИ, на едноставен начин авторот ја разјаснува проблематиката на основната музичка скала (C-dur), истата конзталација ја преминува во појаснувањето (откривањето) и на останатите музички скали со квартно - квинтниот круг. Образложени се основните начела за улогата на постапното движење на скаличниот низ, редоследното градење, придружени со соодветни примери. Со визуелна перцепција во практикумот се дадени насоки за практични примери со музички инструменти.

Петнаесеттиот дел, СИЗВУЧИЕ – АКОРД, претставува заокружување на изнесената проблематика, така што овој дел претставува сублимат, заокружување на основните елементи од музичката теорија. На тој начин е оформена една целина на систематизирани знаења со акцент на сите основни поими, со кои ќе се овозможи поефикасно апсолвирање на содржините од основите на музичката теорија, како основа за понатамошна надоградба во методската постапка.

11. **Предлози за потребни корекции:** Корекции не се потребни.

12. **Оцена на учебникот:**

Учебникот и практикумот во ракопис претставуваат значаен материјал во совладувањето на теоретските и практичните сознанија на оваа научна област. Парадигмите кои ја сочинуваат содржинската структура

во целост соодветствуваат со постојните методски релации на наставата во современи услови.

Содржинската концепција на секоја тематска целина во учебникот, а исто така и во практикумот, е логички поставена. Тематските целини се соодветни за потребите на изучување на предметот основи на музичкото образование. Понудените содржини се длабоко аналитички и концепциски разработени за потребите на совладување на потребните знаења. Паралелно со стручните, застапени се и дидактички сознанија за обликување на содржинската структура, што претставува патоказ за самостојно истражување и решавање на одредени прашања во музичката писменост. Посебно со практикумот се овозможува полесно усвојување на материјата и поефикасна примена на стекнатите знаења за практичната работа. Во учебникот се застапени сите тематски содржини, придружени со голем број примери, како дополнување на теоретските и практичните објаснувања.

Учебникот и практикумот „Основи на музичката теорија" се коницепирани на разбирлив јазик близок до корисникот, што овозможува постапно совладување на музичките содржини и поими, како и нивна ефикасна имплементација во практиката. Стилскиот пристап на учебникот, и на практикумот ги задоволува потребните услови на еден универзитетски учебник.

13. **Категоризација:** учебник и практиум.

14. **Заклучок:**

Имајќи ги предвид претходно изнесените податоци за учебникот и практикумот, како во однос на содржинската структура, методолошко – дидактичката поставеност, така и во однос на целосното усогласување со студиските програми на Педагошкиот факултет и програмата Основи на музичкото образование, сметам учебникот во ракопис и практикумот во целост ги исполнува критериумите да биде објавен.

Имам чест на Наставно – научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, да му предложам учебникот со практикум „Основи на музичката теорија" од доц. д-р Владимир Талевски да го прифати и да го објави како учебник за студентите од одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, за предметот основи на музичкото образование.

Рецензент
Проф. м-р Љупчо Соколов, с. р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА УЧЕБНИКОТ: "ОСНОВИ НА ОТОЛОГИЈАТА И АУДИОЛОГИЈА"

ОД ГРУПА АВТОРИ

1. Наслов на учебникот: "**Основи на отологијата и аудиолоијата**" .
2. Главен уредник: Марина Давчева Чакар .

   Имиња на авторите: Марина Давчева Чакар , Елена Богеска, Валентина Ивановска, Ирена Дума Васовска.
3. Предметна програма на која се однесува учебникот: оториноларингологија.
4. Област од предметот: отологија и аудиологија.
5. Студиска програма: студенти по општа медицина, стоматологија и логопедија, факултативно: специјализанти по оториноларингологија .
6. Семестар на студии во кој се изведува наставата: X семестар- општа медицина, V семестар - стоматологија, III - семестар логопедија.
7. Фонд на часови: општа медицина- 17, стоматологија- 10, логопедија- 30.
8. Оцена на ракописот: Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма.
9. Назначување на рецензентите: XVI редовна седница на ННС, одржана на 11.4.2013, год. Одлука бр. 02-1705/75 од 18.4.2013 г.
10. Прво издание.
11. /
12. Досега на Факултетот не е објавен ист или сличен учебник .
13. Општи податоци за ракописот: Содржината на книгата е прегледно и концизно презентирана на 179 страници, 85 слики и 5 табели и 133 библиографски единици.

Основни одлики на книгата се :

- многу добра организираност, почнувајќи со концизен преглед на анатомијата и физиологијата на увото;
- детални основни информации од областа на аудиологијата и вестибулологијата ;
- концизен преглед на патолошките, патофизиолошките и клиничките одлики на заболувањата на увото .

14. Краток опис содржина

Содржината е систематизирана во 11 поглавја.
Во првото поглавје е дадена ембриологијата на увото од клинички аспект. Второто и третото поглавје претставуваат одлично воведување во базичната анатомија и физиологија на увото, значајни, пред сѐ, од клинички аспект.
Во четвртото, петтото и шестото поглавје се објаснети субјективните и објективните методи за испитување на слушната функција, методите за испитување на вестибуларната функција, а даден е и краток осврт на радиолошката дијагностика во доменот на отологијата.
Седмото поглавје се однесува на конгениталните малформации на увото започнувајќи од надворешно, средното и внатрешното уво, како и хередитарните глувости и наглувости.
Во осмото поглавје се опишани повредите на увото и повредите на темпоралната коска со и без фрактури.
Деветтото поглавје ја опфаќа патологијата на наворешното уво, почнувајќи со туѓи тела во наворешниот слушен канал, преку воспалителни процеси на аурикулата и надворешниот слушен канал, се до бенигни и малигни тумори на оваа регија.
Во десеттото поглавје опсежно е дадена патофизиологијата на воспалителните и невоспалителните заболувања на средното уво, нивната клиничка експресија и современ конзервативен и хируршки третман. Во ова поглавје се опфатени и ендо и егзокранијалните отогени компликации, а поглавјето завршува со тумори на средното уво.

Во единаесеттото поглавје се опишани невоспалителните, дегенеративните, акустичните и медикаментозните заболувања на внатрешното уво. Во ова поглавје се опишани и парализите на n.facialis , нивната етиопатогенеза и третман како и туморите на внатрешното уво, пред сѐ од аспект на навремена дијагноза и третман.
На крајот од книгата се наведени 133 библиографски единици од современата медицинска литература кои се користени при пишувањето на учебникот.

1. Корекции: нема.
2. Категоризација на ракописот: учебник.
3. Општа педагошка оцена:

Книгата е убаво организирана, јасно напишана и претставува одлична база за стекнување на базични знаења од доменот на отологијата , аудиологијата и вестибулологијата.

18. Заклучок

Учебникот *Основи на отологијата и аудиологијата* е пишуван како одговор на широката експанзија на медицинското знаење и технолошкиот напредок кои ги допираат областите на отологијата, аудиологијата и вестибулологијата, презентирајќи ги најчестите up-to date информации и сознанија. Учебникот го покрива целиот спектар на нехируршката и хируршката отологија и неуротологија, вклучувајќи ги фундаменталните научни сознанија, клиничката евалуација и третман на болестите на надворешното уво, внатрешното уво, тимпано-мастоидниот компартмент, внатрешниот слушен канал и церебело-понтиниот агол, како и областа на аудиологијата и вестибулологијата. Во учебникот се презентирани современите познавања од генетичките испитувања кои се поврзани со заболувањата на увото, биотехнолошките достигнувања во областа на ласерската и имицинг - техника значајни за отологијата, за кохлеарната имплантација, како и други клиничко-дијагностички иновации и техники развиени во последната декада.
Учебникот е убаво напишан и лесно разбирлив, не само за студентите по медицина, и стоматологија, туку и за студентите по логопедија, лекарите по општа медицина, по неврологија, педијатрија како и за лекарите кои ја започнуваат специјализацијата по оториноларингологија.

Скопје,
31.5.2013

Рецензент
Акад.Илија Филипче,с.р.

РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ

"ОСНОВИ НА ОТОЛОГИЈАТА И АУДИОЛОГИЈАТА"

ОД ГРУПА АВТОРИ

1. Наслов на учебникот: **Основи на отологијата и аудиологијата**
2. Главен уредник: Марина Давчева Чакар
   Автори: Марина Давчева Чакар, Елена Богеска, Валентина Ивановска, Ирена Дума Васовска
3. Предметни програми на кои се однесува учебникот: оториноларингологија
4. Областа од предметот: отологија и аудиологија
5. Студиски програми: студенти по општата медицина, стоматологија и логопедија, факултативно: специјализанти по оториноларингологија
6. Семестар на студии во кој се изведува наставата: X семестар - општа медицина, V семестар - стоматологија, III семестар - логопедија.
7. Фонд на часови: општа медицина - 17, стоматологија - 10, логопедија - 30
8. Оценка за ракописот : Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма.
9. Именување на рецензенти: XVI редовна седница на ННС, одржана на 11. 4. 2013 год. Одлука бр. 02-1705/75 од 18. 4. 2013.
10. Прво издание
11. /
12. На Факултетот досега нема објавено ист или сличен учебник.
13. Општите податоци за ракописот: Ракописот е напишан на 179 страници од А4-формат, содржи 85 слики, 5 табели и 133 литерарни наводи.
14. Краток опис на содржината:
    Учебникот „**Основи на отологија и аудиологија**" им е наменет на студентите по медицина, стоматологија и логопедија и содржи 11 глави.

    Глава 1. **Ембриологија на увото**. Ја обработува ембриологијата на надворешното, средното и внатрешното уво со осврт врз нејзиното клиничко значење.

    Глава 2. **Клиничката анатомија на увото.** Во ракописот е даден опис на клинички релевантната анатомија на надворешното, средното и внатрешното уво. Текстот е проследен со соодветни слики и шеми со кои е олеснето разбирањето на анатомските детали и односи во анатомските структури на темпоралната коска.

Глава 3. **Физиологија на слухот**. Во текстот се прикажани основите на акустиката, како и физологијата на надворешното, средното и внатрешното уво. Кохлеарните микромеханички карактеристики на внатрешното уво и физиологијата на периферниот вестибуларен систем се обработени на разбирлив начин. Опишани се и централните слушни и вестибуларни патишта (вестибуло-окуларни, вестибуло-церебеларни, вестибуло-спинални, вестибуло-таламички и вестибуло-кортикуларни патишта). Во наведениот текст особено се потенцирани факти чиешто разбирање е нужно за да се разберат дијагностичките методи во аудиологијата и вестибулологијата.

Глава 4. **Методи за испитување на слухот.** Во оваа глава се обработени субјективните и објективните методи за испитување на слухот. Од субјективните методи, опишани се: акуметриските методи, тоналната аудиометрија со појаснувањето на физичко-акустичките основи на аудиометријата, најчестите грешки при изведувањето на тоналната аудиометрија, класификација на наглувост, говорната аудиометрија и супралиминарната аудиометрија. Обработени се и сите објективни аудиометриски методи: импендансметријата (тимпанометрија, стапедијален рефлекс), отоакустичните емисии, електрокохлеографијата, АБР, АССР. За секоја од овие методи се прикажани основите на изведувањето, интерпретацијата на одговори, како и клиничката апликативност.

Глава 5. **Методи за испитувањето на вестибуларната функција.** Во оваа глава опишани се: испитувањето на спонтаниот нистагмус, пробите на ортостатиката и пробите на динамостатиката на горните и долните екстремитети. Опишани се и тестовите за дијагностика на БППВ, фистула тестот, калоричните тестови, ротаторните тестови, купулометријата, пендуларнана електронистагмографија. За секој тест се прикажани начини за нивното изведување и интерпретација на наоди.

Глава 6. **Радиолошка дијагностика на заболувањата на увото.** Прикажани се конвенционалните радиолошки снимки на темпоралната коска, као и ЦТ и МР на темпоралната коска, со нагласени предности и недостатоци на секоја од методите.

Глава 7. **Конгенитални малформации на увото.** Во оваа глава се обработени малформации на надворешното уво (малформации на ушната школка, конгениталната атрезија и стеноза на надворешниот слушен канал), на средното уво (конгениталните малформации на *осикулите*) и на внатрешното уво (хередитарната глувост и наглувост, генетската несиндромска *сензонеурална редукција на слухот*, генетските оштетувања на слухот во склоп на синдроми).

Глава 8. **Повреди на увото.** Во оваа глава се опишани механизми на повредувањето, клиничката слика, дијагностиката и терапијата кај повредите на надворешното, средното и внатрешното уво, и тоа: хематом на ушната школка, смрзнатини и изгореници на ушната школка, повреди на бубната опна, повреди на увото без и со скршеници на темпоралната коска.

Глава 9. **Надворешното уво.** Во оваа глава се обработуваат заболувањата на надворешното уво, ниваната етиологија, патогенезата, клиничката слика, дијагностиката, диференцијалната дијагноза и терапијата. Обработени се сите заболувања на надворешното уво: егзогените и ендогените туѓи тела врз надворешното уво, запаление на ушната школка и на надворешниот слушен канал и бенигните и малигните тумори на надворешното уво.

Глава 10. **Средното уво.** Во оваа глава се обработуваат акутните и хроничните, неспецифични и специфични запаленија на средното уво кај децата и возрасните, отогените компликации, бенигните и малигните тумори на средното уво и основните прицип на хирургијата на средното уво. За секое заболување дадена е информација за етиологијата, патогенезите, клиничката слика, дијагнозата, диференцијалната дијагноза и за тераписките принципи.

Глава 11. **Внатрешното уво.** Во оваа глава е даден описот за етиологијата, патогенезата, клиничката слика, дијагнозата, диференцијалната дијагноза и тераписките принципи на заболувањата на внатрешното уво. Опишани се незапаленските заболувања на внатрешното уво чиа доминантна симптоматологија е наглувост/глувост, зуење во ушите и вртоглавици, како и можности за слушна амплификација и хирургија на глувост/наглувост. Опишана е патологијата на фацијалниот нерв, како и туморите на внатрешното уво.

15. Корекции: **Нема препораки за суштествени измени на ракописот.**
16. Категоризација на рукописот: **учебник**
17. Општа педагошка оценка:

Ракописот **„Основи на отологијата и аудиологијата"** ги опфаќа сите сегменти на аудиолошката дијагностика и на отолошките заболувања. Со јасно дефинираните глави во ракописот, ќе бидат задоволени различните потреби на крајните корисници на учебникот. Рецензираниот текст им дава можност на студентите по медицина и по стоматологија да се запознаат со дијагностиката и третманот на заболувањата на увото и со основите на аудиологијата. Студентите по логопедија ќе имаат прилика детално да се запознаат со изведувањето и интерпретацијата на аудиолошките дијагностички методи и со основните информации за заболувањата на увото. Со оглед на сеопфатноста на обработените теми, овој текст ќе биде полезен и за специјализантите по оториноларингологија. Ракописот е напишан со разбирлив стил, со многу едноставни објаснувања на комплицираните поими, што укажува на зрелоста и сувереноста на авторот во областа на отологијата и аудиологијата.

18. **Заклучок:**

Ракописот **„Основи на отологијата и аудиологијата“** на главниот уредник Марина Давчева Чакар, од авторите Марина Давчева Чакар, Елена Богеска, Валентина Ивановска и Ирена Дума Васовска ги исполнува сите општи и специфични педагошки услови и во целост соодветствува со својата намена. Врз основ на сето наведено, најсрдечно препорачувам овој одличен текст да биде објавен како учебник за студентите по медицина, стоматологија и логопедија.

Нови Сад, 1. 6. 20

Рецензент

Проф. д-р Зоран Комазец, с.р
оториноларинголог и аудиолог
Шеф на Катедрата за
оториноларингологија
при Медицинскиот факултет на
Универзитетот во Нови Сад

Рецензија

на ракописот „Практикум за вежби за медицинска хемија и биохемија за студенти по стоматологија “ од група автори

Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на УКИМ во Скопје, а во врска со член 15 - член 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет постапувајќи по предлогот на Одборот за издавачката дејност на Факултетот, на својата XVI редовна седница одржана на 11.4.2013 година, донесе ОДЛУКА за одредување на рецензенти за пишување на рецензија на ракопис за печатење на учебник-учебно помагало. Одлуката е заведена под број 02-1705/73 од 18.4.2013 година. За рецензенети се определени проф.д-р Слобода Цекова-Стојкова и проф.д-р Кирил Ивановски.

И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот е наменет за додипломски студии за студенти по стоматологија – за стекнување звање -доктор по дентална медицина.

Ракописот го покрива практичниот дел –вежбите-од наставната програма по предметот медицинска хемија и биохемија и е подготвен во согласност со неа. Целокупната настава по предметот се изведува во првиот семестар со вкупен фонд од 120 часа, од кои на практичната настава отпаѓаат 60 часа.

Ракописот во предложениот Практикум целосно го покрива практичниот дел од наставната програма по предметот медицинска хемија и биохемија за стоматолози.

Ракописот претставува прво издание; досега не е објавен ист или сличен ракопис од страна на Медицинскиот факултет.

Текстот е напишан на 156 страници. Материјалот е распределен во три тематски целини: воведен дел, методолошки дел и практични вежби.

Во **воведниот дел,** напишан на 17 страници, се опишуваат ***основните физичко-хемиски постапки во биохемиската лабораторија***, при што се изнесуваат мерките на претпазливост при работа со хемиски реагенси, лабораториските садови и друг прибор за работа, како и поважни физичко-

хемиски постапки во хемиската лабораторија, како што се : филтрација, центрифугација, декантација и вагање. Понатаму, во воведниот дел се врши осврт врз ***лабораториските анализи – од примерок до наод*** – и тоа од земање крв, урина, осврт врз факторите што влијаат врз концентрацијата на биохемиските параметри, определување на референтни вредности. Овие теориски објаснувања се проследени со изведба на практичните вежби: совладување на техника на пипетирање и вагање, добивање на серум и плазма, како и определување на границите на референтните вредности.

Во **методолошкиот дел**, напишан на 15 страници, се објаснуваат три главни методологии во хемијата и биохемијата: принципот на фотометриските методи, електрофорезата и хроматографските методи.

Во ***принципите на фотометриските методи*** – дадени се базичните принципи во фотометријата и применетите методи: колориметрија, спектрофотометрија, објаснување на Lambert-Beer-овиот закон. Практичната работа се однесува на определување на концентрацијата на една супстанција со помош на еден стандард, со помош на стандардна крива и со помош на фактор.

Електрофорезата, како сепаративна техника за квалитативно и квантитативно издвојување на бројни супстанции присутни во плазмата и други биолошки течности, е прикажана врз протеинските молекули и начинот на нивното патување во еднонасочно електрично поле со различен pH. Даден е осврт врз разните видови електрофореза во зависност од носачот, како се врши детекција на зоните, како и примена на електрофорезата во лабораториите.

Хроматографијата претставува сепаративна и аналитичка техника, која се употребува за сепарација на компоненти и растворени супстанции од смеса. Даден е опис на различни видови хроматографски техники според начинот на сместување на стационарната фаза –планарна хроматографија и хроматографија во колони. Посебен акцент е даден на хроматографијата во колони: атсорпциона, јоноизменувачка и гел-филтрација и, на крај, нивна примена.

Третиот дел – **практични вежби**- е најобемен, напишан на 122 страници и се состои од 17 практични вежби.

Првите три вежби од практичниот дел: раствори и колигативни својства на растворите, pH и пуфери и состав и номенклатура на органските соединенија се вежби претежно од областа на медицинската хемија.

Во вежбата ***раствори и колигативни својства на растворите*** се објаснува начинот на изразување на состав на раствор, разредување на раствори,

физиолошки раствори, осмоза, осмотски притисок и осмотска хемолиза, придружени со соодветна практична изведба.

Во ***pH и пуфери*** дадена е дефиницијата на pH и начинот на негово определување: колориметриско, електрохемиско, математичко, дефиницијата на пуфери, со посебен осврт на главниот пуфер на крвта, бикарбонатниот пуфер. Во оваа вежба практично е предвидена изведба од страна на студентите: определување на pH со индикаторска хартија, со pH-метар, со примена на Henderson-Hasselbach-ова равенка да се пресмета pH на крвта при дадени вредности на бикарбонатниот пуфер, подготовка на ацетатен пуфер и проверка на неговата ефикасност со мешање на различни количества оцетна киселина и натриум ацетат и др.

Својства и номенклатура на органските соединенија- даден е преглед на основните својства на органските соединенија кои имаат значење за биолошките системи. Опишани се различните функционални групи, поважни реакции на органските соединенија, објаснет е поимот изомерија, опишани се цикличните соединенија и на крај е дадена номенклатурата на органските соединенија според IUPAC- дескриптивно, така што може да се напише неговата структура и да се предвидат основните својства. Сепак, во хемијата и биохемијата повеќе се користат тривијалните имиња. Во практичниот дел од вежбата е предвидено да се вежбаат и напишат структурните формули на повеќе супстанции, да се претстават формулите на повеќе изомерни соединенија, да се утврди во која класа на органски соединенија припаѓаат определени цитирани соединенија, како и да се препознаат и означат важните структурни делови во определени цитирани соединенија.

Во наредните три практични вежби целосно се обработуваат протеините. Прво се објаснуваат ***физичко-хемиските својства на протеините,*** вклучувајќи ги реакциите на таложење, како и обоените реакции поврзани со нивната хемиска природа. Практичната изведба на овие реакции ја дополнува оваа вежба.

Следната вежба од овој блок за протеини е насочена кон ***определување на концентрацијата на вкупните протеини*** во плазмата со колориметриски и спектрофотометриски техники базирани на биуретскиот метод. Изведбата на методот, пресметката на добиените вредности и клиничкото значење за нарушување на крвните протеини ја заокружуваат оваа практична вежба.

Електрофорезата на серумските протеини на целогел лента ја завршува партијата за протеини. Опишана е самата постапка за електрофоретската сепарација на серумските протеини, денситометрирање и

пресметка на релативната процентуална застапеност, како и клиничкото значење. Вежбата се изведува самостојно од страна на секој студент.

Наредните две практични вежби се однесуваат на ***ензимите***. Во првата вежба предвидена за ензимите, опфатена е ензимската кинетика: определување на кинетичките константи K_m и V_{max} , определување на оптимална pH-вредност, како и влијание на температурата врз ензимската активност. Теориските објаснувања се пропратени со практична изведба на истите.

Ензими - значење на ензимите во дијагноза на заболувањата – преку детален опис на определувањето на најчестите рутински ензими: аланин аминотрансфераза (АЛТ), аспартат аминотрансфераза (АСТ), лактат дехидрогеназа (ЛДХ), креатин киназа (ЦК), алкална фосфатаза (АЛФ) и практично изведување за време на вежбата, се истакнува и значењето на ензимите во дијагноза на заболувањата.

Во вежбата ***порфирини и жолчни бои***, по теориските објаснувања за хемоглобин, гликозилиран хемоглобин и билирубин, предвидено е практична изведба на методот за определување на вкупен и директен билирубин.

Во вежбата ***непротеински азотни соединенија*** посебно внимание е обрнато на уреата, мочната киселина, креатинот и креатининот, нивните метаболични трансформации и како крајни производи на метаболизмот тие е предвидено да се определуваат во серумот со соодветни методи.

Наредните две вежби се однесуваат на јаглехидратите - нивните својства и определување.

Испитување на општите својства и состав на јаглехидратите- по краткиот опис за составот на јаглехидратите и нивната поделба, претставени се квалитативните реакции на моносахаридите (Бенедиктова, Фелингова, Ниландерова, Молишова реакција, Саливанов тест), реакции на дисахариди (Фелингова реакција), реакција на полисахариди (реакција на скроб со Луголов раствор). Предвидено е практично изведување на сите споменати реакции.

Во предвидената втора вежба од областа на јаглехидратите-предвидено е ***определување на концентрацијата на глукоза*** со GOD-PAP методот, придружено со клиничкото значење за нејзиното определување.

Испитувањето на мастите следува во наредните три вежби. Како прва вежба од овој блок е –***испитување на општите својства и состав на мастите***. Се разработува растворливоста на мастите (во вода и во органски растворувачи), хидролиза на мастите, растворливоста на масните киселини, докажување на глицерол, испитување на својствата на сапуните, докажување на

холестерол според Салковски. За сите испитувани својства, предвидена е изработка на соодветна вежба.

Определување на концентрацијата на триацилглицероли и холестерол во серум-по краткиот вовед за составот на триацилглицеролите, за егзогениот и ендогениот холестерол, како и за клиничкото значење за нивното определување во серумот, се предвидува ензимско определување на триацилглицеролите, а исто така и ензимско определување на концентрацијата на холестерол, според GOD/PAP методот.

Во последната вежба од блокот за масти предвидена е ***електрофореза на липопротеини и определување на HDL и LDL-холестерол***. По детелниот опис на липопротеините и нивните различни фракции и значење за организмот, посебен акцент се удира на двете фракции – HDL и LDL-холестерол. Во таа насока се планира електрофореза на липопротеини на целулоза ацетат, денситометрирање на пооделните фракции и пресметка на нивната релативна процентуална застапеност. Предвидено е и определување на HDL – холестерол со GOD/PAP методот, како и математичка пресметка на LDL- холестеролот со примена на Friedwald-овата равенка.

Претпоследна вежба и последна во која се работи со крв е- ***електролити на крвната плазма***. Детално се опишани главните електролити на крвната плазма, нивното значење и можностите на нивно нарушување- од катјоните натриум, калиум, калциум и од анјоните: неоргански фосфор, хлориди и бикарбонати. Во таа насока детално се разработени методите кои треба да се изработат за определување на калциум, фосфор и хлориди со фотометриски методи.

Последната вежба, насловена како ***биохемиско-лабораториска анализа на урината*** - се однесува на испитување на урината како главен екскрет на бубрежната активност. Даден е преглед на физичко-хемиските својства на урината (количество, изглед, боја, мирис, pH на урината, специфична тежина), како и хемиска анализа на нормалните и патолошките компоненти на урината (протеини, глукоза, кетонски соединенија, жолчни и крвни бои). Предвидено е да се работат вежбите за докажување на цитираните нормални и патолошки компоненти во урината со квалитативни реакции, а исто така испитување на урината со тест-ленти.

На крајот на секоја вежба е предвидена проверка на добиените резултати од страна на студентот при изведба на вежбата и потпис од страна на асистентот.

Доставениот ракопис според опфатеноста на материјалот, кој е во согласност со практичната наставна програма, и начинот на неговата

презентација, го задоволува критериумот да биде категоризиран како учебно помагало, т.е. **практикум за вежби по медицинска хемија и биохемија.**

Во текстот има посебен осврт врз неорганските и органските соединенија што активно учествуваат во метаболизмот и општо земаат активно учество во определени патолошки состојби кај човекот, во услови на нивно нарушување. На тој начин хемијата и биохемијата им се приближува на идните лекари.

Јазикот во ракописот е едноставен, секоја реченица е добро осмислена. Покрај тоа што е напишан од страна на повеќе автори, текстот е мошне обединет и компактен.

Значењето на овој засега единствен практикум по медицинска хемија и биохемија ќе биде мошне големо за студентите по медицина, стоматологија и другите природни науки поврзани со клиничката хемија. Медицинскиот факултет со овој практикум ќе добие мошне корисно градиво во бројните додипломски, постдипломски индивидуални и групни активности.

Врз основа на изнесеното, задоволство ми е овој ракопис да го поддржам и да предложам да се отпечати како практикум по медицинска хемија и биохемија, пред сé за студентите по стоматологија и медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТ

3.6.2013 г.

Проф. д-р Слобода Цекова-Стојкова с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ ПО МЕДИЦИНСКА ХЕМИЈА И БИОХЕМИЈА ЗА СТУДЕНТИ ПО СТОМАТОЛОГИЈА"
ОД ГРУПА АВТОРИ ПОД УРЕДНИШТВО НА ПРОФ. Д-Р ДАНИЦА ЛАБУДОВИЌ

Наслов	Практикум за вежби по медицинска хемија и биохемија за студенти по стоматологија
Автори	Проф. д-р Соња Алабаковска, проф. д-р Јасна Богданска, ас д-р Гордана Босилкова, проф. д-р Снежана Ефремова Аарон, проф. д-р Петраки Корнети, проф. д-р Марија Крстевска, проф д-р Даница Лабудовиќ, ас. д-р Катерина Тошеска Трајковска, доц. д-р Светлана Цекова
Студиска програма	Содржините во учебното помагало „Практикум за вежби по медицинска хемија и биохемија за студенти по стоматологија" се основна литература за студентите од студиската програма за доктори по дентална медицина.
Се однесува на предметната програма	Медицинска хемија и биохемија
Покриеност на наставниот материјал	Со учебното помагало се опфатени сите предвидени наставни содржини за практична настава.
Семестар	Предметот медицинска хемија и биохемија на студиската програма за доктори по дентална медицина се слуша во I семестар.
Фонд на часови и ЕКТС- кредити	Предметот медицинска хемија и биохемија за доктори по дентална медицина е со вкупно 120 часа (60+60). Бројот на ЕКТС-кредити е 10.
Усогласеност со наставата	Содржината на учебното помагало одговара со наставната програма за практична настава по предметот медицинска хемија и биохемија на првиот циклус студии.
Време и акт на назначување на рецензентите	Со Одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија на учебно помагало донесена на XVI редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, одржана на 11.4.2013 година.
Издание	прво издание
Ревидирани сегменти од претходно издание	нема
Исто или слично учебно помагало на Факултетот	На Факултетот постои учебно помагало „Практикум по биохемија за стоматолози" кој е од постар датум и не соодветствува во целост на новата наставна програма по предметот медицинска хемија и биохемија.

Општи податоци за учебното помагало	Учебното помагало „Практикум за вежби по медицинска хемија и биохемија за студенти по стоматологија" содржи 156 страници А4-формат, со огромен број на илустрации, табели, графички и шематски прикази.
Содржина	**ВОВЕДЕН ДЕЛ** 1. ОСНОВНИ ФИЗИЧКО-ХЕМИСКИ ПОСТАПКИ ВО БИОХЕМИСКАТА ЛАБОРАТОРИЈА 2. ЛАБОРАТОРИСКИ АНАЛИЗИ: ОД ПРИМЕРОК ДО НАОД **МЕТОДОЛОШКИ ДЕЛ** 3. ПРИНЦИПИ НА ФОТОМЕТРИСКИ МЕТОДИ 4. ЕЛЕКТРОФОРЕЗА 5. ХРОМАТОГРАФСКИ МЕТОДИ **ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ** 6. РАСТВОРИ И КОЛИГАТИВНИ СВОЈСТВА НА РАСТВОРИТЕ 7. pH И ПУФЕРИ 8. СВОЈСТВА И НОМЕНКЛАТУРА НА ОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА 9. I ПРОТЕИНИ-ИСПИТУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ ОСОБИНИ НА ПРОТЕИНИТЕ 10. II ПРОТЕИНИ- ОДРЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА НА ВКУПНИТЕ ПРОТЕИНИ 11. III ПРОТЕИНИ- ЕЛЕКТРОФОРЕЗА НА СЕРУМСКИ ПРОТЕИНИ НА ЦЕЛОГЕЛ ЛЕНТА 12. I ЕНЗИМИ 13. II ЕНЗИМИ-ЗНАЧЕЊЕ НА ЕНЗИМИТЕ ВО ДИЈАГНОЗА НА ЗАБОЛУВАЊАТА 14. ПОРФИРИНИ И ЖОЛЧНИ БОИ 15. НЕПРОТЕИНСКИ АЗОТНИ СОЕДИНЕНИЈА 16. I ЈАГЛЕХИДРАТИ- ИСПИТУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ СВОЈСТВА И СОСТАВ НА ЈАГЛЕХИДРАТИ 17. II ЈАГЛЕХИДРАТИ- ДОКАЖУВАЊЕ НА ГЛИКОЗА 18. I МАСТИ- ИСПИТУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ СВОЈСТВА И СОСТАВ НА МАСТИТЕ 19. II ЛИПИДИ- ОДРЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА НА ТРИАЦИЛГЛИЦЕРОЛИТЕ И ХОЛЕСТЕРОЛОТ ВО СЕРУМОТ 20. III ЛИПИДИ-ЕЛЕКТРОФОРЕЗА НА ЛИПОПРОТЕИНИ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА HDL И LDL-ХОЛЕСТЕРОЛ 21. ЕЛЕКТРОЛИТИ НА КРВНАТА ПЛАЗМА 22. БИОХЕМИСКО -ЛАБОРАТОРИСКА АНАЛИЗА НА УРИНАТА
Предлози за корекции	Во материјалот нема потреба од корекции во квантитетот и квалитетот на содржината, начинот на уредувањето на текстот, како и потреба од

	дополнување или исклучување на одделен текст.
Категоризација	Учебно помагало
Општа педагошка оцена	Методските единици се напишани на осмислен начин и секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот медицинска хемија и биохемија. Авторите ја изнесуваат материјата концизно, стручно и разбирливо. Овој текст е поддржан со графички и шематски прикази, што материјалот го прави полесно разбирлив за студентот. Според тоа, општата педагошка оцена за ова учебно помагало е дека наполно соодветствува за едукација на студентите.
Заклучок	Ракописот содржи материјал што треба да послужи како учебно помагало за студентите на студиската програма за доктори по дентална медицина при Стоматолошкиот факултет во Скопје. По обемот и содржината, учебното помагало во целост одговара на програмата на Стоматолошкиот факултет. Стилот на пишувањето е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите, за кои е наменето. Во учебното помагало се застапени голем број илустрации, табели и шеми што придонесуваат за подобар квалитет. Според тоа, задоволство е да се биде рецензент на вакво учебно помагало, кое ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, успешно изучување на содржината. Од наведеното, мојот заклучок е дека ова учебно помагало заслужува да биде позитивно рецензирано и затоа предлагам да биде објавен на Медицинскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", како „Практикум за вежби по медицинска хемија и биохемија за студенти по стоматологија".

Рецензент
Проф. д-р Киро Ивановски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОРФОФУНКЦИОНАЛНА АНАТОМИЈА НА БИЛИЈАРНИОТ СИСТЕМ КАЈ ЧОВЕКОТ“ ОД Д-Р ДРАГИЦА ЈУРКОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование и член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во состав на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XVII редовна седница одржана на 23.5.2013, а по предлог на Научниот одбор, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена на докторска дисертација од д-р Драгица Јурковиќ со наслов: „Морфофункционална анатомија на билијарниот систем кај човекот“ во состав: проф. д-р Добрила Тосовска Лазарова, академик проф. д-р Владимир Серафимоски и проф. д-р Климе Ѓорески. Комисијата ја разгледа доставената формулација на изготвената дисертација и го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Образложение за темата
Приложената дисертација е изнесена на 272 страници во кои се инкорпорирани вообичаените делови за една студија од ваков домен.

Со поглавјето **вовед** најпрво хронолошки се изнесени литературните сознанија за интрахепарната анатомија на црниот дроб, со презентирани концепти за функционалната супподелба на црниот дроб. Посебен осврт е даден и на топографските соодноси на жолчните канали со елементите од портната тријада. За екстрахепарниот дел на билијарниот систем е цитирана литература во која се опишани анатомски варијации од овој дел на системот и акцесорни патишта на билијарна дренажа. Во прилог на актуелните дијагностичко-терапевтски клинички пристапи кај црнодробните заболувања е даден осврт за примената на некои методи во проучувањето на билијарниот систем од страна на домашни и странски истакнати клинички истражувачи.

Примената на анатомските сознанија, добиени со примена на стандардни анатомски методи, во детерминирањето на преоперативната картографија на билијарната дистрибуција и самиот третман на црнодробните заболувања била еден екстендиран **мотив** за изведеното продлабочено проучување на билијарниот систем кај човекот.

Предмет на истражувањето бил билијарниот систем од човечки црн дроб во адултниот период од животот.

Основна **цел** на докторската дисертација е да даде свој придонес во расветлувањето на морфофункционалната анатомија на билијарниот систем кај човекот. Додатно на ова би била примената на резултатите од истражувањето, како во дијагностичката, така и во терапевтската хепатобилијарна практика.

Во поглавјето **Материјал и методи** е наведено дека се применети инспекциона, дисективна и инјективно-корозивна метода.
Материјалот го сочинува мостра од 30 изолирани кадаверични примероци од адултен човечки црн дроб. На 27 одливки со задоволително портнобилијарно полнење, под зголемување со светлосна лупа, најпрво детерминирани портната сегментација и рамнините на поделба. Потоа се одредувани интрахепарниот слив на жолчните канали во ранг од IV до I ред и нивните соодноси со придружните портни елементи. Со истражувањето се опфатени и одредени, на 25 свежи примероци, начинот на спојување на цистичниот канал со заедничкиот хепарен канал, како и местоположбата и формата на жолчното ќесе.
Добиените резултати се документирани со слики и шематски цртежи, а во табеларниот приказ, освен апсолутната и релативната фреквенција на честотите, е означена и модусната вредност, потоа одредена е аритметичката средина и применет е Колмогоров-Смирновиот тест на согласност за еден примерок.

Во следното поглавје-**Резултати**, наодите се презентирани најпрво за интрахепарниот дел на билијарниот систем. Одредените морфолошки типови на сливање на сегментните канали во канали од секторен ред и секторните во хепарен од соответниот десен, односно лев полухепар се прикажани табеларно. Интрахепарната топографија на билијарните канали е прикажана, исто така, според нивото на билијарната дренажа-сегментно, секторно и хепарно. Опсервираните акцесорни сегментни канали се опишани во посебно поглавје. За екстрахепарниот дел од билијарниот систем е изготвен приказ, табеларно според моделот на сливање на каналите од десниот и левиот полухепар во заедничкиот хепарен канал, како и за местоположбата на горниот жолчен слив на 27-те примероци со успешно акрилно полнење. Потоа следат резултатите за екстрахепарниот дел на билијарниот систем добиени со опсервацијата на 25-те свежи примероци од човечки црн дроб. Од рамнините на функционалната поделба на црниот дроб посебно е одредувана местоположбата на главната рамнина на поделба во однос на портните елементи, како и присуството на билијарни елементи во самите рамнини на поделба.

Во поглавјето **Дискусија** е даден коментар за одредените параметри од добиените резултати, како и актуелни согледувања на други автори за истата проблематика од клиничко-апликативен аспект. Во разјаснувањето на наодите помогнале литературните известувања базирани на примена на инјективно-корозивна методологија на иследување, како и оние од

примената на „imaging“ методи во дијагностичко-терапевтската хепатопанкреатобилијарна практика.

Заклучоците се еден екстензивен приказ на варијабилната анатомија и топографија на билијарниот систем на истражуваниот материјал којшто дава потполн одговор на поставените цели на истражувањето.

Во поглавјето **Литература** се наведени референците од 95 студии според редоследот на нивното појавување во текстот. Користената литература е од доменот на морфофункционалната анатомија на билијарниот систем и црниот дроб кај човекот, рапортирана пред сè како понова клиничка анатомија наспроти базичната анатомска во која се презентирани почетните проучувања на оваа проблематика.

Содржината на текстот е документирана со 66 табели, 47 слики и 27 шематски цртежи, а како додаток и листа на табели.

Заклучок и предлог

Комисијата за оцена на докторската дисертација во состав: проф. д-р Добрила Тосовска Лазарова, академик проф. д-р Владимир Серафимоски и проф. д-р Климе Ѓорески оцени и заклучи дека содржината на доставениот материјал ги задоволува предвидените пропозиции и принципи на научноистражувачката работа и е од значаен научен и апликативен придонес за современата медицинска наука.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација со наслов: „Морфофункционална анатомија на билијарниот систем кај човекот“ од кандидатката д-р Драгица Јурковиќ и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да ја прифати рецензијата и да овозможи понатамошна постапка за јавна одбрана на докторската дисертација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Добрила Тосовска Лазарова **с.р.**
2. Академик проф. д-р Владимир Серафимоски **с.р.**
3. Проф. д-р Климе Ѓорески **с.р.**

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 30.05.2013 година.

Кандидат	Тема	Ментор
Милена Кузманоска, дипломиран професор по математика	„МАТЕМАТИЧКИ МОДЕЛИ ВО ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ “	- д-р Жанета Попеска, редовен професор на ФИНКИ – Скопје.
Станко Илиќ-Попов, дипломиран инженер по хемија	„ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕМЕНТИ ВО ТРАГИ ВО ВОДИ И СЕДИМЕНТИ ОД РЕКАТА ВАРДАР И НЕЈЗИНИТЕ ПРИТОКИ“	- д-р Трајче Стафилов, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Филип Свонсон, дипломиран инженер по хемија	„ВИБРАЦИОНИ СПЕКТРИ НА ДИЦЕЗИУМ КАЛЦИУМ ТЕТРАХОРИД ДИХИДРАТ И КОНСТАНТИ НА АНХАРМОНИЧНОСТ ЗА ИЗОТОПСКИ ИЗОЛИРАНИТЕ ИЗОТОПОМЕРИ НА МОЛЕКУЛИТЕ ВОДА КАЈ НЕКОИ МЕТАЛНИ ХЛОРИДИ КРИСТАЛОХИДРАТИ“	- д-р Виктор Стефов редовен професор на ПМФ – Скопје.
Николина Митреска, дипломиран инженер по хемија	„ЕЛЕКТРОХЕМИЈА НА КОЕНЗИМИТЕ Q И ИСПИТУВАЊЕ НА НИВНАТА СПОСОБНОСТ ЗА КОМПЛЕКСИРАЊЕ НА БИОЛОШКИ ЗНАЧАЈНИ МЕТАЛИ“	- д-р Валентин Мирчески, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Ангела Алексовска, дипломиран инженер по хемија	„ЕЛЕКТРОХЕМИСКА ДЕПОЗИЦИЈА НА МЕТАЛНИ НАНОЧЕСТИЧКИ НА ГРАНИЦАТА ПОМЕЃУ ДВЕ ТЕЧНИ ФАЗИ И НИВНА МОДИФИКАЦИЈА СО ТИОЛИ“	- д-р Валентин Мирчески, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Васко Алексовски, специјалист по хемиски науки	„ПРИМЕНА НА РАЗЛИЧНИ МЕТОДИ ЗА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ПРОТЕИНСКИОТ ПРОФИЛ КАЈ НЕКОИ ТИПОВИ НА ДИСКОПАТИИ“	- д-р Киро Стојаноски, редовен професор на ПМФ – Скопје.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ НАУКИ ПО ПРЕДМЕТОТ МИКРОЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје , Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 3.6.2013 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот микроекономија (бр. 0202-1510/4 од 5.6.2013 година). По разгледувањето на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви рефератот во согласност со член 45 и член 48 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор на наставник од областа на економските науки по предметот микроекономија на Економскиот факултет во Скопје, објавен на 18.5.2013 година во дневните весници „Вечер" и „Zhurnal plus" се пријавија двајца кандидати: д-р Даниела Мамучевска, вработена на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како асистент по предметот микроекономија и д-р Дори Павлоска-Ѓорѓиеска, ангажирана како предавач на International Business College Mitrovica (IBCM) во Митровица, Косово, и носител на звање - доцент од МИТ - универзитетот во Скопје.

По првичниот увид во поднесените пријави, пријавата на кандидатката д-р Дори Павлоска-Ѓорѓиеска не беше земена предвид за понатамошно разгледување, заради некомплетно доставената документација, додека пријавата на кандидатката д-р Даниела Мамучевска во целост е усогласена со барањата и условите наведени во конкурсот.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Даниела Мамучевска е родена на 24.7.1977 година во Скопје. Основното и средното образование со одличен успех ги завршила во родното место. Дипломирала во септември 2000 година на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Отсекот за економија, насока финансии и банкарство.

На 22.1.2007 година, на истиот Факултет успешно го одбранила магистерскиот труд со наслов „Макроекономските и микроекономските ефекти од преструктурирањето на банкарскиот систем во Република Македонија“ и се стекнала со академскиот степен магистер на економски науки од областа на монетарната економија.

Во периодот од септември 2007 до септември 2008 година, кандидатката реализирала едногодишен студиски престој на Факултетот за економија и бизнис при Државниот универзитет во Гронинген (RUG University), Холандија, каде што ги завршила вторите постдипломски студии од областа на економијата. Со избраните предмети и изработениот и положен магистерски труд „Евалуација на ефектите од примената на регулативата за спојување“ (Evaluation the effects of merger regulation) од овие студии, кандидатката д-р Даниела Мамучевска се стекнала со подлабоки знаења од областа на применетата микроекономија, конкурентската политика, прашањата на јавниот избор и регулацијата на пазарите.

На 24.4.2013 година, на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатката д-р Даниела Мамучевска успешно ја одбранила докторската дисертација под наслов „Модели на регулација на монополското однесување на пазарот“, со што се стекнала со титулата – научен степен - доктор на економски науки.

Во својата кариера д-р Даниела Мамучевска има забележливо работно искуство, како во секторот на високото образование, така и во банкарскиот сектор во земјата. Имено, од 15.1.2001 до 30.10.2003 година, кандидатката д-р Даниела Мамучевска била вработена во Комерцијална банка а.д. Скопје, како одговорна на службата за анализа, информирање и поддршка во Дирекцијата за платен промет во земјата. Во периодот од ноември 2000 до октомври 2002 година била ангажирана како демонстратор по предметот економика (комбинација од микроекономија и макроекономија) на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што и се стекнала со првите наставно-педагошки искуства.

Од ноември 2003 година, д-р Даниела Мамучевска се вработила на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како помлад асистент по предметот микроекономија, а во 2007 година е избрана за асистент по истиот предмет.

За време на нејзината академска кариера, кандидатката д-р Даниела Мамучевска покажува особен интерес за научноистражувачка работа, при што пред научната и стручната јавност се презентирала со повеќе од дваесет и пет научни и стручни трудови објавени во зборници од научни и стручни меѓународни конференции, домашни и странски монографии и стручни списанија. Понатаму учествувала на повеќе од 20 конференции, симпозиуми, работилници и научни трибини. Досега, д-р Мамучевска реализирала неколку студиски престои во странство (во Будимпешта, Холандија и Франција), а, исто така, како локален експерт учествувала и во реализација на неколку домашни и меѓународни проекти.

Во изминатиот период, во текот на два мандата, кандидатката д-р Даниела Мамучевска ја остварувала и функцијата секретар на Катедрата за економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Исто

така, таа била, и е член во повеќе комисии во рамките на Факултетот и учествувала во организацијата на две меѓународни конференции и една летна едукативна меѓународна школа.

Д-р Даниела Мамучевска солидно го познава и активно се служи со англискиот јазик, а добро ги користи како хрватскиот, така и српскиот јазик. Исто така, има и почетни познавања од бугарскиот јазик. Кандидатката успешно ги владее и ги користи современите компјутерски програми, а има и познавања од софтверските програми SPSS и E-views.

Кандидатката д-р Мамучевска досега била добитник на три стипендии, од кои две на Владата на Р. Македонија како студент на додипломски и на постдипломски студии и една на холандската влада како стипендист на NUFFIC - програмата. Денес, таа е член на повеќе алумни - мрежи и асоцијации.

2. НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Даниела Мамучевска првите искуства со наставно – педагошката активност ги стекнува веднаш по дипломирањето, кога работи како демонстратор по предметот економика на Правниот факултет во Скопје, а со нејзиното вработување како помлад асистент, а потоа и како асистент на Економскиот факултет во Скопје, овие искуства континуирано ги продлабочувала и ги надоградувала. Во рамките на нејзиното досегашно работно искуство, д-р Даниела Мамучевска покажува особен интерес за професионално усовршување во својата кариера.

Денес, д-р Даниела Мамучевска е член на тимот за изведување на наставата по предмет микроекономија и сите обврски произлезени по оваа основа ги извршува совесно, квалитетно и одговорно. Таа истовремено се вклучува во подготовката на наставата, изведува факултативни вежби, одржува консултации со студентите, помага во изработката на семинарските, стручните и дипломските трудови, учествува во подготовката и спороведувањето на колоквиумите, односно испитите од предметот и сл. Исто така, кандидатката д-р Даниела Мамучевска е вклучена во тимот за изведување на наставата и испитите по предметите економска географија, комерцијално светско стопанство и маркетинг политика на цени.

Кандидатката д-р Даниела Мамучевска настојува, преку суштински приод, да оствари максимални резултати во приближувањето на предметната материја до студентите, притоа користејќи ги наставните методи познати во современата домашна и странска наставно – образовна практика. Кандидатката постојано го следи современиот тренд на научната мисла во наставната област од предметот микроекономија, и длабоко навлегува во анализата на прашањата поврзани со регулацијата на пазарите, пазарните структури, однесувањата на поединечните економски субјекти, економската улога на државата и слично. Исто така, таа ги следи и новините во наставната материја и по другите предмети на кои е ангажирана во тимовите за изведување на наставата. Од досегашните активности и залагања во извршувањето на нејзините наставно – педагошки задачи, кандидатката д-р Даниела Мамучевска стануваше сè покомпетентна во извршувањето на доделените задачи, што укажува на нејзиниот сериозен научен пристап и перспективи за нејзино натамошно напредување во оваа сфера.

3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Покрај во наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Даниела Мамучевска е активна и во научноистражувачката дејност, што се изразува преку објавување на научни и стручни трудови и со учество на конференции и научно-стручни собири. Таа, досега пред јавноста се презентирала со 27 труда, од кои еден докторски труд, два магистерски труда, и останатите се публикувани трудови од учества на меѓународни конференции, односно во научни и стручни списанија. Во периодот од последниот избор во звање до денес, кандидатката м-р Даниела Мамучевска ги има објавено следниве трудови:

- „Модели на регулација на монополското однесување на пазарот", докторска дисертација, Економски факултет - Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 24.4.2013 година;
- *Државната помош во РМ: Инструмент за „европеизација" на македонската економија или инструмент за одржување на status quo?*, коавтор, труд објавен во Збирката на документи за јавна политика на тема „Вградување на знаењето за ЕУ", издавач ЕПИ, 2013, Скопје (во процес на печатење);
- *The market and the plan – an amalgam for solution of the crisis of contemporary economies*, коавтор, труд објавен во Зборникот на Деветтата меѓународна конференција на АСЕКУ на тема „Системска економска криза: тековни прашања и перспективи", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет-Скопје, 30 и 31 мај 2013;
- *Улогата на економскиот пристап во примената на политиката за заштита на конкуренцијата – случајот на САД и ЕУ*, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 47, 2012;
- *Contemporary economic crisis in the EU from the perspective of the conflict between the nominal and the real convergence*, коавтор, Зборник на трудови од конференцијата на EBES-2012-Истанбул, мај 2012, Истанбул, Турција;
- *The anatomy of contemporary financial crisis in the core of the global economy*, коавтор, Зборник на трудови од конференцијата на EBES-2012-Истанбул, мај 2012, Истанбул, Турција;
- *The role, significance and trend of construction sector in Macedonia*, коавтор, CEA Journal of Economics, Vol.7, Issue 1, 2012;
- *Дали целта е остварена и средствата се оправдани? – Оценување на ефектите од примената на политиката за заштита на конкуренцијата*, Годишник на Економскиот факултет - Скопје, том 46, 2011;
- *Улогата на потенцијалните придобивки на ефикасност во анализата на спојувањата меѓу фирмите*, Годишник на Економскиот факултет - Скопје, том 45, 2010;
- *Effectiveness of competition policy in transition economies*, коавтор, труд објавен во научната монографија - "Економски интеграции, конкуренција и соработка", 2010, Риека, Хрватска;

- *Are we really aware of the need for a vigorous competition policy? Competition policy in the transition economies,* труд објавен во Зборникот на Шестата меѓународна конференција на АСЕКУ на тема „Економскиот развој, даночниот систем и дистрибуцијата на доходот ви земјите од Јужна и Источна Европа" Економски факултет, Универзитет во Подгорица, Подгорица, мај 2010.

Не е проблем да се констатира дека кандидатката д-р Мамучевска прилично рано го покажала својот интерес за научноистражувачка работа од една страна, односно продолжила да го негува понудувајќи актуелни и професионално издржани трудови (директно или индиректно врзани со микроекономската проблематика), од друга страна. Во текстот што следува накратко ќе биде даден приказ на објавените трудови од последниот избор, почнувајќи од докторскиот труд.

Во докторскиот труд на тема *Модели на регулација на монополското однесување на пазарот,* кандидатката д-р Мамучевска истражува една значајна, актуелна, сложена, но и интересна проблематика која денес ги тангира речиси сите земји во светот. Трудот се состои од четири дела, плус воведни напомени и заклучни согледувања со препораки, кои се логички поврзани во една целина. Почнувајќи од теоретските разработки и концепции за регулацијата на монополското однесување на фирмите и нивното влијание врз дизајнирањето на политиката за заштита на конкуренцијата, кандидатката д-р Мамучевска, во фокусот на истражувањето го става развојот на методологиите и пристапите кои треба да се користат во економската анализа при приемната на регулативата и политиката за заштита на конкуренцијата. Таа доследно нуди и неколку пристапи за евалуација на ефектите од примената на оваа политика. Во трудот кандидатката д-р Мамучевска прави осврт и на искуството и проблемите во примената на политиката за заштита на конкуренцијата во земјата. Овој труд има пионерски карактер и претставува успешно изведен обид да се спојат и истовремено да се анализираат, како теориските, така и емпириските елементи на проблематиката за регулација на монополското однесување, односно на политиката за заштита на конкуренцијата. Понатаму, трудот има апликативен и релевантен карактер од аспект на усовршувањето на регулацијата contra монополското однесување во Р. Македонија, со оглед на сè уште малото искуство кое на теориски, а особено на апликативен план го има земјата, па оттука и неговиот придонес во адекватното дизајнирање на политиката за заштита на конкуренцијата во македонски услови. Трудот претставува истражување фундирано на адекватна научна методологија. комбинирана со современа математичка апаратура, па заклучоците во тој контекст се веродостојни, убедливи и прифатливи. Трудот изобилува со сопствените аналитичко-критички ставови на кандидатката кога се во прашање одредени теориски или практични дилеми. На крајот да потенцираме дека овој трудот на кандидатката д-р Мамучевска нуди долга низа од значајни заклучоци и препораки со висока специфична тежина, зад кои стојат аргументирани квантитативни и квалитативни наоди, што е само аргумент повеќе дека тие ќе бидат исползувани од некои идни истражувачи од истата проблематика.

Во трудот *Улогата на економскиот пристап во примената на политиката за заштита на конкуренцијата – случајот на САД и ЕУ,* кандидатката д-р Мамучевска го анализира трендот на примена на економската

анализа во политиката за заштита на конкуренцијата при што укажува на неопходноста од постоење на методолошки стандардизиран економски пристап во анализата и донесувањето на одлуките при примената на оваа регулатива и политика.

Во трудот Државната *помош во РМ: Инструмент за „европеизација" на македонската економија или инструмент за одржување на status quo*?, работен во коавторство со м-р К. Цуцуловска и м-р Н.Јованова, се анализира досегашното искуство и примена на државната помош во Р.Македонија. Трудот недвосмислено укажува на потенцијалните негативни последици од примената на политиката за користење на државната помош за економијата и за државата во целост. Во таа насока, авторите на трудот даваат прецизни препораки како треба да се усогласи оваа политика со директивите на ЕУ и како таа доследно да се применува во функција на поттикнување на економскиот раст во земјата.

Во трудот *Contemporary economic crisis in the EU from the perspective of the conflict between the nominal and the real convergence* работен во коавторство со проф.д-р Н.Николовска, се укажува на влијанието и на негативните последици од нерамномерниот развој меѓу земјите од центарот и периферијата врз појавата на економската криза во Европската унија и се даваат насоките кон кои треба да се дејствува за нејзино надминување.

Во трудот *The anatomy of contemporary financial crisis in the core of the global economy,* работен во коавторство со проф.д-р Н.Николовска, базирано на теоретски и емпириски истражување се прави обид да се објасни и укаже на каузалитетот во причините за настанување на современите финансиски кризи и последиците од нив.

Во трудот *The role, significance and trend of construction sector in Macedonia,* работен во коавторство со доц. д-р Ѓ. Гоцков, м-р Б.Треновски и м-р Б.Ташевкса, се истакнува улогата и значењето на секторот за градежништвово економијата на Р.Македонија. Авторите го нотираат позитивното влијание од активностите во овој сектор, но укажуваат не нерамномерната дистрибуција на градежните активности меѓу одделните региони во земјата и последиците од неа.

Во трудот *Дали целта е остварена и средствата се оправдани? – Оценување на ефектите од примената на политиката за заштита на конкуренцијата,* авторката ги прикажува методолошките пристапи кои може да се користат во евалуација на ефектите од примената на политиката за заштита на конкуренцијата. Во овој труд, кандидатката д-р Мамучевска укажува на постоењето на нето-позитивните ефекти врз благосостојбата на потрошувачите и фирмите од примената на оваа политика во развиените земји.

Во трудот *The market and the plan – an amalgam for solution of the crisis of contemporary economies*", работен во коавторство со проф. д-р О.Г. Теменугова и проф. д-р С.Ќосев, се прави осврт на дефектите на пазарниот механизам и нивниот придонес во настанувањето на глобалната финансиска криза од 2007 година. Комплементарните анализи направени во функција да се потенцираат промените во физиономирањето на капиталистичките системи укажуваат на потребата од активна улога на државата во регулацијата на економската активност, па така се наметнува и препораката за враќање на мешаните економски системи во кои пазарниот механизам и планот би се надополнувале во стимулацијата и поттикнувањето на економскиот раст.

Во трудот *Улогата на потенцијалните придобивки на ефикасност во анализата на спојувањата меѓу фирмите*, кандидатката д-р Мамучевска прави анализа на значењето на придобивките на ефикасност кои настануваат при спојувањето меѓу фирмите на пазарот и нивниот третман во примената на регулативата за контрола на спојувањата меѓу фирмите. Авторката посебно го нотира фактот за потребата од динамичко толкување на влијанието на потенцијалните ефекти во оценувањето на предлозите за спојување меѓу фирмите, имајќи го секогаш на ум фактот дека постојаното подобрување во ефикасноста во работењето на фирмите води кон поттикнување и остварување на зголемени стапки на економски раст.

Во трудот *Effectiveness of competition policy in transition economies*, работен во коавторство со проф. д-р О.Г. Теменугова, својот придонес кандидатката м-р Даниела Мамучевска го дава преку направената анализа на карактеристиките на конкурентската (антимонополската) политика и ефектите од нивната примена во земјите во транзиција. Заклучоците од анализата упатуваат на фактот дека иако земјите во транзиција имаат воспоставено правна рамка за имплементација на оваа политика, сепак изостанува нејзината адекватна примена и потенцијалните позитивни ефекти од стимулирањето на конкуренцијата на националните пазари. Причините за ваквата состојба се наоѓаат во слабата екипираност на агенциите за заштитата на конкуренцијата, недоволно развиената јавна свест за потребите од ваквата политика и заштитата на интересите на одделни интересни групи.

Во трудот *Are we really aware of the need for a vigorous competition policy? Competition policy in the transition economies*, авторката д-р Мамучевска ја анализира примената на политиката за заштита на конкуренцијата во земјите за транзиција и укажува на неадекватниот третман и улога на оваа политика во овие земји. Како препораки во трудот наведени се конкретни насоки кои владите во овие земји треба да ги преземат за водење на ефективна политиката за заштита на конкуренцијата во функција на поттикнување и подобрување на конкурентноста на нивната економија.

Во периодот од последниот избор во звање, кандидатката д-р Мамучевска ги реализирала следниве учества на семинари, студиски престои, работилници, курсеви и конференции:

- 30-31.5.2013 година: учество на Деветтата меѓународна конференција на АСЕКУ на тема „Системска економска криза: тековни прашања и перспективи“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет-Скопје, Скопје,
- 26 април 2013 година: учество на меѓународнатаконференција на тема: „Policy nexus and the global environment: a new consensus emerging from the crisis“, организирана од НБРМ, Скопје;
- 24-26.5. 2012 година: учество на меѓународната конференција EBES 2012 – Istanbul, Истанбул, Турција;
- 27 април 2012 година: учество на меѓународната конференција на тема: „The challenges of the Southeastern European countries in the enduring economic and financial turbulences in the Eurozone“, организирана од НБРМ, Скопје;

- 26.5.2010 година: учество на меѓународната конференција на тема „Законите за заштита на конкуренцијата во Западен Балкан. Дали се во согласност со ЕУ наоските?“ Prica&Partners, Белград;
- 20 - 22. 5. 2010 година: учество на Шестата меѓународна конференција на АСЕКУ на тема „Економскиот развој, даночниот систем и дистрибуцијата на доходот ви земјите од Јужна и Источна Европа“ Економски факултет, Универзитет во Подгорица, Подгорица;
- март-2012 – март 2013 година: учесник во програмата за обука на тема „тимови за преговарање во сенка“, организирана од страна на Фондацијата „Отворено општество-Македонија“, Институтот за европска политика од Берлин, и Македонскиот центар за европско образование;
- Учесник на Школата за политика, генерација 2009/2010, организирана од страна на МАПА, а поддржана од страна на Советот за Европа;
- 28.6 – 2.7. 2010 година: учество на Петтиот летен универзитет за демократија на тема „Криза на лидерство“, организиран од Советот на Европа, Стразбур, Франција;
- 21-22. 1.2010 година: учество на обуката: “Претпристапни фондови на - ЕУ, Програми на заедницата и основи за пишување на предлог - проекти“, организиран и реализиран од страна на Стопанската комора на Македонија;
- работилница на тема: „Вградување на знаењето за ЕУ“, во организација на Институтот за европска политика и Британската амбасада во Скопје, 22-24 февруари 2013 година, Берово;
- работилница на тема: „Активно учење во големи студентски групи“ во организација на Американски совети за меѓународно образование и Македонско – американската JFDP алумни - асоцијација, 18.11.2010.

Покрај публикувањето на научни и стручни трудови, учество на конференции, семинари, работилници и сл., кандидатката д-р Даниела Мамучевска учествувала во реализација на неколку научни и стручни трудови. Како позабележителни, во периодот од последниот избор во звање ги бележиме следниве учества:

- *“ Data collection for Follow up Survey for Impact Evaluation of the Introduction of a Cash Transfer for Children of Social Protection Beneficiaries Conditioned on Attendance in Secondary Education for 2012”* – проект на Министерството за труд и социјална политика, а реализиран под покровителство на Светска банка (локален експерт: ноември 2012 – јануари 2013);
- *„Data Collection for Baseline Survey for Impact Evaluation of the Introduction of a Cash Transfer for Children of Social Protection Beneficiaries Conditioned on Attendance in Secondary Education for 2010”*, проект на Министерството за труд и социјална политика, а реализиран под пкровителство на Светска банка (локален експерт: ноември 2010 – јануари 2011);
- “Further harmonized National Accounts and Other Economic Statistics“, - проект за техничка поддршка на Заводот за статистика на РМ, финансиран од страна на ЕУ (локален експерт: јуни 2010 – август 2011).

4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Покрај наставно-образовната и научноистражувачката дејност, кандидатката д-р Даниела Мамучевска била многу активна и во стручно-апликативната дејност на повеќе полиња од поширок академски и општествен интерес. Во овој контекст заслужуваат внимание следниве нејзини активности:

- член на комисиите за упис на студенти во учебните: 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2008/09, 2010/11, и 2011/12;
- член на Организациониот одбор за подготовка и реализација на деветтата Меѓународна конференција на АСЕКУ на тема „ Системска економска криза: тековни прашања и перспективи", во организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет -Скопје, 30 и 31 мај 2013, Скопје;
- член на Редакцискиот одбор за подготовка и издавање на Годишникот на Економскиот факултет во Скопје, том 47, за 2012 година, во издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет-Скопје;
- член на Комисијата за јавни набавки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет-Скопје (2010-);
- член на Организациониот одбор за организација и реализација на Летната школа на тема „Направи разлика – стани 'зелен' европски лидер' (Make a difference - become a 'green' EU leader), во организација на AIESEC – локалниот комитет во Скопје, и Економскиот факултет во Скопје. Школата се одржа во периодот од 5 до 15 август 2010 година во Охрид;
- член на Организациониот одбор за подготовка и реализација на третата Меѓународна конференција „Регионална соработка, и економска интеграција-предизвици и можности", во организација на Економскиот факултет и Царинската управа на Република Македонија, октомври 2009 година, Скопје;
- коедитор на Зборникот со трудови од Третата меѓународна конференција „Регионална соработка, и економска интеграција-предизвици и можности", одржана во Скопје, октомври 2009;
- член на Одборот за стекнување на AACSB-акредитација за Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (2005- 2009);
- секретар на Катедрата за економија (2005-2007) и од (2009 - 2011);
- член на комисијата за самоевалуација на студиски групи, насоки – департмани и години за департманот економија (2005-2009);
- член на комисијата за изработка на Библиографија на книги и списанија во издание на Економскиот факултет (2004-2009);
- претседател на Комисијата за проценка на вредноста на книгите во библиотеката на Економскиот факултет (2006);
- член на Комисијата за попис на библиотечниот фонд на книгите во библиотеката на Економскиот факултет (2005);
- член на Комисијата за подготовка на документацијата за стекнување на ЕКТС label за Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (2005- 2006);

- член на Редакциониот одбор за подготовка и издавање на Водичот низ студиите на Економскиот факултет за 2004-2005 година;
- член на Клубот на истражувачи во организација на НБРМ (2011-);
- член на избирачки одбор во општинска изборна комисија на општина Бутел (2009-20011);
- член на алумни - асоцијацијата на студентите на постдипломските студии по Монетарна економија, финансии и банкарство на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (2011-);
- член на ЕПИ-мрежата на локални експерти (2013-);
- RUG - алумни; NUFFIC-алумни-Холандија, Mak – Holl - асоцијација на алумни (2008-).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација за активностите и досегашниот ангажман на кандидатката д-р Даниела Мамучевска, која се јавила на конкурсот за избор на наставник по предметот микроекономија, објавен во дневните весници „Вечер" и „Zhurnal plus" на 18.5.2013 година, по проучувањето на приложената документација од кандидатката д-р Даниела Мамучевска и увидот во нејзините објавени трудови, Комисијата е едногласна на мислењето дека:

- Кандидатката д-р Даниела Мамучевска поседува деветгодишно искуство како асистент на предметот микроекономија на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

- За време на својот ангажман, кандидатката д-р Даниела Мамучевска со успех ги извршувала сите активности на Факултетот. Таа професионално, вдахновено и континуирано работела на своето научно и стручно надоградување во контекст на современите научни императиви и знаења. Таквата проактивна поставеност на кандидатката д-р Даниела Мамучевска го збогатила нејзиниот научно-едукативен идентитет и им дала белег на активностите на сите сегменти на наставно - образовниот процес.

- Во едукативниот процес, кандидатката д-р Даниела Мамучевска трудољубиво, совесно и одговорно реализирала квалитетни интерактивни комуникации со студентите. Во тој контекст, таа се профилира во млад одговорен наставно-научен кадар со вокација за напредување и усовршување на својот матичен предмет.

- Во контекст на својот развој и профилирање во научната и образовна дејност е и докторската дисертација на кандидатката д-р Даниела Мамучевска, на тема: „Модели за регулација на монополското

однесување на пазарот", во која вниманието го фокусира на исклучително, релевантна и фундаментална проблематика од доменот на микроекономијата, која претставува резервоар на теоретски знаења и соодветни методологии и пристапи за примена на економски анализи во доменот на пазарното однесување на фирмите.

- Ангажираноста на кандидатката д-р Даниела Мамучевска е поливалентна. Таа опфаќа широк спектар на научно–стручни активности: од учество на конференции, семинари, стручни собири, работилници, организациони одбори на меѓународни конференции и летни школи. Кандидатката д-р Даниела Мамучевска е ангажирана и во стручно-апликативни активности и дејности од поширок интерес на Факултетот и надвор од него.

- Во поткрепа на горенаведеното одат и податоците за остварените вкупни 184,69 бода на кандидатката за нејзиниот досегашен ангажман во наставата, научноистражувачката и стручната и апликативната дејност (прилог: табела Анекс 2 на рецензентскиот извештај).

Врз основа на понапред искажаните стојалишта, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да ја избере **д-р Даниела Мамучевска во звањето доцент од областа на економските науки по предметот микроекономија**.

Скопје, 13.6.2013 година,

Рецензентска комисија

Проф. д-р Наталија Николовска с.р.

Проф. д-р Олга Градишка Теменугова с.р.

Академик д-р Таки Фити с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Даниела Димчо Мамучевска
Институција: Економски факултет - Скопје
Научна област: економски науки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на вежби (изработка на семинарски труд):** • Микроекономија: 3*15*0.03*8=10.8 • Маркетинг политика на цени: 3*15*0,03*6 = 8.1 • Микроекономија– група од Проект 45: 3*5*0.03*1 = 0.45 • Комерцијално светско стопанство: 3*15*0.03*3=4.05 • Економска географија: 3*15*0.03*3=4.05	27.45
2	**Консултации со студенти:** • Микроекономија: 150 (студенти)*0.002*8 = 2.4 • Маркетинг политика на цени: 150 (студенти)*0.002*6 = 1.8 • Микроекономија– група од Проект 45: 30 (студенти)*0.002*1 = 0.06. • Комерцијално светско стопанство: 90 (студенти)*0.002*3 =0.54 • Економска географија: 90 (студенти)*0.002*3 =0.54	5.34
	Вкупно	32.79

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Учесник во меѓународен научен проект:** • Data collection for Follow up Survey for Impact Evaluation of the Introduction of a Cash Transfer for Children of Social Protection Beneficiaries Conditioned on Attendance in Secondary Education for 2012, ноември 2012/јануари2013 = 5 поени • Data Collection for Baseline Survey for Impact Evaluation of the Introduction of a Cash Transfer for Children of Social Protection Beneficiaries Conditioned on Attendance in Secondary Education for 2010, ноември 2010/јануари 2011 = 5 поени • Technical Assistance to the State Statistical Office, ASA Institute, EU, јуни 2010/ август 2011= 5 поени • Условени парични трансфери - Евалуација на домаќинствата - корисници на социјална финансиска помош во Македонија 2009, јуни-септември 2009= 5 поени • "Competitiveness project-The Balkan network and Chesapeake Associates- Washington DC, ноември 2000= 5 поени	25
2	**Монографија:** • „Модели на регулација на монополското однесување на пазарот", докторска дисертација, Економски факултет, Скопје, 2013 = 8 поени • „Макроекономските и микроекономските ефекти од преструктурирањето на банкарскиот систем во Република Македонија", магистерски труд, Економски факултет, Скопје, 2007 = 8 поени	16
3	**Монографија објавена во странство** • „Evaluation the effects of merger regulation" (Евалуација на ефектите од примената регулативата за спојување), магистерски труд, RUG University, Грунинген, Холандија, 2008 = 12 поена	12
4	**Дел од монографија објавена во странство** • „Effectiveness of competition policy in transition economies" коавтор, труд објавен во научната монографија - "Економски интеграции, конкуренција и соработка", 2010, Риека, Хрватска (90% од 6 поени =	5.4

	5.4 поени)	
5	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** • „The role, significance and trend of construction sector in Macedonia", коавтор, CEA Journal of Economics, Vol.7, Issue 1, 2012 (60% од 3 поени=1.8 поени)	1.8
6	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание** • „Целите на монетарната политика", Економија и бизнис бр.55-58, Скопје, 2002 (=2 поена) • " Една година од започнувањето на новиот платен систем", Гласник бр.3, Стручно списание на Комерцијална банка АД Скопје, 2002 (=2 поена)	4
7	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** • „Државната помош во РМ: Инструмент за „европеизација" на македонската економија или инструмент за одржување на status quo?", коавтор, труд објавен во Збирката на документи за јавна политика на тема „Вградување на знаењето за ЕУ", издавач ЕПИ, 2013, Скопје (80% од 2 поена =1.6 поени) • "Regional cooperation – is it a form or a reality? The case of the Republic of Macedonia" – коавтор, труд објавен во Зборникот на трудови од Третата меѓународна конференција „Регионална соработка и економска интеграција – предизвици и можности", Скопје, Македонија, октомври 2009 (90% од 2 поена =1.8 поени) • "Global crisis – the beginning of the end of the neoliberalism" – коавтор, труд објавен во Зборникот на трудови од меѓународната конференција „Економската политика и глобалната рецесија", Белград, Србија, септември 2009 (90% од 2 поена =1.8 поени) • "Глобализацијата- генератор на економската биполарност", коавтор, труд објавен во зборникот од Меѓународна научна конференција на тема „Предизвиците на новата економија", октомври 2005, Охрид (90% од 2 поена =1.8 поени) • "Имплементација система за осигурање депозита у земљама у транзицији у сагласности са Европском Директивом за осигурање депозита - случај Републике Македоније", труд објавен во зборникот "Економске теме", том 43, стр. 467-474, Меѓународна научна конференција на тема " Интеграционите процеси во Европа", 2005 Ниш (=2 поена) • "Улогата на деловните банки во домашниот платен	10.8

	промет, со посебен осврт на учеството на Комерцијална банка а.д. Скопје", коавтор, 8 Меѓународна конференција на клириншки институции, септември 2003, Скопје, (90% од 2 поена =1.8 поени)	
8	**Трудовии со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** • „The market and the plan – an amalgam for solution of the crisis of contemporary economies", коавтор, труд објавен во Зборникот на Деветтата меѓународна конференција на АСЕКУ на тема „Системска економска криза: тековни прашања и перспективи", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет-Скопје, мај 2013 (80% од 3 поени = 2.4 поени) • „Contemporary economic crisis in the EU from the perspective of the conflict between the nominal and the real convergence", коавтор, Зборник на трудови од конференцијата на EBES-2012-Истанбул, мај 2012, Истанбул, Турција (90% од 3 поени = 2.7 поени) • „The anatomy of contemporary financial crisis in the core of the global economy", Зборник на трудови од конференцијата на EBES-2012-Истанбул, мај 2012, Истанбул, Турција (90% од 3 поени = 2.7 поени) • "Are we really aware of the need for a vigorous competition policy? Competition policy in the transition economies", труд објавен во Зборникот на Шестата меѓународна конференција на АСЕКУ на тема „Економскиот развој, даночниот систем и дистрибуцијата на доходот ви земјите од Јужна и Источна Европа" Економски факултет, Универзитет во Подгорица, Подгорица, мај 2010 = 3 поени • "Effectiveness of competition policy in transition economies", коавтор, труд објавен во Зборникот на 7 Меѓународна конференција на тема "Економски интеграции, конкуренција и соработка" , Опатија, Хрватска, мај 2009 (90% од 3 поени = 2.7 поени)	13.5
9	**Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција** • „Улогата на економскиот пристап во примената на политиката за заштита на конкуренцијата – случајот на САД и ЕУ", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 47, 2012 (= 2 поена) • "Дали целта е остварена и средствата се оправдани? – Оценување на ефектите од примената на политиката за заштита на конкуренцијата", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 46, 2011 (= 2 поена) • "Улогата на потенцијалните придобивки на ефикасност во анализата на спојувањата меѓу	18

	фирмите", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 45, 2010 (= 2 поена) • "Улогата на кредитниот регистар во решавањето на проблемот со асиметричните информации на кредитниот пазар во Македонија", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 44, 2009 (= 2 поена) • "Институциите и економскиот раст во транзиционите економии", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 43, 2008 (= 2 поена) • "Квалитетот на кредитното портфолио на банките и можностите за финансирање на реалниот сектор – случајот на Република Македонија", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 42, 2007 (= 2 поена) • "Дискриминација на цените-политика за оптимизирана експлоатација на пазарната моќ", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 41, 2006 (= 2 поена) • "Реалната детерминираност на договорните олигополи", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 40, 2005 (= 2 поена) • " Предизвиците на рзавојот на платните системи – случајот на Република Македонија", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 39, 2004 (= 2 поена)	
10	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** • 30-31.5.2013 година: учество на Деветтата меѓународна конференција на АСЕКУ на тема „Системска економска криза: тековни прашања и перспективи", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет-Скопје , Скопје (наслов на трудот: The market and the plan – an amalgam for solution of the crisis of contemporary economies, коавтор); (= 80% од 2 поена = 1.6 поени) • 24-26.5. 2012 година: учество на меѓународната конференција EBES 2012 – Istanbul, Истанбул, Турција (наслов на трудот: "Contemporary economic crisis in the EU from the perspective of the conflict between the nominal and the real convergence", коавтор); (= 90% од 2 поена = 1.8 поени) • 24-26.5. 2012 година: учество на меѓународната конференција EBES 2012 – Istanbul, Истанбул, Турција, (наслов на трудот: "The anatomy of contemporary financial crisis in the core of the global economy", коавтор); (= 90% од 2 поена = 1.8 поени) • 20-22.5.2010 година: учество на Шестата меѓународна конференција на АСЕКУ на тема „Економскиот развој,	14.4

	даночниот систем и дистрибуцијата на доходот во земјите од Јужна и Источна Европа“, Економски факултет, Универзитет во Подгорица, Подгорица (наслов на трудот: Are we really aware of the need for a vigorous competition policy? Competition policy in the transition economies”), (= 2 поена) • 15-19.10.2009 година: учество на Третата меѓународна конференција „Регионална соработка и економска интеграција – предизвици и можности“, Скопје, Македонија; (наслов на трудот: “Regional cooperation – is it a form or a reality? The case of the Republic of Macedonia”, коавтор) (= 90% од 2 поена = 1.8 поени) • 25–27.9.2009 година: учество на Меѓународната научна конференција на тема „Економската политика и глобалната рецесија“, Белград, Србија; (наслов на трудот: “Global crisis – the beginning of the end of the neoliberalism”, коавтор) (= 90% од 2 поена = 1.8 поени) • 1.-3. 4. 2009 година: учество на 7-та Меѓународната научна конференција на тема “Економски интеграции, конкуренција и соработка” , Опатија, Хрватска, Мај 2009; (наслов на трудот: “Effectiveness of competition policy in transition economies”, коавтор); (= 90% од 2 поена = 1.8 поени) • 18.9.2003.-20.09.2003 година: 8–ма Меѓународна конференција на клириншки институции, во организација на Клириншката куќа КИБС АД Скопје, во Скопје и Охрид; (наслов на трудот: “ Улогата на деловните банки во домашниот платен промет, со посебен осврт на учеството на Комерцијална банка а.д. Скопје”, коавтор); (= 90% од 2 поена = 1.8 поени)	
	Вкупно	120.9

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
		/
	Вкупно	/

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени

1	**Учество во промотивни активности на факултетот /институтот:** • Учество во промотивни активности на Економскиот факулет во Скопје за учебната: 2004/2005, 2005/2006; 2007/2008; 2009/2010; 2010/2011; (5*05 поени =2.5 поени) • Промоција на Економскиот факултет во Скопје во средните училишта во земјата 2011; (=0.5 поени)	3
Дејности од поширок интерес		
2	**Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание:** • Член на Редакцискиот одбор за подготовка и издавање на Годишникот на Економскиот факултет во Скопје, том 47, за 2012 година, во издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет во Скопје; (=0.5 поени)	0,5
3	**Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир** • Коедитор на Зборникот со трудови од Третата меѓународна конференција „Регионална соработка, и економска интеграција - предизвици и можности", одржана во Скопје, октомври 2009; (=1 поен)	1
4	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** • Член на Организационен одбор за подготовка и реализација на 9 Меѓународна конференција на АСЕКУ на тема „ Системска економска криза: тековни прашања и перспективи", во организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет-Скопје , 30 и 31 мај, 2013 Скопје; (=1 поен) • Член на Организационен одбор за подготовка и реализација на 3 Меѓународна конференција „Регионална соработка, и економска интеграција предизвици и можности", во организација на Економскиот факултет и Царинската управа на Република Македонија, октомври 2009 година, Скопје (= 1 поен)	2
5	**Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**	0.5

	• Член на Организациониот одбор за организација и реализација на Летната школа на тема „Направи разлика – стани 'зелен' европски лидер' (Make a difference - become a 'green' EU leader), во организација на AIESEC – локалниот комитет во Скопје и Економскиот факултет во Скопје. Школата се одржа во периодот од 5 до 15 август 2010 година во Охрид.	
6	**Студиски престои во странство** • Учество на Петтиот летен универзитет за демократија на тема „Криза на лидерство", организиран од Советот на Европа, Стразбур, Франција (28.6 – 2.7. 2010 година), (= 0.5 поени) • учество на летниот курс на тема "Теорија на глобализација, управување и меѓународни односи", организиран во рамките на CEU Summer University, во Будимпешта, (17-28.7.2006 година); (= 0.5 поени) • Реализација на едногодишен студиски престој на РУГ Универзитетот во Гронинген, Холандија (28.8.2007-28.8.2008), (= 2 поена)	3
7	**Член на факултетска комисија** • Член на комисиите за упис на студенти во прва година во учебните: 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2008/09, 2010/11, и 2011/12; (= 6*0.5поени= 3 поени) • Член на Комисијата за јавни набавки на на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет-Скопје (2010-) (2*0.5 поени =1 поен) • Член на Одборот за стекнување на AACSB акредитација за Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (за 2005, 2006, 2007, 2008 и 2009); (=5*0.5 поени =2.5 поени) • Секретар на Катедрата по економија (2005-2007) и од (2009 - 2011); (2 мандати*0.5 поени = 1 поен) • Член на комисијата за самоевалуација на студиски групи, насоки –департмани и години за департманот економија (за 2005, 2006, 2007, 2008 и 2009); (=5*0.5 поени =2.5 поени) • Член на комисијата за изработка на Библиографија на книги и списанија во издание на Економскиот факултет (2004-2009); (=5*0.5 поени= 2.5 поени) • Претседател на Комисијата за проценка на вредноста на книгите во Библиотеката на Економскиот факултет (2006); (=0.5 поени) • Член на Комисијата за попис на библиотечниот фонд на книгите во библиотеката на Економскиот Факултет (2005); (=0.5 поени) • Член на Комисијата за подготовка на документацијата	15

	за стекнување на ЕКТС label за Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (за 2005 и 2006); (=2*0.5 поени= 1 поен) • Член на Редакциониот одбор за подготовка и издавање на Водичот низ студиите на Економскиот факултет за 2004-2005 година; (=0.5 поени)	
8	**Координатор на студиска програма** ЕКТС – координатор на студиската програма по економија (2010-2011) година (= 2 години *1 поен= 2 поена)	2
9	**Учество во комисии и тела на државни и други органи** • Член на избирачки одбор во општинска изборна комисија на општина Бутел (2009-2011); (=1 поен)	1
10	**Раководител на внатрешна организациона единица:** • Одговорна на службата за анализа, информирање и поддршка во Дирекцијата за платен промет во земјата, во Комерцијална банка АД - Скопје (= 3 поени)	3
	Вкупно	31

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	32.79
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	120.9
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	---
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	31
Вкупно	184.69

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Наталија Николовска с.р.
2. Проф. д-р Олга Градишка Теменутова с.р.
3. Академик д-р Таки Фити с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ ЗА УНИВЕРЗИТЕТСКИ УЧЕБНИК „ВОВЕД ВО КОМПЈУТЕРСКАТА ФИЗИКА“, ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р БЛАГОЈА ВЕЉАНОСКИ И ПРОФ. Д-Р НАЦЕ СТОЈАНОВ

Врз основа на член 55, став 1, точка 23 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Природно-математичкиот факултет и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Одлуката на Наставно-научниот совет 07-711/1 од 25.4.2013, именуван сум за рецензент за преглед и оцена на ракописот „Вовед во компјутерската физика“, поднесен од авторите проф. д-р Благоја Вељаноски и проф. д-р Наце Стојанов.

По прегледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот **Вовед во компјутерската физика** е изложен на 127 страници (А4-формат). Поделен е во 12 поглавја и содржи 24 програми напишани во програмскиот јазик Фортран, 14 слики, 21 цртеж 9 табели а заедно со приложената литература претставува комплетна концепција на универзитетски учебник од оваа област на физиката.

Во содржината се набројани следниве поглавја:

1. Вовед
2. Приближно решавања равенки
3. Методи за решавање линеарни системи
4. Интерполација и полиномна апроксимација
5. Приближно диференцирање
6. Приближно интегрирање
7. Приближно решавање обични диференцијални равенки
8. Гранични услови и сопствени вредности
9. Елиптични парцијални диференцијални равенки
10. Параболични парцијални диференцијални равенки
11. Монте Карло-методи
12. Хаотични системи и фрактални облици.

Во **првото поглавје** авторите ги воведуваат поимите за итерација, рекурзија и нумерички грешки, како и нивното влијание врз точноста на методите што се применуваат во компјутерската физика. Притоа, посебно се нагласува значењето на грешките на заокружување и отфрлање. Исто така, авторите даваат и кратко објаснување за изборот на програмскиот јазик во кој се напишани програмите во оваа верзија на ракописот. Во склоп на првото поглавје приложена е програма со која се објаснува влијанието на декларацијата на променливите врз точноста на нумеричките пресметувања.

Во **второто поглавје**, претставени се три методи за приближно решавање равенки со една непозната. Станува збор за методот на преполовување, методот на Њутн-Рафсон и методот на тетиви. Точноста на методите е покажана компаративно со две програми, од каде што јасно се забележува супериорноста на методот на Њутн-Рафсон во однос на останатите.

Во **третото поглавје** се дадени методи за приближно решавање на линеарни системи од равенки со n-непознати. Овие методи најчесто се применуваат во т.н. инженерски научни дисциплини, а предвид се земени директните методи, какви што се методите на Гаусова елиминација и LU-факторизација, како и итеративниот метод на Гаус-Зајдел. Применливоста на директните методи е покажана на пример во кој е имплементиран алгоритамот на Гаусова елиминација, додека итеративниот метод на Гаус-Зајдел е покажан во друга програма со која се разрешува т.н. дијагонално доминантен систем од линеарни равенки.

Во ова поглавје е покажано и како приближно се разрешува една посебна класа на тридијагонални линеарни системи кои, меѓу другото, се среќаваат и кај методите за приближно разрешување на парцијални диференцијални равенки кои се од суштинско значење за физиката.

Во **четвртото поглавје** се дадени приближните методи за апроксимација на податоци со кои постојано се среќаваме во компјутерската и експерименталната физика. Разработени се т.н. линеарни апроксимации на податоци во кои најчесто се применуваат полиномните функции. Во таа насока, во две програми и соодветни табеларни податоци е покажано како се применува Њутновата и Лагранжовата интерполациона формула.

Во **петтото поглавје** се прикажани приближните шеми (формули) за изводи. Ова е извонредно важна област затоа што приближните формули за изводи се применуваат во голем број методи во компјутерската физика како што се методите за приближно решавање на обични и парцијални диференцијални равенки.

Шестото поглавје се занимава со методите за приближно пресметување на еднократни определени интеграли. За таа цел, методите со еквидистантни апциси се застапени со формулите на трапез и Симпсон, додека методите со нееквидистантни апциси се дадени со Гаусовите квадратурни формули. Формулите на трапез и Симпсон се прикажани компаративно на ист пример, но со две различни програми, каде што лесно се забележува дека Симпсоновата формула е подобар избор поради побрзата конвергенција кон точното решение.

Гаусовите квадратурни формули се дадени со пример и програма во која приближно се пресметува определен интеграл во конечни граници. Лесно се забележува дека Гаусовите квадратурни формули имаат најбрза конвергенција кон решението, но главен недостаток е во тоа што може да се применат само за строго дефинирани вредности на апцисите.

Во **седмото поглавје** се прикажани методите за приближно решавање на обични диференцијални равенки, а тоа се Ојлеровиот метод и методот на Рунге-Кутта од четврти ред. Со цел појасно укажување на нивната точност, како

пример е земен Кеплеровиот проблем за движење во гравитационо поле. Станува збор за добро познат физички проблем во две димензии кој се сведува на систем од две диференцијална равенки од втор ред. Нумеричкото разрешување на овој систем е покажано компаративно за двата метода, при што анализата на податоците покажува дека методот на Рунге-Кута е значитечно подобар т.е. поточен метод. Во ова поглавје, методот на Рунге-Кута е искористен и за приближно решавање на проблемот на Кеплер со сила на триење, кој има свој аналог во класичното расејување на честици.

Во **осмото поглавје** се прикажани методи за приближно разрешување на една посебна класа физички проблеми, а тоа се граничните проблеми и сопствените вредности. За таа цел, прикажани се алгоритамот на Нумеров и методот на гаѓање. Алгоритамот на Нумеров е имплементиран во програма со која приближно се разрешува Поасонова равенка во една димензија, а методот на гаѓање е искористен за пресметување на сопствените вредности на бранова равенка со која се опишуваат осцилациите на жица која е прицврстена на двата краја.

Деветтото поглавје е наменето за методи за приближно решавање на елиптични парцијални диференцијални равенки. Станува збор за универзалниот метод на релаксација со кој, во овој случај, се разрешува проблемот на осцилации на еластична шипка која е прицврстена на двата краја. Овој проблем се опишува со елиптична парцијални диференцијални равенка, а решенијата кои се добиени со методот на релаксација, за определени вредности на праметарот на релаксација се прикажани графички.

Во **десеттото поглавје** се дадени методи за приближно решавање на параболични парцијални диференцијални равенки. Овие методи се поделени во две групи: експлицитни и имплицитни методи. Точноста на овие методи е прикажана на еден ист пример со две програми. Добиените решенија покажуваат дека експлицитната шема за приближно решавање на параболични парцијани равенки, во принцип, има ограничувања на временскиот интервал во кој може да се примени, додека имплицитната шема нема такви ограничувања. За двата случаја, решенијата се прикажани графички, при што јасно може да се забележи дека временската еволуција на решенијата на експлицитната шема после некое критично време $t > t_k$ има не физичко поведение, што не е случај со имплицитната шема.

Во ова поглавје, на примерот на временски зависната Шредингерова равенка, покажано е дека т.н. модифицирана експлицитна шема нема недостатоци што се карактеристични за „обичната“ експлицитна шема. Тоа јасно се гледа на графикот каде што е покажана временската еволуцијата на брановиот пакет во бесконечна потенцијална јама.

Во **единаесттото поглавје** се резработени Монте Карло-методите. Овие методи се од посебно значење за физиката на повеќе-честичните системи, какви што најчесто се среќаваат во статистичката физика и физиката на цврсто тело. Методот на *средна вредност* е применет во програма со која приближно се пресмнетува вредноста на определен интеграл во конечни граници. Анализата на резултатите покажува дека поголемиот број случајно генерирани апци-

си не доведува до пропорционално зголемување на точноста. Овој недостаток може да се надмине со помош на методот познат како *важност на земање примерок,* во кој апцисите се генерираат со соодветна тежинската функција, што доведува до побрза конвергенција кон точната вредност.

Исто така, во ова поглавје е даден и методот на Метрополис со кој се пресметува рамнотежната состојба на магнетните диполи во еднодимензионална магнетна решетка. Овој систем се опишува со Изингов модел без магнетно поле. Добиените решенија јасно покажуваат дека рамнотежната состојба како феромагнетик или антиферомагнетик може да се достигне во зависност од температурата на системот и енергијата на заемодејство на два соседни дипола.

Последното **дванаесетто поглавје** на овој ракопис е наменето за хаотичните системи и фракталните облици. Во ова поглавје не е применета некоја посебна група на нумерички методи, туку за визуелизација на резултатите се користени методи што се опишани порано.

Добиените решенија за чудните атрактори на Лоренц и Енон, како и логистичкото пресликување се прикажани со оригинални слики. Кога станува збор за фракталните објекти, со програма во фортран се генерирани податоци од кои е добиена оригинална слика на која е прикажано множеството на Манделброт.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот **Вовед во компјутерската физика**, од авторите проф. д-р Благоја Вељаноски и проф. д-р Наце Стојанов, е во целосна согласност со студиските програми во кои е застапен предметот компјутерска физика. Иако, заради примерите, првенствено е наменет за студентите по физика, тој слободно може да се користи и од студентите што слушаат применети нумерички методи во сродните научни дисциплини на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", но и пошироко.

Ракописот е напишан на разбирлив стил, така што во секое поглавје најпрво е даден краток теориски вовед на методите, а потоа преку примери и соодветни програми е покажано како може да се искористат практично. Анализата на резултатите е прикажана текстуално и/или со слики. На крајот на секое поглавје се дадени задачи за самостојно вежбање. Сето ова покажува дека авторите на овој ракопис се придржувале на општоприфатените принципи и стандарди за подготвување на еден современ универзитетски учебник од оваа област на физиката.

Заради сето претходно кажано, ми претставува посебно задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да го прифати понудениот текст како универзитетски учебник и да го одобри неговото печатење.

Рецензент,
Д-р Срѓан Петровиќ, научен советник
на Институтот за нуклеарни науки „Винча",
Белградски Универзитет, с. р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ ЗА УНИВЕРЗИТЕТСКИ УЧЕБНИК „ВОВЕД ВО КОМПЈУТЕРСКАТА ФИЗИКА“, ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р БЛАГОЈА ВЕЉАНОСКИ И ПРОФ. Д-Р НАЦЕ СТОЈАНОВ

Врз основа на член 55, став 1, точка 23 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Природно-математичкиот факултет и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Одлуката на Наставно-научниот совет 07-711/1 од 25.4.2013, именуван сум за рецензент за преглед и оцена на ракопис „Вовед во компјутерската физика“, поднесен од авторите проф. д-р Благоја Вељаноски и проф. д-р Наце Стојанов.

По прегледувањето на ракопис, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракопис **Вовед во компјутерската физика** концизно е изложен на 127 страници и истиот е поделен во 12 поглавја. Во ракопис се прикажани 21 цртеж, 14 слики и 9 табели, како и 24 компјутерски програми напишани во програмскиот јазик Фортран, во кои се применети сите претходно опишани методи. Во ракопис е набројана и користената литература, така што како целина ракопис ги содржи сите елементи на еден современ универзитетски учебник од областа на компјутерската физика.

Во ракопис се содржани следниве поглавја:

1. Вовед
2. Приближно решавања равенки
3. Методи за решавање линеарни системи
4. Интерполација и полиномна апроксимација
5. Приближно диференцирање
6. Приближно интегрирање
7. Приближно решавање обични диференцијални равенки
8. Гранични услови и сопствени вредности
9. Елиптични парцијални диференцијални равенки
10. Параболични парцијални диференцијални равенки
11. Монте Карло-методи
12. Хаотични системи и фрактални облици.

Во првото поглавје е опишано влијанието на концептите на нумеричката анализа врз точноста на нумеричките пресметувања. Во таа смисла, по-

себно е истакнато влијанието на нумеричките грешки на заокружување и отфрлање како најголеми „акумулатори“ на грешки во компјутерските пресметувања. Исто така, се воведуваат и концептите за значајни цифри и претставување на броеви, како и поимите за итерација и рекурзија. Во ова поглавје, со компјутерската програма се покажува како влијае изборот на променливите врз точноста на применетите нумерички методи. Во ова поглавје, авторите накратко објаснуваат зошто програмскиот јазик Фортран сè уште е главен избор за непрофесионалните програмери во решавањето на нумерички проблеми.

Второто поглавје е наменето за методите за нумеричко решавање на равенки со една непозната што се еден вид основа во развојот на многу компјутерски симулации. Прикажани се три методи: методата на преполовување, методата на Њутн-Рафсон и методата на тетиви. Овие методи имаат различна брзина на конвергенција кон точното решение, па затоа со две компјутерски програми споредбено се покажува брзината на конвергенција. Анализата на резултатите јасно покажува дека методата на Њутн-Рафсон е супериорна во однос на другите две методи. Исто така, се покажува дека методата на тетиви е подобар избор кога изводот на функцијата не е познат.

Во **третото поглавје** се прикажани методите за нумеричко решавање на системи од линеарни равенки кои можат да се поделат во две групи: *директни* и *итеративни*. Директните методи се застапени со методите на Гаусова елиминација и LU-факторизација, додека како итеративна метода е прикажана методата на Гаус-Зајдел. Со компјутерски програми е покажано како може да се применат методата на Гаусова елиминација, како и итеративната метода на Гаус-Зајдел која ги наоѓа решенијата на систем од равенки со доминатна дијагонала. Во ова поглавје е покажано и како приближно може да се решат т.н. тридијагонални линеарни системи кај кои различни од нула се само членовите од главната дијагонала како и оние „над“ и „под“ главната дијагонала.

Четвртото поглавје е резервирано за методите за интерполација и апроксимација на податоци. Предвид се земени линеарните апроксимации кај кои се применуваат алгебарските и тригонометриските полиномни функции. Како пример се земени Лагранжовата и Њутновата интерполациона шема, а нивната примена е покажана со две компјутерски програми во кои се пресметува (интерполира) вредноста што не е зададена со јазлите на интерполација.

Петтото поглавје е најмалото по содржина во овој ракопис. Во него се прикажани приближните формули за пресметување на извод. Овие формули се од посебно значење кога работиме со податоци што не може да се зададат аналитички. Со компјутерска програма е покажано како со користење на првиот Њутнов интерполационен полином може да се пресмета изводот во точка што не е зададена табеларно.

Во **шестото поглавје** се застапени методите за нумеричко пресметување на еднократни интеграли во конечни граници. Тие се поделени во две гупи:

методи со рамномерно распоредени апциси и не рамномерно распоредени апциси. Првата група методи се прикажани со формулите на трапез и Симпсон, додека втората група методи се прикажани со квадратурните формули на Гаус. Применливоста на формулите на Симпсон и трапез, со цел споредување на нивната точност, е прикажана во две компјутерски програми. Анализата на резултатите покажува дека Симпсоновата формула е значително подобра заради побрзата конвергенција кон точната вредност на интегралот. Како се применуваат квадратурните формули на Гаус за нумеричко пресметување на определен интеграл е покажано во посебна компјутерска програма. Од добиените резултати лесно се заклучува дека квадратурните формули на Гаус се најточни.

Нумеричките методи за решавање на обични диференцијални равенки се прикажани во **седмото поглавје.** Станува збор за методите на Ојлер и Рунге-Кута од четврти ред. Како пример за нивна примена авторите на овој ракопис го земаат добро познатиот Кеплеров проблем. Гледано нумерички, овој проблем се сведува на решавање на систем од две диференцијални равенки од втор ред. За нумеричкото решавање на овој систем се применети двете методи. Анализата на добиените резултати покажува дека методата на Рунге-Кута е значително поточна во споредба со методата на Ојлер.

Исто така, во седмото поглавје, методата на Рунге-Кута повторно е искористена за нумеричко решавање на проблемот на Кеплер во присуство на сила на триење кој наликува на појавата на расејување на позитивно наелектризирани честици од атомски јадра.

Нумеричките методи за приближно решавање на т.н. гранични проблеми како и пресметувањето на сопствените вредности се застапени во **осмото поглавје.** Тргнувајќи од проблемот на Штурм-Лиувул, за приближно разрешување на овие проблеми е изведен алгоритамот на Нумеров, како и методата на гаѓање. Алгоритамот на Нумеров е применет за приближно решавање на еднодимензионална Поасонова равенка. Во анализата на резултатите е посветено внимание на осетливоста на оваа метода на „почетните" вредности и нивното влијание врз конвергенцијата кон точното решение. Методата на гаѓање е применета за приближно пресметување на сопствените вредности на равенката со која се прикажуваат осцилациите на жица прицврстена на двата краја.

Во **деветтото поглавје** е покажано како приближно може да се решаваат елиптични парцијални диференцијални равенки (ЕПДР). За таа цел, најпрво е покажано какво е влијанието на дискретизација на равенката, а потоа од добиената диференцна формула е изведена методата на релаксација. Примената на оваа метода е покажана при приближното решавање на проблемот на осцилации на еластична шипка што е прицврстена на двата краја. Добиените решенија се прикажани табеларно и графички кога вредноста на параметарот на релаксација е ω=1.3.

Методите за нумеричко решавање на параболични парцијални диференцијални равенки (ППДР) се дадени во **десеттото поглавје** на овој ракопис. Во

зависност од начинот на кој е изведена дискретизацијата на диференцијалната равенка се добива експлицитната шема или имплицитната шема за приближно решавање на ППДР. Анализата на решенијата покажува дека експлицитната шема е условно зависна, што значи дека има ограничување на временскиот интервал на нејзина применливост, додека за т.н. имплицитна шема нема ограничувања. Овој заклучок најдобро се гледа од графичкиот приказ на решенијата добиени според двете шеми. Јасно се забележува дека решенијата на експлицитната шема имаат „осцилаторно" поведение после некое критично време $t > t_k$, што не се забележува кај поведението на имплицитната шема.

На крајот од ова поглавје се изведува т.н. модифицирана експлицитна шема која има „слично" поведение како имплицитната шема. Применливоста на оваа шема е покажана со нумеричкото решавање на временски зависната Шредингерова равенка. Како пример, графички е прикажана временската еволуција на брановиот пакет во бесконечна потенцијална јама.

Единаесеттото поглавје е наменето за Монте Карло-методите. Овие методи се сметаат за најголеми достигнувања на нумеричката анализа за решавање на повеќедимензионални интеграли и интегрални равенки, но и за други проблеми. Како прва е спомената методата на средна вредност со која приближно се пресметува вредноста на определен интеграл со една променлива. Добиените решенија покажуваат дека зголемувањето на случајно генерирани јазли на интеграција не доведува до подобрување на точноста на методата, односно намалување на дисперзијата. Методата на важност на земање примерок го надминува овој проблем со тоа што вредностите на подинтегралната функција се пресметуваат во јазли на интеграција што се генерираат со дадена тежинска функција. Затоа, решенијата имаат помала дисперзија што значи дека побрзо конвергираат кон точната вредност.

Методата на Метрополис, како една од најпознатите од оваа област на нумеричката анализа, е искористена за симулирање на рамнотежната состојба на еднодимензионална решетка од магнетни диполи. Поведението на системот се опишува со Изингов модел, а конечната конфигурација на магнетните диполи зависи од температурата на системот и од енергијата на заемодејство на два соседни дипола. Добиените податоци се прикажани графички од каде што може да се види кога системот има поведение на феромагнетик, а кога е антиферомагнетик.

Во последното **дванаесетто поглавје** се опишани хаотичните системи и фракталните облици. Се забележува дека за овие системи авторите не применуваат посебни нумерички методи туку некои од претходно спомнатите, како на пример, за решавање на диференцијални равенки. На тој начин се добиени решенија на системите равенки со кои се генерира чудниот атрактор на Лоренц. Итеративната постапка и рекурентните релации се искористени за генерирање на чудниот атрактор на Енон, логистичкото пресликување, како и познатото множеството на Манделброт кое има фрактална димензија.

Како заедничка карактеристика на целиот ракопис треба да се напоменат задачите за самостојно вежбање, како и предлог проектите кои се дадени на крајот на секое поглавје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот **Вовед во компјутерската физика**, од авторите проф. д-р Благоја Вељаноски и проф. д-р Наце Стојанов, е напишан со еден концизен приод кој го прави лесен за читање за сите кои првпат се среќаваат со применетите нумерички методи. Заради прикажаните примери, може да се кажи дека е наменет за студентите по физика, но имајќи ја предвид содржината, тој може да се користи и од страна на студентите од сродните природно-математички, но и од други технички дисциплини.

На почетокот на секое поглавје е даден краток вовед за нумеричките методи што се застапени во даденото поглавје, а потоа низ примери е покажано како нумеричките методи може да се искористат за приближно решавање на поставените проблеми. Компјутерските програми кои ги има во секое поглавје од книгата се напишани во програмскиот јазик Фортран. Резултатите кои ги генерираат програмите, во зависност од потребите, се прикажани текстуално или во вид на слика. Заради ова може да се каже дека авторите на овој ракопис применуваат методски приод, но и современи технички стандарди за подготовка на еден современ универзитетски учебник од областа на компјутерската физика.

Заради претходно изнесеното, со посебно задоволство би сакал да му предложам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да одобри печатење на понудениот текст како универзитетски учебник.

Рецензент

Д-р Ванчо Чабуковски, редовен професор на ПМФ, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ЕЛЕКТРИЧНИ МРЕЖИ“ ОД Д-Р РИСТО АЧКОВСКИ, РЕДОВЕН ПРОФЕСОР, И Д-Р МИРКО ТОДОРОВСКИ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, донесена на седницата од 31.10.2012 година, определен сум за рецензент на ракописот „Електрични мрежи“ од д-р Ристо Ачковски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, и д-р Мирко Тодоровски, вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Како рецензент, по деталното проучување на ракописот, го поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Основни податоци за ракописот

Ракописот со наслов „Електрични мрежи“ содржи вкупно 232 страници. Форматот на страниците е А4. Големината на буквите во текстот и на основните симболи во формулите е 12 точки. Материјалот е обработен во десет поглавја, во кои се внесени 171 слика и 45 табели. На крајот е даден список на консултираната литература.

2. Содржина на ракописот

Првото поглавје е воведно. Покрај појаснувањата на основните поими и елементи во ова поглавје е даден кус осврт врз: историјатот на формирањето на електроенергетските системи, значењето и улогата на електроенергетските мрежи и барањата коишто тие треба да ги задоволат, можните режими на работа на електроенергетските мрежи и важноста на ефикасно изведување пресметки за разрешување проблеми поврзани со проектирање и користење на електроенергетските мрежи.

Во второто поглавје се обработени елементите на електроенергетските мрежи, и тоа: надземни водови, кабелски водови, трансформатори, автотрансформатори и уреди за компензација на реактивната моќност. Особено внимание е посветено на техничките особености на електроенергетските водови, како надземни така и кабелски. Детално се обработени нивните карактеристики и особеностите на изведбата.

Предметот на разгледување на третото поглавје се особеностите на оптоварувањата на потрошувачите кои се напојуваат од електроенергетските мрежи. Дефинирани се карактеристични режими на работа и специфични дневни дијаграми на оптоварување. Објаснета е нивната важност при изведување анализи на мрежите.

Во четвртото поглавје, најнапред, е даден кус приказ на развојот на користењето физички и математички модели за анализи на електроенергетските системи. Потоа се воведени монофазни модели на симетрични и урамнотежени трифазни елементи на електроенергетските мрежи, и тоа: водови, двонамотни и тринамотни трансформатори, автотрансформатори, синхрони генератори и уреди за компензација на реактивната моќност. Објаснето е и како се претставуваат оптоварувањата на потрошувачите. Во истото поглавје е објаснето како вредностите на електричните големини придружени за едно напонско ниво се сведуваат на друго напонско ниво. Освен тоа, покажано е како се

дефинирани единични вредности на електричните големини и како тие се користат при анализа на електроенергетски мрежи со два или повеќе напонски нивоа.

Пресметки на загубите на напон и моќност во радијалните електроенергетски мрежи се обработени во петтото поглавје. Најнапред е објаснето како наведените загуби се пресметуваат кога се разгледува само еден електроенергетски вод или трансформатор, а потоа се обработени и случаите на неразгранети и разгранети радијални електроенергетски мрежи со произволен број на компоненти.

Методите за пресметка на загубите на напон и моќност во електроенергетските мрежи со произволна тополошка структура се обработени во шестото поглавје. Во воведниот дел се појаснети основните аспекти на проблемот, а потоа е покажана примената на општите методи: методот на независни напони и методот на независни струи. Освен тоа, одделно се обработени и две приближни постапки кои се применуваат кај јамкастите мрежи. Иако тие се поедноставни од општите методи, сепак, најчесто даваат за практика употребливи резултати.

Седмото поглавје содржи постапки за димензионирање на радијалните дистрибутивни електроенергетски мрежи. Обработени се постапките според следниве критериуми: а) константен пресек на сите делници на мрежата, б) константна густина на струјата во сите делници на мрежата и в) минимална потрошувачка на материјал за спроводниците на мрежата.

Методологија на пресметка на загубите на активна енергија во електроенергетските мрежи е обработена во осмото поглавје. Најнапред е изложена општата постапка. Потоа се воведени поимите „време на максимална моќност“ и „време на максимални загуби“, чие користење овозможува во практиката поедноставно да се дојде до резултати со прифатлива точност. Освен тоа е обработен и методот наречен „метод на еквивалентна отпорност“, кој се состои од определување замислена импеданција во која загубите на моќност и енергија би биле еднакви на соодветните загуби во набљудуваната мрежа.

Деветтото поглавје е посветено на основите на техничко-економските анализи во електроенергетските системи. Најнапред е укажано на важноста на овој вид анализи, а потоа е објаснето со кои видови трошоци се оперира. Обработени се методот на пресметковни годишни трошоци и методот на вкупни актуализирани трошоци. Посебно внимание е посветено на методот на актуализација и на моделот во кој се зема предвид зададеното зголемување на оптоварувањето со текот на годините.

Основни проблеми во врска со квалитетот на електричната енергија се обработени во десеттото поглавје. За илустрација на важноста на оваа проблематика наведени се негативните последици кои настануваат кај одделни видови потрошувачи и одделни елементи на електроенергетските мрежи, кога погонскиот напон отстапува од номиналниот. Образложена е потребата од регулација на напон во електроенергетските мрежи и објаснето е со кои средства и на кој начин таа може да се постигне.

3. Мислење за ракописот „Електрични мрежи“

Во ракописот „Електрични мрежи“ е содржана проблематика од областите кои спаѓаат во категоријата фундаментални за студиите по електроенергетика. Врз основите предвидени во овој курс се надоградуваат неколку други курсеви. Тој факт претставува значително оптоварување за секој автор во областа. Меѓутоа, авторите на овој труд, како осведочени и плодни дејци во областа, покажале дека се достојни да одговорат и на така одговорни и комплексни задачи.

Како одлика која заслужува да биде истакната е заложбата на авторите проблематиката да ја појаснуваат тргнувајќи од поедноставни кон посложени случаи, притоа давајќи разбирливи и логични објаснувања за проблемите и решенијата и практикувајќи дискусија за сите фактори кои можат да имаат влијание врз решенијата.

Бројните слики се користат како важно средство и за запознавање со технички детали, карактеристични за одделни елементи на електроенергетските мрежи.

Освен тоа, ракописот содржи не само теоретски изложени методи и принципи, туку и 35 решени примери. Примерите се грижливо одбрани и во нив е демонстрирано не само како да се користат изложените методи, но и како се опишува и образложува постапката на решавање. Тоа е многу важно бидејќи инженерите се, најчесто, во улога на изработувачи на документација (проекти, елаборати, студии, извештаи и др.) кои треба да бидат коректно напишани, не само од технички аспект. Бидејќи во примерите, главно, се користени податоци од постојни мрежи, со нив се стекнува и увид во вредностите на големините кои се сретнуваат во практиката. А тоа е значајна компонента во обуката на идните инженери.

4. Заклучок и предлог

Ракописот за учебник „Електрични мрежи“ претставува мошне квалитетен труд. Неговото издавање ќе придонесе да се збогати и осовремени литературата од областа на електротехниката на македонски јазик.

Имајќи го предвид наведеното, му предлагам на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да донесе одлука со која ракописот „Електрични мрежи“ од д-р Ристо Ачковски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, и д-р Мирко Тодоровски, вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, ќе го прифати како основен универзитетски учебник и ќе преземе соодветни чекори за неговото издавање

Рецензент,

Д-р Драгослав Рајичиќ, редовен професор во пензија

Р Е Ц Е Н З И Ј А

на учебникот
„ЕЛЕКТРИЧНИ МРЕЖИ“
од д-р Ристо Ачковски и д-р Мирко Тодоровски

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, донесена на седницата од 31.10.2012 година, определен сум за рецензент на трудот под наслов „Електрични мрежи“, напишан од авторитед-р Ристо Ачковски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, и д-р Мирко Тодоровски, вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Во тоа својство, по прегледот на ракописот, го поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Основни податоци за ракописот

Во ракописот со наслов „Електрични мрежи“ се обработуваатосновите на електроенергетските мрежи кои потоа служат како база за успешно совладување на специјализираните дисциплини во електроенергетиката како што се: високонапонски мрежи и системи, дистрибутивни системи и компјутерски методи за анализа на стационарни режими во ЕЕС (електроенергетски системи). Имајќи предвид дека кај нас веќе подолго време нема систематизиран материјал за областа која се обработува во ракописот, а долги години постојат учебници за наведените специјализирани дисциплини,тој ќе ја заокружи целината на обезбеденост со учебници за сите фундаментални области од анализата на електроенергетски мрежи.

Трудотима 232 страници во А4-формат, илустриран е со 171 слика и содржи 45 табели. Изложената материја во ракописот е поткрепена и со 35 решени примери. Ракописот е поделен на 10поглавја:

1. Општо за електроенергетските мрежи
2. Елементи на електроенергетските мрежи и нивна конструктивна изведба
3. Товари во електричните мрежи – конзум
4. Заменски шеми и параметри на елементите на ЕЕС
5. Пресметување на радијални електрични мрежи
6. Пресметка на јамкасти и сложено затворени мрежи
7. Димензионирање на радијалните дистрибутивни мрежи
8. Загуби на моќност и енергија во електричните мрежи
9. Основи на техничко–економските анализи на ЕЕС
10. Квалитет на електричната енергија.

На крајот ракописот содржи список на литература.

2. Содржина на ракописот

Во првото поглавје се дадени основните поими за функционирањето на ЕЕС. Изложен е кус историјат на нивното формирање, а потоа се опишани значењето и улогата на електричните мрежи и нивната класификација. Наведени се параметрите кои ги карактеризираат електричните мрежи, како и барањата што тие треба

да ги задоволат. На крајот се дадени целите на пресметките во електричните мрежи.

Основните карактеристики на конструктивната изведба на составните елементи на електроенергетските мрежи е дадена во второто поглавје. Тука се обработени надземните и кабелските водови, двонамотните и тринамотните трансформатори, автотрансформаторите и напречните и надолжните компензациони уреди. Посебно детално се прикажани особеностите на надземните и кабелските водови.

Во третото поглавје е обработено однесувањето на потрошувачите во електроенергетските мрежи. Опишани се карактеристичните работни режими и е воведен поимот за дијаграм на оптоварувањето (дневен, неделен, месечен и годишен), а потоа и поимот за подреден дијаграм на оптоварувањето. За сите дијаграми опишани се нивните основни параметри.

На почетокот од четвртото поглавје објаснети се особеностите на физичкото и математичкото моделирање на елементи од ЕЕС. Потоа е воведен концептот на еднофазно моделирање на трифазни системи и се дадени соодветните модели за надземни водови и кабли, двонамотни и тринамотни трансформатори, автотрансформатори, синхрони генератори, оптоварувања на потрошувачите и компензациони уреди. На крајот од поглавјето е прикажан начинот на сведување на параметрите на елементите од едно на друго напонско ниво во мрежи со две или повеќе напонски нивоа. Освен тоа, воведен е и концептот на единечни вредности.

Предмет на петтото поглавје епресметката на загуба на напон и загуби на моќност во радијални мрежи. Постапката за решавање на радијални мрежи е објаснета почнувајќи со наједноставни случаи составени од само еден вод или трансформатор, а потоа се преминува кон неразгранети и сложено разгранети мрежи. Во ова поглавје е прикажан и начинот за решавање на радијални мрежи во кои има водови со континуирано оптоварување.

Во шестото поглавје се дадени методи за решавање на сложени мрежи кои содржат една или повеќе контури. Начинот на излагање е така приспособен така што читателот кој ги има совладано основните методи за решавање на електрични кола (методот на независни напони и методот на независни струи) постепено се воведува во проблематиката на сложените електроенергетски мрежи на начин кој овозможува лесна примена на претходното знаење врз нови проблеми и нивно ефикасно решавање. Освен тоа, применети се и приближни методи како што се методот на контурни моќности и методот на раздвојување.

Димензионирањето на радијални мрежи е обработено во седмото поглавје. Во него се опфатени три критериуми за димензионирање: со константен пресек, со константна густина на струја и со минимална потрошувачка на материјал. Постапката во сите три случаи е илустрирана со пример за неразгранета радијална мрежа.

Во осмото поглавје е прикажана методологија за пресметка на загуби на моќност и енергија во електроенергетските мрежи.Преку хронолошки и подредени дијаграми на оптоварување на потрошувачите се воведени карактеристичните величини максимална моќност, вкупна енергија, време на максимална моќност и време на загуби. Со овие величини и со примена на методите за решавање на електроенергетски мрежи од претходните поглавја се пресметуваат загубите на

енергија во мрежа со произволна конфигурација и тип на потрошувачи. Покрај тоа, прикажана е и примената на методот на еквивалентна отпорност на мрежата кој често се користи за пресметување на загубите на моќност и енергија во разгранетите дистрибутивни мрежи кај кои е можно делови од мрежа (на пример цели изводи) да се прикажат компактно без тоа да се одрази врз точноста на пресметките во останатиот дел од мрежата.

Во деветтото поглавје се дадени основите за решавање на проблеми од областа на техничко-економските анализи во електроенергетските мрежи. Дадена е структурата на трошоците за електроенергетските објекти и обработени се методот на пресметковни годишни трошоци и методот на вкупни актуализирани трошоци. Посебен акцент е даден на методот на вкупни актуализирани трошоци, при што преку повеќе примери е прикажана неговата примена посебно во случаи во кои се зема предвид зголемувањето на оптоварувањето во текот на времето.

Проблемите во врска со квалитетот на електричната енергија се дадени во десеттото поглавје. Во него е обработен проблемот со квалитетот на напонот во поглед на бавните напонски варијации што е сосема доволно имајќи предвид дека се работи за воведен курс по електроенергетски мрежи. Тука се наведени последиците кои настануваат кај потрошувачите и елементите на електроенергетските мрежи кога напонот отстапува од номиналниот. Како последица од тоа образложена е потребата за регулација на напонот и објаснети се начините на кои тоа се прави.

3. Мислење за ракописот „Електрични мрежи“

Во ракописот „Електрични мрежи“ обработени се сите аспекти кои се доволни за совладување на основите на електроенергетските мрежи кои, пак, понатаму овозможуваат лесно надградување преку други специјализирани курсеви во истата област.

Авторите се потрудиле текстот да биде збогатен со голем број слики со кои се олеснува објаснувањето и разбирањето на техничките детали и карактеристики на елементите на електроенергетските мрежи. Покрај тоа, трудот изобилува со реални податоци поврзани со карактеристиките и работата на мрежите.

Значајно за одбележување е тоа што трудот содржи голем број решени примери на вистински мрежи што му овозможува на читателот да стекне чувство за големината на проблемите и редот на величините кои може да се очекуваат во електроенергетските мрежи.

Во сите примери се дадени логични објаснувања за добиените резултати. Ова е една од главните задачи во обуката на идните инженери и таа во трудот е исполнета во целост. За истакнување е и дека главната одлика на избраните примери е да се покажат феномените во електроенергетските мрежи тргнувајќи од едноставни и одејќи кон сложени случаи.

4. Заклучок и предлог

Ракописот за учебник „Електрични мрежи“ претставува оригинален труд, пишуван е со јасен и разбирлив стил и е мошне квалитетен. Неговото издавање ќе ја заокружи целината на учебници на македонски јазик за сите области од анализата на електроенергетски мрежи.

Имајќи го предвид наведеното, му предлагам на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да донесе одлука со која ракописот „Електрични мрежи“ од д-р Ристо Ачковски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, и д-р Мирко Тодоровски, вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, ќе го прифати како основен универзитетски учебник и ќе преземе соодветни чекори за неговото издавање.

Рецензент,

Проф. д-р Рубин Талески, с.р.

Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од II-та седница на Наставно-научниот совет одржана на 12.6.2013 година

Кандидат	Наслов на труд МК	Наслов на труд ENG	Ментор
Иван Фиданов	Еколошки аспекти од искористувањето на биомасата од лозарското и винарското производство како алтернативен извор на енергија	Environmental aspects of the utilization of biomass from vinegrowing and wine production as alternative energy source	Проф. д-р Елизабета Ангелова
Јасминка Богуновиќ	Улога на сортата во производството на квалитетен семенски материјал од пченица	The role of variety in production of quality wheat seed material	Проф. д-р Дане Бошев
Влатко Поповски	Улогата на енергетските системи врз конкурентноста на земјоделското производство	The role of energy systems in the competitiveness of agricultural production	Проф. д-р Драган Ѓошевски
Ласта Миленковски	Влијание на технологијата на конзервирање врз квалитетот на зелени и црни трпезни маслинки	Influence of the preservation technology on the quality of green and black table olives	Проф. д-р Љубица Каракашова

ИСПРАВКА

Корекција на Билтенот бр. 1056 од 14.05.2013, страна 215 во Реферат за избор во звање насловен вонреден професор од областа информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, во ред 5, веднаш по „весниците Нова Македонија и Журнал од "наместо „21.07.2012" треба да стои „26.04.2013".

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "МАРКЕТИНГ - СТРАТЕГИИ И ТАКТИКИ ВО ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА НАСПРОТИ ЗЕМЈИТЕ ОД ЕУ", ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р МАЈА КОЧОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под број 0202-1578/2 од 7.6.2013 донесена на седницата одржана на 3.6.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: **Маркетинг - стратегии и тактики во прехранбената индустрија во Р. Македонија наспроти земјите од ЕУ**, поднесена од кандидатката м-р Маја Кочоска. По прегледувањето на трудот, Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација со наслов „**Маркетинг - стратегии и тактики во прехранбената индустрија во Р. Македонија наспроти земјите од ЕУ**", поднесена од кандидатот м-р Маја Кочоска, е обработена на 237 страници компјутерски среден текст. Содржината на трудот освен: вовед, *апстракт* и *клучни зборови* на македонски и на англиски јазик, заклучок (стр.211-213) и литература (стр.214-226) и прилози (стр.227-237) е систематизиран во 5 (пет) глави и тоа:

Глава 1. Предизвици и можности на маркетингот во современата економија (стр.14-51)

Глава 2. Развој и примена на маркетинг - стратегии и тактики на пазарот на прехранбената индустрија (стр.52-105)

Глава 3. Развој и примена на маркетинг - стратегии и тактики на пазарот на прехранбената индустрија во земјите на ЕУ (стр.106-147)

Глава 4. Развој и примена на маркетинг - стратегии и тактики на пазарот на прехранбената индустрија во Р. Македонија (стр. 148-185)

Глава 5. Методолошки приод во истражувањето (стр. 186-210)

Во **воведниот** дел на дисертацијата се образложени актуелноста и значењето на проблематиката која е предмет на истражувањата во трудот, целта, предметот на истражувањата, применетата методологија и очекуваните резултати.

Во првата глава со наслов ***Предизвици и можности на маркетингот во современата економија***, разработени се можностите кои ги нуди современата економија и новите трендови кои се обележје на 21 век и ги

водат компаниите кон примена на нови верувања и практики. Покрај обезбедување поголема ефикасност и ефективност во работењето, кај компаниите се истакнува потребата од зголемување на перформансите на нивното работење во однос на конкуренцијата, примената на иновации, развој на нови супериорни производи, градење силен бренд, позитивна слика, примена на експлицитен маркетинг, а со тоа надминување на желбите и потребите на своите потрошувачи. Со промената на условите и окружувањето доаѓа и до промена во однесувањето на потрошувачите, посебно во процесот на развој на нови производи. Современиот потрошувач се потпира на најновите трендови во купувањето и ги почитува вредностите на сите култури. Преку спонтано и континуирано пренесување на трендовите од развиените кон помалку развиените земји, доаѓа до приближување на културите во светот. Појавата на низа современи болести, како на пример, дебелината, кардиоваскуларните заболувања, дијабетесот и други, предизвикуваат поголема грижа при изборот на храна. Резултатите од светските истражувања се споредени со резултатите од ова истражување и покажуваат дека карактеристиките на производите и нивниот квалитет имаат најголема улога при избор на прехранбени производи. Понатаму, се укажува на значењето на иновациите во насока на подобрување на квалитетот, поголема флексибилност и побрзо производство, намалување на трошоците за производство, заштеда на енергија, подобрување на работните услови и имплементирање програми за обука. Елаборирани се одредени аргументи кои се однесуваат на самата индустрија, на начините на производство кои се применуваат и промените во климата на глобално ниво кои доведуваат до промени во процесот на производството. На крај, акцентот е ставен на самиот процес на менаџирање како предуслов за опстанок и примена на новата технологија која ќе доведе до одржливост на компанијата и нејзиното место на конкурентската сцена.

Во втората глава, со наслов ***Развој и примена на маркетинг стратегии и тактики на пазарот на прехранбената индустрија,*** разработени се конкурентската предност и стратегиите кои се користат во рамките на прехранбената индустрија на светско ниво. Преку примери е покажано дека оние компании кои имаат релативно трајна конкурентска предност на пазарите остваруваат натпросечна добивка. Во производ – стратегијата, производот е претставен како композиција од различни елементи, и тоа: бренд, квалитет, дизајн, асортиман, пакување и диференцирање. Понатаму е укажано на потребата од правилно управување и приспособување на производниот асортиман со цел тој полесно да се приспособи на промените кај потрошувачите. Сепак, најуспешните мултинационални компании од овој сектор покажуваат дека широкиот и избалансиран асортиман е нивно обележје, а ширењето на производната програма е предизвик за настап на светските пазари. Во рамките на оваа стратегија е вклучена бренд - стратегијата која претставува една од посложените активности на маркетинг - менаџментот. Презентирано е бренд - портфолиото на најголемите светски компании кои се занимаваат со производство на храна. Во стратегијата на диференцирање и позиционирање покажан е право пропорционалниот однос помеѓу цената и вредноста, а тоа значи колку цената е повисока, толку барањата за вредност се повисоки. За разлика од оние компании кои применуваат масовно производство и диференцијација, преку примери е прикажана можноста за насочување кон целни пазарни сегменти и создавање конкурентски

функционални стратегии. Кај ценовната стратегија, акцент е ставен на одлуката која се однесува на висината на цената на производите, а треба да биде прифатлива за потрошувачите и во исто време да носи добивка. Дадена е споредба на ценовните политики на поголем број компании и даден е преглед на оние кои најмногу се применуваат. Преку стратегијата на менаџирање, производ презентирани се фазите од животниот циклус на секој производ и потребата од нивно постојано управување. И на крај, елаборирана е дистрибутивната стратегија која нуди можност на секоја компанија да избере вистински канал кој ќе ги надмине сите тешкотии и пречки што стојат на патот, а со тоа ќе се намали напорот, времето и парите што се потребни.

Во третата глава со наслов ***Развој и примена на маркетинг стратегии и тактики на пазарот на прехранбената индустрија во земјите на ЕУ*** е утврдена стапката на конкурентност на земјите - членки на ЕУ во делот на прехранбената индустрија која има одржлив и позитивен раст и сè уште претставува стожер на вкупната економија. Покажана е промената на структурата во побарувачката и однесувањето на потрошувачите која влијае на зголемување на хранливата вредност на производниот асортиман, додавање нови вкусови, нови производи и нови стратегиски тактики за настап на пазарот. Разработени се новите трендови кои ги следат овие земји, а се резултат на промените во навиките за јадење: зголемена побарувачка на функционална храна, преработена храна и конвенционална храна. Акцентот е ставен на стратегиите кои доведуваат до висококвалитетно производство, кои ги следат научните и иновативните достигнувања и ги пратат сите промени кои се однесуваат на социо - демографската структура. Безбедноста на храната е еден од најважните приоритети во ЕУ. Преку стратегијата „од фарма до трпеза", се укажува на строгите правила за безбедност на храната кои започнуваат на самата фарма, а потоа секоја алка од синџирот на храна има значајна улога во намалување на потенцијалните ризици кои штетно влијаат врз здравјето на луѓето. Во стратегијата за квалитет прикажан е сеопфатен пристап во однос на квалитетот на храната кој не го опфаќа само процесот кој директно е поврзан со неа, туку се однесува и на квалитетот на услугите, организацијата и менаџментот, адекватната примена, можноста за поставување конкурентски цени, стандарди, контрола и сертификација. На крај, акцентот е ставен на стратегијата на одржливост како најголем предизвик на 21 век, а тоа значи компаниите од прехранбената индустрија да обезбедат производство кое ќе ги почитува сите стандарди за квалитет, а во исто време внимателно ќе ги користи сите ресурси од природата.

Во четвртата глава со наслов ***Развој и примена на маркетинг стратегии и тактики на пазарот на прехранбената индустрија во Р. Македонија,*** посебен акцент е ставен на состојбата на македонската прехранбена индустрија и условите во кои таа се развива. Р. Македонија се карактеризира со многу ниска стапка на конкурентност на ниво на цела преработувачка индустрија и тоа, секако, се одразува на ниската конкурентност и на прехранбената индустрија. Тоа предизвикува создавање ценовно осетливи потрошувачи за кои висината на цената е основен фактор при избор на храна. Понатаму, преку бројни примери од македонските претпријатија од една страна, и резултатите добиени од спроведеното истражување од друга страна, се укажува на тоа дека светските трендови се следат, но недостигот од финансии не дозволува

нивно имплементирање. Оваа финансиска криза не им дозволува ниту да инвестираат во модернизација и проширување на капацитетите, ниту во иновации. Сепак, правилно избраната стратегија со адекватен сет од маркетинг алатки преку кои македонските претпријатијата ќе го оправдаат својот квалитет во однос на нивната цена значително ќе придонесе за нивно подобро позиционирање. Во оваа глава особено се истакнува потребата од спроведување стратегија за контрола и систем за безбедност на храната и во РМ, а тоа бара преземање активности заради усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ и реконструкција на целиот систем за контрола и безбедност на храната. Во однос на квалитетот, претпријатијата силно веруваат дека квалитетот на производите е основната причина поради која потрошувачите ги купуваат тие производи и затоа вложуваат во него. Понатаму, се истакнува улогата на пакувањето како од естетски, така и од функционален карактер во развојот, позиционирањето и создавање имиџ на еден производ. Најмладата таргет - група е претставена како предизвик за производните компании да го привлечат и задржат нивното внимание преку производство на најштетната и во исто време највкусна храна. Сепак, трендот на здрава храна постепено се пренесува и во Македонија и голем дел од претпријатијата го прошируваат својот асортиман со нови производи кои содржат повеќе хранливи состојки заради задоволување на различните потреби и вкусови. На крај, следат препораките кои доаѓаат од развиените земји, а се однесуваат на подигнување на нивото на квалитет преку создавање критериуми и стандарди за подобра благосостојба на земјата и општеството во целина.

Во петтата глава со наслов ***Методолошки приод во истражувањето,*** сумирани се резултатите од истражувањето спроведено во 40 македонски претпријатија со цел да се покаже колку тие во услови на зголемена конкуренција и променливо опкружување сметаат дека изборот на правилна маркетинг - стратегија влијае на градење сопствен идентитет, препознатливост и позиција на пазарот и дали воопшто постојат услови за примена на ваква стратегија. Од друга страна, преку сумирање на резултатите од истражувањето спроведено на 420 испитаници се покажува колку потрошувачите се задоволни од нивното работењето и настап на пазарот. Тргнувајќи од предметот и целта на истражувањето, а во согласност со поставената хипотеза, истражувањето е изведено со помош на метод на теориска анализа и емпириски метод преку кој статистички се собираат, се средуваат и се обработуваат податоците.

Во **заклучокот,** како последен дел од трудот, најзастапен е методот на синтеза. Разбирливо, бидејќи во овој дел се врши презентирање на сознанијата, препораките и начините за успешно управување со маркетинг стратегиите и тактиките во прехранбената индустрија, до кои е дојдено во овој труд.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Предмет на истражување на докторската дисертација со наслов "**Маркетинг - стратегии и тактики во прехранбената индустрија во Р. Македонија наспроти земјите од ЕУ**", поднесена од кандидатката м-р Маја Кочоска, е примена на маркетинг - стратегии и тактики во прехранбената индустрија во земјите на ЕУ и Македонија. Изборот на правилна маркетинг

стратегија ќе им овозможи на компаниите полесен пристап на пазарите и поголема конкурентност. Таквата стратегија ќе придонесе производот да прерасне во бренд кој правилно ќе се управува, ќе се развива и ќе се позиционира на пазарот. Во насока на осознавање на предметот на истражување е поставена целта на истражувањето која покажува колку македонските компании во услови на зголемена конкуренција и променливо опкружување сметаат дека изборот на правилна маркетинг - стратегија влијае на градење сопствен идентитет, препознатливост и позиција на пазарот и дали воопшто постојат услови за примена на ваква стратегија. Од друга страна, колку потрошувачите се задоволни од нивното работењето и настап на пазарот. Вака дефинираната цел може да се подели на два дела, и тоа:

Теоретска цел: да се согледаат практичните искуства кај компаниите од прехранбениот сектор во ЕУ заради подобрување на конкурентноста на македонските претпријатија при настап на домашен и странски пазар.

Методолошка цел: да се изнајдат методи и техники преку кои ќе се направи преглед на условите и стратегиите што се применуваат во прехранбената индустрија во Р. Македонија и да се направи споредба со земјите од ЕУ кои се водечки во однос на поставување критериуми и стандарди за работење; да се изврши анализа на резултатите од истражувањето и нивна интерпретација.

Индустријата за храна е стожер на вкупната економија во ЕУ. Иако кризата придонесе до намалување на продажбата, веќе од 2010 година таа почна да се зголемува, посебно во големите земји членки. Во Р. Македонија, овој сектор се карактеризира со многу ниска стапка на конкурентност каде кризата го промени фокусот на потрошувачите кон цената, а не кон името или брендот на производот. Но, цената како конкурентска предност носи резултати само на краток рок. Позиционирањето на пазарот бара долгорочен пристап кој е фокусиран на квалитет, широк асортиман, примена на нови технологии, имплементирање и почитување на стандарди и системи за безбедност, постојано следење на однесувањето на потрошувачите и употреба на соодветни маркетинг стратегии и тактики преку кои компанијата го гради сопствениот имиџ и силно се позиционира во свеста на потрошувачите.

Во овој труд кандидатката ја покажува состојбата на прехранбената индустрија на глобално ниво, на ниво на Европска унија и на ниво на Р. Македонија и прави споредба преку која покажува дека на светско ниво менаџерите ја согледале потребата од формулирање комплетна стратегија и јасен пристап во работењето кој го надминува традиционалниот маркетинг - концепт. Овој современ холистички пристап покажува дека за маркетингот сè е важно и преку него тие можат да одговорат на три суштински прашања: како компанијата да ги идентификува новите вредности за потрошувачите, како компанијата да креира вредност на ефикасен начин и како компанијата најдобро да ги искористи способностите и инфраструктурата со која располага во процесот на испорака на таа вредност. Од друга страна, неповолната финансиска состојба во Р. Македонија за најголем број сопственици или менаџери на претпријатија од прехранбената индустрија претставува единствена причина за недоволно професионално работење, слабо инвестирање во модернизација на производни капацитети и нови технологии, минимален извоз и недоволна примена на маркетингот кој во вакви услови го третираат за трошок. Увозот на странски прехранбени производи

покажува дека побарувачка постои, но проблемот лежи во недоволното професионално работење и краткорочниот стратегиски пристап. Тоа ја потврдува потребата од интегриран пристап во работењето кој имплементира софистициран потрошувачки – ориентиран концепт воден од вредностите, општествените и економските проблеми. Со исклучок на неколку поголеми компании, останатите, наместо стратегија за раст и развој, применуваат стратегија за опстанок.

Паралелно со овие прашања кандидатката ги истражува и ги следи новите трендови во целата индустрија, посебно во земјите од ЕУ, кои секојдневно упатуваат на поголема грижа за здравјето на потрошувачите, како и поголема хигиена и ефикасност. Со тоа покажува дека тие треба да бидат водич, особено за земјите во транзиција меѓу кои е и Р. Македонија преку кои ќе дојде до подигање на свеста на секој поединец за грижата на неговото здравје и здравјето на целата фамилија. Оттука, кандидатката ја поставила основната хипотеза која се однесува на адекватната примена на маркетингот и оптималната комбинација на промотивните алатки од страна на компаниите од прехранбениот сектор кои обезбедуваат конкурентско позиционирање на пазарот, преку испорака на очекуван квалитет кој истовремено е во согласност со целокупните општествени потреби. Врз основа на оваа хипотеза формулирала и неколку помошни хипотези:

Доколку конкурентската предност се базира многу повеќе на невидливите ресурси (знаење, квалификуван кадар, тимска работа, квалитет, иновации), конкурентите нема да можат да ги преземат и употребат во краток временски период.

Правилната комуникација, амбиентот, репутацијата, општествената одговорност и иновативното работење се основните причини за создавање имиц, конкурентска предност и лојалност кај потрошувачите.

Доколку континуирано се следат и имплементираат светските трендови, новите технологии и системите за контрола и безбедност на храната и истовремено се усогласат со домашните услови ќе дојде до зголемување на вкупната перцепција за квалитет и на задоволството на потрошувачите.

Во истражувањето спроведено во овој труд се користат неколку методи. Како основен метод кој се применува е ***дедуктивниот метод.*** Преку него се прави еден преглед на опкружувањето, условите и стратегиите кои се применуваат во прехранбената индустрија, фактичката состојба во Р. Македонија, примената на маркетинг - стратегиите од страна на македонските компании и степенот до кој тие се дојдени во однос со оние држави на ЕУ како водечки за поставување критериуми и стандарди.

Примената на ***компаративниот метод*** нуди согледување на сличностите и разликите на предметот што се истражува.

Во практичниот дел се применува ***методот на анкетирање,*** кој е реализиран преку дистрибуција на анкетен прашалник во голем број македонски компании. Статистичкото истражување поминало низ три фази, и тоа: собирање, средување и групирање и обработка со статистичка анализа. Како мерни инструменти за успешна реализација на ова истражување се два анкетни прашалника. Едниот е наменет за компаниите и содржи 21 прашање, а другиот за потрошувачите и содржи 19 прашања. Анкетниот прашалник е нестандардизиран и специјално подготвен за ова истражување кое содржи прашања од затворен вид со можност за дополнување на некои од нив.

Истражувањето е спроведено во периодот ноември - декември 2012 година на репрезентативен примерок од 40 претпријатија во прехранбената индустрија во Р. Македонија. Како популациска рамка на примерокот користени се вработени постари од 18 години, а критериуми за репрезентативност се позицијата кои тие ја имаат и работниот стаж. Прашалникот, пак, спроведен кај 420 потрошувачи има за цел да ги потврди или негира ставовите на македонските претпријатија во зависност од нивниот пол, степен на образование и работна позиција која ја имаат. Во исто време, добиените резултати треба да покажат колку овие критериуми влијаат на грижата за нивното здравје, интересот за производите, квалитетот и, воопшто, работењето на индустријата. Како популациска рамка на примерокот во однос на прашалникот наменет за потрошувачите вклучени се потрошувачи постари од 14 години, а критериуми за репрезентативност се полот, образованието и работната позиција.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека настапот на пазарот на една компанија без оглед на нејзината големина не може да биде случаен. Напротив, тој бара ангажирање од страна на сите вработени во насока на правилно поставување на заеднички цели и формулирање адекватна стратегија која ќе одговори на овие цели. Конкурентската позиција на пазарот не се добива, туку се стекнува со професионално работење, висок степен на посветеност и способност за адаптирање на промените во опкружувањето како и навиките и потребите на потрошувачите.

Слабата конкурентност, просечниот квалитет и нецелосното следење на потребите во опкружувањето потврдуваат дека примената на маркетинг - стратегии и тактики при настап на пазарот на македонските претпријатија од прехранбената индустрија е недоволна, а освен големите компании речиси сите останати без оглед на под секторот на кој припаѓаат маркетингот го третираат како трошок. Светските примери покажуваат дека оваа индустрија е носечка и претставува стожер на вкупната економија, ја намалува невработеноста преку генерирање голем број работни места, ја поттикнува креативноста и иновативноста, учествува во зголемување на вкупниот извоз на земјата, рационално ги користи ресурсите, го обучува кадарот и развива менаџмент систем во кој правилно се применува целокупното знаење. Бидејќи резултати од истражувањето покажуваат дека Р. Македонија заостанува во однос на светските компании, акцентот во иднина треба да го стави на зголемување на конкурентноста која ќе и овозможи подобра позиција не само на домашните, туку и на странските пазари.

Промените во вредносниот систем предизвикуваат промени во желбите и потребите на потрошувачите, а тоа бара примена на сеопфатна маркетинг - концепција која ќе претставува модел на работење во современото општество. Влезот во ЕУ бара Р. Македонија да развие стратегија која ќе се базира на знаење, конкурентност и социјална и општествена одговорност, а тоа значи зголемување на конкурентноста, флексибилноста и иновативноста на прехранбената индустрија како една од најголемите преработувачки капацитети. Оттука, како неколку препораки во таа насоки се издвојуваат:

- зголемување на стапката на конкурентност преку обезбедување поевтини суровини;
- модернизирање на капацитетите со кои ќе се намалат загубата и трошоците,

- примена на нови технологии кои ќе овозможат задржување на квалитетот и трајноста на производите;
- целосна имплементација на ХАСАП - системот кој навремено ќе ги открие дефектите со што незадоволството кај потрошувачите ќе се сведе на минимум;
- постојано ќе се следат и ќе се имплементираат светските трендови, а на таков начин ќе прерасnат во компании кои постојано учат и вложуваат во својот раст и развој;
- преку правилно развиен менаџмент - систем вкупното работење правилно ќе се управува, рационално ќе се трошат финансиите и ќе се вложува во кадарот со цел тој да се стекне со потребната експертиза и искуство;
- да се намали ценовната осетливост кај потрошувачите преку нудење задолжителна причина да се купи производот кој квалитативно видно ќе отстапува од конкурентите.

Проверката на докторскиот труд на тема под наслов **„Маркетинг - стратегии и тактики во прехранбената индустрија во Р. Македонија наспроти земјите од ЕУ”**, изработен од **Маја Кочоска,** е иницирана од менторот проф. д-р Нада Секуловска, на 31. 5.2013. Резултатот за документот е: документот содржи **62460** зборови, од кои за **1061 (1,7%)** е пронајдено совпаѓање во други документи.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесената кратка содржина и оценатa на докторската дисертација **„Маркетинг стратегии и тактики во прехранбената индустрија во Р. Македонија наспроти земјите од ЕУ”**, поднесена од кандидатката м-р Маја Кочоска, а поаѓајќи од тоа дека овој труд ги исполнува сите критериуми на ниво на докторска дисертација, Комисијата има чест да му предложи на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- *прво:* да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот на Комисијата за позитивната оцена на докторска дисертација;

- *второ:* да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, јуни 2013

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА,

Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.
Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска, с.р.
Проф. д-р Димитар Граматиков, с.р.
Проф. д-р Анита Циунова Шулевска, с.р.
Проф. д-р Митре Стојановски, с.р.

Реферат

ЗА ОЦЕНА НА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ

„НУМЕРИЧКО И ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛИЕНИ АРМИРАНОБЕТОНСКИ КОЛОВИ ЗА МОСТОВИ ИЗЛОЖЕНИ НА ЛАТЕРАЛНИ СТАТИЧКИ И ДИНАМИЧКИ ТОВАРИ“

И НАУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р ТОМИСЛАВ ХАНИК

Со одлуката на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 09-2237/1 од 28/12/2011 год., донесена на редовната седница одржана на 16.12.2011 год. формирана е Комисија за оцена на подобноста на темата *Нумеричко и експериментално истражување на лиени армиранобетонски колови за мостови изложени на латерални статички и динамички товари* од кандидатот м-р Томислав Ханик, дипл. град. инж. од Осиек, Република Хрватска, во состав:

1. проф. д-р Михаил Гаревски, претседател, ИЗИИС-УКИМ, Скопје;
2. проф. д-р Данило Ристиќ, член, ИЗИИС-УКИМ, Скопје;
3. проф. д-р Снежана Стаматовска, член, ИЗИИС-УКИМ, Скопје;
4. проф. д-р Виолета Мирчевска, член, ИЗИИС-УКИМ, Скопје;
5. проф. д-р Виктор Христовски, член, ИЗИИС-УКИМ, Скопје.

Врз основа на поднесената пријава на кандидатот, биографските податоци, степенот на академското образование, референците и предлог-програмата за изработка на докторската дисертација, Комисијата го изнесува своето мислење за подобност на темата за изработка на докторска дисертација и оспособеност на кандидатот за научна работа во следниот

ИЗВЕШТАЈ

ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА

Мотивација за избор на предложената тема

Во последните две декади е достигнат голем напредок во технологијата и опремата за фундирање со колови, а исто така и на полето на аналитичките методи и пресметувањето на капацитетот на носивоста на овие типови фундаменти. Исто така и поради сè помалото чинење, ова придонесе денес фундирањето со колови да биде примарно решение во однос на конвенционалното плитко фундирање со стопи.

Проблемот на попречно товарените колови традиционално е решаван како греда на еластична подлога земајќи го предвид нелинеарното однесување на интеракцијата помеѓу почвата и конструкцијата. Моделите за кривата сила-поместување (p-y) биле воспоставувани врз база на резултатите од in-situ тестовите на униформни почви. Тоа се семиемпириски модели во кои одговорот на почвата се карактеризира како независни нелинеарни федери поставени на дискретни локации. Исто како пристапот со греда на еластична подлога p-y методот го занемарува континуитетот на почвата и јакоста на смолкнување на почвата. Многу истражувачи се обиделе да

го унапредат овој р-у метод со резултати базирани на повеќе видови тестови (мерење на притисок, мерење на дилатации) итн.

Методот на конечни елементи е нумерички пристап базиран на теоријата на еластичен континиум што може да се примени на модел кол-почва со користење на почвениот депозит како тридимензионален еластично-пластичен континиум. Овој метод бара повеќе компјутерско време за анализа и ретко е користен за проектирање. Една од идеите на овие истражувања е да се примени методот на конечни елементи за калибрирање на постојните емпириски практични методи кои се користат за проектирање. Истражувањата во рамките на оваа теза предвидуваат обработка и на експерименталните in-situ тестови на реален објект со кои ќе се верифицираат како модели базирани на методот на конечни елементи, така и други практични семиемпириски модели кои ќе бидат истражувани во тезата.

Цел, предмет и методологија на истражувањето

Целта на истражувањата е да се разјасни однесувањето на коловите под дејство на хоризонтални влијанија, а потоа да се развие и препорача аналитичка процедура која ќе може да се користи од страна на практичните инженери – проектанти.

Коловите се користат за пренесување на товарите од конструкцијата преку слабите стисливи слоеви или преку вода на покрути или помалку стисливи почви или карпи. Покрај вертикалните товари, коловите во темелите на мостовите, крајбрежните конструкции и на висококатниците се изложени на дејство од хоризонтални товари. Во случај на проектирање на конструкции под дејство на ветер, сообраќај, сеизмички дејства, земјен притисок итн., попречната отпорност на темелните конструкции со колови е од посебна важност.

Изложени на попречни сили, коловите се виткаат и се деформираат. Деформациите на коловите предизвикуваат деформации и во почвената маса. За да се задоволи рамнотежата, почвата мора да обезбеди реакции по должината на коловите. Почвата е нелинеарен материјал и релацијата помеѓу нејзината отпорност и деформацијата на коловите е нелинеарна. За да се задоволат експлоатационите услови, како и за да се димензионираат коловите потребно е да се знае деформацијата на коловите, посебно на главата на коловите. Деформацијата на главата на коловите зависи од типот на почвата, начинот на вградување на коловите, крутоста на коловите, товарните услови и како коловите се врзани со горната конструкција. Така, за фиксно врзан кол велиме дека е кол чија глава е врзана на таков начин што не се јавува ротација, а за слободно врзан кол – кога ротацијата не е спречена. Механизмот на лом зависи од односот помеѓу должината и дијаметарот, типот на почва и граничните услови на главата. Коловите со слободна ротација на главата се рушат од ротација, а фиксните колови се рушат од транслација. Во реалноста, обично главата на коловите е со граничен услов помеѓу двете гранични ситуации: помеѓу слободно и фиксно врзана глава.

Механизмите на лом можат, исто така, да бидат различни и според критериумот на односот на должината и дијаметарот, односно дали е тој однос помал од 10 (кратки колови) или поголем од 10 (долги колови). Кратките колови со слободни глави се рушат од ротација околу точка поблиска до основата на колот, а кратките фиксни колови се рушат на транслација поради лом во почвата. Долгите колови обично се рушат како резултат на ломот на конструкцијата на колот во близина на нивото на почвата, а не како резултат на ломот во почвата. Фокусот на ова истражување се кратките вертикални, лиени колови изложени на хоризонтални товари.

Во истражувањата ќе се користи експериментално-аналитички пристап така што експерименталните тестови ќе можат да бидат верифицирани со аналитичките симулации, а истовремено на овој начин ќе се верифицираат и аналитичките модели кои ќе бидат предложени со докторската теза. Користејќи го методот на конечни елементи ќе биде развиен софистициран аналитички модел калибриран врз база на експерименталните резултати, кој ќе претставува репер за развивање на практични модели за проектирање на конструкции на колови изложени на дејство на хоризонтални влијанија во практика.

Во рамките на докторската дисертација се предлагаат следниве активности:

- преглед на состојбата од оваа област во светот, преку селектирање и проучување на соодветна литература за однесувањето на колови под дејство на хоризонтални товари, како и методи за нивна анализа и проектирање во практика;
- in-situ истражувања во рамките на актуелни проекти во кои учествува кандидатот, т.е. геомеханички дупчења, стандарден пенетрациски тест и тест на колови на хоризонтални влијанија, како и лабораториски тестови за обработка на примероците од геомеханичките дупчења;
- аналитички истражувања со користење на софистициран софтвер базиран на методот на конечни елементи, со цел предложување на практичен модел за анализа и проектирање на конструкции на колови изложени на дејство на хоризонтални сили.

Очекувани резултати и придобивки од истражувањето

Со оваа докторска теза се предвидува да се добијат повеќе сознанија од областа на однесувањето на армиранобетонските вертикални колови изложени на дејство на хоризонтални влијанија, како и во комбинација со вертикални товари, случај кој во литературата не е така опсежно истражуван.

Понатаму, се очекува да се понудат квалитетни експериментални истражувања кои ќе послужат како добра референца за идните истражувачи од оваа област за објаснување на однесувањето на овие конструкции и развивање на уште пософистицирани или попрактични модели за практиката. Со овие експериментални истражувања ќе бидат верифицирани предложените аналитички модели.

Еден од најважните очекувани резултати од овие истражувања треба да бидат понудените практични аналитички модели кои ќе можат да ги користат инженерите – проектанти при проектирање и анализирање на конструкции на темели на колови, под дејство на хоризонтални товари. Исто така, освен овие практични аналитички модели, софистицираниот нелинеарен модел развиен на база на методот на конечни елементи ќе послужи како основа за понатамошните истражувања на кандидатот, како и на други истражувачи во рамките на оваа област.

ПОДОБНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Кандидатот м-р Томислав Ханик, дипл. град. инж. од Осиек, Република Хрватска, е роден на 29.5.1979 година во Осиек, Хрватска. Своето средно образование го стекнува во Валпово, Хрватска, а завршува градежен факултет во Осиек, Хрватска, со што се стекнува со звањето MAG.ING.AEDIF.

Од приложеното curriculum vitae е евидентно дека се работи за кандидат со искуство во проектирањето и на работа на градилиште. Тој работел на повеќе проекти, како што се следните:

- INDUSTRIAL INTERCHANGE – PHASE III, DOHA, QATAR, изработка на подвозник;
- Автопат А3, делница ĐAKOVO-OSIJEK;
- Автопат М6, делница SZEKSARD-BOLY, Унгарија;
- мост преку река Вардар, Скопје;
- Трговски центар и катна гаража на улица „Даме Груев“, Скопје;
- мост преку река Драва, автопат А3, Хрватска.

Кандидатот активно го говори англискиот јазик, а исто така се служи и со германскиот и македонскиот јазик. Член е на AMCA Mursae. Се служи со пресонални компјутери, посебно работејќи на софистицираните софтверски пакети како што се: Primavera, AutoCAD, ArCon, Tower и Robot.

ЗАКЛУЧОК ЗА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА И КАНДИДАТОТ

Врз основа на горенаведеното, може да се заклучи дека: (1) кандидатот м-р Томислав Ханик, со оглед на неговата досегашна активна професионална и истражувачка дејност, како и мотивираноста за понатамошно усовршување е подобен да пристапи кон изработка на докторска дисертација и (2) предложената тема за изработка на докторска дисертација со работен наслов *Нумеричко и експериментално истражување на лиени армиранобетонски колови за мостови изложени на латерални статички и динамички товари*, ќе претставува значаен придонес во областа на темелењето на мостовските конструкции, посебно во проектирањето, предложувајќи практични аналитички постапки за решавање на системите колови, поткрепени со експериментални истражувања и верифицирани со софистицирани анализи по методот на конечни елементи.

Чест ни е да му предложиме на научниот совет на ИЗИИС-УКИМ во Скопје да го прифати кандидатот м-р Томислав Ханик како подобен за изработка на докторската дисертација со работен наслов *Нумеричко и експериментално истражување на лиени армиранобетонски колови за мостови изложени на латерални статички и динамички товари.*

Скопје, 10 јуни 2013 год.

Членови на комисијата

1. Проф. д-р. Михаил Гаревски, претседател, ИЗИИС-УКИМ, Скопје, с.р.
2. Проф. д-р. Данило Ристиќ, член, ИЗИИС-УКИМ, Скопје, с.р.
3. Проф. д-р. Снежана Стаматовска, член, ИЗИИС-УКИМ, Скопје, с.р.
4. Проф. д-р. Виолета Мирчевска, член, ИЗИИС-УКИМ, Скопје, с.р.
5. Проф. д-р. Виктор Христовски, член, ИЗИИС-УКИМ, Скопје, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: **ХРАНА И ИСХРАНА, МИКРОБИОЛОГИЈА, МИКРОБИОЛОГИЈА НА ХРАНА И САНИТАЦИЈА, ОСНОВНИ ПРОЦЕСИ ВО БИОТЕХНОЛОГИЈАТА 1, ОСНОВНИ ПРОЦЕСИ ВО БИОТЕХНОЛОГИЈАТА 2, БИОЛОШКИ ОСНОВИ НА СУРОВИНИТЕ,** И **ВОВЕД ВО СУРОВИНИТЕ ЗА ПРЕХРАНБЕНАТА ТЕХНОЛОГИЈА И ЗА БИОТЕХНОЛОГИЈАТА** НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на XXVI редовна седница одржана на 23. V 2013 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за **избор на асистент** по предметите: храна и исхрана, микробиологија, микробиологија на храна и санитација, основни процеси во биотехнологијата 1, основни процеси во биотехнологијата 2, биолошки основи на суровините и вовед во суровините за прехранбената технологија и за биотехнологијата, во состав:

- д-р Елеонора Винкелхаузен, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет - Скопје, УКИМ, претседател;
- д-р Донка Донева Шапческа, вонреден професор, Технолошко-металуршки факултет - Скопје, УКИМ, член;
- д-р Весна Рафајловска, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет - Скопје, УКИМ, член.

Врз основа на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Лајм", од 10. V 2013 година за избор во звањето соработник-асистент по групата предмети: храна и исхрана, микробиологија, микробиологија на храна и санитација, основни процеси во биотехнологијата 1, основни процеси во биотехнологијата 2, биолошки основи на суровините и вовед во суровините за прехранбената технологија и за биотехнологијата, во определениот рок се пријави еден кандидат, м-р Дарко Димитровски, асистент на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Кандидатот ги доставил сите потребни документи според објавениот конкурс.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Име и презиме: Дарко Димитровски
Датум и место на раѓање: 7. V 1981 год. во Скопје
е-адреса: dardim@tmf.ukim.edu.mk

Универзитетско образование:

- 2011 година, запишан на докторски студии на Технолошко-металуршкиот факултет на тема: „Испитување на пробиотски својства на бактерии од родот *Lactobacillus* со примена на *in vitro* клеточен модел и нивна примена во храна за посебни путритивни потреби“;
- 2010 година, магистер по прехранбени технологии (VII/2 степен) – Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје;
- 2005 година, дипломиран инженер-технолог (VII/1 степен) – Технолошко- металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје.

Работно искуство:

- 2010 година - денес, асистент по предметите: биолошки основи на суровините, здрава храна и исхрана, микробиологија, микробиологија на храна и санитација, основни процеси во биотехнологијата 1 и основни процеси во биотехнологијата 2 на Технолошко-металуршкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје;
- 2007 - 2010 година, помлад асистент по предметите: биолошки основи на суровините, здрава храна и исхрана, микробиологија, микробиологија на храна и санитација, основни процеси во биотехнологијата 1 и основни процеси во биотехнологијата 2 на Технолошко-металуршкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје;
- 2006 - 2007 година, референт во Одделение за управување со ризик во Дирекцијата за храна, Министерство за здравство на Република Македонија;
- 2005 - 2006 година, референт за развој на нови производи и контрола на квалитет во ДОО Виталиа- фабрика за производство и трговија на здрава храна, Скопје.

Стручни усовршување во земјата и странство:

- 2010 година (22-26 ноември), учество на Работилница за геномика и протеомика, организирана од Развојниот центар за генетски инженеринг и биотехнологија, Македонска академија на науките и уметностите;
- 2010 година (17-19 декември), член на делегација од Сојузот на хемичари и технолози, Скопје, Македонија, на Балкански самит на млади

научници организиран од Европскиот совет за мобилност на млади за истражување и технологија во Солун, Грција;

- 2011 година (1 јуни-31 јули), член на истражувачкиот тим на проф. Roni Shapira на Факултетот за земјоделство, храна и околина Robert H. Smith при Универзитетот во Ерусалим, Израел;
- 2011 - 2012 година (01 ноември - 31 јули), докторанд во рамките на програмата JoinEU-SEE и Еразмус-размена на студенти на Факултетот за земјоделски и природни науки при Универзитетот во Марибор, Словенија.

- **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

- По својот последен избор во звањето асистент во 2010 год. (Билтен бр. 990 од 15. VII 2010 година), кандидатот м-р Дарко Димитровски продолжи со изведувањето на вежбите по предметите на кои беше избран: биолошки основи на суровините, здрава храна и исхрана, микробиологија, микробиологија на храна и санитација, основни процеси во биотехнологијата 1 и основни процеси во биотехнологијата 2. Покрај тоа учествуваше и во подготовка на колоквиуми и писмени испити, а особено внимание им посвети на консултациите со студентите. Беше вклучен и во работата на неколку дипломци воведувајќи ги во лабораториските експерименти.
- Во овој период, м-р Димитровски се јави како коавтор на следниве наставни материјали:

Рецензирани наставни материјали:

- Ацо Димитровски, Донка Донева Шапческа, Дарко Димитровски, Микробиолошка контрола на прехранбените производи, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2011.

Интерни нерецензирани наставни материјали:

- Елеонора Винкелхаузен, Дарко Димитровски, Храна и исхрана-практикум за вежби, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2012.
- Елена Величкова, Дарко Димитровски, Практикум за лабораториски вежби по предметите основни процеси во биотехнологија 1 и 2, основи на биохемиско инженерство, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2010.
- Елеонора Винкелхаузен, Дарко Димитровски, Биолошки основи на суровините-лабораториски практикум, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2009.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

По својот последен избор во звањето асистент во 2010 година, асистент Димитровски ги објави следниве трудови:

Трудови со оригинални резултати објавени во научно списание со импакт фактор на влијание:

1. **Maja Dimitrovska, Mirjana Bocevska, Darko Dimitrovski, Michael Murkovic**, Anthocyanin Composition of Vranec, Cabernet Sauvignon, Merlot and Pinot Noir Grapes as Indicator of Their Varietal Differentiation, *European Food Research and Technology*, **2011**, 232, 591-600 (иф=1,585).

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на трудови од научен/стручен собир:

1. **Hristo Hristov, Darko Dimitrovski**, Production of functional drink from red wine and extract of hawthorn, 5th Alumni meeting-International summer schools, 15-18.09.2011, Novi Sad, Serbia.
2. **Darko Dimitrovski, Elad Landau, Roni Shapira**, Activity of stress response regulators in *Escherichia coli* to treatment with sublethal doses of thymol, 22nd Congress of the Society of Chemists and Technologist of Macedonia, 05-09.09. 2012, Ohrid, Macedonia.
3. **Slavica Todorova, Irena Mickova, Darko Dimitrovski, Bozidar Ristovski, Mirjana Bocevska**, Effects of packaging and lighting on changes in appearance, taste, odor and nutritive value of full fat pasteurized milk during storage, 22nd Congress of the Society of Chemists and Technologist of Macedonia, 05-09.09. 2012, Ohrid, Macedonia.

Почнувајќи од 2011 година, тој учествува во меѓународниот **проект** „Унапредување на релациите академија-индустрија за безбедност и квалитет на храната“, ТЕМПУС, JP-158714-2009, локален координатор: д-р Александар Димитров, ред. проф.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Кандидатот Димитровски учествувал во повеќе промотивни активности на Факултетот на саеми и во средните училишта. Покрај тоа, бил член на организационите комитети на V (2011 година) и VI (2013 година) алумни-собир на интернационалните летни школи за апликативна спектроскопија што се одржуваат на Технолошкиот факултет при Универзитетот во Нови Сад, Србија.

Преку проектот „Унапредување на релациите академија-индустрија за безбедност и квалитет на храната“, кандидатот м-р Дарко Димитровски има воспоставено активна соработка со приватни фирми од прехранбената област. Исто така, тој учествува во изработката на дипломски работи во кои се обработуваат реални задачи од индустријата, како што се развој на нови производи и решавање на проблеми од производството.

М-р Дарко Димитровски има деветгодишно работно искуство, од кои последните шест години на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во овој период тој е непосредно вклучен во наставно-образовната и научноистражувачка работа на студиската програма прехранбена технологија и биотехнологија. Како асистент, покрај изведувањето на вежбите, активно учествува во обликувањето на рецензирани и интерни нерецензирани наставни материјали за вежби. Неговите престои на универзитетите во Ерусалим и во Марибор ги ползува за унапредување на своите знаења и работа на неговата докторска теза. Се јавува и како коавтор на трудови објавени во списанија и зборници од научни собири.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од изнесените податоци, кандидатот м-р Дарко Димитровски ги исполнува сите критериуми за повторен избор во звањето асистент пропишани со Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Тој континуирано работи и на наставно и на научно поле и го развива својот потенцијал на научен кадар. Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да го избере м-р Дарко Димитровски **во звањето асистент** на групата предмети: храна и исхрана, микробиологија, микробиологија на храна и санитација, основни процеси во биотехнологијата 1, основни процеси во биотехнологијата 2, биолошки основи на суровините и вовед во суровините за прехранбената технологија и за биотехнологијата.

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Елеонора Винкелхаузен, редовен професор
Технолошко-металуршки факултет во Скопје, УКИМ, претседател, с.р.

2. Д-р Донка Донева Шапческа, вонреден професор
Технолошко-металуршки факултет во Скопје, УКИМ, член, с.р.

3. Д-р Весна Рафајловска, редовен професор
Технолошко-металуршки факултет во Скопје, УКИМ, член,с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ ЛЕКТОР ПО ПРЕДМЕТОТ СОВРЕМЕН РУСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, на својата XXXVI редовна седница одржана на 8.5.2013 година, не избра за Рецензентска комисија во врска со пријавата на м-р Екатерина Терзијоска на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 19.4.2013 година за избор во звањето виш лектор по предметот современ руски јазик. По проучувањето на приложените материјали, со задоволство, до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

М-р Екатерина Терзијоска е родена 1963 година во н. Бојарка - Киев. Основното и дел од средното образование ги завршила во Ташкент, а последните две средношколски години во Скопје. Во 1981 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје, на Катедрата за источнословенски и западнословенски јазици и книжевности (славистика), на која дипломирала во 1985 година.

По дипломирањето, една година работела како стажант на Катедрата за славистика и за тоа време изработила стажантски труд "Предлози со пространствено значење во рускиот јазик и нивното соодветство во македонскиот јазик".

Од 1.10.1988 година е во редовен работен однос на Катедрата за славистика како лектор по современ руски јазик.

На 14.2.2013 година, Е. Терзијоска успешно ја одбрани својата магистерска дисертација: *Фраземите со компонента бело, црно и црвено во рускиот и македонскиот јазик*.

НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот од последниот избор во 2009 година, Екатерина Терзијоска е ангажирана со предметите:

- современ руски јазик,
- преведување од руски на македонски јазик,
- преведување од македонски на руски јазик,
- усно-консекутивно преведување,
- терминологија (од учебната 2008-2009) и
- руска цивилизација (од учебната 2011-2012).

М-р Екатерина Терзијоска секогаш навреме и совесно ги исполнува своите работни и други задачи. Таа е сакана од студентите, со кои

воспоставува добри односи, што се гледа и по резултатите од нејзината работа.

СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Во текот на извештајниот период, од последниот преизбор, Екатерина Терзијоска:

Учествува во подготовка за печат на терминолошки речници во МАНУ (за еквиваленти на руски јазик). Досега се изготвени или објавени речниците од областа на социологијата, градежништвото, биологијата и др.

Од 2008 година, со решение на министерот за правда е вклучена во Комисијата за проверка на знаењата на кандидатите за судски преведувачи.

Била ангажирана на проектот на МТВ - "Убавините на Р.Македонија", за промовирање на Македонија во странство (преведување и озвучување на руски јазик на кратки документарни филмови), како и во проектот на Владата на Р. Македонија за преведување на делот за походите на Александар Македонски од факсимилното издание на првата руска енциклопедија „Летописен свод" од XVI век.

Е. Терзијоска е редовен член на Друштвото за странски јазици на Македонија од 1986 година и во текот на сите овие години редовно учествува во неговите активности. За одбележување е нејзината активност при организирањето на олимпијадите по странски јазици за учениците од основните и средните училиште во Р. Македонија.

НАУЧНА ДЕЈНОСТ

1. "Славистика XV, СДС, Белград, 2011" – приказ, Славистички студии бр. 15/16, Филолошки факултет „Блаже Конески", 2013.
2. Нијанси на белото, V меѓународна македонско-руска конференција, Охрид, 17-19 јуни 2012 (во печат).

З А К Л У Ч О К

Врз основа на изнесените податоци за стручната и научна подготвеност на кандидатката, како и земајќи ја предвид нејзината целокупна работа на Катедрата каде што во неа гледаме вреден и одговорен работник, Рецензентската комисија смета дека м-р Екатерина Терзијоска наполно ги исполнува законските и другите пропишани услови на конкурсот, и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје да ја избере во звањето виш лектор по современ руски јазик.

Рецензентска комисија

1. Д-р Красимира Илиевска, редовен професор, с.р.
2. Д-р Кита Бицевска, редовен професор, с.р.
3. Д-р Максим Каранфиловски, редовен професор, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЛЕКТОР ПО СОВРЕМЕН РУСКИ ЈАЗИК

Кандидат: **Екатерина Христо Терзијоска**

Институција: **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**

Научна област: славистика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Настава на прв циклус студии	Поени
1.	Современ руски јазик-7 0+8, зимски семестар 2008/2009	4,8
	Терминологија, 2+0, зимски семестар 2008/2009	1,2
	Преведување од руски на македонски јазик – 1 0+3 зимски семестар 2008/2009	1,8
	Преведување од македонски на руски јазик – 1 0+3, зимски семестар 2008/2009	1,8
	Усно консекутивно преведување 0+3, зимски семестар 2008/2009	1,8
	Современ руски јазик-8 0+8, летен семестар 2008/2009	4,8
	Преведување од руски на македонски јазик- 2 0+3 летен семестар 2008/2009	1,8
	Преведување од македонски на руски јазик – 2 0+3, летен семестар 2008/2009	1,8
	Усно симултано преведување 0+3, летен семестар 2008/2009	1,8
	Вкупен број поени во зимскиот и во летниот семестар 2008/2009	**20,6**
	Современ руски јазик- 5, 0+8, зимски семестар 2009/2010	4,8
	Терминологија, 2+0, зимски семестар 2009/2010	1,2
	Усно консекутивно преведување , 0+3, зимски семестар 2009/2010	1,8
	Преведување од македонски на руски јазик – 1 0+3, зимски семестар 2009/2010	1,8
	Современ руски јазик- 6, 0+8, летен семестар 2009/2010	4,8
	Практика на преведување- 2, 0+3, летен семестар 2009/2010	1,8
	Усно симултано преведување 0+3, летен семестар 2009/2010	1,8
	Преведување од македонски на руски јазик -2 0+3, летен семестар 2009/2010	1,8
	Вкупен број поени во зимскиот и во летниот семестар 2009/2010	**19,8**
	Современ руски јазик 7, 0+8, зимски семестар 2010/2011	4,8
	Терминологија, 2+0, зимски семестар 2010/2011	1,2

	Преведување од македонски на руски јазик 0+3, зимски семестар 2010/2011	1,8
	Усно консекутивно преведување 0+3, зимски семестар 2010/2011	1,8
	Преведување од руски на македонски 2, 0+4, летен семестар 2010/2011	2,4
	Современ руски јазик 8, 0+6, летен семестар 2010/2011	3,6
	Усно симултано преведување 0+3, летен семестар 2010/2011	1,8
	Вкупен број поени во зимскиот и во летниот семестар 2010/2011	**17,4**
	Современ руски јазик 3, 0+ 4, зимски семестар 2011/212	2,4
	Терминологија -1, 2+0, зимски семестар 2011/2012	1,2
	Преведување од македонски на руски јазик 0+3, зимски семестар 2011/2012	1,8
	Усно консекутивно преведување 0+3, зимски семестар 2011/2012	1,8
	Руска цивилизација -1, 2+1, зимски семестар 2011/2012	1,8
	Терминологија -2, 2+0 летен семестар 2011/2012	1,2
	Современ руски јазик 4, 0+4, летен семестар 2011/2012	2,4
	Преведување од македонски на руски јазик 0+3, летен семестар 2011/2012	1,8
	Усно симултано преведување 0+3, летен семестар 2011/2012	1,8
	Руска цивилизација -2, 2+1, летен семестар 2011/2012	1,8
	Вкупен број поени во зимскиот и во летниот семестар 2011/2012	**18,0**
	Ментор на дипломска работа	**0,2**
	Член на комисија за одбрана на дипломска работа (5)	**0,5**
	Подготовка на нов предмет: Терминологија – предавања и вежби	**1,5**
	Вкупно	**78,0**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Статии, прикази и хроники објавени во стручно/научно-популарно списание**	
	Славистика XV, СДС, Белград, 2011 – приказ во *Славистички студии бр.*15, Филолошки факултет (во печат)	1
	Учесник во национален научен проект: *Македонска терминологија*, проект на МАНУ.	3
	Учество во проектот финансиран од програмата ТЕМПУС: Т. Гочкова- Стојановска, И. Пановска- Димкова, *Божилак*- учебник по македонски јазик за странци - почетно рамниште (превод на упатства за вежби од македонски јазик на руски јазик), Филолошки факултет „Блаже Конески", 2012.	3

2.	**Учество на семинари за универзитетска дидактика**	
	Учество во обуки на проектот „Креативна настава" на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", во соработка со УСАИД и Институтот Отворено општество, 2008 г. (2 сем.)	2
	Обука и диплома на SEEPALS (South East European Project for Advanced Language Studies 2010-1013), Скопје, 2012	1
3.	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	
	Нијанси на белото, V Меѓународна македонско – руска научна конференција, Охрид, 17-19 јуни 2012.	1
	Труд објавен во зборник на трудови од научен/ стручен собир	2
	Учество во изготвување нови студиски програми	1
	Вкупно	**11,0**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Преводи	Поени
	Минатото денес, проект на Владата на РМ (14 документарни филмови, превод од македонски на руски), 2009.	1
	Учество во работата на комисии за државни натпревари	
	- Организирање и спроведување на Државен натпревар по руски јазик во мај 2009 г.	1
	- Организирање и спроведување на Државен натпревар по руски јазик во мај 2010 г.	1
	- Организирање и спроведување на Државен натпревар по руски јазик во мај 2011 г.	1
	- Организирање и спроведување на Државен натпревар по руски јазик во мај 2012 г.	1
	Член на факултетски комисии (за попис и евалуација)	1
	Експертски активности	
	Членство во комисија за оцена на знаење на кандидати за судски преведувачи при Министерството за правда (5 сесии)	1
	Евалуација на нивото на познавање на руски јазик кај кандидати на кои Филолошкиот факултет им издава потврда за познавање на рускиот јазик како странски	1
	Вкупно	**8,0**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**78,0**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**11,0**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**8,0**
Вкупно	**97,0**

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Красимира Илиевска, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Максим Каранфиловски, член, с.р.
3. Проф. д-р Кита Бицевска, член, с.р.

СПИСОК НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ТЕМИТЕ СЕ ПРИФАТЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ НА 9 -ТА РЕДОВНА СЕДНИЦА ОДРЖАНА НА 06.06.2013 ГОДИНА

Кандидат: д-р Александар Стаматоски
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик: Етиологија и инциденца на зигоматични фрактури: 10 годишна ретроспективна анализа кај пациенти на клиниката за максилофацијална хирургија,Скопје .
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Etiology and incidence of zygomatic bone fraktures:A 10-year retrospective of patients in the clinic of mahillofacial surgery, Skopje.
Кандидат: д-р Дарко Крстевски
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик:Влијанието на начинот на живот и социо-економскиот статус врз пародонталното здравје
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик:The influence of lifestyle and socio-economic status on periodontal health.
Кандидат: д-р Зана Јусуфи-Османи
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик : Орално-гастрична афекција со helicobacter pillory.
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Oral –gastric affection with helikobakter pilory.
Кандидат: д-р Спиро Спасовски
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик : Тераписки ефекти на субдоза-dohycycline во третманот на пародонталната болест.
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Therapeutic effects of subdose-dohycycline in the treatment of periodontitis.
Кандидат: д-р Елита Сулејмани
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик : Застапеноста на денталниот кариес и можните ризик фактори кај децата во урбана и рурална средина во општина Тетово.
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Caries prevalence and risk factors for its development in urban and rural parts in municipality Tetovo
Кандидат: д-р Селма Дурмиши
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик : Компаративна евалуација на заздравувањето со примена на solcoseryl при периостална сепарација
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Comparative evaluation in recovery treatment with the application of solcoseryl in the periosteal separation.
Кандидат: д-р Зорица Пеливанова
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик :Ефектот на фотодезинфекцијата со помош на диодниот ласер врз анаеробната пародонтална болест.
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Photodisinfection effect of the

diode laser on anaerobic microflora associated with chronic periodontal disease .
Кандидат: д-р Ерол Фејзули
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик : Преваленција и карактеристикаи на денталниот кариес кај првите трајни молари кај деца од 7-12 годишна возраст.
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: The prevalence of dental caries and its features at first permanent molars amond 7 to 12 year old children.
Кандидат: д-р Кенан Сакипи
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик :Компаративна анализа на оралното здравје кај деца од 10-15 години со без ортодонтски аномалии.
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: A comparative analysis of oral health in shildren of 10 to 15 years with and without orthodontic anomalis.
Кандидат: д-р Филип Тантуровски
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик : Состојбата на хигиената во оралната празнина кај пациенти со фиксни и со мобилни протетски помагала.
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: State of hygiene the oral cavity in patients with fihed and mobile prosthetic devices.
Кандидат: д-р Денис Бафтијари
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик : Евалуација на вредностите на стабилноста на ендоосеални импланти врз база на мерење со анализа на резонантна фреквенција (RFA – Resonance Frequency Analyses).
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Evaluation of the values of stability of endosseous implants based on measurements by Resonance Frequency Analyses.
Кандидат: д-р Абдулнади Назифи
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик : Застапеноста на денталниот кариес и потребата од санација кај училишните деца на возраст од 6-15 години.
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Dental health estimation and treatments need at the school children aged 6-15.
Кандидат: д-р Марија Андоновска
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик : Радиолошка процена на витални и ендодонтски третирани потпорни заби на протетска конструкција.
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Radiographic assessment of vital and endodontic treated abutment teeth of prosthetic construction.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА МАТЕМАТИЧКАТА АНАЛИЗА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАТЕМАТИКА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет бр. 07-604/3, донесена на седницата од 25.4.2013 година, а по предлог на Институтот за математика при Факултетот бр. 07-604/2 од 23.4.2013 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор-реизбор на еден асистент од областа на математичката анализа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на конкурсните материјали го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весниците „ДНЕВНИК“ и „КОХА“од 28.3.2013 година за избор на еден асистент од областа на математичката анализа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје се пријави еден кандидат м-р Петар Соколоски, асистент на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Петар Соколоски е роден на 19.6.1979 година во Битола, Република Македонија. Основно и средно образование завршил во Крушево. Во текот на основното и средното образование учествувал на регионални, републички натпревари по математика и на македонските математички олимпијади, каде што има освоено една прва (регионален натпревар 1993 год.), две втори награди (регионални натпревари 1996 и 1997 година), четири трети награди (регионален натпревар - 1999 год. и Републички натпревари - 1995, 1996 и 1997 год.), три бронзени медали (на македонските математички олимпијади - 1995, 1996 и 1997 год.). Учествувал во националната екипа на Балканската олимпијада во Грција во 1997 година. Има учествувано во летните математички школи во организација на Сојузот на математичарите на Македонија, односно на институтите за математика и информатика на ПМФ на тема: „Диференцни равенки“ (1994 год.), „Математичко моделирање“ (1995 год.) и „Вериги на Марков“ (1997 год.). Учествувал на пилот - сесии организирани од Младинскиот едукативен центар од областа на физиката, а посетувал и разни курсеви и школи организирани од Народна техника на Македонија. Од областа на странските јазици освоил трето место на Републичкиот натпревар по француски јазик (1995 год.), во организација на Филолошкиот факултет во Скопје, како и шесто место на натпреварот организиран од Француската алијанса (1996 год.). Учествувал и на три семинари во организација на Истражувачкиот центар Петница-Ваљево, СР Југославија (1997 и 1998 год.), од областа на математиката и лингвистиката. Добитник е и на наградата „8-ми Септември“ по повод 53-годишнината од ослободувањето на градот Крушево за огромниот придонес во афирмацијата на училишниот центар „Наум Наумовски-Борче“ и на општината Крушево, што ја доделува Советот на општината Крушево.

На Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за математика - теориска насока се запишал во учебната 1997/98 година и дипломирал на 10.7.2003 година со просечна оценка 9,55, со што се здобил со звањето дипломиран математичар. Прогласен е за најдобар дипломиран студент на Институтот за математика за учебната 2002/03 година. Во текот на студиите бил избран за член на математичката екипа којашто требаше да го претставува Природно-

математичкиот факултет во Скопје на Меѓународната студентска олимпијада во Република Чешка (2001 год.), но заради немање на средства учеството било откажано. Во август 2001 година имал двонеделен престој во Република Франција во рамките на програма на Француската влада.

Вториот циклус (постдипломски студии) на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, го заврши на 1 јули 2010 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Множества од точки на радијална непрекинатост на холоморфни функции на единичниот диск", под менторство на проф. д-р Љупчо Настовски, со што се стекна со научниот назив магистер на математички науки.

Во учебната 2003/04 година бил ангажиран како демонстратор по предметот математика 2 на Институтот за математика и физика на Електро-техничкиот факултет во Скопје. Во учебните 2003/04, 2004/05, 2005/06 година бил демонстратор на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на кој Институт е избран за помлад асистент во декември 2005 година. Во ноември 2010 година бил избран за асистент на споменатиот Институт при ПМФ во Скопје. Како демонстратор - помлад асистент и асистент досега држел вежби по следниве предмети: геометриски трансформации, топологија, метрички простори и теорија на фиксна точка, анализа на временски серии, нумеричка анализа, диференцијална геометрија, геометрија, метрички простори, математичка анализа 2- прв дел, мера и интеграл, анализа 3 (на Институтот за математика); математика 1, математика 1-прв дел, математика 1-втор дел, геометрија и математика 2 (на двопредметни студии по математика-физика); математичка анализа 1 - прв дел (на Институтот за физика); математика (на Институтот за биологија); статистика за географи (на Институтот за географија); математика (за наставна насока и за аналитичка биохемија на Институтот за хемија); математика и применета статистика за петгодишни студии и математика со лабораториски пресметки и биостатистика со биоинформатика за тригодишни студии (на Фармацевтскиот факултет); математика (на Факултетот за земјоделски науки и храна); математика (на Архитектонскиот факултетот). Во коавторство со проф. д-р Борко Илиевски во тек на изработка е ракописот - учебникот по применета статистика за фармацевти.

Досега ги има објавено следниве научни трудови:

1) A. Blazevski, P. Sokoloski: Conceptual introduction to unique-valued sequences, Poceedings of III Congress of mathematicians of Macedonia, Struga 2005.
2) B. Ilievski, S. Brsakoska, P. Sokoloski: Two substitutions in one special no homogenious Vecua equation, Bulletin mathématique de la société des mathématiciens de la République de Macédoine, Tome LVII, Skopje, 2007.
3) Б. Апостоловска Тошевска, П. Соколоски: Степенот на важност на локационите фактори како основа за групирање на индустријата во Република Македонија, Географски разгледи (43), Скопје, 2009.
4) П. Соколоски: Множества од точки на радијална непрекинатост на холоморфни функции на единичниот диск- магистерски труд, Скопје, 2010.

Докторската дисертација под наслов „Секвенцијален пристап кон теоријата на ултрадистрибуции", под менторство на академик Стеван Пилиповиќ, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Нови Сад, е прифатена за изработка на Државниот универзитет во Нови Пазар, Србија.

Учествувал на повеќе симпозиуми, конгреси и конференции, како во земјата така и во странство:

1) N. Pandeski, P. Sokoloski: Distributions as boundary value of an inner function, Меѓународна научна конференција за природни науки во Благоевград, Р. Бугарија, мај 2005 година.
2) B. Ilievski, S. Brsakoska, P. Sokoloski: About the invariance of the classic Lagrange method for solving of one class of the Vecua equation, 12-ти српски математички конгрес, Нови Сад, Србија, 28.08 - 02.09.2008 година.
3) P. Sokoloski: Another property of the inner angular range of a meromorphic function *f* at every Plessner point of *f*, 12-ти српски математички конгрес, Нови Сад, Србија, 28.8 - 02.9.2008 година.
4) Ljupco Nastovski, P. Sokoloski: An example of analytic function on the unit disc, Меѓународна научна конференција за природни науки во Благоевград, Р. Бугарија, 12-16 јуни 2013 година.

Без соопштение учествувал на: Меѓународна конференција за обопштени аналитички функции, Нови Сад, Србија и Црна Гора, септември 2004 година; Семинар од областа на диференцијални равенки и примена во физика, Крушево, 2005 година, Р. Македонија; Меѓународна конференција за модерни достигнувања во геометрија, Белград, Србија и Црна Гора, јуни 2005 година; Меѓународна конференција за оптимизации „Ѓула Фаркаш", Клуж-Напока, Романија, септември 2005 година; Меѓународен конгрес за математика, MICOM 2009, Охрид, Р. Македонија, септември 2009 година; Меѓународна конференција за обопштени функции GF SE 2010, Нови Сад, Србија, јуни 2010 година.

Освен тоа, кандидатот има учествувано на повеќе математички школи во организација на DAAD: „Мали бранови и нивна примена во пресметување на решенија на гранични задачи", Нови Сад, Србија и Црна Гора, септември 2004 година; „Основи на нелинеарна анализа и примена во економија и оператори за апроксимација", Клуж-Напока, Романија, септември 2005 година и работилницата „Мултимедијални технологии за образование по математика и компјутерски науки", Белград, Србија и Црна Гора, септември 2006 година, „Differential Calculus, Conservation Laws and Applications in Mechanics", Нови Сад, Србија, 5-12 октомври 2008 година.

Во учебната 2007/08 година одржал неколку предавања на тема „Борелови множества, Б-мерливи функции, функции со својство на Бер, аналитичко претставување на функции" во рамките на семинарот организиран од заводите за анализа и топологија на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како помлад истражувач бил учесник во три научни проекти:

1) „Апросимации во комплексна област, гранични вредности на аналитички функции, дистрибуции и мали таласи, гранични проблеми" - раководител д-р Борко Илиевски.
2) „Гранични вредности на аналитички функции и дистрибуции и апроксимации во смисла на дистрибуции" - раководител д-р Весна Манова-Ераковиќ.
3) „Нетригонометриска Фуриева анализа, специјални и ортогонални функции и примена" – раководител: д-р Живорад Томовски.

Член е на Друштвото на математичарите на град Скопје и на Сојузот на математичарите на Република Македонија. За огромната активност на кандидатот Петар Соколоски, во рамките на Сојузот на математичарите на Република

Македонија, сведочат следниве податоци: член е на комисиите за избор на задачи и спроведување на натпреварите за учениците како од основните така и од средните училишта во Република Македонија. Освен тоа бил водач на македонската екипа на повеќе натпревари по математика од меѓународно ниво: натпревар МЦМ (Кенгур) што се одржа во Појана Пинулуи - Бузау, Романија, 2006 година; 24. Балканска математичка олимпијада што се одржа на Родос во Грција, 2007 година (од овој натпревар има стручен извештај публикуван во „Сигма", 2008 година); 11. Јуниорска балканска математичка олимпијада што се одржа во Шумен, Бугарија, 2007 година; 25. Балканска математичка олимпијада што се одржа во Охрид, Република Македонија, 2008 година; 15. Јуниорска балканска математичка олимпијада што се одржа во Ларнака, Кипар, 2011 година. Бил член на организациониот одбор на 25. Балканска математичка олимпијада. Уредник е на популарното математичко списание за средношколци - „Сигма". Во издание на Сојузот на математичарите, еден е од уредниците на збирките задачи од математичките натпревари во Македонија во 2007, 2008, 2009, 2010 и 2011 година. Во подготовка е Збирката задачи од математичките натпревари во Македонија за 2012 година.

Бил претседател на пописната комисија на Институтот за математика и член на Централната пописна комисија на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Активно ги користи францускиот, англискиот, српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик; има завршено втор степен од курс по германски јазик, а научна литература може да следи и на руски јазик.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на поднесениот извештај и личното познавање на кандидатот, како членови на Рецензентската комисија, можеме да констатираме дека Петар Соколоски имал и сé уште има голема наставно-педагошка ангажираност како во поглед на големиот број разновидни предмети и големиот број на часови, така и во поглед на активноста во Сојузот на математичарите на Република Македонија, т.е. во поглед на активностите поврзани со талентираните ученици за математика од основните и средните училишта и нивното учество на натпреварите по математика во земјата и во странство. Притоа, кон овие задолженија пристапува со голема трудољубивост и одговорност и е секогаш спремен да излезе во пресрет на барањата на студентите, поради што кај нив ужива соодветен углед. Големиот број на курсеви и семинари на кои тој учествувал, објавените и реферираните научни трудови, завршените постдипломски студии и пријавената и прифатената за изработка погоре споменатата докторска теза, како и познавањето на самиот кандидат укажуваат на неговата сериозна научна ангажираност.

Врз основа на погоре изнесеното, со задоволство му препорачуваме на Наставно научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да го избере-повторно избере кандидатот м-р Петар Соколоски во звањето асистент од областа на математичката анализа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Д-р Борко Илиевски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
2. Д-р Љупчо Настовски, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.
3. Д-р Марија Оровчанец, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ФАКТОРИТЕ НА РИЗИК И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КОНЦЕНТРАЦИЈАТА НА ПЛАЗМА-ХОМОЦИСТЕИНОТ ВО ПОЈАВАТА НА ПРИМАРНИОТ ИСХЕМИЧЕН ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРЕН ИНСУЛТ ВО РЕГИОНОТ НА ТЕТОВО" ОД КАНДИДАТОТ М-Р БАЈРАМ КАМБЕРИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата 16, редовна седница држана на 11 април 2013 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов „Компаративна анализа на факторите на ризик и нивното влијание врз концентрацијата на плазма-хомоцистеинот во појавата на примарниот исхемичен цереброваскуларен инсулт во регионот на Тетово", поднесена од м-р Бајрам Камбери, во состав: проф. д-р Вера Петрова, проф. д-р Кочо Димитровски и проф. д-р Марија Крстевска. Комисијата ја прегледа и ја оцени дисертацијата и има чест на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Бајрам Камбери содржи: Апстракт на македонски и англиски јазик, листа на кратенки употребени во текстот, Вовед, Цели, Материјал и методи, Резултати, Дискусија, Заклучоци, список со 231 библиографска единица (речиси сите на англиски јазик, а над половината објавени во последните 5 години) и прилог од 40 страници. Тезата е изложена на компјутерски страници основен текст, пишувани со стандарден проред, А4-формат, кој содржи 32 табеларни прикази, 18 графикони и една слика.

Овој труд е прв обид за проспективно прибирање и обработка на податоците од две години кај здрави лица и пациенти со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт од регионот на Тетово поврзан со факторите на ризик и нивното влијание врз концентрацијата на плазма-хомоцистеинот, вклучувајќи ги и полиморфизмите на генот метилен тетра хидрофолат редуктаза (МТХФР), МТХФР Ц677Т и МТХФР А1298Ц.

Начинот на изнесување на проблемот е јасен и лесно разбирлив. Воведот на трудот започнува со претставување на особеностите на исхемичен цереброваскуларен инсулт како најистражуван клинички синдром на различни видови мозочен удар и повеќе општопознат од хеморагичен цереброваскуларен инсулт, по што следува пресек на клучните теоретските приоди кои се обидуваат

да ја објаснат неговата појава, тек и можности на третман. Прегледот на релевантните емпириски истражувања се фокусира на наоди на значајни проспективни и ретроспективни студии и метаанализи кои ги испитувале коморбидитетот на исхемичен цереброваскуларен инсулт, потоа клиничките фактори на ризик за неговата појава, поврзаноста на исхемичен цереброваскуларен инсулт со концентрацијата на хомоцистеин и карактеристиките на зголемена плазма-концентрација на хомоцистеин (хиперхомоцистеинемија) како значаен предиктор кој го зголемува ризикот од појава на исхемичен цереброваскуларен инсулт.

Мотивот за изработка на докторската теза е оправдан особено ако се има предвид дека акутниот примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт е најзастапено цереброваскуларно заболување, дека нејзината инциденција се зголемува со зголемување на возраста на индивидуите и дека земајќи ја предвид големата застапеност и лошиот исход доколку пациентот не се упати на болничко лекување, ова заболување претставува навистина сериозен здравствен проблем. Мотивите јасно произлегуваат и од изнесениот материјал во воведниот дел на докторската теза.

Во истражувачкиот дел на трудот се дефинирани проблемот и целите на истражувањето, м-р Бајрам Камбери си поставил за цел да го процени значењето на демографските карактеристики, клиничките ризик-фактори, лабораториските наоди, како и значењето на определувањето на поврзаноста на вредноста на концентрацијата на плазма-хомоцистеинот за време на клиничката експресија на акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт.

Докторската теза вклучува проспективно испитување и следење на две испитувани групи: 194 здрави испитаници од регионот на Тетово и 259 болни од клинички примерок на хоспитализирани во Одделението за неврологија, при Клиничката болница во Тетово (231 пациент со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт, 19 пациенти со идиопатска Паркинсонова болест и 9 пациенти со мултипна склероза), кои врз основа на селекцијата за вклучување влегувале во студијата во различни временски периоди во временскиот интервал од 2008 до 2010 година. На сите испитаници, на влезот во студијата им била земена венска крв заради лабораториски биохемиски иследувања и определување на концентрацијата на хомоцистеинот. На 142 испитаници од албанска популација од Република Македонија, сите жители на Тетово и околината (103 здрави испитаници и 39 пациенти со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт) на влезот во студијата им била земена венска крв заради определување на фреквенцијата на нативниот (див тип) на генот метилен тетра хидрофолат редуктаза (МТХФР), како и фреквенцијата на неговите мутации МТХФР Ц677Т и МТХФР А1298Ц.

Прибирањето на податоците е вршено со клиничко интервју. Методите кои се користени во овој труд се: процена на објективен сомато-невролошки статус, електрокардиографија, рутински лабораториски анализи (СЕ, хемограм, концентрација на глукоза, липиден профил, деградациони продукти, електролитен статус), определување на хомоцистеин со кружен, цикличен ензимски метод, вклучувајќи ги и неуроимејџинг-наодите од компјутеризирана томографија на мозокот и/или магнетна резонанза на мозокот по потреба, како и генетските анализи кај пациентите со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт. Активното следење на пациентите со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт до испис-преместување во друго одделение, појава на влошување на невролошката состојба и/или смрт, се одвивало при прием и две недели од влезот во студијата и вклучува две процени на невролошкиот статус. Иницијалната процена е спроведена при прием во рамки на дијагностичките критериуми за акутен мозочен удар (во кој биле вклучени како методи клиничката евалуација со функционална невролошка стратификација според адаптираната скала за мерење на индивидуалниот степен на инвалидност (mRS-modified Rankin Scale) и скалата за мозочни удари од Националниот институт за здравје (NIHSS-NIH 15-Item Stroke Scale). Втората последователна процена е спроведена при испис, односно две недели по завршувањето на болничкиот третман.

При обработката на прибраните податоци применети се постапки за дескриптивна, диференцијална, корелациска и регресивна анализа, како и ROC-анализата за утврдување на сензитивната и специфичната вредност на концентрацијата на хомоцистеин за појава на хиперхомоцистеинемија кај здравите испитаници и пациентите со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт, пациентите со идиопатска Паркинсонова болест и пациентите со мултипла склероза.

Статистичката анализа е изведена со помош на компјутерската програма SPSS (верзија 17.0). Анализата е современа и соодветна, прецизно и точно толкувана.

Приказот на добиените резултати е најопсежен дел на трудот. Во него најпрво се изложени споредбените наоди за фреквенциите на полиморфизмите на генот метилен тетра хидрофолат редуктаза (МТХФР Ц677Т и МТХФР А1298Ц) кај здравите испитаници Македонци и Албанци од Република Македонија. Имено, наодите потврдуваат дека фреквенциите на полиморфизмите на генот МТХФР кај здравите испитаници Македонци и Албанци од Република Македонија се различни, но без статистички значајни разлики. По нив, следуваат споредбените наоди за фреквенциите на полиморфизмите на генот метилен тетра хидрофолат редуктаза (МТХФР Ц677Т и МТХФР А1298Ц) кај здрави испитаници и пациенти со

акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт, сите Албанци од регионот на Тетово. Наодите потврдуваат дека фреквенциите на полиморфизмите на генот метилен тетра хидрофолат редуктаза се варијабилни, но не постои статистички значајна варијација на фреквенцијата на нативниот (див тип) на генот МТХФР, како и фреквенцијата на неговите мутации МТХФР Ц677Т и МТХФР А1298Ц кај здрави испитаници и пациенти со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт, со што не може да се дефинира генетскиот ризик од појава на хиперхомоцистеинемија.

Резултатите на ова испитување покажале дека најчести клинички ризик-фактори кај пациенти со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт се хипертензија, срцева болест и дијабет, што е потврда за мултифакторската природа на исхемичен цереброваскуларен инсулт. Наспроти тоа, консумирањето на храна од високо масен квалитет (свинско месо и негови производи) како традиционална навика поради верска причина не се потврди како можен ризик-фактор за појава на акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт во истражувањето спроведено меѓу православната и муслиманската популација во регионот на Тетово. Покрај тоа, е утврдено дека две третини од пациентите со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт пред појавата на болест не консумирале храна од високо масен квалитет.

Статистичката анализа на податоците во ова истражување во врска со пушењето покажа дека повисока е стапката на преваленција на пушење цигари кај здравите испитаници. За разлика од нив, 14,29% или околу една четвртина од пациентите покрај болеста се и пушачи.

Во однос на специфичностите на биохемиските наоди кај пациенти со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт, кај пациенти со идиопатска Паркинсонова болест и кај пациентите со мултипла склероза не се утврдени значајни варијации во истакнатоста на поединечните испитувани групи. Средната вредност на концентрација на хомоцистеин кај пациенти со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт, кај пациенти со идиопатска Паркинсонова болест и пациентите со мултипла склероза е поголема во однос на средната вредност на концентрација на хомоцистеин кај здрави испитаници, со присуство на статистички значајни разлики. Зголемувањето на концентрацијата на хомоцистеин (≥ 15 μмол/Л) кај овие испитаници се потврдил како значаен предиктор кој за сто педесет и шест пати го зголемува ризикот од појава на акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт, за сточетириесет пати го зголемува ризикот од појава на идиопатска Паркинсонова болест и шест пати го зголемува ризикот од појава на мултипла склероза. Варијаблата возраст се издвоил како предиктор во шансите за појава на збиднување кај сите испитувани групи на клиничен примерок. Со корелационите анализи зависноста е статистички потврдена, односно показателите хиперхомоцистеинемија и возраст позитивно корелираат кај здрави испитаници, пациенти со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт и кај пациенти со идиопатска Паркинсонова болест. Кај пациентите со мултипла склероза постои статистички незначајна инверзна корелација. ROC-анализата изведена кај сите испитувани групи од

клинички примерок ги потврдила истите параметри: возраста и хиперхомоцистеинемија.

Во дискусијата, како последен дел од трудот, се анализирани и толкувани наодите релевантни за целите на истражувањето. Добиените резултати се дискутирани повторно во дискусијата, во која тие се споредувани со резултатите на други автори и дополнувани се со логични и соодветни коментари од самиот автор. За поткрепа на ова, користена е современа литература. Во дискусијата, исто така, се образложени и импликациите и ограничувањата на истражувањето. Наодите во целост ги поткрепуваат досегашните сознанија за разликите на концентрација на хомоцистеин кај пациенти со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт и варијабилниот тек на невролошкиот дефицит, особено во акутна фаза на болеста. Ограничените капацитети на закрепнување кај пациенти со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт се дополнително оптоварени со присуството на коморбидитет. Со оглед на временската дистанца на следење, податоците за функционален исход при испис ја нагласуваат потребата за продолжена медицинска рехабилитација во чиј контекст ќе се следи промената на невролошкиот дефицит и мерењето на индивидуалниот степен на инвалидност.

Заклучоците се изведени засновано врз целите на испитувањето и добиените резултати. Дадени се во повеќе поенти, кои несомнено имаат клиничка и научна вредност. Навремената ризик-стратификација на пациентите со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт, особено оние со умерена и средна хиперхомоцистеинемија е од клучно значење за избегнување на влошување на состојбата со појава на идни несакани збиднувања, вклучително и рекурентен мозочен удар и разни други невролошки и психијатриски заболувања. Врз основа на се што е речено погоре, Комисијата го дава следниов

Заклучок со предлог

Рецензентската комисија на докторската теза со наслов **„Компаративна анализа на факторите на ризик и нивното влијание врз концентрацијата на плазма-хомоцистеинот во појавата на примарниот исхемичен цереброваскуларен инсулт во регионот на Тетово”**, од м-р Бајрам Камбери, претставува единствено двогодишно проспективно истражување на присутните фактори на ризик и нивното влијание врз плазма-концентрацијата на хомоцистеин кај пациенти со акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт и варијабилниот тек на невролошкиот дефицит, особено во акутна фаза на болеста. Трудот претставува компетентен спој на досегашните теоретски и емпириски сознанија од оваа област, при што треба да се истакне вредноста на проспективниот нацрт што овозможува откривање и утврдување на факторите на ризик кои влијаат врз концентрацијата на хомоцистеин и на појавата на акутен примарен исхемичен цереброваскуларен инсулт. Тезата ги задоволува принципите на научна работа и дава научен придонес на современата неврологија, односно потесно, на полето на васкуларните мозочни настани. Поставените цели на студијата се во целост реализирани, а добиените резултати се адекватно презентирани и споредени со податоците од современата литература.

Врз основа на прикажаната анализа, Рецензентската комисија смета дека оваа теза ги исполнува сите стручни и научни предуслови за докторска теза и има актуелен и значаен придонес во областа на неврологијата и му предлагаме на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната рецензија на трудот на м-р Бајрам Камбери и да одобри јавна одбрана на дисертацијата.

Комисија

Проф. д-р Вера Петрова----------, с.р.

Проф. д-р Кочо Димитровски----------, с.р.

Проф. д-р Марија Крстевска----------, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МИКРОБИОЛОГИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Научниот совет на Институтот за сточарство во Скопје од 58 седница бр. 0201-574 од 5.6.2013 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Југолсав Зиберoски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, д-р Милена Петровска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Наташа Ѓорговска, научен соработник во Институтот за сточарство во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на научно истражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката која се пријави за избор во звањето *научен соработник*.

Комисијата откако ги прегледа поднесените документи во врска со конкурсот на Институтот за сточарство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Lajm", од 20.5.2013 година, констатира дека за избор на еден научен работник во сите научни звања во научната област *микробиологија* се пријавила само кандидатката д-р Весна Левков, асистент на Инситутот за сточарство при УКИМ во Скопје.

По прегледот на доставената документација и другите податоци релевантни за избор на кандидатката, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Весна Левков, асистент на Институтот за сточарство во Скопје, е родена на 24.2.1974 година во Скопје. Основното и средното образование го завршила во родниот град. Во учебната 1992/93 се запишала како редовен студент на Природно-математичкиот факултет во Скопје, биохемиско-физиолошка насока и дипломирала во 1997 година.

Во учебната 1997/98 година се запишала на постдипломски студии на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, биохемиско-физиолошка насока.

Од април 1998 година е вработена како помлад асистент во Институтот за сточарство во Скопје, во Заводот за исхрана и физиологија на домашни животни.

Во јули 2005 година, на Природно-математичкиот факултет во Скопје го одбранила магистерскиот труд под наслов „Промени во составот и бројот на микроорганизмите во текот на производството и зреењето на биеното сирење во тетовскиот регион" и се стекнала со научен степен - магистер на биолошки науки.

Во декември 2003 година е избрана во звањето асистент-истражувач во Заводот за исхрана и физиологија на домашни животни при Институтот за сточарство, а во 2011 година е преизбрана во истото звање (асистент-истражувач) во Одделението за исхрана на домашни животни во рамките на Заводот за исхрана и преработка на хранителни производи.

Од октомври 2007 до септември 2008 година престојувала во Лабораторијата за молекуларна биологија при Алфред Вегенер - Институтот за поларни и морски истражувања во Бремерхавен, Германија.

На 3.4.2013 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, ја одбранила докторската дисретација под наслов „Состав и динамика на технолошко значајните микроорганизми при изработка на биеното сирење произведено на традиционален начин“и се здобила со научен степен - доктор на земјоделски науки.

Во период откако е вработена во Институтот за сточарство, учествувала како помлад асистент - истражувач, во реализација на 5 научноистражувачки проекти:

1. Евалуација на крмите за добиток (2000-2003);
2. BLAD - фактор кај холштајн-фризиската популација (2001-2003);
3. Исхраната-фактор за експонирање на производните особености кај холштајн-физиските високо млечни крави во услови на Р. Македонија (2004-2006);
4. Компаративна анализа на проламините кај разни видови житарки одгледувани во различни региони (2005-2007);
5. Споредбено испитување на фракциите на диететското влакно кај разни видови жита во зависност од генотипот, географското подрачје и начинот на одгледување (конвенционално/органско) - во тек.

Во изминатиот период посетувала повеќе семинари и работилници од областа на безбедноста на храната, индустриската и млекарската микробиологија во Македонија и во Словенија.

Исто така, учествувала во организација на 3 симпозиуми за сточарство со меѓународно учество.

Учествувала во изготвување и реализација на поголем број студии од областа на заштита на животната средина.

Во изминатиот период, како автор или коавтор има објавено 22 научни и стручни труда на домашни и интернационални конференции и во домашни и интернационални списанија.

СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

1. **Андоноска В.**, Какуринов В., Палшевски Б., Дуброва-Матева Н. & Ѓоргоска М. (2002). Микробен статус на на кравјото млеко при производство на биено сирење. Јубилеен зборник, Симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Струга, 23-25 мај 2001. 321-326.
2. Дуброва-Матева Н., Србиновска С., Какуринов В. & **Андоноска В.** (2002). Споредбени испитувања на влијанието на пепсинско и химозинско сирило врз технолошките својства на кравјото млеко.

Јубилеен зборник, Симпозиум за сточарство со меѓународно учество, Струга, 23-25 мај 2001. 331-336.
3. Палашевски, Б. Поповски З.Т., Дуброва-Матева Н., **Андоноска В.**, Танасковска Б.Р. & Налетовски З. (2002). Полиморфизам на к-казеинот и β-лактоглобулинот во кравјото млеко. Јубилеен зборник, Симпозиум за сточарство со меѓународно учество, Струга, 23-25 мај 2001. 45-49.
4. Какуринов В., **Андоноска В.** (2003) Состав на микрофлората на биеното сирење. II симпозиум за сточарство со меѓународно учество, Охрид, 18-21 јуни 2003, (апстракт)
5. **Левков В.**, Какуринов В. (2007). Микробни карактеристики на биено сирење произведено во тетовскиот регион. Зборник на трудови, III симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Охрид, 12-14 септември 2007, 379-388.
6. Какуринов В., Илиевска - Петановска Б., Петрова Б., Ѓошиќ - Михајловска С., **Левков В.** & Дуброва Матевска Н. (2007). Моментална состојба со меѓународните технички системи/стандарди во Република Македонија. Зборник на трудови, III симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Охрид, 12-14 септември 2007, 399-407.
7. Какуринов В., Петрова Б., Коцарев П., Димова В., **Андоновска В.** & Дуброва Матева Н. (2007). Температура на чување, транспорт и продажба на јогуртот во однос на квалитетот и безбедноста. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, 52:151-165.
8. Менковска М., Шариќ М., Иваноски М., **Левков В.** & Ѓорговска Н. (2007). Квалитет и безбедност на пченицата наменета за анимална и хумана исхрана. Зборник на трудови, III симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Охрид, 12-14 септември 2007, 351-357.
9. Цилев Г., Ѓорговска Н., & **Левков В.** (2007). Основни барања, критериуми и постапка за акредитација на лабораторија за контрола на квалитетот на сточната храна. Зборник на трудови, III симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Охрид, 12-14 септември 2007, 531-540.
10. Cilev G., Sinovec Z., Palasevski B., Gjorgjievski S., Gjorgovska N. & **Levkov V.** (2005). Table of chemical composition and nutritive value of feedstuffs of ruminants nutrition produced in conditions of R. Macedonia. Krmiva, 47: 267-272.
11. Menkovska M., **Levkov V.**, Djorgovska N., Sharic M., Samardjioski V., Ushlinovska I. (2010). Application of rapid technique for screening of mycotoxins in cereals. Proceedings of the XIV International Feed Technology Symposium, Novi Sad, 19-21 October, 2010. 144-149.
12. **Levkov V.** & Kakurinov V. (2011). Microbiological properties of artisanal cheese (Bieno sirenje). Journal of Hygienic Engineering and Design 1: 325-329.
13. Jusufi E., Zekiri M., Gjorgovska N. & **Levkov V.** (2011). Contents of cadmium (Cd), chromium (Cr) and lead (Pb) in the agricultural land in the

dry mass alfalfa from various localities. *Macedonian Journal of Animal Science*, 2: 335-338.
14. Gjorgovska, N., Filev, K. **Levkov, V.** (2011). External and internal quality of eggs produced from aged hens, *Lucrări Ştiinţifice, Seria Zootehnie*, 56: 342-345.
15. **Levkov V.**, Gjorgovska N. & Kostadinov T. (2012). Some microbiological and chemical charachteristics of traditional cheese (Bieno sirenje). Proceedings of the XVII International Symposium of Biotechnology, University of Kragujevac, Faculty of Agronomy, Cacak, Vol. 17(19): 368-372.
16. **Levkov V**. & Kostadinov T. (2012). Tourism as an oportunity field for development of the village in the Republic of Macedonia. Proceedings of the XVII International Symposium of Biotechnology. University of Kragujevac, Faculty of Agronomy, Cacak, Vol. 17(19): 531-535.
17. Gjorgovska N., Filev K., **Levkov V.**, Nikolova N., Kostadinov T., (2012). Eggshell quality of aged hens during the rejuvenation. *Lucrări Ştiinţifice, Seria Zootehnie*, 58:277-280.
18. Gjorgovska N., Filev K., **Levkov V.**, Kostadinov T., (2012). The effect of different levels of selenium in feed on egg production, egg quality and selenium content in yolk. *Lucrări Ştiinţifice, Seria Zootehnie*, 57: 270-274.
19. Gjorgovska N., Filev K., **Levkov V.**, Kostadinov T., Jusufi E., (2012). Egg production during the artificial molting and a new laying cycle of aged hens. *Archiva Zootechnika*, 15 (1): 53-60.
20. Kostadinov T., Gjorgovska N. & **Levkov V.** (2012). Competitivness of SMEs from rural areas in the Republic of Macedonia. Proceedings of the XVII International Symposium of Biotechnology. University of Kragujevac, Faculty of Agronomy, Cacak, Vol.17 (19): 516-520.
21. Kostadinov T., Nikolova N., & **Levkov V.** (2012). Education as a factor for development of the rural entrepreneurship in the Republic of Macedonia. Proceedings of XVII International Symposium of Biotechnology, University of Kragujevac, Faculty of Agronomy- Cacak, Vol.17 (19):511-515.
22. Jusufi E., Zekiri M., Gjorgovska N. & **Levkov V.** (2012). Contents of some macrobiogen elements in soil and their uptake at alfalfa. *Macedonian Journal of Animal Science*, 2: 37-40.

Трудовите на кандидатката д-р Весна Левков од реден број 1 до реден број 12 се претходно рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје број 884 од 1.12.2005 год. и број 1018 од 1.11.2011 год.

2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од изборот за помлад асистент, па до конкурирањето за научно звање, д-р Весна Левков, како автор и во соработка со други автори, има објавено 22 научни и стручни труда. Со 5 научни труда заедно со други автори учествувала на меѓународни симпозиуми надвор од Република

Македонија, а со 8 научни труда заедно со други автори учествувала на симпозиуми со меѓународно учество кои се одржувале во Република Македонија. Девет труда заедно со други автори публикувала во домашни и странски научни списанија.

Од вработувањето во Институтот, учествувала во 5 научноистражувачки проекти кои биле изработени на Институтот за сточарство.

Врз основа на приложената документација се забележува дека во научноистражувачката работа д-р Весна Левков се занимава со истражување на проблеми во научната област микробиологија, конкретно со проблеми поврзани со составот и динамиката на корисните и штетните микроорганизми во биеното сирење произведено во некои карактеристични реони на Република Македонија.

Учествувала во повеќе семинари и работилници во земјата и во странство, што и помогнало успешно да ги пренесе своите искуства во својата средина каде што работи.

Резултатите кои ги постигнала и искуствата со кои д-р Весна Левков се стекнала ќе и помогнат многу брзо да може да стане ментор на многу магистранди во областа во која постигнала високи резултати.

3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Од изборот во звањето помлад асистент-истражувач до денес д-р Весна Левков активно учествувала во организирањето и изведувањето на анализите за контрола на квалитетот на добиточната храна и суровини во Одделението каде што работи, а по барање на коминтентите или, пак, инспекциските служби. Исто така, самостојно или во соработка со други автори има изготвено повеќе студии од областа на заштитата на животната средина.

Во периодот од изборот во авањето асистент до денес, д-р Весна Левков вршела различни дејности од поширок интерес. Исто така, била дел од тимот кој организирал повеќе симпозиуми со меѓународно учество, а во организација на Институтот за сточарство.

Во досегашниот период била член на повеќе комисии во рамките на Институтот за сточарство, кои работеле на технички, просторни и организациски работи или имале поширок интерес.

4. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Весна Левков во периодот од изборот за помлад асистент-истражувач, развила активности во научноистражувачката работа истовремено интензивирајќи ја и стручно-апликативната работа. Публикувањето на научни и стручни трудови, учествувајќи во неколку домашни и меѓународни научноистражувачки проекти, како и учествувајќи

во изготвувањето и реализацијата на поголем број студии од областа на заштитата на животната средина, д-р Весна Левков ја претставуваат како солиден и перспективен научен работник, кој владее со методите на научноистражувачката работа во научната област микробиологија.

Во досегашното работење, кандидатката д-р Весна Левков покажала забележителни резултати, што дава основа за претпоставка дека и понатаму успешно ќе се развива и ќе придонесува на полето на биотехничките науки и со успех ќе ги извршува сите задачи што произлегуваат од работното место.

Поаѓајќи од изложеното и оцената на активностите од изборот во звањето асистент-истражувач, а според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Медодиј" во Скопје, имаме чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Институтот за сточарство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Весна Левков, асистент во Институтот за сточарство, да биде избрана за *научен соработник* во научната област *микробиологија*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф.д-р Југослав Зиберoски
   Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје с.р.

2. Проф.д-р Милена Петровска
   Медицински факултет-Скопје с.р.

3. Д-р Наташа Ѓорговска, научен соработник
   Институт за сточарство-Скопје с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Весна Томе Левков

Институција: УКИМ, Институт за сточарство-Скопје

Научна област: микробиологија

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
	Учесник во национален проект	
1	Евалуација на крмите за добиток (200-2003) арх. бр.0801-29 од 17.1.2001	3,0
2	BLAD-фактор кај холштајн-фризиската популација (2001-2003) арх. бр. 08-807 од 2.11. 2001	3,0
3	Исхраната-фактор за експонирање на производните особености кај холштајн-фризиските високо млечни крави во услови на Р. Македонија (2004-2006), Одлука бр. 0201-180 од 30.3.2007	3,0
4	Компаративна анализа на проламините кај разни видови житарки одгледани во различни региони (2005-2007) арх.бр. 1601-482 од 13.7.2007	3,0
5	Споредбено испитување на фракциите на диететското влакно кај разни видови жита во зависност од генотипот, географското подрачје и начинот на одгледување (конвенционално/органско) арх. бр. 0601-698/1 од 5.7.2012	3,0
	Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание	
1	Gjorgovska, N., Filev, K. **Levkov, V.** (2011). External and internal quality of eggs produced from aged hens, *Lucrări Ştiinţifice, Seria Zootehnie*, 56: 342-345.	3.2
2	Gjorgovska N., Filev K., **Levkov V.**, Nikolova N., Kostadinov T., (2012). Eggshell quality of aged hens during the rejuvenation. *Lucrări Ştiinţifice, Seria Zootehnie*, 58:277-280.	2.4
3	Gjorgovska N., Filev K., **Levkov V.**, Kostadinov T., (2012). The effect of different levels of selenium in feed on egg production, egg quality and selenium content in yolk. *Lucrări Ştiinţifice, Seria Zootehnie*, 57: 270-274.	2.4

	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор	
1	**Levkov V.** & V. Kakurinov (2011). Microbiological properties of artisanal cheese (Bieno sirenje). *Journal of Hygienic Engineering and Design* 1: 325-329.	5,4
2	Jusufi E., Zekiri M., Gjorgovska N. & **Levkov V.** (2011). Contents of cadmium (Cd), chromium (Cr) and lead (Pb) in the agricultural land in the dry mass alfalfa from various localities. *Macedonian Journal of Animal Science*, 2: 335-338.	3,6
3	Gjorgovska N., Filev K., **Levkov V.**, Kostadinov T., Jusufi E., (2012). Egg production during the artificial molting and a new laying cycle of aged hens. *Archiva Zootechnika*, 15 (1): 53-60.	3,6
4	Jusufi E., Zekiri M., Gjorgovska N. & **Levkov V.** (2012). Contents of some macrobiogen elements in soil and their uptake at alfalfa. *Macedonian Journal of Animal Science*, 2: 37-40.	3,6
5	Cilev G., Sinovec Z., Palasevski B., Gjorgjievski S., Gjorgovska N. & **Levkov V.** (2005). Table of chemical composition and nutritive value of feedstuffs of ruminants nutrition produced in conditions of R. Macedonia. Krmiva, 47: 267-272.	3,6
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир	
1	Menkovska M., **Levkov V.**, Djorgovska N., Sharic M., Samardjioski V., Ushlinovska I. (2010). Application of rapid technique for screening of mycotoxins in cereals. *Proceedings of the XIV International Feed Technology Symposium*, Novi Sad, 19-21 October, 2010. 144-149.	1,2
2	**Levkov V.**, Gjorgovska N. & Kostadinov T. (2012). Some microbiological and chemical charachteristics of traditional cheese (Bieno sirenje). Proceedings of the XVII International Symposium of Biotechnology, University of Kragujevac, Faculty of Agronomy, Cacak, Vol. 17: 368-372.	1,6
3	**Levkov V.** & Kostadinov T. (2012). Tourism as an oportunity field for development of the village in the Republic of Macedonia. Proceedings of the XVII International Symposium of Biotechnology. University of Kragujevac, Faculty of Agronomy, Cacak, Vol. 17: 531-535.	1,8
4	Kostadinov T., Gjorgovska N. & **Levkov V.** (2012). Competitivness of SMEs from rural areas in the Republic of Macedonia. Proceedings of the XVII International Symposium of Biotechnology. University of Kragujevac, Faculty of Agronomy, Cacak, Vol.17: 516-520.	1,6
5	Kostadinov T., Nikolova N., & **Levkov V.** (2012). Education as a factor for development of the rural entrepreneurship in the Republic of Macedonia . XVII International Symposium of Biotechnology, University of Kragujevac, Faculty of Agronomy- Cacak, Proceedings Vol.17 (19):511-515.	1,6
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во	

	зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	
1	**Андоноска В.**, Какуринов В., Палшевски Б., Дуброва-Матева Н. & Ѓоргоска М. (2001). Микробен статус на кравјото млеко при производство на биено сирење. *Јубилеен зборник, Симпозиум за сточарство со меѓународно учество.* Струга, 23-25 мај 2001. 321-326.	1,2
2	Дуброва-Матева Н., Србиновска С., Какуринов В. & **Андоноска В.** (2001). Споредбени испитувања на влијанието на пепсинско и химозинско сирило врз технолошките својства на кравјото млеко. *Јубилеен зборник, Симпозиум за сточарство со меѓународно учество,* Струга, 23-25 мај 2001. 331-336.	1,2
3	Палашевски, Б. Поповски З.Т., Дуброва-Матева Н., **Андоноска В.**, Танасковска Б.Р. & Налетовски З. (2001). Полиморфизам на к-казеинот и β-лактоглобулинот во кравјото млеко. *Јубилеен зборник, Симпозиум за сточарство со меѓународно учество,* Струга, 23-25 мај 2001. 45-49.	1,2
4	**Левков В.** & Какуринов В. (2007). Микробни карактеристики на биено сирење произведено во тетовскиот регион. Зборник на трудови, III симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Охрид, 12-14 септември 2007. 379-388.	1,2
5	Какуринов В., Илиевска - Петановска Б., Петрова Б., Ѓошиќ - Михајловска С., **Левков В.** & Дуброва Матевска Н. (2007). Моментална состојба со меѓународните технички системи/стандарди во Република Македонија. *Зборник на трудови. III симпозиум за сточарство со меѓународно учество.* Охрид, 12-14 септември 2007. 399-407.	1,2
6	Менковска М., Шариќ М., Иваноски М., **Левков В.** & Ѓорговска Н. (2007). Квалитет и безбедност на пченицата наменета за анимална и хумана исхрана. *Зборник на трудови од III симпозиум за сточарство со меѓународно учество.* Охрид, 12-14 септември 2007. 351-357.	1,2
7	Цилев Г., Ѓорговска Н., & **Левков В.** (2007). Основни барања, критериуми и постапка за акредитација на лабораторија за контрола на квалитетот на сточната храна. *Зборник на трудови од III симпозиум за сточарство со меѓународно учество.* Охрид, 12-14 септември 2007. 531-540.	1,2
	Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција	
1	Какуринов В., Петрова Б., Коцарев П., Димова В., **Андоновска В.** & Дуброва Матева Н. (2007). Температура на чување, транспорт и продажба на јогуртот во однос на квалитетот и безбедноста. *Годишен Зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна.* 52:151-165.	1,2
	Учество на научен собир со реферат - **усна презентација** **Андоноска В.**, Какуринов В., Палшевски Б., Дуброва-Матева Н. & Ѓоргоска М. (2001). Микробен статус на на кравјото млеко	2

	при производство на биено сирење. Симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Струга, 23-25 мај 2001. Какуринов, В. & **Андоноска В.**. Состав на микрофлората на биеното сирење. II симпозиум за сточарство со меѓународно учество, Охрид, 18-21 јуни 2003. (2x1)	
	Апстракт објавен во зборник на конференција -меѓународна	
	Какуринов, В. & **Андоноска В.**. Состав на микрофлората на биеното сирење. II симпозиум за сточарство со меѓународно учество, Охрид, 18-21 јуни 2003.	1
	ВКУПНО	63,2

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
	Изготвување и пријавување на национален проект како носител	
1	Микробиолошки карактеристики и заштита на овчото биено сирење од мариовскиот регион како земјоделски производ со гарантирана традиционална посебност (2009)	1,0
2	Карактеризација на традиционално овчо биено сирење од мариовскиот регион арх.бр. 0302-385/4 од 20.5.2010	1,0
	Изготвување и пријавување на научен национален проект како соработник	
1	Нова технологија на производство консумни јајца од несилки одгледани во слободен испуст Арх. бр. 0601-222 од 6.4.2011	0,5
2	Испитување на можноста за изолација на хијалуронската киселина од живински органи Ар.бр. 0601-221 од 6.4.2011	0,5
3	Испитување на принос, квалитативен состав и содржина на некои хемиски контаминенти во продукти на земјоделски култури одгледувани во површини под влијание на извор на загадување со тешки токсични метали Арх.бр. 0601-220 од 6.4.2011	0,5
	Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир	
1	III симпозиум за сточарство со меѓународно учество Охрид, 2007	1,0
2	IV симпозиум за сточарство со меѓународно учество Струга, 2009	1,0
3	V симпозиум за сточарство со меѓународно учество Скопје, 2012	1,0

	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија	
	Изработка на елаборат за заштита на животна средина Авторски договор бр.104, 132, 205, 329, 352, 495, 542, 610 (8x1)	8,0
	Стручна ревизија при контрола на квалитетот на добиточната храна според постојните прописи и закони	1,0
	Член на институтска комисија	
1	Член на институтски комисии арх. бр. 02-465 од 19.06.2006; арх.бр. 02-441 од 13.10.2008; Одлука бр. 0201-381 од 2.07.2010; арх.бр. 0206-180 од 8.04.2004; арх.бр. 02-724 од 17.10.2006 (5x0,5)	2,5
2	Член на други институтски комисии: арх.бр.0201-760 од 22.12.1999; арх.бр.03-1013 од 12.12.2003; арх.бр.0204-688 од 21.10.2003; арх.бр.0204-1117 од 10.12.2004; арх.бр.0204-1115 од 10.12.2004; арх.бр.0204-1119 од 6.12.2005; арх.бр.0204-1120 од 6.12.2005; арх.бр.0204-909 од 18.12.2006; арх.бр.0204-907 од 18.12. 2006 (9x0,5)	4,5
1	Учество во промотивни активности на Институтот	0,5
	ВКУПНО	23,0

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	63,2
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	23,0
ВКУПНО	86,2

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф.д-р Југослав Зиберoски
   Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје с.р.

2. Проф.д-р Милена Петровска
   Медицински факултет-Скопје с.р.

3. Д-р Наташа Ѓорговска, научен соработник
   Институт за сточарство-Скопје с.р.

ПРЕГЛЕД

на наслови на прифатени теми на магистерски трудови на студентите од втор циклус на студии на Педагошкиот факултет: „ Св. Климент Охридски " - Скопје

Кандидат	**Тема**	**Ментор**
Селсебил Калбонас	*Воспитно – образовните специфики на алтернативните основни училишта Јахја Кемал во Р. Македонија и Бурч Колеџи во Р. Турција* *Educational characteristics of alternative primary schools Jahja Kemal (R. Macedonia) and Burc Koleji (R. Turkey)*	проф. д-р Розалина Попова - Коскарова

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА ГРУПАТА НАСТАВНА ПРОГРАМА - ЕКОНОМИКА ВО ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Со одлука број 0201-180/2-V-2 на Наставно - научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на V седница одржана на 9.4.2013 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор на наставник во сите наставно - научни звања во состав: д-р Живка Мелоска, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, д-р Виолета Ефремовска, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје и д-р Митко Зорбоски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје во пензија.

На конкурсот објавен на 21.3.2013 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", се пријави само кандидатката д-р Мира Станкевиќ Шуманска, доцент на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, за избор на наставник во сите наставно - научни звања на групата наставна програма - економика во дрвната индустрија.

Врз основа на доставената документација од кандидатката го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Биографски податоци

Доц. д-р Мира Станкевиќ Шуманска е родена на 21.7.1969 година во Скопје. Основно образование завршила во Делчево, а средно образование во Скопје со континуиран одличен успех. Дипломирала на Шумарскиот факултет во Скопје во 1995 година. По завршувањето на студиите во учебната 1996/1997 година се запишала на постдипломски студии на Шумарскиот факултет во Скопје. На Шумарскиот факултет во Скопје се вработила на 27.12.1999 година и е избрана во соработничко звање - помлад асистент по групата предмети економика во дрвната индустрија.

На 17.1.2001 година јавно го одбранила магистерскиот труд под наслов „Проучување на некои фактори кои влијаат врз состојбите и развојот на производството на дрвена амбалажа и паркет" и се стекнала со право на академски степен магистер на биотехнички науки од областа дрвна индустрија - економика и организација на дрвната индустрија.

На 1.1.2002 година е избрана во соработничко звање - асистент по групата предмети - економика на дрвната индустрија на насоката дрвна индустрија на Шумарскиот факултет во Скопје (Билтен на Универзитетот број 788).

Во периодот 2003 - 2004 година има остварено три студиски престои како учесник во рамките на ТЕМПУС - проектот: Model International Technology Transfer Office, TEMPUS-Project IM JEP 16043-01 (807), и тоа во: Центарот за трансфер на технологии, Центарот за применети технологии и Институтот за индустриски врски при Универзитетот во Леобен, Австрија.

На 1.1.2005 година е реизбрана во соработничко звање - асистент по групата предмети - економика на дрвната индустрија на насоката дрвна индустрија на Шумарскиот факултет во Скопје (Билтен на Универзитетот број 858).

На 11.7.2007 година јавно ја одбранила докторската дисертација под наслов „Анализа на некои аспекти од развојот на дрвната индустрија во услови на транзиција - состојби, проблеми, перспективи" и се стекнала со право на академски степен - доктор на дрвноиндустриски науки.

На 01.01.2008 година е избрана во наставно - научно звање - доцент на групата наставна програма - економика во дрвната индустрија (Билтен на Универзитетот број 929).

Во наставниот процес редовно ги изведува предавањата, вежбите и теренската настава на додипломските студии по предметите планирање на инвестициони проекти и проектирање на производни процеси на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје. На постдипломските студии за дрвноиндустриски менаџмент е ангажирана со предметот планирање на инвестициони проекти.

Учествувала во повеќе комисии на Шумарскиот факултет во Скопје и на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, како и во комисии на други институции. Активно го владее англискиот јазик и се користи со компјутерската техника.

2. Наставно - образовна дејност

Од изборот во звањето доцент, кандидатката д-р Мира Станкевиќ Шуманска со успех ја изведува наставно - образовната дејност на додипломските студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер на студиските програми проектирање на мебел и ентериер и механичка технологија на дрвото, каде што ја реализира наставата (предавања и вежби) по предметите планирање на инвестициони проекти и проектирање на производни процеси.

На постдипломските студии од областа на дрвноиндустрискиот менаџмент кандидатката ја реализира наставата по предметот планирање на инвестициони проекти.

Наставата ја изведува на задоволително педагошко ниво, користејќи ги искуствата во научноистражувачката и применувачката работа и бројните контакти кои ги имала со соработници од земјата и од странство.

Во периодот од изборот за доцент до денес, д-р Мира Станкевиќ Шуманска била ментор на 1 (една) дипломска работа и учествувала како член на комисија за оцена и одбрана на 3 (три) дипломски труда.

3. Научноистражувачка дејност

Кандидатката д-р Мира Станкевиќ Шуманска, до изборот во звањето доцент, има изработено самостојно или со други автори 20 научни и стручни трудови, чии рецензии се објавени во Билтенот на Универзитетот бр.788 од 1.11.2001 година, бр.858 од 1.10. 2004 година и бр.929 од 1.11.2007 година.

Од последниот избор кандидатката д-р Мира Станкевиќ Шуманска има изработено самостојно или како соработник со други автори и приложено за овој избор десет нови труда.

3.1. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни/стручни списанија

3.1.1. STANKEVIK SHUMANSKA M., Zlateski G., Nikoljski Panevski E.: "Raw material - factor for development of the wood industry in the R. of Macedonia", Scientifific and Information Journal - Woodworking and Furniture Manufacturing, Issure of the Scientific Technical Union of Forestry and the University of Forestry - Sofia, 02/2010, pg. 25-29. Во трудот е анализирана суровинската основа како еден од најважните фактори за развој на дрвноиндустрискоото производство во Република Македонија. Производството на дрвна маса како основна суровина за примарната преработка зависи од расположливиот шумски фонд на државата. Од анализите е констатирано дека сортиментната структура на можниот годишен сечив етат е релативно неповолна што претставува резултат на високото учество на огревно дрво и на дрвниот отпадок во шума.

3.1.2. Zlateski G., STANKEVIK SHUMANSKA M., Nikoljski Panevski E.: "Determination of moisture content gradient for a 50,0 mm thick walnut plants in the conditions of vacuum drying", Scientifific and Information Journal - Woodworking and Furniture Manufacturing, Issure of the Scientific Technical Union of Forestry and the University of Forestry - Sofia, 02/2010, pg. 21-24. Во трудот се опфатени испитувањата кои се однесуваат за вакуумско сушење во вештачки услови на пилански сортименти од ореово дрво. Од испитувањата се добиени резултати за режимот на сушење на пилански сортименти од орев со дебелина од 50,0 mm. Режимот е дефиниран со евидентирање на добиените податоци за влагата на дрвото, температурата на грејните тела и температурата на дрвото.

3.1.3. Nikoljski Panevski E., STANKEVIK SHUMANSKA M., Zlateski G.: "Integration between design of build in and freestanding furniture in macedonian house from 19 century and posibility for continuity in contemporary furniture design", Scientifific and Information Journal - Woodworking and Furniture Manufacturing, Issure of the Scientific Technical Union of Forestry and the University of Forestry - Sofia, 02/2010, pg. 30-35. Во трудот се анализирани можностите за континуитет на традициите во современиот дизајн на мебел, постојни во дизајнот на вграден и невграден мебел во Македонија во 19 век.

3.1.4. M. STANKEVIK SHUMANSKA: "Employment in the manufacture of wood and wood products and furniture production in the Republic of Macedonia", Scientific, Professional and information Journal of Wood Science, Design ana Technology - Wood, Design and Technology, Vol. 1, Faculty of Design and Technologies of Furniture and Interior - Skopje, 2012, pg. 24-28. Во трудот е анализиран бројот на вработените и вработеноста според видот на сопственоста на претпријатијата во преработката на дрво и производството на мебел, како и вкупно во дрвната индустрија за периодот 2006-2011 година. Бројот на вработените во преработката на дрво, производството на мебел и вкупно во дрвната индустрија има тенденција на опаѓање. Според видот на сопственоста, поголем е бројот на вработените во претпријатијата од приватната сопственост, отколку во претпријатијата од другите видови на сопственост. Ова важи како за преработката на дрво, така и за производството на мебел.

3.1.5. M. STANKEVIK SHUMANSKA: "Realized investments in manufacturing of wood and wood products and furniture production in the Republic of Macedonia", Journal of the Institute of Economics - Skopje - Economic Development, Year. 14 No. 2-3/2012, Institut

of economics Skopje, 2013, pg. 121-132. Во трудот се анализирани остварените инвестиции и техничката структура на инвестициите во дрвната индустрија, односно преработката на дрво и производството на мебел за периодот 2007 - 2010 година. Реализираните инвестиции во преработката на дрво бележат позитивен тренд, за разлика од инвестициите во производството на мебел каде што трендот е негативен во анализираниот период. Остварените инвестиции во дрвната индустрија ја имаат потребната техничка структура, односно повеќе се инвестира во нови машини и опрема сé со цел да се подобри постојното производство.

3.2. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир

3.2.1. СТАНКЕВИЌ М., Ефремовска В., Мелоска Ж.: "Актуелни проблеми во развојот на дрвната индустрија на Република Македонија", Зборник на трудови од меѓународен симпозиум - Одржливо шумарство - проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, 2007, стр. 505-512. Предмет на проучување во трудот се проблемите во дрвната индустрија предизвикани од факторите за развој, како и проблемите директно условени од работењето на дрвноиндустриските претпријатија. Од факторите кои влијаат врз развојот на дрвната индустрија во Република Македонија анализирани се суровинската основа, бруто - домашниот производ, научно - технолошкиот прогрес, сообраќајот, градежништвото, земјоделството и сл. Проблемите предизвикани од работењето на претпријатијата се однесуваат на бавната приватизација, нелојалната конкуренција, нискиот степен на финализација на производството, увоз на суровини и репроматеријали, непостоење на препознатлив бренд на дрвната индустрија, недостаток на правна регулатива за постигнување на потребниот со технички стандарди дефиниран квалитет на производите, недостаток на инвестирање, немање на стратегија за развој на дрвната индустрија и сл. Од анализите е констатирано дека сите овие проблеми придонеле за состојбата на ниско ниво на развој на дрвноиндустриското производство во Република Македонија.

3.2.2. Мелоска Ж., Ефремовска В., СТАНКЕВИЌ М., Штерјова, А.: "Истражување на пазарот за мебел во Република Македонија", Зборник на трудови од меѓународен симпозиум - Одржливо шумарство - проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, 2007, стр. 437-441. Во трудот е направено истражување на понудата на пазарот за мебел во Република Македонија со помош на анкета. Врз основа на истражувањето е констатирано дека на пазарот во Република Македонија се нуди мебел со широк асортиман, но сепак најголема е побарувачката за мебел од плочести материјали.

3.2.3. Ефремовска В., Мелоска Ж., СТАНКЕВИЌ М.: "Глобализацијата - предизвик за развој на дрвната индустрија", Зборник на трудови од меѓународен симпозиум - Одржливо шумарство - проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, 2007, стр. 347-351. Во трудот е обработен поимот глобализација и неговата рефлексија врз индустријата и дрвната индустрија. Дефиниран е самиот поим и неговите елементи. Објаснети се причините за глобализацијата и нејзините аспекти, како и глобализацијата во индустријата и нејзините ефекти. Констатирано е дека процесот на глобализација е посебно изразен во земјите од постсоцијалистичкиот свет, каде што спаѓа и Република Македонија.

3.2.4. М. СТАНКЕВИЌ ШУМАНСКА: "Анализа на мерките за развој на дрвната индустрија во Република Македонија", Зборник на трудови од меѓународната конференција одржана по повод 60 - годишнината од постоењето на Економскиот институт - Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење - состојби и перспективи, Економски институт - Скопје, 2012, стр. 128-141. Во трудот се анализирани мерките за економски раст и развој на дрвната индустрија во Република Македонија. Мерките главно се опфатени во две групи: системски мерки на макроекономската политика на државата и мерки на ниво на дрвната индустрија кои треба да се преземат од менаџерските тимови на дрвноиндустриските претпријатија. Од направената анализа е констатирано дека динамиката на овие мерки, нивната усогласеност и доследна примена можат да обезбедат подинамичен раст и развој на дрвноиндустриското производство во Република Македонија.

3.3. Учество во научноистражувачки проекти

3.3.1 "Техничко - технолошка и економска анализа на типичен пилански капацитет во Р. Македонија", Завршен финансиски извештај на научноистражувачки проект финансиран од УКИМ, соработник (раководител: З. Трпоски, 2011/2012).

4. Стручно - апликативна дејност

4.1. Дејности од поширок интерес

Член на факултетски и други комисии:

- д-р Мира Станкевиќ Шуманска била член на Комисијата за реализација на Конкурсот за запишување на студенти во учебната 2012/2013 година;
- д-р Мира Станкевиќ Шуманска е избрана за член на поткомисијата за самоевалуација на студиската програма механичка технологија на дрвото во периодот 2013/2017 година;
- во периодот 2008/2010 година, д-р Мира Станкевиќ Шуманска била член на Комисијата за јавни набавки на Шумарскиот факултет во Скопје, а од 2011 година е член на Комисијата за јавни набавки на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје;
- д-р Мира Станкевиќ Шуманска била член на Пописна комисија за извршување на пописот во 2010 година на Шумарскиот факултет, а била и член на Комисијата за попис на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје за 2011 и 2012 година;
- д-р Мира Станкевиќ Шуманска била ангажирана како надворешен соработник за стручна работа во Центарот за стручно образование и обука Скопје за изготвување на наставна програма: практична настава од градежно - геодетска струка во 2012 година.

5. Заклучок и предлог

Сумирајќи го изнесеното за досегашните наставно - образовни, научноистражувачки и други активности на пријавената кандидатка д-р Мира Станкевиќ Шуманска, Комисијата констатира дека кандидатката сериозно и темелно ги извршува сите свои обврски и ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високото образование и со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје за избор во наставно - научното звање вонреден професор.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно - научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, **д-р Мира Станкевиќ Шуманска, доцент**, да биде избрана во звањето **вонреден професор на групата наставна програма - економика во дрвната индустрија.**

Членови на Комисијата

1. Д-р Живка Мелоска, редовен професор с.р.

2. Д-р Виолета Ефремовска, редовен професор с.р.

3. Д-р Митко Зорбоски, редовен професор во пензија с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ПРИЈАВАТА ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Мира Константин Станкевиќ Шуманска

Институција: Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје

Научна област: економика и организација во дрвната индустрија

НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Реден број	Назив на активноста (од изборот во доцент до сега)	Поени
1.	**Учебна 2007/08** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ (летен семестар), предавања	2,4
2.	**Учебна 2007/08** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ (летен семестар), вежби	0,9
3.	**Учебна 2007/08** Проектирање на производни процеси (4+2) - МТД (летен семестар), предавања	2,4
4.	**Учебна 2007/08** Проектирање на производни процеси (4+2) - МТД (летен семестар), вежби	0,9
5.	**Учебна 2008/09** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ (летен семестар), предавања	2,4
6.	**Учебна 2008/09** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ (летен семестар), вежби	0,9
7.	**Учебна 2008/09** Проектирање на производни процеси (4+2) - МТД (летен семестар), предавања	2,4
8.	**Учебна 2008/09** Проектирање на производни процеси (4+2) - МТД (летен семестар), вежби	0,9
9.	**Учебна 2009/10** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ (летен семестар), предавања	2,4
10.	**Учебна 2009/10** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ (летен семестар), вежби	0,9
11.	**Учебна 2009/10** Проектирање на производни процеси (4+2) - МТД (летен семестар), предавања	2,4
12.	**Учебна 2009/10** Проектирање на производни процеси (4+2) - МТД (летен семестар), вежби	0,9
13.	**Учебна 2010/11** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ (летен семестар), предавања	2,4
14.	**Учебна 2010/11** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ (летен семестар), вежби	0,9
15	**Учебна 2010/11** Проектирање на производни процеси (4+2) - МТД (летен семестар), предавања	2,4
16.	**Учебна 2010/11** Проектирање на производни процеси (4+2) - МТД (летен семестар), вежби	0,9

17.	**Учебна 2011/12** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ (летен семестар), предавања	2,4
18.	**Учебна 2011/12** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ (летен семестар), вежби	0,9
19.	**Учебна 2011/12** Проектирање на производни процеси (4+2) - ПТМЕ (летен семестар), предавања	2,4
20	**Учебна 2011/12** Проектирање на производни процеси (4+2) - ПТМЕ (летен семестар), вежби	0,9
21.	**Учебна 2007/08** Планирање на инвестициони проекти (3+0+0+3), последипломски студии, (летен семестар)	2,25
22.	**Учебна 2008/09** Планирање на инвестициони проекти (3+0+0+3), последипломски студии, (летен семестар)	2,25
23.	**Учебна 2009/10** Планирање на инвестициони проекти (3+0+0+3), последипломски студии, (летен семестар)	2,25
24.	**Учебна 2010/11** Планирање на инвестициони проекти (3+0+0+3), последипломски студии, (летен семестар)	2,25
25.	**Учебна 2011/12** Планирање на инвестициони проекти (3+0+0+3), последипломски студии, (летен семестар)	2,25
26.	**Учебна 2007/08** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ, (летен семестар), теренска настава (1 ден = 8 часа)	0,32
27.	**Учебна 2007/08** Проектирање на производни процеси (4+2) - МТД, (летен семестар), теренска настава (1 ден = 8 часа)	0,32
28.	**Учебна 2009/10** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ, (летен семестар), теренска настава (1 ден = 8 часа)	0,32
29.	**Учебна 2009/10** Проектирање на производни процеси (4+2) - МТД, (летен семестар), теренска настава (1 ден = 8 часа)	0,32
30.	**Учебна 2010/11** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ, (летен семестар), теренска настава (1 ден = 8 часа)	0,32
31.	**Учебна 2010/11** Проектирање на производни процеси (4+2) - МТД, (летен семестар), теренска настава (1 ден = 8 часа)	0,32
32.	**Учебна 2011/12** Планирање на инвестициони проекти (4+2) - ПТМЕ, (летен семестар), теренска настава (1 ден = 8 часа)	0,32
33.	**Учебна 2011/12** Проектирање на производни процеси (4+2) - МТД, (летен семестар), теренска настава (3 дена = 24 часа)	0,96
34.	Член на комисија за оценка и одбрана на дипломска работа (3 студенти)	0,3
35.	Ментор на дипломска работа (1 студент)	0,2
36.	Консултации со студенти **2007/08**, 60 студенти	0,12
37.	Консултации со студенти **2008/09**, 55 студенти	0,11
38.	Консултации со студенти **2009/10**, 72 студенти	0,14
39.	Консултации со студенти **2010/11**, 112 студенти	0,22
40.	Консултации со студенти **2011/12**, 93 студенти	0,19
	Вкупно	**48,73**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Реден број	Назив на активноста (од изборот во до цент до сега)	Поени
1.	СТАНКЕВИЌ М., Ефремовска В., Мелоска Ж.: "Актуелни проблеми во развојот на дрвната индустрија на Република Македонија", Зборник на трудови од меѓународен симпозиум: Одржливо шумарство - проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, 2007, стр. 505-512.	1,6
2.	Ефремовска В., Мелоска Ж., СТАНКЕВИЌ М.: "Глобализацијата - предизвик за развој на дрвната индустрија", Зборник на трудови од меѓународен симпозиум: Одржливо шумарство - проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, 2007, стр. 347-351.	1,6
3.	Мелоска Ж., Ефремовска В., СТАНКЕВИЌ М., Штерјова, А.: "Истражување на пазарот за мебел во Република Македонија", Зборник на трудови од меѓународен симпозиум: Одржливо шумарство - проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, 2007, стр. 437-441.	1,2
4.	STANKEVIK SHUMANSKA M., Zlateski G., Nikoljski Panevski E.: "Raw material - factor for development of the wood industry in the R. of Macedonia", Scientifific and Information Journal - Woodworking and Furniture Manufacturing, Issure of the Scientific Technical Union of Forestry and the University of Forestry - Sofia, 02/2010, pg. 25-29.	3,2
5.	Zlateski G., STANKEVIK SHUMANSKA M., Nikoljski Panevski E.: "Determination of moisture content gradient for a 50,0 mm thick walnut plants in the conditions of vacuum drying", Scientifific and Information Journal - Woodworking and Furniture Manufacturing, Issure of the Scientific Technical Union of Forestry and the University of Forestry - Sofia, 02/2010, pg. 21-24.	3,2
6.	Nikoljski Panevski E., STANKEVIK SHUMANSKA M., Zlateski G.: "Integration between design of build in and freestanding furniture in macedonian house from 19 century and posibility for continuity in contemporary furniture design", Scientifific and Information Journal - Woodworking and Furniture Manufacturing, Issure of the Scientific Technical Union of Forestry and the University of Forestry - Sofia, 02/2010, pg. 30-35.	3,2
7.	М. СТАНКЕВИЌ ШУМАНСКА: "Анализа на мерките за развој на дрвната индустрија во Република Македонија", Зборник на трудови од меѓународната конференција одржана по повод 60 - годишнината од постоењето на Економскиот институт - Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење - состојби и перспективи, Економски институт - Скопје, 2012, стр. 128-141.	2,0
8.	M. STANKEVIK SHUMANSKA: "Employment in the manufacture of wood and wood products and furniture production in the Republic of Macedonia", Scientific, Professional and information Journal of Wood Science, Design ana Technology - Wood, Design and Technology, Vol. 1, Faculty of Design and Technologies of Furniture and Interior - Skopje, 2012, pg. 24-28.	4,0
9.	M. STANKEVIK SHUMANSKA: "Realized investments in manufacturing of wood and wood products and furniture production in the Republic of Macedonia", Journal of the Institute of Economics - Skopje - Economic Development, Year. 14 No. 2-3/2012, Institut of economics Skopje, 2013, pg. 121-132.	4,0
10.	"Техничко - технолошка и економска анализа на типичен пилански капацитет во Р. Македонија", Завршен финансиски извештај на научноистражувачки проект, финансиран од УКИМ, времетраење 2011/12, раководител на проектот: проф. д-р З. Трпоски, одлука бр. 0201-101/2-II-8 од 7.3 2012, учесник во проектот: доц. д-р М. СТАНКЕВИЌ ШУМАНСКА.	3,0
	Вкупно	**27,0**

СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Реден број	Назив на активноста (од изборот во доцент до сега)	Поени
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
1.	Член на Комисија за јавна набавка - изведување градба на објект - лабораторија за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали, Шумарски факултет Скопје, декември 2008, Одлука бр. 0201-44/XI-6-1 од 10.12.2008.	0,5
2.	Член на Комисија за јавна набавка - фотокопирни услуги за период од 1 година (по спецификација) за потребите на Шумарски факултет во Скопје, мај 2010, одлука бр. 0506-417/1 од 13.5.2010.	0,5
3.	Член на изборна комисија за спроведување на тајно гласање за избор на продекани на УКИМ, Шумарски факултет Скопје, септември 2010, Одлука бр. 0201-63/X-2.1 од 22.09.2010.	0,5
4.	Член на пописна комисија за извршување на пописот за 2010 година, Шумарски факултет Скопје, ноември 2010, Одлука бр. 0202-67/IX-2 од 29.11.2010.	0,5
5.	Член на пописна комисија за извршување на пописот за 2011 година, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, декември 2011, Одлука бр. 0201-384/1-XIV-7 од 14.12.2011.	0,5
6.	Член на Конкурсна комисија за реализација на конкурсот за запишување на студенти на прв циклус на студии и за запишување на студенти на прв циклус на студии во рамките на Проектот 45 на ФДТМЕ во Скопје во учебната 2012/2013 година, јуни 2012, Одлука бр. 0201-225/2-V-7 од 12.6.2012.	0,5
7.	Член на иницијативен одбор за меѓународна конференција на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, јуни 2012, Одлука бр. одлука бр. 0201-225/2-V-8 од 12.6.2012.	0,5
8.	Член на пописна комисија за извршување на пописот за 2012 година, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, декември 2012, Одлука бр. 0201-431/2-XI-5 од 10.12.2012.	0,5
9.	Член на поткомисија за самоевалуација на студиската програма механичка технологија на дрвото на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, февруари 2013, Одлука бр. 0201-59/2-I-9-2 од 11.2.2013.	0,5
10.	Ангажирање како надворешен соработник за стручна работа на Центарот за стручно образование и обука Скопје за изготвување на една наставна програма: практична настава од градежно - геодетска струка, Договор бр. 03-458/2 од 10.7.2012	0,5
11.	Член на Комисија за јавна набавка на компјутерска опрема за потребите на Факултетот, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, април 2011, Одлука бр. 0206-51/1 од 01.4.2011.	0,5
12.	Член на Комисија за јавна набавка на услуги за одржување и ажурирање на софтвер за смектоводствено работење, материјално работење и изработка на плати, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, април 2011, Одлука бр. 0206-54/1 од 1.4.2011.	0,5
13.	Член на Комисија за јавна набавка на услуги за мобилна телефонија, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, април 2011, Одлука бр. 0206-89/1 од 18.4.2011.	0,5
14.	Член на Комисија за јавна набавка на услуги за договорни услуги преку авторска агенција, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, април 2011, Одлука бр. 0206-66/1 од 11.4.2011.	0,5
15.	Член на Комисија за јавна набавка на услуги за копирање на материјали, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, април 2011, Одлука бр. 0206-67/1 од 11.4.2011.	0,5
16.	Член на Комисија за јавна набавка на услуги за печатење на материјали, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, април 2011, Одлука бр. 0206-68/1 од 11.4.2011.	0,5
17.	Член на Комисија за јавна набавка услуги за превоз на студенти, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, април 2011, Одлука бр. 0206-69/1 од 11.4.2011.	0,5

18.	Член на Комисија за јавна набавка на канцелариски материјал, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, април 2011, Одлука бр. 0206-70/1 од 11.4.2011.	0,5
19.	Член на Комисија за јавна набавка на ресторански услуги, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, јуни 2011, Одлука бр. 0206-171/1 од 8.6.2011.	0,5
20.	Член на Комисија за јавна набавка на консултански услуги за имплементација на ИСО ЕН 17025, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, јуни 2011, Одлука бр. 0206-190/1 од 30.6.2011.	0,5
21.	Член на Комисија за јавна набавка на тегови, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, септември 2011, Одлука бр. 0206 - 273/1 од 26.9.2011.	0,5
22.	Член на Комисија за јавна набавка на реконструкција на амфитеатар, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, октомври 2011, Одлука бр. 0206 - 300/1 од 14.10.2011.	0,5
23.	Член на Комисија за јавна набавка на рекламен материјал, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, октомври 2011, Одлука бр. 0206-330/1 од 28.10.2011	0,5
24.	Член на Комисија за јавна набавка на компјутерска опрема, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, ноември 2011, Одлука бр. 0206-369/1 од 28.11.2011.	0,5
25.	Член на Комисија за јавна набавка на услуги за поправка на мебел и опрема во амфитеатар, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, ноември 2011, Одлука бр. 0206-375/1 од 29.11.2011.	0,5
26.	Член на Комисија за јавна набавка за сервисирање и одржување на возило, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, јануари 2012, Одлука бр. 0506-52/1 од 31.1.2012.	0,5
27.	Член на Комисија за јавна набавка на средства за хигиена, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, февруари 2012, Одлука бр. 0506-86/1 од 17.2.2012.	0,5
28.	Член на Комисија за јавна набавка за канцелариски материјал, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, февруари 2012, Одлука бр. 0506-94/1 од 27.2.2012.	0,5
29.	Член на Комисија за јавна набавка за превоз на студенти за теренска настава, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, март 2012, Одлука бр. 0506-113/1 од 5.3.2012.	0,5
30.	Член на Комисија за јавна набавка на безоловен моторен бензин - БМБ 95 октани, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, март 2012, Одлука бр. 0506-115/1 од 5.3.2012.	0,5
31.	Член на Комисија за јавна набавка на рекламен материјал, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, март 2012, Одлука бр. 0506-128/1 од 15.3.2012.	0,5
32.	Член на Комисија за јавна набавка на услуги од авторска агенција, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, март 2012, Одлука бр. 0506-133/1 од 16.3.2012.	0,5
33.	Член на Комисија за јавна набавка на авионски билети, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, март 2012, Одлука бр. 0506-138/1 од 23.3.2012.	0,5
34.	Член на Комисија за јавна набавка на услуги за осигурување, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, април 2012, Одлука бр. 0506-172/1 од 17.4.2012.	0,5
35.	Член на Комисија за јавна набавка за печатење на материјали, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, април 2012, Одлука бр. 0506-177/1 од 26.4.2012.	0,5
36.	Член на Комисија за јавна набавка за поправка на мебел, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, мај 2012, Одлука бр. 0506-197/1 од 14.5.2012.	0,5
37.	Член на Комисија за јавна набавка на услуги за одржување и ажурирање на софтвер за сметководствено работење, материјално работење и изработка на плати, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, мај 2012,	0,5

	Одлука бр. 0506-198/1 од 14.5.2012.	
38.	Член на Комисија за јавна набавка за копирање на материјали, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, мај 2012, Одлука бр. 0506-199/1 од 14.5.2012.	0,5
39.	Член на Комисија за јавна набавка на ресторански услуги, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, јуни 2012, Одлука бр. 0506-218/1 од 4.6.2012.	0,5
40.	Член на Комисија за јавна набавка на стоки - тегови, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, јуни 2012, Одлука бр. 0506-242/1 од 19.6.2012.	0,5
41.	Член на Комисија за јавна набавка на услуги - реновирање на лаборатории, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, јуни 2012, Одлука бр. 0506-246/1 од 19.6.2012.	0,5
42.	Член на Комисија за јавна набавка на стоки - набавка на мебел, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, јуни 2012, Одлука бр. 0506-247/1 од 19.6.2012.	0,5
43.	Член на Комисија за јавна набавка на стоки - набавка на информатичка опрема, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, декември 2012, Одлука бр. 0506-440/1 од 5.12.2012.	0,5
44.	Член на Комисија за јавна набавка на услуги - осигурување, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, март 2013, Одлука бр. 0206-129/1 од 5.3.2013.	0,5
45.	Член на Комисија за јавна набавка на стоки - набавка на алат и опрема на Лабараторијата за тестирање на мебел, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, март 2013, Одлука бр. 0206-130/1 од 5.3.2013.	0,5
46.	Член на Комисија за јавна набавка на услуги - превоз за теренска настава, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, март 2013, Одлука бр. 0206-133/1 од 6.3.2013.	0,5
	Вкупно	**23,0**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**48,73**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**27,0**
СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**23,0**
Вкупно	**98,73**

Членови на Комисијата

1. Д-р Живка Мелоска, редовен професор с.р.

2. Д-р Виолета Ефремовска, редовен професор с.р.

3. Д-р Митко Зорбоски, редовен професор во пензија с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЛЕКТОР ПО СОВРЕМЕН АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на својата триесет и шеста редовна седница одржана на 8.5.2013 година донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Елени Бужаровска, проф. д-р Зозе Мургоски и виш лектор м-р Мира Беќар за избор на лектор по современ англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. На конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија“ на 15.4.2013 година, се пријави кандидатот м-р Наташа Стојановска-Илиевска.

По разгледувањето на доставената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Наташа Стојановска-Илиевска е родена 1975 година во Скопје. Дипломирала во 1997 година на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Прогласена е за најдобар студент на Филолошкиот факултет дипломиран во академската 1997/98 година со просек 9,48. Во 1999 се здобила со Напредна диплома по образование и професионално усовршување од Универзитетот на Источна Англија во Велика Британија.

Во 2004 година кандидатката добила стипендија од Норвешкиот истражувачки совет, што и овозможува да се запознае со начините за примена на корпусната лингвистика во јазичните истражувања на Универзитетот во Берген, Норвешка. Во 2006 со највисока оценка го положила испитот *Certificate of Proficiency in English* и добила сертификат од Универзитетот во Кембриц. Во 2007

го стекна научниот степен магистер на филолошки науки од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Во 2009 беше одобрена нејзината тема за докторат со наслов *Анализа на перифрастичните предикати во англискиот и македонскиот јазик,* на којашто интензивно работи.

Во поглед на професионалното усовршување, м-р Стојановска-Илиевска постојано и континуирано ги следи современите текови во јазичната теорија и практика. Таа присуствувала на бројни конференции и семинари од областа на наставата по англиски јазик во земјава и во странство, а на многу од нив учествувала и со свои презентации и работилници. Во 2008 година таа ја посетувала летната школа Hornby Summer School во Москва кадешто се запознава со иновативни начини за примена на компјутерската технологија во наставата по англиски јазик. Но м-р Стојановска-Илиевска не само што се стреми кон совладувања на нови знаења, туку и ги шири меѓу своите колеги. Таа има одржано повеќе серии на обуки за наставници по англиски јазик организирани од Британскиот совет, од кои една двомесечна обука реализирала преку интернет, во својство на е-модератор. Член е на Македонската асоцијација на наставници по англиски јазик, како и на Здружението на научни и стручни преведувачи на град Скопје.

Наставно-образовна дејност

М-р Наташа Стојановска-Илиевска вршела наставно-образовна дејност на повеќе институции. Таа има богато работно искуство во полето на предавање англиски јазик, но исто така предавала и македоски јазик за странци. Првите искуства во наставата ги стекнала како наставник по англиски јазик во Центарот за странски јазици, каде што по дипломирањето неколку години работи како професор по англиски јазик. Истовремено држи настава и на Воената академија. Од 2002 до 2007 година предава англиски јазик и македонски јазик за странци во училиштето за јазици „ЛингваЛинк". Од 2007 до 2010 таа е вработена на високообразовната институција - Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје, кадешто е одговорна за наставата по предметите современ англиски јазик и граматика на современиот англиски јазик – морфологија и лексикологија. Во 2010 е примена како помлад

асистент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, кадешто ги држи вежбите по предметите лексикологија, контрастивна анализа и синтакса.

Научнаистражувачка дејност

Што се однесува до научноистражувачката дејност, м-р Наташа Стојановска-Илиевска е активна во полето на теориска синтакса и контрастивна анализа на јазиците со акцент на изучување на граматичките категории. Таа објавила повеќе статии за семантиката и синтаксата на каузалната релација преку споредба на каузалните експоненти во англискиот и во македонскиот јазик. Статиите беа објавени во годишните зборници на Филолошкиот факултет „Блаже Конески": *Показатели на каузалната релација во англискиот и во македонскиот јазик*"(бр. 33, 2007), *Причински конјункциски средства во англискиот и во македонскиот јазик*" (бр. 34, 2008), *Причински конјункциски средства во англискиот и во македонскиот јазик*" (бр. 34, 2008), *Причинската релација и семантички бликозначните релации*" (бр. 36, 2010). Исто така кандидатката објавила неколку статии во списанието *Славистички студии* при Филолошкиот факултет „Блаже Конески": *Македонските причински сврзници и нивните англиски преводни еквиваленти* (бр. 13 , 2009) и *Имплицитно изразување на каузалната релација* (бр. 14, 2011).

Кандидатката покажува научен интерес и за други области на лингвистиката, посебно за оние во кои се преклопуваат морфосинтаксата и лексиката како што се глаголските предикати и зборообразувањето. Така таа објавила во 2011 две статии: *Word-Formation Trends in ICT English* во Зборникот од меѓународната конференција по повод 50-годишнината на Катедрата за англиски јазик, како и статијата *Мотивираноста за постоењето на перифрастчните предикати* (во: Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" бр. 37).

Стручно-апликативна дејност

М-р Наташа Стојановска-Илиевска е многу активна во полето на преводот од македонски на англиски и од англиски на македонски јазик. Зад себе таа има

четиринаесетгодишно преведувачко искуство во писмен и консекутивен превод. Нејзините објавени преводи се состојат од монографии и други публикации во издание на Народната банка, Музејот на Македонија, издавачките куќи *Ѓурѓа*, *Микена*, *ЕвроБалкан* и др. Треба да се истакне дека тие преводи на англиски јазик се важни за промовирањето на македонската култура. Тоа се следните преводи на монографиите: *Bitola* (Dimitrov, N.V, 2004), *Tome Serafimovski* (Grozdanov, 2000), *Numismatic Collection of the National Bank of the Republic of Macedonia* (Kondijanov, J, 1999), *Macedonian Numismatic Journal No.4.* (2000), *The Serafimovski Phenomenon or On Portraiture* (Muhik, F., 2003), *The Song of Creation and Re-Creation* (Popovski, A., 2000), *Gazing into the Past: Old Weapons from Trifun Kostovski's Family Collection* (Stardelov, G. 1999).

Покрај овие монографии, кандидатката објавила преводи на неколку поголеми статии статии за списанието на англиски јазик *Identities (Идентитети)*, списание за политика, родови студии и култура на Институтот Евро-Балкан. Тоа се следниве статии: *Mapping the Key Concepts in Gender Studies and Creating a Cartography of their Balkan Specificities* (Arsenijevic, D. et al. Vol.6/ No.1/ 2007), *Frida Kahlo: A Portrait of a Body* (Radulova, N, Vol.3/ No.1/ 2004), *Balkanwalker shoots down Corto Maltese: Milco Mancevski's "Dust" as an answer to the Western cultural colonialism* (Slapšak, S. *Luke*, Vol.1/ No.3/ 2002), *On Love as Comedy* (Zupancic, A. Vol.2/ No.1/ 2003).

М-р Наташа Стојановска-Илиевска исто така работела во полето на стручен превод на англиски јазик. Необјавените трудови вклучуваат многубројни преводи на закони, извештаи, документи и договори за потребите на разни владини, невладини и меѓународни организации. Освен тоа, кандидатката е и постојан судски преведувач акредитиран од Министерството за правда.

Заклучок и предлог

Врз основа на увидот во активностите на м-р Наташа Стојановска-Илиевска, Рецензентската комисија високо ја вреднува нејзината наставно-образовна дејност. Во досегашната педагошка работа таа се покажа како исклучително способен работник кој секогаш совесно и многу квалитетно ги извршува своите

задачи во практичната настава. Покрај педагошки талент, м-р Стојановска-Илиевска има и голем теориски потенцијал бидејќи нејзините трудови се на високо академско ниво. Досегашните статии сведочат дека таа поседува широки знаења на предметната литература, оригинална мисла и способност за анализа - главни предуслови за научноистражувачката дејност. Таа се покажа и како способен специјалист во полето на публицистички и стручен превод. Комисијата заклучува дека кандидатката постигна завидни професионални резултати и дека компетентно и квалитетно ја извршува наставната и научната работа.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да ја избере м-р Наташа Стојановска-Илиевска во звањето лектор по современ англиски јазик.

12. 6.2013, Скопје

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Елени Бужаровска, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Зозе Мургоски, член, с.р.
3. Виш лектор м-р Мира Беќар, член, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **НАТАША ЉУПЧО СТОЈАНОВСКА - ИЛИЕВСКА**

Институција: **ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

Научна област: **АНГЛИСКИ ЈАЗИК**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Вежби во прв циклус студии во академските години 2006/2007 (летен семестар), 2007/2008, 2008/2009 (зимски семестар), 2010/2011 (зимски семестар) како лектор по англиски јазик на Факултетот за странски јазици на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, одговорен за предметите Современ англиски јазик 1 и 3, Граматика на САЈ 1 и 3, Вовед во лингвистика и Англиски како странски јазик за другите факултети (5 семестри x 9 часа вежби)	27
2	Вежби во прв циклус студии во академските години 2010/2011 (летен семестар) и 2011/2012 како помлад асистент по предметите Граматика на англискиот јазик – Лексикологија 1, Граматика на англискиот јазик – Лексикологија 2, Граматика на англискиот јазик – Синтакса 2, Контрастивна анализа 1 и 2 на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје (3 семестри x 12 часа вежби)	21,6
3	Консултации со студенти на Факултетот за странски јазици на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во академските години 2006/2007 (летен семестар), 2007/2008, 2008/2009 (зимски семестар), 2010/2011 (зимски семестар) (5 семестри по 25 студенти)	0.25
4	Консултации со студенти на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во академските години 2010/2011 (летен семестар) и 2011/2012 (3 семестри по 100 студенти)	0,6
5	Подготовка на предметите Современ англиски јазик 1 и Современ англиски јазик 3, Граматика на САЈ 1 (Морфологија) и Граматика на САЈ 3 (Лексикологија) и Вовед во лингвистика на Факултетот за странски јазици на Универзитетот Американ Колеџ Скопје (5 x 0,5)	2,5
6	Уредник на зборник на текстови за предметите Граматика на САЈ 1 (Морфологија) и Граматика на САЈ 3 (Лексикологија) и Вовед во лингвистика на Факултетот за странски јазици на Универзитетот Американ Колеџ Скопје (3 x 2)	6
	Учесник во школи и работилници	
7	*Neurolinguistic Programming*, предавач: Nick Owen (Центар за	1

	странски јазици, 22-25 октомври 1998, Скопје)	
8	*Language Development,* предавачи: Sue Leather and David Hill (Центар за странски јазици, 18-20 март 1998, Скопје)	1
9	*Raising Pluricultural Awareness*, предавач: Гордијана Ѓоргова (4 и 12 ноември 2005, Скопје)	1
10	*Trainer Training Course,* обука за обучувачи на наставници по англиски јазик, организирана од Британскиот совет во февруари – април 2006	1
11	Летна школа (Hornby summer school) организирана од Британскиот совет и насловена *Bringing Technology to the ELT classroom,* Москва, 11-22 Август 2008	1
12	*Public Speaking*, предавач: Aryn Bloodworth (American corner, 20 и 27 октомври, 3 ноември 2008)	1
13	Обука за е-модератор (E-moderator Essentials course), спроведена преку интернет од Британскиот совет во ноември –декември 2010	1
	Раководител на работилници за наставници по англиски јазик	
14	*Motivation in the EFL classroom*, работилница во состав на обуката за наставници по англиски јазик *Train the trainer,* организирана од Британскиот совет, 17 ноември 2007, Кичево	1,5
15	*Presentation skills 1*, работилница во состав на обуката за наставници по англиски јазик *Train the trainer,* организирана од Британскиот совет, 3 мај 2008, Скопје	1,5
16	*Bringing Technology in the EL Classroom: Blogs, Wikis and Podcasts,* 29 ноември 2008, 6 декември 2008 (Универзитет Американ Колеџ - Скопје) и 9 декември 2008 (ЛингваЛинк - Скопје) (3 x 1,5)	4,5
17	Одржување на 6 четиричасовни работилници за обука на наставници по англиски јазик во Британскиот совет кои третираат различни аспекти од поширокатa тема ***Using ICT in the Classroom*** во септември-октомври 2011 и февруари-март 2012 (6 x 1,5)	9
18	Двомесечна обука за *TKT Essentials* на професори по англиски јазик од Русија, спроведена преку интернет, во својство на е-модератор на Британскиот совет (Мај – Јули 2012)	1,5
	Вкупно	82,95

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Трудови објавени во научно/стручно списание	
1	*„Македонските причински сврзници и нивните англиски преводни еквиваленти*". Славистички студии бр. 13 (стр.227-242), Скопје, Катедра за славистика при Филолошкиот факултет "Блаже Конески", 2009.	2
2	*„Имплицитно изразување на каузалната релација*". Славистички студии бр. 14, (стр. 141-148), Скопје, Катедра за славистика при	2

	Филолошкиот факултет "Блаже Конески", 2011.	
	Труд објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир	
3	*„Word-Formation Trends in ICT English" in the Proceedings from the International Conference: English Studies in a European / Global Context: Current Issues, Future Trends: 50th Anniversary of the Department of English Language and Literature* (p.125-132). Скопје, Филолошки факултет "Блаже Конески" 2011.	2
	Трудови објавени во зборник на трудови на високообразовна институција	
4	*Показатели на каузалната релација во англискиот и во македонскиот јазик*". Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески" (Книга 33). Скопје, 2007. (309-315)	2
5	*„Причински конјункциски средства во англискиот и во македонскиот јазик*". Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески" (Книга 34). Скопје, 2008. (395-407)	2
6	*„Причинската релација и семантички бликозначните релации".* Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески" (Книга 36), стр. 311-319. Скопје, Филолошки факултет "Блаже Конески" 2010.	2
7	*„Мотивираноста за постоењето на перифрастичните предикати".* Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески" (Книга 37), стр.335-340. Скопје, Филолошки факултет "Блаже Конески" 2011.	2
	Учество на научен/стручен собир со реферат – орална презентација	
8	Септември 2008, Скопје: Учество на меѓународната конференција по повод прославата на 50-годишнината од постоењето на Катедрата за англиски јазик и книжевност, со реферат *„Word-Formation Trends in ICT English"*	1
	Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество	
9	*Interactive Fairytales* на конференцијата Finding Yourself as a Teacher во Загреб, Хрватска (септември 2003)	2
10	*E-communication and WebQuests in ELT,* Конференција на RATE, 27 октомври 2007, Темишвар, Романија	2
11	*Ideas for Internet-based CALL projects*, Меѓународна конференција на BETA-IATEFL, 10 мај 2008, Софија, Бугарија	2
12	*Inspirational Ideas for Using Authentic Materials*, Меѓународна конференција ELTA-IATEFL, 31 мај 2008, Белград, Србија	2
13	*E-communication and WebQuests in ELT,* Петта меѓународна ELTAM- IATEFL-TESOL конференција, 26 октомври 2008, Универзитет американ колеџ - Скопје	2
14	*Non-Verbal Communication: How to send positive non-verbal signals in the classroom,* Шеста меѓународна ELTAM- IATEFL-TESOL конференција, 30-31 октомври 2010, Универзитет ФОН, Скопје	2
	Вкупно	27

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

	Преводи на книги	
1	Dimitrov, N.V. (ed.) *Bitola*. Bitola: Mikena, 2004.	3
2	Grozdanov, C. (ed.) *Tome Serafimovski*. Skopje: Gjurgja, 2000.	3
3	Kondijanov, J. *Numismatic Collection of the National Bank of the Republic of Macedonia.* Skopje: National Bank of the Republic of Macedonia, 1999.	3
4	*Macedonian Numismatic Journal No.4.* Skopje: Museum of Macedonia, 2000.	3
5	Muhik, F. *The Serafimovski Phenomenon or On Portraiture*. Skopje: Gjurgja, 2003.	3
6	Popovski, A. *The Song of Creation and Re-Creation.* Skopje: Gjurgja, 2000.	3
7	Stardelov, G. *Gazing into the Past: Old Weapons from Trifun Kostovski's Family Collection.* Skopje: Gjurgja, 1999.	3
	Преводи на статии:	
8	Arsenijevic, D. et al. *Mapping the Key Concepts in Gender Studies and Creating a Cartography of their Balkan Specificities* (Идентитети, Vol.6/ No.1/ 2007)	0,5
9	Radulova, N. *Frida Kahlo: A Portrait of a Body* (Идентитети, Vol.3/ No.1/ 2004)	0,5
10	Slapšak, S. *Luke Balkanwalker shoots down Corto Maltese: Milco Mancevski's "Dust" as an answer to the Western cultural colonialism* (Идентитети, Vol.1/ No.3/ 2002)	0,5
11	Zupancic, A. *On Love as Comedy* (Идентитети, Vol.2/ No.1/ 2003)	0,5
12	Статии *Archaeology* и *Environment* на *Encyclopedia Macedonica* CD-ROM. Skopje: SEMOS MultiMedia, 2003	1
13	**Коавтор на речник:** *Транскрипциски речник на англиските лични имиња* (приредувачи Наташа Стојановска и Лилјана Угриновска). Скопје: Ѓурѓа, 2003	3
	Студиски престој во странство – до три месеци	
14	Англиска катедра на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Берген, Норвешка во 2004 (едномесечна стипендија од Research Council of Norway)	0,5
15	Универзитет на Источна Англија (UEA) и Институт за јазично образование од Норич (NILE), Норич, Велика Британија (едномесечен престој заради професионално усовршување на постдипломско ниво, по што добив Advanced Certificate in Education and Professional Development)	0,5
	Учество во промотивни активности на факултетот	
16	На Универзитетот Американ Колеџ Скопје во 2008 и 2010	1
17	На Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во 2012	0,5
	Дејности од поширок интерес	
18	Координатор на студентите од 3 година од Катедрата за англиски	1

	јазик и книжевност во 2012/2013	
	Вкупно	**30,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	82,95
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	27
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	30,5
Вкупно	140,45

Членови на комисијата

1. Проф. Д-р Елени Бужаровска, претседател, с.р.

2. Проф. Д-р Зозе Мургоски, член, с.р.

3. М-р Мира Беќар, член, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК (ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ДИСЦИПИНИ: СОЦИЈАЛНА РАБОТА (ЗДРАВСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДРУГО), СОВРЕМЕНИ СИСТЕМИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И МЕТОДИКИ НА СОЦИЈАЛНА РАБОТА (ПОЕДИНЕЦ, ГРУПА И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА) НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на 39. седница одржана на 31.5.2013 година, (одлука бр. 04-1189 од 3.6.2013 година), определени сме за членови на Комисијата за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) за научните дисципини: социјална работа (здравство, образование, социјална заштита и друго), современи системи на социјална заштита и методики на социјална работа (поединец, група и локалната заедница).

Комисијата во состав: проф. д-р Сунчица Димитријоска, редовен професор, проф. д-р Јован Пејковски, редовен професор, и доц. д-р Наташа Богоевска, детално ја разгледа единствената пријава поднесена од д-р Владимир Илиевски по објавениот конкурс во весникот „Дневник" од 8.5.2013 година.

Врз основа на приложената документација и по нејзиното разгледување Комисијата го доставува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Владимир Илиевски е роден на 5.12.1974 година во Диселдорф, Германија. Дипломирал на Институтот за социјална работа и социјална политика на 22.6.1998 година со просечна оценка 9,4. Магистерските студии ги завршил на истиот Институт со пресечна оценка 9,75, каде ШТО одбранил и магистерска теза на тема „**Социјални услуги на граѓанските здруженија на деца под социјален ризик**", под менторство на проф. д-р Сунчица Димитријоска на 12.10.2006 година и се стекнал СО право на научен степен - магистер по социјална политика. Докторската дисертација на тема „**Предрасудите кон лица со психички растројства и нивна вклученост на пазарот на трудот**", под менторство на проф. д-р Верица Стаменкова-Трајкова, ја одбранил на 7.3.2013 година и се стекнал со научен степен - доктор по социјална работа и социјална политика.

Паралелно со неговото школување, почнувајќи од основното образование, активно се посветил и на изучувањето на странските јазици и денеска активно ги користи: ***германскиот и англискиот јазик.***

На совладување на компјутерските вештини се посветил уште од основноТО училиште и успешно ги користи апликативните програми: Microsoft Office™ tools (Word™, Excel™ и PowerPoint™), СПСС (Statistical Package for Social Sciences) и Интернет.

Работното искуство кандидатот го стекнал во Општинскиот центар „Мост" како социјален работник, како кординатор на прокети, каде што стекнал практично искуство за работа со корисници на социјална заштита. Работел како волонтер во НВО, но и како социјален работник на проекти и како истражувач.

Во 2006 година се вработил во Центарот за ментално здравје, како социјален работник. Работел индивидуална и групна работа со корисниците на услугите на Центарот, како и на остварување на нивните права каде што покажал извонреден ангажман и резултати.

Наставно-образовна дејност

Д-р Владимир Илиевски работи на Институтот за социјална работа и социјална политика од 2011 година, како помлад асистент. Во изминатиот период, д-р Владимир Илиевски успешно изведувал вежби по предметите социјална заштита, тимска работа и супервизија и евалуација во социјална работа на трите институти, и тоа: Институт за социјална работа и социјална политика, Институт за дефектологија и Институт за психологија во учебните 2011/2012 и 2012/2013 година.

Кандидатот учествувал на работилници на регионални студентски конференци и има 22 сертификати и дипломи за учество на меѓународни работилници, обуки и семинари од областа на социјалната заштита и социјална работа, и тоа: Развој на социјални сервиси, Пристапи во дејноста на социјалните работници, Улога и јакнењето на цивилниот сектор, Компарација меѓу Република Македонија и Германија, Вештини за деловно комуницирање и други. Обуки биле одржани во Загреб, Брисел, Охрид и Скопје.

Согласно со членовите 10 и 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.173, од 1 август 2011 година), кандидатот д-р Владимир Илиевски од наставно-образовната дејност остварил 38,82 поени и со тоа го надминал минималниот број поени (20) што треба да се остварат за да биде избран во звањето доцент.

Научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Владимир Илиевски, како што може да се види од приложената биографија, има остварено импозантна научноистражувачка дејност. Тој се јавува како учесник во голем број проекти со истражувачки и апликативен карактер, фокусирајќи се на социјалната работа и социјалната заштита. Кандидатот како социјален работник по вокација, беше насочен кон проучување на нови научни подрачја, што заслужува посебно признание. Притоа неговата активност, освен кон теоретските, беше насочена и кон истражувачките димензии на социјална работа.

Анализата на трудовите на кандидатот д-р Владимир Илиевски ја покажува неговата максимална продлабоченост и способност за темелна елаборација на истражувачкиот проблем со јасни белези на научниот пристап. Секоја од

публикациите јасно потврдува дека кандидатот е добар познавач на научноистражувачката проблематика и научната област посочена во изборот.

Посебно значаен труд на кандидатот д-р Владимир Илиевски е магистерскиот труд „**Социјални услуги на граѓанските здруженија на деца под социјален ризик**", кој претставува научна анализа на социјалните услуги кои може да ги добијат децата под ризик, со една теоретска анализа на самиот поим ризик, причините за настанување и видовите. Трудот е одраз на научната подготвеност и стручноста на кандидатот за теоретско и практично истражување на проблемот, негова анализа и давање практични решенија за надминување и решавање на ризиците.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Владимир Илиевски под наслов „**Предрасудите кон лица со психички растројства и нивна вклученост на пазарот на трудот**", претставува *мошне квалитетен* научен труд, *оригинален* по својот карактер, со *сложен предмет* на проучување што бараше солидни познавања не само од социјалната работа, туку и од други сродни научни дисциплини. Кандидатот д-р Владимир Илиевски, оценувајќи ја важноста на оваа тема, во својата докторска дисертација сериозно го разгледува прашањето за причините за социјална исклученост на лица со психички растројства на пазарот на трудот во Република Македонија, заклучувајќи дека стигмата, предрасудите, недоволното образование на лицата со психички растројства и непостоењето на содветни правни рамки за нивно вработување се основни причини за нивна дискриминација на пазарот на трудот. Докторската дисертација на д-р Владимир Илиевски претставува значајна емпириска студија која има своја научна вредност. Дисертацијата нуди научно засновани информации кои можат да се искористат за нови истражувачки цели, а на вработените во установите за здравствена и социјална заштита им дава можност да ги користат новите и проверени инструменти во својата практична работа. Темата е разгледувана и осмислена низ призмата на познати релевантни теоретски гледишта и врз основа на емпириски наоди што се добиени во претходни истражувања со широк дијапазон на релевантни научни сознанија и наоди за правната рамка за вклучување на лица со психички растројства на пазарот на трудот.

Својата стручност д-р Владимир Илиевски ја докажува и преку учество во реализација на национални и меѓународни научни проекти, од кои како позначајни ќе ги истакнеме неговата улога во следните проекти од кои повеќето имаат меѓународен карактер:

- 2008- 2012, координатор на Проектот за континуирана едукација на социјалните работници вклучени во здравствениот сектор во Република Македонија, реализиран од страна на Здружението на социјални работници на град Скопје, поддржан од страна на ДААД-програмата;

- кандидатот бил член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир, конференција: "Active ageing and International Solidarity - Филозофски факултет, Скопје", 19.6.2012, Австриска амбасада-Скопје, Филозофски факултет- Скопје, Фондација „Фридрих Еберт";

- 2009, соработник на истражувачки проект: Common Voice Network Project, спроведен од Македонското научно здружение за аутизам (МНЗА), а поддржан од страна на Hand in Hand Foundation - Унгарија.

- коавтор е на Монографијата за ЈЗУ Психијатриска болница – Скопје, Снежана Пејкова-Димовска, Дафина Поповска, Душанка Црвенова, Весна Лазарова, **Владимир Илиевски**, Јагода Насковска, ЈЗО Психијатриска болница „Скопје", 1995-2005, 50 години грижа за менталното здравје;

- 2003-2004, истражувач во **меѓународен научен проект** ПЕВ Македонија- Проект за единствена визија (поддружница на WSP- International од Женева, во партнерство со ООН).

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор

Владимир Илиевски, Александра Цонева, Communication with persons with metal disorders, International Scientific Conference "The language of medicine – from its genesis to the culture and etnics of communication, 2013, Медицински факултет, Универзитет во Риека (377-384). Во трудот *кандидатот* ги анализира менталните заболувања кај лицата кои се одразуват на нивната комуникација со лицата од непосредна средина. Низ анализата се укажува на намалениот вокабулар, вербалните и невребални пораки, како и на процесите кои влијаат на емоциите и на самата мотивација на лицата со менталните заболувања; потребата за развој на комуникациски вештини, подучувањето на семејство за комуникација со лице со ментални заболувања, а сè со цел развивање на позитивни емоции, што преставува основ на работа со лицата со ментални заболувања.

Во трудот The role of civil society in the system of social protection of person with disability in the Republic of Macedonia, Модели с радом с особама с инвалидитетом, Меѓународна конференција во Мостар (319-329) 2012, презентиран на научно-стручен симпозиум, кандидатот го потенцира значењето на принципот на плурализмот во социјалната заштита кој овозможува вклучување на поголем број партнери во давањето на квалитетни децентрализирани услуги на корисниците на локално ниво. Со анализа на законската рамка за услуги и права за лица со инвалидност, кандидатот Илиевски укажува на значењето на активностите на граѓанските здруженија насочени кон заштита и поддршка на лицата со инвалидност за нивна интеграција во локалната заедница. Во исто време ја афирмира идејата за развојот на алтернативни сервиси на локално ниво која се остварува со почитување на принципите на социјална заштита: децентрализацијата, деинституционализацијата и плурализмот.

Во трудот Social protection of the elderly people – European trends and perspectives, меѓународна конференција "Active ageing and International Solidaruty", Филозофски факултет, Скопје, 19.6.2012, (112-120), кандидатот детално го анализира трендот на стареењето на населението забележувајќи ја потребата од развој на нови форми на здравствена и социјална заштита со цел подобрување на

квалитетот на живот на старите лица и нивно активно вклучување во креирање на политика и заштита соодветна на нивните потреби.

Во трудот *„The situation of social vulnerable groups in the labor market in Macedonia"*, презентиран на International Conference "Dynamics of European Integration through Social Inclusion", University of Tirana, Department of Social Work and Social Policy, 8-9.10.2012, кандидатот, дефинирајќи ги ранливите групи во Република Македонија, ја анализира владината политика за активни мерки за самовработување на ранливите групи, и тоа: лица невработени до 27 години, лица со инвалидност, жени, жртви на семејно насилство и лица од ромска националност. Притоа, укажува на остварените активни мерки за вработување согласно со националната политика имплементирана во програмите за вработување на ранливото население.

Во дел од Извештајот за сиромаштија и социјалната исклученост во Република Македонија за 2011 година, поддржан од Austrian Development Cooperation, кандидатот ја анализира темата **"Сиромаштијата и социјалната исклученост"** во општините Струга и Куманово. Во трудот прави социјална мапа на двете општини со избрани индикатори за социјалното мапирање, и тоа: регистрирани невработени, корисници на социјална парична помош, корисници на старосна пензија, лица здравствено осигурани и деца на возраст 5-14 години опфатени со основно образование. Детално се елаборира легислативата за справување со социјалната исклученост на локално ниво, институционалната рамка за справување, како и идентификација на ранливите групи во двете општини. Притоа, се укажува и на приоритетите за справување со социјалната исклученост на локално ниво во двете општини.

Во рамките на меѓународната конференција „**Медиуми, сиромаштво и социјална исклученост**" во Нови Сад, 2011 година, организирана од Филозофскиот факултет во Нови Сад, кандидатот го презентира трудот „Social exclusion of the people with mental disorders at the labor market in Republic of Macedonia". Кандидатот го анализира хронолошкиот развој на законската рамка за вклучување на лица со ментални заболувања на пазарот на трудот, укажувајќи дека непостоењето на законски основ предизвикува социјална исклученост на лица со ментални заболувања, нивната стигматизација и изолираност. Кандидатот ги анализира можните начини за решавање на проблемите на лица со ментални заболувања и нивно вклучување на пазарот на трудот.

Владимир Илиевски, Second Forum of the project "Common Voice Network Project", Journal of Special Education and Rehabilitation, vol. 10, January- June No. 1-2, Скопје, 2009.

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание

Апстракт "Social Workers in Macedonia" *The European Social Worker* , IFSW Europe, 9,1 (2012): 22-23.

Бојана Јовановска, **Владимир Илиевски** "Social Inclusion of young people through employment in Macedonia, Applied Social Sciences; Social Work; Cambridge Scholars Publishing, (193-201), 2012, научен труд.

Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција "Ванинституционална заштита деце са менталним сметњама у развоју у Републици Македонији", Зборник резимеа: Актуелности у едукацију и рехабилитацију особа са сметњама у развоју, Шабац,14-15.12.2012 година, (114).

Апстракт „Macedonian platform against poverty and social exclusion", International Conference Media, Poverty and Social exclusion, Faculty of Philosophy, Department of Media studies, Нови Сад, 2.6.2012 година (10).

Бојана Јовановска, **Владимир Илиевски** "Social inclusion of young people through employment in Macedonia, ISSA- International Journal of Applied Social Sciences (50-51). Апстракт, 2012.

Владимир Трајковски, **Владимир Илиевски**, Студентите со инвалидност на македонските универзитети, Книга на апстракти: Регионална конференција на алумните од Програмата за развој на млад академски кадар (ЈФДП),22-24.11.2010, Охрид (12) Апстракт.

Согласно со членовите 10 и 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.173, од 1 август 2011 година), кандидатот д-р Владимир Илиевски од научноистражувачката дејност оствари вкупно 39,40 поени и со тоа повеќекратно го надмина минималниот број поени (20) што треба да ги оствари за да биде избран во звањето доцент.

Стручно-апликативна дејност

Кандидатот повеќе пати престојувал во Германија, и тоа: на усовршување на германскиот јазик како стипендист на Советот на Европа, на студиски посети на установите од областа на социјалната заштита и Клиниката во Нинберг.

13.9.2009 - 26.9.2009, посета на установи од социјална заштита во градот Нирнберг и запознавање со системот на социјална заштита во Германија, во организација на Факултетот за социјална работа од Нирнберг и ДААД-програмата.

7.5.2006 - 22.5.2006, стручно усовршување во психијатриските болници во Баварија и Клиниката „Нирнберг", како и пренесување на професионалното искуството во службите за ментално здравје во Сојузна Република Германија, оргнизирана од страна на Факултетот за социјална работа од Нирнберг и ДААД-програмата.

20.6.1998 - 25.7.1998, стипендист на Советот на Европа, Курс за професионално усовршување на германски јазик, Касел, Сојузна Република Германија.

Кандидатот е член на: пописна комисија (2012/2013), Комисија за организација на „Отворен ден на високо образование" при УКИМ, факултетска Комисија за уписи на студенти 2011/2012, факултетска Комисија за уписи на студенти 2012/2013 и заменик-член на Комисијата за дисциплинска постапка на студенти.

Кандидатот Илиевски е: член на Извршниот одбор на Здружението на социјални работници на град Скопје; член на Македонското научно здружение за аутизам (МНЗА); член на Извршниот одбор на Македонската платформа против сиромаштија (МППС); член на координативно тело за спроведување на програмата за социјална заштита на РМ при Министерството за труд и социајлна политика.

Освен ангажирањето во потесното стручно подрајче во кое се имплементирани теоретските сознанија, д-р Владимир Илиевски реализирал и други професионални и општествени дејности (од поширок интерес), со кои придонел за афирмирање на социјалната работа и социјалната политика во земјата и во странство.

Кандидатот е вклучен во активностите на граѓански здруженија како член на Одборот на Здружението на социјални работници на град Скопје.

Согласно со членовите 10 и 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.173, од 1 август 2011 година), кандидатот д-р д-р Владимир Илиевски го надмина минималниот број поени (5) што треба да ги оствари за да биде избран во звањето доцент освојувајќи 10 поени.

Членовите на Рецензентската комисија констатираат дека кандидатот д-р Владимир Илиевски, помлад асистент на Институтот за социјална работа и социјална политика, постигнал значителни резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Исто така, констатираат дека се работи за личност која е во постојан научноистражувачки подем за што потврда се бројните домашни и меѓународни ангажмани во кои кандидатот на мошне успешен начин ги поврзува теоретските и апликативните знаења и дава личен придонес во градењето на системите и политиките од нејзините стручни области. Докажан е како автор на трудови, преку кои најдирекно ја демонстрира својата научна и стручна компетентност од тие области. Активно е ангажиран во апликативните дејности преку кои ја демонстрира применливоста на научните сознанија во практиката и ја популаризира социјалната работа како наука.

Согласно со членовите 10 и 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.173, од 1 август 2011 година), кандидатот д-р Владимир Илиевски постигнувајќи вкупно 88,22 поена го надмина минималниот број поени по сите основи што треба да ги оствари за да биде избран во звањето доцент.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Како членови на Рецензентската комисија имаме особена чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Владимир Илиевски, досегашен помлад асистент, да биде избран во наставно-научното звање доцент за научните дисциплини: социјална работа (здравство, образование, социјална заштита и друго), современи системи на социјална заштита и методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница).

КОМИСИЈА

Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р.
Проф. д-р Јован Пејковски, с.р.
Доц. д-р Наташа Богоевска, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Владимир Владе Илиевски**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Филозофски факултет/Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза"**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: социјална работа (здравство, образование, социјална заштита и друго);системи на социјална заштита и методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница).

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Настава во школи и работилници**	
	Учесник на регионална студентска конференција за социјална работа, 10-12.05.2013 година, Институт за социјална работа, Правен факултет, Загреб.	1
	Учесник: EU 2020 Strategy- Capacity Building, workshop, 27-28.9.2012, Brussels, European anti poverty network (EAPN).	1
	Учесник: Casemenagment in the field of Mental Health, Summerschool, 29.8-2.9.2012, Bar, Montenegro, DAAD and Faculty of Philosophy-Skopje.	1
	Учесник: Летна школа за зависности, 27.6-4.7.2012 година, Охрид, Опции за здрав живот- ХОПС, Министерство за здравство и Филозофски факултет-Скопје.	1

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Учесник: Providing counseling services to children, workshop, 25-27.11.2011, Ohrid, UNICEF.	1
	Учесник: Унапредување на човековите права во рамките на системот на социјална заштита, работилница, 13-14.9.2011, Скопје, Здружение на социјални работници на град Скопје и Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман" (БИМ-ФВ Скопје).	1
	Учесник: Прибирање на статистички податоци, работилница, 27-28.1.2011, Скопје, Здружение на социјални работници на град Скопје и Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман" (БИМ-ФВ Скопје).	1
	Учесник: Financing of Social Institutuions and what is new in Social Work in the field of Mental Health? Summerschool, 17-21.8.2011, Ohrid, DAAD and Faculty of Philosophy- Skopje.	1
	Учесник: Прибирање на статистички податоци, работилница, 27-28.01.2011, Скопје, Здружение на социјални работници на град Скопје и Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман" (БИМ-ФВ Скопје).	1
	Учесник: Methods and Prevention in Social work within Mental Health System, Summerschool, 17-22.9.2010, Ohrid, DAAD and Faculty of Philosophy- Skopje.	1
	Учесник: Староста на луѓето со интелектуална попреченост, работилница, 15.10.2010, Скопје, Филозофски факултет- Скопје и Iassid.	1
	Учесник: Vision, projects and what is going on in Mental Health in South East Europe, Summerschool, 21-27.9.2009, Ohrid, DAAD and Faculty of Philosophy- Skopje.	1
	Учесник: Тренинг за работа на национална СОС-линија за помош од дроги и советување, Здружение на социјални работници на град Скопје, 20-24.5.2009 година, Струмица.	1
	Учесник: Како до вистински избор, работилница, Скопје, стручен состанок во организација на Здружението на психијатри на Р.Македонија и Лекарската комора на Р.Македонија, Скопје, 13.3.2009 година.	1

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Учесник: Современи пристапи во дејноста на социјалните работници во областа на менталното здравје, 15-16.5 2008, Скопје, Здружение на социјални работници на град Скопје и ДААД-програма.	1
	Учесник: Развој на социјалните сервиси за потребите на граѓаните во локалната заедница, 11-12.9.2008 година, Скопје, Здружение на социјални работници на град Скопје и ДААД-програма.	1
	Учесник: Трансформација на конфликти, обука 8.5-20.6. 2008 година, Скопје, Здружение на социјални работници на град Скопје и ДААД-програма.	1
	Учесник: Common developmental disorders in children, seminar, 3-4.05.2001, Skopje, Pediatric Clinic.	1
	Учесник: Training of trainers, workshop, 22- 24.02.2001, Ohrid, Institute for sociological political and juridical research and CRFMS.	1
	Учесник: Вештини за деловно комуницирање, семинар, 26-28.1.2001, Скопје, Центар за обука и развој на кадри – КДС.	1
	Учесник: Training on Dealing with traumatic experiences form war and refugee life, trining,Ohrid, januari 2001, Admira- Netherland.	1
	Учесник: Социјален развој во локална заедница, работилница, 14-16.7.1999, Филозофски факултет, Национален центар за континуирано образование за социјален развој и Програма за развој на Обединети нации.	1
	Учесник: Македонскиот одговор на кризата, 13-14.5.1999, Филозофски факултет, национален центар за континуирано образование за социјален развој и Програма за развој на Обединети нации.	1
2.	**Одржување на вежби**	
	Социјална заштита на Р.Македонија, (3) (Институт за социјална работа и социјална политика), зимски семестар 2011/2012	0,9x3=2,7
	Социјална заштита, (2), (Институт за психологија), зимски семестар 2011/2012	0,9x2=1,8

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Тимска работа, (3), (Институт за социјална работа и социјална политика), V семестар, зимски семестар 2011/2012	0,9x3=2,7
	Тимска работа, (2), (Институт за социјална работа и социјална политика), VII семестар, зимски семестар 2011/2012	0,45 x2=0,9
	Социјална заштита, (1) (Институт за дефектологија), летен семестар 2011/ 2012	0,45
	Социјална заштита на Р. Македонија, (2), (Институт за социјална работа и социјална политика), зимски семестар 2012/ 2013 година	0,9x2=1,8
	Супервизија и евалуација во социјална работа, (2), (Институт за социјална работа и социјална политика), зимски семестар 2012/ 2013	0,9x2=1,8
	Социјална заштита, (2), (Институт за психологија), летен семестар 2012/2013	0,9x2=1,8
	Социјална заштита, (1) (Институт за дефектологија), летен семестар 2012/2013	0,45
3.	**Консултации со студенти**	**1.424**
	2011/2012 – 467	0,934
	2012/2013 – 245	0,49
	Вкупно:	**38,82**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Учесник во национален научен проект**	
	Соработник- истражувач, подготовка на Извештај за сиромаштија и социјална исклученост во Република Македонија за 2011 година, Проект за човекови права и социјална инклузија во Република Македонија, Институт за човекови права "Лудвиг Болцман"-БИМ-ФБ, Скопје.	3

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Координатор на Проектот за континуирана едукација на социјалните работници вклучени во здравствениот сектор во Република Македонија, реализиран од страна на Здружението на социјални работници на град Скопје, поддржан од страна на ДААД-програмата, 2008- 2012 година.	3
2	**Учесник во меѓународен научен проект**	
	Соработник на истражувачки проект: Common voice network project, спроведен од Македонското научно здружение за аутизам (МНЗА), а поддржан од страна на Hand in Hand Foundation – Hungary, 2009 година.	5
	Соработник во меѓународен научен проект: "Квалификациите на социјалните работници во социјалната работа во системот на ментално здравје, ДААД1-проект А04/20035, 2005-2013 година.	5
	Истражувач во проектот на ПЕВ Македонија- Проект за единствена визија (поддружница на WSP- International) од Женева, во партнерство со ООН) , 2003- 2004 година.	5
3	**Монографија**	
	Славица Гајдазис- Кнежевиќ, Снежана Пејковска- Димовска, Дафина Поповска, Душанка Црвенова, Весна Лазарова, **Владимир Илиевски,** Јагода Насковска, 50 години грижа за менталното здравје, ЈЗО Психијатриска болница "Скопје"- Скопје, 1955-2005 година	1,4
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	
	Vladimir Ilievski, Aleksandra Coneva, Coomunication with persons with mental disorders, Internatioanal scientifical Conference "The language of medicine- from its genesis to the culture and etnics of communication, 10-11.5.2012, Rijeka, Faculty of Medicine, University of Rijeka, (377-384).	1,5
	Vladimir Ilievski, Social exclusion of the people with mental disorders at the labour market in Republic of Macedonia, Media discourse of poverty and social exclusion, University Novi Sad, Faculty of Philosophy, 2011, Novi Sad, (181-187).	3

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Vladimir Ilievski, Suncica Dimitrijoska, The situation of social vulnerable groups in the labour market in Macedonia, Book of papers: International Conference "Dynamics of European Integration through Social Inclusion", University of Tirana, Department of Social Work and Social Policy, 8-9.10.2011, Tirana, (198-203).	1,5
	Vladimir Ilievski, The role of civil society in the system of social protection of disable person in the Republic of Macedonia, Modeli s radom s osobama s invaliditetom, International Conference in Mostar,14-15.9.2010, (319-329).	3
6.	**Труд со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание**	
	Bojana Jovanovska, **Vladimir Ilievski**, Social inclusion of the young people through labor market in Macedonia, Applied Social Sciences: Social Work, 2012, Cambridge Scholars publishing,(193-201).	2
7.	**Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција**	
	Vladimir Ilievski, Vaninstitucionalna zastita dece sa mentalnim smetnjama u razvoju u Republici Makedoniji, Zbornik rezimea: Aktuelnosti u edukaciju i rehabilitaciju osoba sa smetnjama u razvoju,Sabac,14-15.12.2012 godina, (114).	1
	Vladimir Ilievski, Macedonian platform against poverty and social exclusion, International Conference Media, Poverty and Social exclusion, Faculty of Philosophy, Department of Media stadies, Novi Sad, 2.06.2012 godina,(10)	1
	Bojana Jovanovska, **Vladimir Ilievski,** Social inclusion of young people through employment in Macedonia, ISSA- International journal of applied social sciences, VOLUMUL 1, 2012 (50-51).	1
	Владимир Трајковски, **Владимир Илиевски**, Студентите со инвалидност на македонските универзитети, Книга на апстракти: Регионална конференција на алумните од Програмата за развој на млад академски кадар(JFDP),22-24.11.2010, Охрид, (12).	1
	Vladimir Ilievski, Secound Forum of the project, Common Voice Network Project", Journal of Special Education and Rehabilitation, vol 10, January- June No1-2, Skopje, 2009 (102-104).	1
	Вкупно:	**39,4**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
Дејности од поширок интерес		
1.	**Студиски престој во странство: до 3 месеци**	
	13 - 26.9.2009, посета на установи од социјална заштита во градот Нирнберг и запознавање со системот на социјална заштита во Германија, во организација на Факултетот за социјална работа од Нирнберг и ДААД-програмата.	0,5
	7- **22.5.2006**, стручно усовршување во Клиниката „Нирнберг", како и пренесување на професионалното искуството во службите за ментално здравје во Сојузна Република Германија, организирана од страна на Факултетот за социјална работа од Нирнберг и ДААД-програмата.	0,5
	20.6.1998 - 25.7.1998, стипендист на Советот на Европа, Курс за професионално усовршување на германски јазик, Касел, Сојузна Република Германија.	0,5
2.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	
	Член на Организационен одбор, конференција: "Active ageing and International Solidarity", Faculty of Philosophy, Skopje, 19.06.2012, Австриска амбасада-Скопје, Филозофски факултет- Скопје, Фондација „Фридрих Еберт", Канцеларија Скопје.	1
	Член на Организационен одбор, конференција: Вонинституционална заштита во системот на социјална заштита, 17.6.2011, Скопје, Австриска амбасада- Скопје, Филозофски факултет- Скопје, Здружение на социјални работници на град Скопје.	1
3.	**Член на факултетска комисија**	
	Член на Пописна комисија (2012/2013)	0,5
	Член на Комисија за организација на Ден на високото образование на УКИМ, 24.4.2012 година	0,5

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Факултетска комисија за уписи на студенти 2011/2012	0,5
	Факултетска комисија за уписи на студенти 2012/2013	0,5
	Заменик член на Комисија за дисциплинска постапка на студенти, 2012 година	0,5
5.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи**	
	Член на Извршниот одбор на Македонската платформа против сиромаштија (МППС) 2011 година	1
	Член на Координативното тело за спроведување на програмата за социјална заштита при Министерство за труд и социјална политика, 2011	1
	Член на Македонското научно здружение за аутизам (МНЗА),2008 година	1
	Член на Извршниот одбор на Здружение на социјални работници на град Скопје, 2005 година	1
	Вкупно	**10,00**

Професионални референци на кандидатот за избор во звање	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	38,82
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	39,40
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	10,00
Вкупно:	**88,22**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р.

Проф. д-р Јован Пејковски, с.р.

Доц. д-р Наташа Богоевска, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА УЧЕБНИКОТ „ЕНДОДОНЦИЈА" ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО СТОМАТОЛОГИЈА

Наслов	Ендодонција
Автори	Доц. д-р Соња Апостолска, ас.д-р Василка Ренџова
Студиска програма	Содржините во учебникот „Ендодонција" се основна литература за студентите од студиската програма за доктори по дентална медицина, стручни стоматолошки сестри, специјализанти од таа област и постдипломски студии.
Се однесува на предметната програма	Претклиничка и клиничка ендодонција I
Покриеност на наставниот материјал	Со учебникот се опфатени сите предвидени наставни содржини за теоретска настава.
Семестар	Предметот претклиничка и клиничка ендодонција I на студиската програма за доктори по дентална медицина се слуша во VI и IX семестар.
Фонд на часови и ЕКТС- кредити	Предметот претклиничка ендодонција за доктори по дентална медицина е со вкупно 60 часа (15+45), а бројот на ЕКТС-кредити е 4; клиничка ендодонција I е со вкупно 90 часа (15+75), а бројот на ЕКТС-кредити е 4,5; дентална патологија за студуската програма за стручни стоматолошки сестри кој се слуша во III семестар е со вкупно часа 45 (15+30) и 5 ЕКТС-кредити.
Усогласеност со наставата	Содржината на учебникот одговара со наставната програма за дадениот предмет од првиот циклус студии за студентите по дентална медицина, но може да послужи и како дополнителна литература за студентите на Високата стручна школа за стручни стоматолошки сестри.
Време и акт на назначување на рецензентите	Со Одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за учебник донесена на 3 редовна седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, одржана на 31. 1. 2013 година.
Издание	Прво издание
Ревидирани сегменти од претходно издание	Нема
Исто или слично учебно помагало на Факултетот	На Факултетот постои учебник „Ендодонција", кој е од постар датум и не соодветствува во целост на новата наставна програма по предметот ендодонција.
Општи податоци за учебното помагало	Учебникот „Ендодонција" содржи 270 страници А4-формат, со огромен број на илустрации, табели, графички и шематски прикази.
Содржина	Поглавје 1

	Анатомија на забната пулпа - Анатомија, хистологија, функција, морфолошки карактеристики на коренските канали, регресивни промени Поглавје 2 Болка во оралната празнина Поглавје 3 Дијагностика во ендодонцијата Поглавје 4 Длабок кариес - Артефициелно отворање на пулпата - Фрактурирани и деструирани заби - Тераписки процедури Поглавје 5 Заболувања на забната пулпа - Пулпини воспаленија Поглавје 6 Лекување на заби со витална пулпа Поглавје 7 Некроза и гангрена на пулпа - Тераписки процедури Поглавје 8 Пародонциум и заболувања на периапикалните ткива - Периапикални ткива - Заболувања на апикалниот пародонт Поглавје 9 Терапија на апикалните пародонтити - Ендодонтска терапија на акутни пародонтити - Ендодонтска терапија на хронични пародонтити - Конзервативно хируршка и хируршка терапија на апикалните пародонтити Поглавје 10 Итен ендодонтски третман Поглавје 11 Репаративни процеси на апикален пародонциум Поглавје 12 Ендодонтски инструменти - Рачни инструменти - Машински инструменти - Техники на ширење на коренски канали - Ириганси во ендодонцијата

	Поглавје 13 Материјали за канална оптурација - Материјали за привремено полнење на коренски канали - Материјали за полнење на коренски канали - Пасти за оптурација на коренски канали - Техники на оптурација на коренски канали - Материјали со тераписки ефект и за ретроградно полнење Поглавје 14 Компликации во ендодонтската терапија - Грешки при дијагноза - Грешки и компликации при канална инсртументација - Грешки и компликации при канална оптурација - Компликации од медикаменти Поглавје 15 Ретретман и ендодонтска хирургија Поглавје 16 Едодонтски аспект на ресорпцијата на коренот на забот Поглавје 17 Рендген во стоматологијата Поглавје 18 Белење на заби со променета боја - Дисколорација на забите (витални и авитални) - Белење на ендодонтски третирани заби Поглавје 19 Реставрација на ендодонтски третирани заби
Предлози за корекции	Содржината на материјалот нема треба да се коригира како во квантитетот и квалитетот, така и од дополнување или исклучување на одделен текст.
Категоризација	Учебник
Општа педагошка оцена	Важно е да се истакне дека методските единици се напишани на осмислен начин и секоја од нив претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за теоретска настава по предметот. Материјата која ја обработиле авторите ја изнесуваат концизно, стручно и разбирливо. Ракописот е збогатен со илустрации и шематски прикази, што материјалот го прави полесно разбирлив за студентот. Општата педагошка оцена е дека овој ракопис целосно

	соодејствува за студентите и нивната едукација и треба да биде категоризиран во учебник по предметот ендодонција.
Заклучок	Материјалот е разработен детално и е надополнет со корисни илустрации кои се интегрирани во дидактичко-методското обликување на учебникот. Стилот на изразување е јасен и концизен што ќе овозможи студентите не само полесно, туку и подобро да ја совладаат наставната материја. Користената литература е од понов датум. Поради тоа што целосно го опфаќа наставниот материјал согласно со студиските програми за студентите на дентална медицина и студентите на програмата за стручни стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет, овој материјал во ракопис треба да биде категоризиран како учебник по предметот ендодонција. Врз основа на изнесеното, задоволство ми е овој ракопис да го поддржам и предложам да се отпечати како учебник по предметот ендодонција од авторите доц. д-р Соња Апостолска и ас.д-р Василка Ренџова на Стоматолошкиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“.

Рецензент
Проф. д-р Мирослава Стевановиќ с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА УЧЕБНИКОТ „ЕНДОДОНЦИЈА" ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО СТОМАТОЛОГИЈА

Наслов	Ендодонција
Автори	Доц. д-р Соња Апостолска, ас.д-р Василка Ренџова
Студиска програма	Содржините во учебникот „Ендодонција" се основна литература за студентите од студиската програма за доктори по дентална медицина, стручни стоматолошки сестри, специјализанти од таа област и постдипломски студии.
Се однесува на предметната програма	Претклиничка и клиничка ендодонција I
Покриеност на наставниот материјал	Со учебникот се опфатени сите предвидени наставни содржини за теоретска настава.
Семестар	Предметот претклиничка и клиничка ендодонција I на студиската програма за доктори по дентална медицина се слуша во VI и IX семестар.
Фонд на часови и ЕКТС- кредити	Предметот претклиничка ендодонција за доктори по дентална медицина е со вкупно 60 часа (15+45), а бројот на ЕКТС-кредити е 4; клиничка ендодонција I е со вкупно 90 часа (15+75); бројот на ЕКТС-кредити е 4,5; дентална патологија за студуската програма за стручни стоматолошки сестри кој се слуша во III семестар е со вкупно часа 45 (15+30) и 5 ЕКТС-кредити.
Усогласеност со наставата	Содржината на учебникот одговара со наставната програма за дадениот предмет од првиот циклус студии за студентите по дентална медицина, но може да послужи и како дополнителна литература за студентите на Високата стручна школа за стручни стоматолошки сестри.
Време и акт на назначување на рецензентите	Со Одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за учебник донесена на 3 редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, одржана на 31.1.2013 година.
Издание	Прво издание
Ревидирани сегменти од претходно издание	Нема
Исто или слично учебно помагало на Факултетот	На Факултетот постои учебник „Ендодонција" кој е од постар датум и не соодветствува во целост на новата наставна програма по предметот Ендодонција.
Општи податоци за учебното помагало	Учебникот „Ендодонција" содржи 270 страници А4-формат, со огромен број на илустрации, табели, графички и шематски прикази.
Содржина	Поглавје 1

	Анатомија на забната пулпа - Анатомија, хистологија, функција, морфолошки карактеристики на коренските канали, регресивни промени Поглавје 2 Болка во оралната празнина Поглавје 3 Дијагностика во ендодонцијата Поглавје 4 Длабок кариес - Артефициелно отворање на пулпата - Фрактурирани и деструирани заби - Тераписки процедури Поглавје 5 Заболувања на забната пулпа - Пулпини воспаленија Поглавје 6 Лекување на заби со витална пулпа Поглавје 7 Некроза и гангрена на пулпа - Тераписки процедури Поглавје 8 Пародонциум и заболувања на периапикалните ткива - Периапикални ткива - Заболувања на апикалниот пародонт Поглавје 9 Терапија на апикалните пародонтити - Ендодонтска терапија на акутни пародонтити - Ендодонтска терапија на хронични пародонтити - Конзервативно хируршка и хируршка терапија на апикалните пародонтити Поглавје 10 Итен ендодонтски третман Поглавје 11 Репаративни процеси на апикален пародонциум Поглавје 12 Ендодонтски инструменти - Рачни инструменти - Машински инструменти - Техники на ширење на коренски канали - Ириганси во ендодонцијата

	Поглавје 13 Материјали за канална оптурација - Материјали за привремено полнење на коренски канали - Материјали за полнење на коренски канали - Пасти за оптурација на коренски канали - Техники на оптурација на коренски канали - Материјали со тераписки ефект и за ретроградно полнење Поглавје 14 Компликации во ендодонтската терапија - Грешки при дијагноза - Грешки и компликации при канална инсртументација - Грешки и компликации при канална оптурација - Компликации од медикаменти Поглавје 15 Ретретман и ендодонтска хирургија Поглавје 16 Едодонтски аспект на ресорпцијата на коренот на забот Поглавје 17 Рендген во стоматологијата Поглавје 18 Белење на заби со променета боја - Дисколорација на забите (витални и авитални) - Белење на ендодонтски третирани заби Поглавје 19 Реставрација на ендодонтски третирани заби
Предлози за корекции	Во материјалот нема потреба од корекции во квантитетот и квалитетот на содржината, начинот на уредувањето на текстот, како и потреба од дополнување или исклучување на одделен текст.
Категоризација	Учебник
Општа педагошка оцена	Методските единици се напишани на осмислен начин и секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за теоретска и практична настава по предметот ендодонција. Авторите ја изнесуваат материјата концизно, стручно и разбирливо. Овој текст е поддржан со илустрации и шематски прикази, што материјалот го прави полесно разбирлив за студентот. Според тоа, општата педагошка оцена за ова учебно

	помагало е дека наполно соодветствува за едукација на студентите.
Заклучок	Ракописот содржи материјал што треба да послужи како учебник за студентите на студиската програма за доктори по дентална медицина при Стоматолошкиот факултет во Скопје. По обемот и содржината, учебникот во целост одговара на програмата на Стоматолошкиот факултет. Стилот на пишувањето е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите, за кои е наменет. Во учебникот се застапени голем број илустрации, табели и шеми што придонесуваат за подобар квалитет. Според тоа, задоволство е да се биде рецензент на ваков учебник, кој ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, успешно изучување на содржината. Од наведеното, мојот заклучок е дека овој учебник заслужува да биде позитивно рецензиран и затоа предлагам да биде објавен на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" воСкопје.

Рецензент
Проф. д-р Љупка Матовска с.р.

РЕЦЕНЗИЈА НА ТРУДОТ " БУЏЕТСКО ПРАВО" ОД АВТОРИТЕ Д-Р ВЕСНА ПЕНДОВСКА И Д-Р АЛЕКСАНДРА МАКСИМОВСКА ВЕЉАНОВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, бр.02-1539/159, донесена на седницата одржана на 24.10.2012 година, определен сум за рецензент на учебникот "Буџетско право", подготвен од авторите проф. д-р Весна Пендовска и проф. д-р Александра Максимовска Вељановски. По проучувањето на понудениот текст на учебникот, до членовите на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Трудот насловен „Буџетско право", согласно со насловот како и комплексната материја, претставува пионерско дело од оваа област во Република Македонија. Авторите се потрудиле материјата која има комплексен карактер и претежно правна содржина да ја збогатат со низа економски и политички и социјални аспекти и да ја обработат така што ќе одговара како на потребите на наставната содржина на предметот *буџетско право* на постдипломските студии, но и на предметот *буџетско и вонбуџетско финансирање* на докторските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Приложениот текст на ракописот има вкупно 440 страници, 197 фусноти, пишуван во компјутерска техника, на А4 - формат о проред 1,5. Материјата на текстот содржи предговор, содржина, основен текст на учебникот и користена литература. Авторите консултирале обемна литература, меѓу која најголем дел (повеќе од сто и седумдесет) отпаѓа на учебници, монографии и научни и стручни трудови, а потоа следат правни извори и бројни интернет-страници, од кои најважните се наведени заради користење од страна на читателите и во иднина.

Материјата на основниот текст на учебникот е поделена во три дела: општа теорија на буџетирањето, компаративно буџетско законодавство и буџетски систем на Република Македонија. Севкупно е распределена во дваесет глави.

Во делот за општа теорија на буџетирањето се обработени основните поими на буџетското право и теоретските постулати на буџетското право. Бидејќи станува збор за материја која за првпат се обработува во форма на учебник во нашата држава, авторите вложиле огромен труд и на мошне јасен и елоквентен начин ги изложиле сите поими кои се од значење за правилно разбирање на буџетското право. Буџетското право е објаснето и како гранка на правниот систем и како научна дисциплина. Има посебна глава која го расветлува начинот на финансирање на државата уште од најдалечното минато, па во историска перпективa до денес. Следат посебни глави за класичните и современите буџетски теории, елаборација на правната природа на буџетот во однос на стогодишното прашање "дали се работи за закон, управен акт, договор или sui generis акт на државата". Во овој дел припаѓаат и главите за буџетските

функции и принципи, како и засебна глава за буџетската политика. Мошне важно место зазема истражувањето и добиените теоретски и практични резултати за резултатски ориентираното буџетирање, нова буџетска методологија за која авторите посветиле посебна глава, а која се очекува да биде воведена во иднина во нашата држава како и во регионот на Југоисточна Европа.

Во делот за компаративно буџетско законодавство, искористен е методот од општо кон посебно, односно авторите ги обработиле сите релевантни прашања во врска со правната регулатива на буџетските системи и видовите буџетска контрола кои се применуваат во државите на ОЕЦД. Во овој дел, посебна глава е посветена на буџетот на Европската унија, со што на соодветен начин е заокружен компаративниот дел од трудот.

Во делот за буџетскиот систем на Република Македонија распоредени се десет глави. Најнапред е прикажан развојот на буџетскиот систем на нашата држава како членка на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, и тоа од периодот од 1946 до осамостојувањето во 1991 година. Потоа следат глави во кои се детално разработени правните и финансискоекономските карактеристики на буџетскиот систем во Република Македонија по реформата во 2001 година. Објаснето е воведувањето на значајни измени во буџетските институции (надлежности и меѓусебни односи и контрола), како и пристапување кон интегриран буџетски трезорски систем. Потоа следува засебна глава со детален приказ на буџетските приходи и расходи, како и нивна структурна класификација. Една од впечатливите глави е онаа која е посветена на институционалната рамка на буџетскиот систем, каде што за секој учесник (Владата, Собранието, Министерството за финансии, ресорните министерства и граѓаните) е објаснета улогата, односно буџетските надлежности, како и нивните меѓусебните релации. Потоа следува глава за правната рамка на буџетскиот систем, во која авторите поаѓаат од уставните норми за буџетирањето, па потоа ги објаснуваат основниот буџетски закон и буџетските норми кои се однесуваат на буџетирањето во Република Македонија. Буџетската постапка е сместена во засебна глава, каде што низ седум фази се објаснети сите процедурални елементи на буџетското право. Буџетските приходи и расходи се елаборирани во следната глава, при што е извршена поделба на фискалните приходи на различните нивоа на власт во Република Македонија и структура на буџетите. Трудот во овој дел изобилува со табеларни и графички прикази, во кои на шематски начин се приближуваат комплицираните буџетски односи, а се коментираат видовите на приходи и расходи кои имаат посебно значење за разбирање на буџетската политика. Користени се најнови податоци и мерења од 2012 година, со што овој труд има посебна вредност, бидејќи се објаснети низа мерки и новитети кои се случуваат како одговор на последната економска односно финансиска криза. Токму од тие причини, овој труд покрај теоретските и позитивноправните аспекти, кои го чинат подобен за учебник, со елаборацијата на низа актуелни прашања претставува интересно четиво и за почирокатa публика.

Намената, начинот на функционирање и организациската структура на трезорскиот систем во Република Македонија се обработени во засебна глава.

Авторите, иако станува збор за учебник по буџетско право, вложиле дополнителен напор и во посебна глава ги елаборирале вонбуџетското и фондовското буџетирање во Република Македонија, при што ја објасниле регулативата и практиката за финансирање на јавните потреби преку фондовите, согласно концептот на плурализам на вонбуџетските финансиски инструменти.

Контролата на буџетскиот систем е сместена во посебна глава, при што најнапред е извршена поделба според видовите контрола (според тоа дали се извршува од страна на законодавната или од страна на извршната власт), а потоа е пристапено кон елаборација на надворешната и внатрешната буџетска контрола. Посебен акцент е ставен на начинот на спроведување на контролата и најновите стандарди на државната ревизија, преку елаборација на надлежностите и методологијата која ја користи Државниот завод за ревизија на Република Македонија.

Како посебен сегмент на буџетскиот систем на Република Македонија, локалното буџетирање е сместено во претпоследната глава, при што авторите ги обласниле сите елементи на локалниот буџетирање, преку локалните буџетски приходи и расходи, процедуралните правила за изготвување, донесување и спроведување на општинските буџети и нивната контрола.

Последната глава од трудот е посветена на најискористуваниот нефискален извор на приходи во буџетот - јавниот заем, како од историски и теоретскоправен аспект, така и од позитивноправен аспект, согласно со последните законски измени за користење на јавниот заем.

Секоја од дваесетте глави е сочинета од точки, а пак тие се разгранети на потточки. Авторите се потрудиле да ја приближат буџетскоправната материја преку низа примери како од правата практика во Република Македонија, така и од компаративното законодавство. Притоа, секоја одделна точка во која се обработува засебно прашање, на крајот завршува со сублимиран текст во облик на дефиниции и поделби – наречен „запомни". Со тоа читателот добива не само скратено објаснување – погодно за помнење, туку однапред може да има увид за односното прашање и најважните заклучоци во однос на него. Водени од основната намена на овој труд – учебник за наставната дисциплина буџетско право, изготвени се и „прашања за дискусија" – сместени на крајот од секоја глава, со што се отвораат низа интересни теми поврзани како со претходно изложената материја, така и со актуелната буџетскоправна проблематика, чии одговори се наоѓаат како во учебникот така и во законските прописи.

Учебникот е подготвен со користење главно на позитивноправниот и теориски пристап во обработката на предметната проблематика. Имено, излагањето на материјата (посебно во третиот дел) го следи текстот на соодветните закони и други прописи, така што во фусноти се наведени законските и подзаконските извори на секој навод или став кој е обработен. Овој пристап е успешно усогласен со соодветна мера на теориски разгледувања на одделните поими и институти. Во доволна мера се присутни и историскиот, споредбениот и емпириски пристап, но секако не преовладуваат.

Трудот е напишан на чист литературен македонски јазик, со јасни искази, формулации и заклучоци. Доследно е користена правната и посебно финансископравната терминологија, што во теоријата и практиката на буџетското право има посебно значење.

Со цел читатетлите (претежно студентите на постдипломските и докторските студии) да бидат во чекор со колегите од други факултети во светот каде што се изучува буџетското право, секаде каде што тоа било возможно, поимите се изложени и на англиски јазик (со превод), а пак називите на сите автори чии учења и ставови се посебно нагласени во учебникот - се дадени како на македонски јазик така и во оригинална транскрипција.

Од аспект на намената на трудот како учебник мошне е важно да истакнеме дека материјата е презентирана на разбирлив начин, со разумна мера на дескрипции и експликации.

Трудот по својата структура и содржина одговара на потребите за совладување на материјата и подготвување на испитот по предметот буџетско право на магистерските студии, како и предметот буџетско и вонбуџетско финансирање на јавните потреби на докторските студии, а е погоден и како дополнителна литература за други предмети на магистерските и докторските студии студиите (на пример, на предметите буџетска политика и контрола на финансирањето). Истовремено, трудот изобилува со најнови теоретски и компаративни сознанија од буџетскоправната доктрина, кои се погодни за подготвување на истражувачки трудови на студентите на различни предмети.

Со подготвување на овој учебник, правната литература од областа на буџетското право е побогата уште за едно исклучително системско дело. Презентирањето на буџетскоправната материја и одредени правни, но и економски феномени може да биде прилично сувопарна работа, но не и за оние што длабоко навлегле во најсуптилните проблеми на оваа доктрина. Своето богато знаење и искуство, авторите лесно и умешно го проткајале низ секој ред на трудот, кој се одликува со ред и конзистентност.

Врз основа на наведените карактеристики и квалитети на понуденият текст на трудот „Буџетско право" од авторите: проф. д-р Весна Пендовска и проф. д-р Александра Максимовска Велјановски, задоволство ми е да му препорачам на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го усвои овој труд како учебник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Скопје, 24.6.2013 година

Рецензент

Проф. д-р Борче Давитковски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА НА ТРУДОТ " БУЏЕТСКО ПРАВО" ОД АВТОРИТЕ Д-Р ВЕСНА ПЕНДОВСКА И Д-Р АЛЕКСАНДРА МАКСИМОВСКА ВЕЉАНОВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, бр.02-1539/159, донесена на седницата одржана на 24.10.2012 година, определен сум за рецензент на учебникот "Буџетско право.

Во својство на рецензент на учебникот „Буџетско право", подготвен од авторите проф. д-р Весна Пендовска и проф. д-р Александра Максимовска Вељановски, на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, му го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Приказ на трудот

Ракописот насловен „Буџетско право", од авторите проф. д-р Весна Пендовска и проф. д-р Александра Максимовска Вељановски се состои од 420 страници компјутерски подготвен текст, со стандарден проред и големина на буквите (фонт), а распореден во предговор и три дела. Деловите се поделени на дваесет глави, кои понатаму се делат на точки, разделени на потточки. На крајот од текстот е користената литература, која е исклучително обемна, а доминираат странски (претежно на англиски јазик од понов датум) монографии, учебници и научни трудови, како и низа правни извори и користени веб-страници.

Во првиот дел со наслов „**Општа теорија на буџетирањето**", опфатени се вкупно осум глави. Започнувајќи од поимот на буџет, па потоа продолжувајќи со буџетското право во историска перспектива, авторите ги обработиле најзначајните постулати на оваа нова, млада правна дисциплина.

Вложен е огромен труд, во кој со крајна сериозност од една страна, академска прецизност од втора, а пак на едоставен и разбирлив начин за студентите од трета страна, се објаснува буџетското право како правна гранка и како научна дисциплина. Во посебни глави се обработени прашања во врска со правната природа на буџетскиот акт, функциите и задачите кои се остваруваат преку буџетот, како и значењето и местото на буџетската политика. Една од најинтересните глави секако, е онаа насловена како „Резултатски ориентирано буџетирање", каде што е објаснета сосема нова методологија на буџетирање, која засега се применува само кај лидерите во буџетските реформи, а пак претставува новитет во модерната буџетска теорија, односно иднина во буџетската практика.

Во вториот дел, насловен „Компаративно буџетско законодавство", се содржани деветтата и десеттата глава. На мошне приемчив начин се обработени повеќе важни прашања од буџетското право (кој е носител на објективни и субјективни буџетски права, кои се нормативни буџетски решенија, какви видови облици на буџетска контрола се јавуваат), во различни држави-членки на ОЕЦД, при што е искористен методот од општо кон посебно, односно авторите ги компарираат сите релевантни прашања во врска со правната регулатива во

различните буџетските системи во десетици држави. Во овој дел, сосема одвоена е главата за Буџетот на Европската унија, каде што се објаснети буџетските приходи и расходи, процедуралните правила за донесување и извршување на Буџетот на ЕУ и системот на контрола.

Третиот дел од ракописот е најобемен, со наслов „Буџетски систем на Република Македонија. Материјата е распределена во десет глави.

Најнапред е прикажан развојот на буџетскиот систем на Република Македонија во рамките на СФРЈ (1946-1991), а потоа следат глави во кои се детално разработени правните и финансискоекономските карактеристики на буџетската реформа во 2001 година. Во следните глави се обработени прашања за буџетските приходи и расходи, а дадени се низа примери, графички и табеларни прикази. Материјата која изобилува со низа економски аспекти е сосема доближена до идните студенти на правните студии, како дипломски, така постдипломски и докторски. Користени се најнови податоци и мерења од 2012 година, со што овој труд има посебна вредност, бидејќи се објаснети низа мерки и новитети кои се случуваат како одговор на последната економска, односно финансиска криза. На тој начин оваа материја е погодна за читателите заинтересирани за буџетското право, но истовремено и за буџетската политика.

Во посебни глави на детален начин се опишани институционалната и правната рамка на буџетирањето, со експликација на сите инволвирани субјекти во буџетскиот процес и нивните заемни односи, врз основа на уставни норми и буџетски прописи.

Буџетската постапка е сместена во засебна глава, во која се објаснети сите фази, а пак засебно место е дадено на трезорскиот систем кој во Република Македонија успешно функционира уште од 2001 година. Во посебна глава се претставени фондовите и начинот на кој се врши финансирање на различни јавни потреби во Република Македонија, при што авторите сосема задоволително ги обработиле како историските така и тековните прашања кои се мошне актуелни од аспект на наменско и правилно искористување на вонбуџетските финансиски инструменти.

Во последните три глави се обработени нагорливите прашања од аспект на современото буџетирање, а тоа се контролата на буџетскиот процес (надворешната и внатрешната), локалното буџетирање - независен, но компактибилен дел од севкупниот буџетски систем, како и јавниот заем. Со тоа се дава заокружување на третиот дел од трудот, при што авторите не се двоумеле да се впуштат и во академска расправа на наосетливите прашања поврзани со задолжувањето како начин за надворешно финансирање на буџетот, што претставува предмет на најконтроверзните како од теоретски така и од практичен аспект, прашања од актуелната, не само домашна туку и светска буџетска политика, во услови на опоравување од финансиската криза.

2. Оцена на трудот

Секоја од дваесетте глави на трудот има соодветно место и секој од насловите кореспондира со содржината, при што соодветно е користен историскиот, теоретскоправниот, компаративниот и позитивноправниот метод. Најголема придобивка од овој труд е што тој обработува една многу важна материја, претходно недоволно разработена од правен аспект, што говори за исклучително сериозниот академски труд вложен во трудот.

Од аспект на читателите, мошне е позитивно што секоја точка и потточка завршува со дел насловен „запомни", а пак читателот на крајот од секоја глава се сретнува со прашања за идна дискусија или разработка во истражувачки труд. На тој начин, овој ракопис дава сублимирани знаења од една, елаборации и академски знаења од втора, а пак инспирација за идни дискусии од трета страна.

Според изворите кои се цитирани и користени во обработката на прашањата, јасно е дека се работи за мошне сериозен пристап во обработката на буџетското право, принципите на буџетирањето и буџетската контрола, како во теоретски, така во позитивноправен аспект, збогатен со примери од практиката.

На прегледен, јасен начин, со мошне разбирлив стил објаснети се и заокружени сите прашања од буџетскоправната материја, а истовремено следени се сите нови текови во светската наука, при што се доближени до македонската наука и практика.

Врз основа на гореизложеното, му се заблагодарувам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на укажаната доверба да бидам рецензент од Правниот факултет во Загреб, Република Хрватска, а **притоа ми претставува особено задоволство да му предложам да донесе одлука за објавување на трудот „Буџетско право" од авторите проф. д-р Весна Пендовска и проф. д-р Александра Максимовска Велјановски, како учебник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.**

Загреб, 21.6.2013 година

Рецензент

Доц. д-р Тереза Рогић Лугарић, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „**ЕФЕКТОТ НА ПРОБИОТИКОТ ENTEROCOCCUS FAECIUM DSM 7134 - БОНВИТАЛ ВРЗ БИОХЕМИСКИОТ СТАТУС ПРИ Т-2 МИКОТОКСИКОЗА КАЈ БРОЈЛЕРИ**“ ОД М-Р КАТЕРИНА БЛАГОЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на својата редовна седница одржана на 17.VI 2013 година, донесе одлука бр. 0201-2413/4 од 17.VI 2013 година со која формира Комисија за оцена и одбрана на изработена докторска дисертација, во следниов состав:

1. д-р Велимир Стојковкси – редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
2. д-р Божидарка Гошиќ-Марковска – редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во пензија;
3. д-р Флорина Поповска-Перчиниќ, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
4. д-р Ристо Проданов - редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
5. д-р Игор Улчар - вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Комисијата, по разгледувањето на доставеното материјал, го поденсува следниот:

ИЗВЕШТАЈ

М-р Катерина Благоевска, вработена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, самостојно или со соработници, досега има објавено 46 научни трудови, кои се од областа на ветеринарната биохемија, поконкретно од нутритивната биохемија, со што се има здобиено со големо искуство пред започнувањето на изработката на приложената дисертација.

Докторската дисертација „Ефектот на пробиотикот Enterococcus faecium DSM 7134 - Бонвитал врз биохемискиот статус при Т-2 микотоксикоза кај бројлери“ е напишана на 137 страници, со 8 табели, 32 слики и 23 графикони. Таа ги содржи следните поглавја: Вовед, Цел на испитувањето, Материјал и методи, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Литература.

Во **воведниот** дел, кандидатката укажува на значењето на микотоксините како неизбежни контаминенти во храната за луѓето и животните и ги наведува најзначајните микотоксини кои природно се присутни во храната и добиточната храна, а во кои спаѓа и тестираниот Т-2 токсин. Во првиот дел од воведот, кандидатката на детален и јасен начин, поткрепен со опсежни литературни податоци, ги опишува ефектите на микотоксините: цитотоксичност, генотоксичност, хепатотоксичност, невротоксичност ефект, тератогеност и имуносупресивност. Во вториот дел од воведот, кандидатката се осврнува на можните решенија за намалување на последиците од дејството на микотоксините. Најмногу се задржува, и на детален и јасен начин, ги објаснува ефектите од употребата на пробиотиците, како едни од можните решенија во спречувањето и/или намалувањето на штетните ефекти од микотоксините. Објаснети се и начините на дејствување на пробиотските бактерии во организмот. При тоа, изнесени се најновите сознанија, кои потоа се користени во делот на дискусијата на сопствените резултати

Во поглавјето **Цел на истражувањето**, кандидатката ги објаснува појдовните факти битни за истражувањата кои се направени во докторската теза. Со конкретни податоци поддржано е објаснувањето за интересот од испитување на ефектите од употребата на пробиотиците во Република Македонија, особено нивната употреба кај различните микотоксикози. Затоа, во истражувањето испитан е ефектот од администрација на реномиран и ЕУ регистриран едносоен пробиотик - Enterococcus faecium DSM 7134, врз токсиколошкото дејство на различни концентрации на Т-2 микотоксинот во храната. Оттука, произлегува и главната цел, а тоа е да се докаже сигнификантноста од употребата на пробиотиците во бројлерското производство во секојдневната практика, преку следење на здравствената состојба, биохемиски и патохистолошки параметри, како и следење на најважните критериуми за проценка на економските перформанси во интензивното бројлерско производство.

Во поглавјето **Материјал и методи**, кандидатката детално го објаснува експерименталниот дел на анималниот модел користен во истражувањето. Шематски и на сликовит начин е прикажана динамиката на изведување на експериментот. Кандидатот прецизно и јасно ја дефинира поделбата на групите, и тоа: К-контрола; Т2/1-група со пониска концентрација на токсин (0,125 mg/пиле/ден); Т2/2-група со повисока кнцентрација на токсин (0,250 mg/пиле/ден); П-група само со пробиотик (Enterococcus faecium DSM 7134); П+Т2/1-пробиотик и помала концентрација на токсин и П+Т2/1/-пробиотик и повисока концентрација на токсин. Секојдневно е следена општата состојба и мерена е телесната маса на пилињата од сите групи. Биохемиските параметри во серум се одредувани на 24 ч и 72 ч по апликација на првата доза на Т-2 токсинот. Крв за одредување на маркерите на липидна пероксидација, промените во ткивните антиоксиданси, како и примероци од ткива за хистопатолошките анализи, земени се на денот на жртвување на пилињата, односно 72 ч по апликација на првата доза на токсинот. Жртвувањето е вршено со етерна анестезија, согласно со пропишаните процедури од Законот за благосостојба на експериментални животни. Анализите на биохемиските параметри се вршени на биохемиски автоматски анализатор Hitachi 902 (*Roche, Германија*) со комерцијални дигајностички китови на *Human*, Германија. Вршени се следниве анализи: вкупните протеини, албумини, вкупни липиди, триглицериди, холстерол, HDL-холестерол, LDL-холестерол, уреа, креатинин, мочна киселина, аспартат аминотрансфераза, аланин аминотрансфераза, алкална фосфатаза, гама-глутамилтрансфераза, лактат дехидрогеназа и креатин киназа.

Анализите за ткивните антиоксиданси во хомогенат од хепар се работени според методот на Winterbourn и сор., (1975), со комерцијален кит за детерминација (19160-1KT-F, *Sigma-Aldrich, Germany*) за супероксид дисмутазата, додека вкупниот глутатион е работен со комерцијален кит (CS0260, *Sigma-Aldrich, Germany*) во согласност со методот опишан од Akerboom и сор., (1981). Маркерите за липидната пероксидација, TBARS (тиобарбитуратни реактивни супстанции), се одредувани според методот опишан од Okhawa и сор., (1978), и модифициран од страна на Draper и Hadley (1990). Хистопатолошките анализи се вршени со стандардна хистолошка постапка за обработка и боење на ткивата. Резултатите добиени во ова истражување беа статистички анализирани со софтверската апликација за анализа на податоци StatSoft, Inc. (2008), Statistica 8.0.

Во поглавјата **Резултати и Дискусија**, добиените наоди кандидатката ги прикажува со 8 табели, 32 слики и 23 графикони. Толкувањето на резултатите кандидатката јасно и темелно ги објаснува и ги потрекпува со податоци од цитираната литература.

Во делот за општата слика на пилињата, кандидатката дава информации за текот на целото времетраење на експериментот: следење на нивната здравствена состојба и појавите како резултат од апликацијата на токсинот. Во тек на наведениот мониторинг следено е: консумирањето на храна и вода, реакциите при манипулација фаќање, изглед на изметот, движење, изглед на пердувите, растот на пердувите на крилата и опашот, дневниот прираст. При апликација на Т-2 токсин независно од администрацијата на пробиотик, освен заостанување во растот особено кај групата со повисока доза на токсин и без пробиотик, други видливи промени не се забележани. Кај некои пилиња од групата Т2/2 забележан е кашест или редок пролив со темно кафена боја.

Администрацијата на пробиотик предизвикува сигнификатно зголемување на телесната маса во однос на контролата, како и во однос на групите со аплициран токсин и пробиотик независно од концентрацијата. Во однос на контролата, констатирано е сигнификанто намалување на концентрацијана на вкупните протеини и албумини кај групите Т2/1 и Т2/2.

Констатирана е: зголемена активности на AST, ALP и GGT, покачена концентрација на кретинин и мочна киселина, по 72 часа од апликацијата на првата доза на повисоката концентрација на токсинот. Според добиените резултати, кандидатката заклучува дека овие параметри претставуваат осетливи индикатори за токсичниот ефект на Т-2 врз црниот дроб и бубрезите. Пролонгираната експозиција на дејството на повисоката концентрација на Т-2 токсинот и пробиотикот независно еден од друг, ја намалува концентрацијата на триглицеридите, вкупниот и LDL-холестеролот во серумот на пилињата. Независно од апликацијата на токсинот, администрацијата на пробиотик го зголемува нивото на HDL-холестеролот во серумот на пилињата. Што се оденсува до ефектот на пробиотикот, негова пролонгирана администрација го забавува покачувањето на нивото на креатининот и мочната киселина во групите со аплициран токсин и пробиотик во однос на групите само со токсин. Независно од администрацијата на токсин и/или пробиотик, присутни се и значајни промени во релативната маса на црниот дроб-зголемување и атрофија на тимусот. Промените во релативната маса се незначителни кај жлездестиот и мускулниот желудник, срцето, бурзата, бубрег, дуоденум и панкреасот.

Апликацијата на повисоката концентрација на токсин го зголемува нивото на липидните пероксиди во ткивен хомогенат од црн дроб, и истовремено ги намалува вредностите на супероксид дисмутазата и вкупниот глутатион. Пробиотикот ги зголемува вредностите на ткивните антиоксиданси во групата само со пробиотик во однос на контролата. Во групите каде што е аплициран само токсин, администрацијата на пробиотик го забавува намалувањето на вредностите на вкупниот глутатион и супероксид дисмутазата.

Патохистолошката анализа кај групите на кои им е аплициран Т-2 токсин покажува промени во црниот дроб (губење на структурата на хепатоцитните лобуси, некротични промени, деструкција на лобуларната градба, инфилтрација на мононуклеарни клетки во интерлобуларниот простор, масна дегенерација) и во бубрезите (задебелување на Bowman-овата мембрана и лимфоцитна инфилтрација во бубрежните гломерули, зголемени клетки на проксималните тубули, паренхиматозна дегенерација на тубуларниот епител, интерстициелен нефрит). Евидентираните промени се со послаб интензитет кај групата со помала концентрација на Т-2 токсин. Што се оденсува до хистопатолошката анализа на дуоденум, кај групите со аплициран тоскин не се евидентирани промени во морфологијата на дуоденумот. Патохистолошката анализа на црниот дроб и

бубрезите покажа дека администрацијата на пробиотик дејствува на репарација на настанатите промени предизвикани од токсинот.

Во делот **Литература,** кандидатката наведува 325 референци на литературни податоци од најнови истражувања од оваа област.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во предложената докторска дисертација, м-р Катерина Благоевска за првпат во Република Македонија го испитува ефектот на терапијата на микотоксикозите со употреба на пробиотици. Тоа самото по себе му дава значење и посебно место на ова истражување во ветеринарната медицина и во производството на здрава храна за животните и луѓето. Врз основа на наодите на ова истражување, како и од литературните податоци, се добива јасна слика од која произлегува препораката за употребата на пробиотиците во бројлерското производство уште од првиот ден на вселување во објектите. За комплетна имплементација на добиените резултати во практиката, неопходно е обезбедување услови за благосостојба на животните согласно законските норми, при што се неопходни и одредени законски регулативи на ниво на државата.

Врз основа на изнесеното, Комисијата смета дека трудот **„Ефектот на пробиотикот Enterococcus faecium DSM 7134 - Бонвитал врз биохемискиот статус при Т-2 микотоксикоза кај бројлери "**, поднесен од кандидатката м-р Катерина Благоевска, претставува оригинален научен труд, кој ќе биде значаен не само за науката, туку и за секојдневната производна практика како во интензивното бројлерско производство, така и во другите сточарски гранки.

Од тие причини, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, поднесениот труд **„Ефектот на пробиотикот Enterococcus faecium DSM 7134 - Бонвитал врз биохемискиот статус при Т-2 микотоксикоза кај бројлери"**, од м-р Катерина Благоевска, да го прифати **извештајот** од оцената на докторската дисертација и да одреди датум за јавна обрана.

КОМИСИЈА

1. Д-р Велимир Стојковски – редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

2. Д-р Божидарка Гошиќ-Марковска – редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во пензија, с.р.

3. Д-р Флорина Поповска-Перчиниќ, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

4. Д-р Ристо Проданов - редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

5. Д-р Игор Улчар - вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *„ДЕТЕКЦИЈА И ТИПИЗАЦИЈА НА ЛАКТОБАЦИЛИ ОД АВТОХТОНИ ВИНСКИ СОРТИ ГРОЗЈЕ И ВИНА ОД ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИНХИБИЦИЈАТА НА LISTERIA MONOCYTOGENES ВО СИСТЕМИ СО ГОВЕДСКО МЕЛЕНО ОБЛИКУВАНО МЕСО*' ОД М-Р ИРЕНА ЕРАКОВИЌ-ТОКАЛИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ,

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на својата редовна седница одржана на 13.V.2013 година, донесе одлука за формирање Комисија за одбрана на поднесената дисертација во следниов состав:

1. проф. д-р Павле Секуловски
2. проф. д-р Ристо Проданов
3. проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу
4. проф. д-р Ромел Велев
5. доц. д-р Деан Јанкулоски,

со задача да даде оцена на докторската дисертација *„Детекција и типизација на лактобацили од автохтони вински сорти грозје и вина од тиквешкиот регион и нивното влијание врз инхибицијата на Listeria monocytogenes во системи со говедско мелено обликувано месо„*, изработена од м-р Ирена Ераковиќ-Токалиќ. По опстојниот преглед на доставената дисертација, комисијата му го доставува на Наставно-научниот совет следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација "*Детекција и типизација на лактобацили од автохтони вински сорти грозје и вина од тиквешкиот регион и нивното влијание врз инхибицијата на Listeria monocytogenes во системи со говедско мелено обликувано месо*", е напишана на 112 страници, со 24 таблици, 24 графикони и 5 слики. Таа е поделена во 9 поглавја: Вовед, Преглед на литература, Цели и задачи, Материјал и методи, Резултати, Дискусија, Заклучоци, Преглед на литература и Прилог (анекс 1).

1. ***Вовед.*** Во воведот се изнесени општите својства на лактобацилите и нивното бактериостатско или бактерицидно влијание врз непосакуваните патогени микроорганизми и нивните метаболички продукти кои ја контаминираат храната. Авторката се осврнува на големиот интерес во научните кругови за улогата на млечнокиселинските бактерии како биолошка заштита на прехранбените производи, а особено за начинот на нивната примена во процесот на преработката. Истакната е улогата на *Listeria monocytogenes* како причинител на сериозно заболување на луѓето и животните, познато како листериоза, кое се јавува во различни форми и не ретко завршува фатално.

2. ***Преглед на литературата.*** Во ова поглавје кандидатката Ирена Ераковиќ-Токалиќ има опфатено повеќе од 100 автори кои ја обработуваат

тематиката на млечно киселинските бактерии, нивните метаболички продукти и нивната улога во супресијата на патогените микроорганими. Механизмите на инхибиторната активност и протективната улога на изолираните млечно киселиски бактерии се детално објаснети. Истовремено ја има опишано и морфологијата, метаболизмот и биохемиските својства на *Listeria monocytogenes*. Голем дел од прегледот се однесува на присуството на *Listeria monocytogenes* во месото и производите од месо и проблемите кои таа ги претставува за модерната прехранбена индустрија. Вака изнесените податоци се многу детално употребени во дискусијата на сопствените резултати на крајот на овој текст.

3. ***Цел и задачи.*** Во ова поглавје се изнесени поставените цели и задачи на испитувањата, а тоа се: изолација на МКБ во различни вински сорти грозје и вина, одредување на интензитетот на инхибиторната активност на МКБ врз *L.monocytogenes*; одредување на инхибиторна активност на МКБ врз *L.monocytogenes* и *L.inocua* во модел на говедско обликувано месо при складирање на различни температури; споредба на инхибиторната активност на МКБ врз *L. monocytogenes* и врз *L. innocua* во модел на говедско обликувано месо; следење на микробиолошките, физичко-хемиските и сензорните промени на моделот на говедско обликувано месо инокулирано со МКБ и тест-микроорганизми за време на складирањето.

4. ***Материјал и методи на работа.*** Во овој дел се опишани материјалите и методите кои биле користени при изработката на дисертацијата. Вкупно 8 различни сорти грозје и 50 различни видови вино (100 мостри) биле тестирани со цел да се изолираат млечнокиселински бактерии. Изолацијата на МКБ била вршена на MPC-бујон и MPC-агар. Идентификацијата на *Lactobacillus* родот и сродните микроорганизми била вршена со помош на API 50 CHL Medium. Ферментативниот (биохемиски) профил на изолатот бил идентификуван со употреба на Apiweb-софтвер. Изолирањето на полупрочистениот бактериоцин од *Lactobacillus paracasei spp paracasei* било вршено со метода на заситена преципитација со амониумсулфат, според протоколот на Schillinger и Lucke. Броењето на колониите на *Listeria monocytogenes* било спроведувано според референтниот ISO-метод „Хоризонтален метод за детекција и енумерација на *Listeria monocytogenes* - Дел 2: Енумерација“ ISO 11290-2:1998/Amd 1. 2004. Испитувањето на инхибиторната активност на млечнокиселинските бактерии врз *L.monocytogenes* и *L.innocua* во модел на говедско обликувано месо било тестирано при складирање на две температури и тоа 4°C и 7°C. При тоа секојдневно во период од 10 дена биле земани примероци за одредување на бројот на *L.monocytogenes* и *L.innocua*, бројот на млечнокиселински бактерии и вкупниот број на аеробни мезофилни бактерии. Истовремено била вршена и сензорна анализа и била мерена pH-вредноста на месото.

5. ***Резултати.*** Резултатите од испитувањата се презентирани во 19 таблици, 23 графикони и 3 слики.

Од вкупно испитаните 8 различни сорти грозје не биле изолирани лактобацили. Од грозјето биле изолирани само квасци и мувли и *Lactoccocus lactis ssp lactis*. За разлика од грозјето во испитаните 100 мостри вино, лактобацили биле успешно изолирани во 28 (28%) примероци. При првото узоркување било востановено дека најзастапен вид е *Lb.plantarum*, и тоа во сите

6 примероци со процентуална застапеност од 12%, додека *Lb. paracasei* бил изолиран во 3 примероци (6%), *Lb. brevis* во 2 примероци (4%), а *Lb. curvatus, Lb. delbrueckii, Lb. hilgardii, Lb.acidophilus* и *Cb.maltaromaticum* во само по еден примерок со процентуална застапеност од 2%. При втората достава, додека виното било во фаза на малолактичка ферментација, од вкупно 50-те различни вина лактобацили биле изолирани од 22 примероци. Во овој случај биле изолирани и други нови видови на лактобацили, а воедно биле изолирани и лактобацили во вина кај кои при првата анализа не биле добиени изолати. Повторно било утврдено дека најзастапен лактобацил е *Lb. plantarum*, и тоа во 20 (40%) проби, *Lb. paracasei ssp paracasei* во 9 (18%) проби, *Lb. brevis* во 4 (8%) проби, *Lb. hilgardii* во 2 (4%) проби, *Lb. curvatus* во 3 (6%) проби, *Lb. delbrueckii ssp delbrueckii* во 2 (4%) проби, *Lb. acidophilus* во 1 (2%) проба и *Carnobacterium maltaromaticum* во 1 (2 %) проба.

Сите изолати на МКБ од вино биле тестирани со цел утврдување на нивната инхибиторна активност врз *L.monocytogenes*. Само *Lactobacillus paracasei spp. Paracasei,* изолиран од ризлинг, и *Carnobacterium maltaromaticum,* изолиран од Pinot noir, покажале зона на инхибиција на подлогата со *L. monocytogenes*. Заради утврдување на нивниот механизам на инхибиција врз *L. monocytogenes* било вршено изолирање на полупрочистен бактериоцин. Успешна изолација била постигната кај *Lactobacillus paracasei spp paracasei* што укажува дека инхибиторното дејство врз *L.monocytogenes* се должи на бактериоцин. Поради недостиг на бактериоцин, авторката смета дека антилистерискиот ефект на *Carnobacterium maltaromaticum* е резултат на неспецифични метаболитички продукти како органски киселини, ензими, нискомолекуларни метаболити.

Бактериоцинот изолиран од *Lb.paracasei* покажал активност при максимално разредување од 1:32, што одговара на апсолутната јачината на изолираниот бактериоцин сса 640 AU/ml (арбитарни единици). Идентични резултати се добиени и за јачината на бактериоцинот на контролниот сој на *Lb.sakei I 151.*

Инхибиторната активност на двата изолата како и на контролниот сој на *Lб.sakei I 151* врз *L.monocytogenes* и *L.innocua* биле испитувани со инокулација во модели на говедско обликувано месо. Бројот на *L.monocytogenes* во контролниот примерок без МКБ, при складирање на 4°C од почетните 3,415 log CFU пораснал до 5-тиот ден кога ја достигна максималната вредност за потоа благо да опаѓа и последниот, односно 10-тиот ден да ја достигне вредноста слична на почетната. Бројот на *L.monocytogenes* во останатите примероци со инокулирани МКБ за време на складирањето опаднал, при што примероците со инокулирани *Cb.maltaromaticum* и *Lb.paracasei* поодделно достигнале максимална вредност 2-иот ден, која потоа се намалила, додека за примерокот со инокулирана *Lb.sakei I151* максималната вредност го достигнал првиот ден. Така, последниот ден на складирањето бројот на *L.monocytogenes* во примероците со инокулирана *Cb. maltaromaticum* бил намален за 0,43 log CFU во однос од почетното ниво; во примероците со инокулиран *Lb.sakei I151* бројот на *L.monocytogenes* бил намален за половина логаритамска единица, а во примероците со инокулиран *Lb. paracasei* бил намален за 0,43 log CFU.

Бројот на *L. monocytogenes* во контролниот примерок, без додадена бујонска култура на МКБ, при складирање на 7°C од почетните 3,411 log CFU пораснал и 10-тиот ден ја достигнал вредноста поголема од почетната за 0,83 log CFU. Бројот на *L.monocytogenes* во останатите примероци со инокулирани МКБ како заштитни култури за времето на складирање покажал тенденција на

раст. Примероците со инокулиран *Cb.maltaromaticum* ја достигнале максималната вредност за бројот на *L. monocytogenes* 9-тиот ден, кој потоа опаднал, додека за примероците со *Lb.sakei* I151 и *Lb.paracasei* максималната вредност ја достигнале 10-тиот ден. Така, последниот ден на складирање бројот на *L.monocytogenes* во примероците со инокулиран *Cb.maltaromaticum* бил зголемен за 0,48 log CFU во однос од почетното ниво, додека во примероците со инокулирани *Lb.sakei* I151 и *Lb.paracasei* бил зголемен за 0,5 log CFU.

Инхибиторната активност на МКБ врз *L.innocua* при температура од 4°C била нешто подобра отколку кај *L.monocytogenes*, додека при 7°C вредностите биле скоро идентични.

При следење на бројот на вкупни аеробни бактерии во примероците без инокулирани заштитни култури при складирање на 4°C, утврдено било зголемување за околу 2,15 логаритамски единици, додека во примероците со инокулиран *Cb.maltaromaticum* зголемувањето било за 1,79 log CFU/gr, со *Lb.sakei I* 151 за 1,85 log CFU/gr и со *Lb.paracasei* за 1,98 log CFU/gr, но, сепак, крајните вредностите за вкупниот број на аеробни бактерии биле пониски отколку во примероците без додадени заштитни култури. Слични вредности биле добиени и при складирање на температура од 7°C.

Бројот на млечнокиселинските бактерии при складирање на месото на 4°C, континуирано растел се до 10-тиот ден кога се зголемил за 2,31 log CFU/gr во примерокот со инокулирана *Cb.maltaromaticum*, за 2,41 log CFU/gr со *Lb.paracasei* и 2,44 log CFU/gr со *Lb.sakei I* 151 од почетната вредност. При складирање на 7°C, тој бил повисок за 2,8 log CFU/gr во примерокот со *Cb.maltaromaticum* и 2,77 log CFU/gr со *Lb.paracasei* и 2,93 log CFU/gr со *Lb.sakei I* 151 од почетната вредност. Евидентно е дека бројот на МКБ во примероците кои биле складирани на 7°C се зголемил за околу половина логаритамска единица отколку во примероците кои биле складирани на 4°C.

При мерењето на pH-вредноста во сите примероци од говедско обликувано месо со инокулирана *L.monocytogenes*, со и без додадени заштитни култури за време на складирањето при температура од 4°C била утврдена тенденција на пораст, со генерално блиски pH-вредности во сите примероци. Во примероците со инокулирани заштитни култури pH-вредностите биле приближно еднакви, но генерално за 0,1 pH пониски отколку кај примероците без додадени заштитни култури. Слична тенденција на раст на pH била утврдена и при температура од 7°C, со тоа што во примерокот во кој не биле додадени МКБ, веќе 6-тиот ден pH-вредноста достигнала 6,41, додека истиот ден pH-вредноста кај примероците со додадени МКБ биле пониски од pH 6,2.

За време на складирањето на примероците без додадени МКБ при температура од 4°C не биле забележани промени во мирисот. Промени во изгледот и бојата биле забележани 8-миот ден, во структурата на месото 9-тиот ден. Ваквите органолептички промени кај примероците со додадени заштитни култури започнале еден ден подоцна, односно промена на мирис не била утврдена, промена на бојата почнала 9-тиот ден, додека промена на структурата не била забележана ни по 10 дена складирање на температура од 4°C.

6. Дискусија. Во дискусијата кандидатката многу опстојно ги дискутира своите резултати во споредба со литературните податоци кои се однесуваат на испитувањата на употребата на млечнокиселинските бактерии како биолошки протектори и нивното инхибиторно влијание врз *Listeria monocytogenes*.

Добиените вредости за изолација на млечнокиселинските бактерии од грозје и вино се движат во просечните граници според досега објавените достапни литературни податоци. Неуспехот во изолацијата на лактобацили од грозје се совпаѓа со истражувањата на повеќе други автори, кои утврдиле дека МКБ се многу подоминантни во вино отколку во грозје. Само пар автори успеале да изолираат МКБ од грозје и тоа од оштетени зрна. Во истражувањата се изолирани повеќе видови МКБ од вина, и тоа: *Lb.plantarum, Lb.hilgardii, Lb.brevis, Lb.delbrueckii, Lb.acidophilus, Lb.paracasei, Lb.curvatus* и *Cb.maltaromaticum.*

При тестирањето на инхибиторниот ефект врз одредени патогени микоорганизми, во овој случај врз *L.monocytogenes*, кандидатката докажа антилистериски ефект кај само два изолата, и тоа кај *Lb. paracasei* – како резултат на бактериоцин од вино ризлинг и *Cb.maltaromaticum* – како резултат на органска киселина од вино пино ноар.

Потрагата по слични истражувања низ публикуваната светска литература била сведена на инхибиторната примена на МКБ врз *L.monocytogenes* во различни матрикси, но секако, најчесто истражувањата биле вршени на производи од анимално потекло. Достапната литература обилува со научни докази за инхибиторните својства на МКБ врз бактерии што предизвикуваат расипување. Најчесто употребувани се: *Lb. sakei*, а потоа *Lb. curvatus, Lb. bavaricus, Lb. plantarum*, а во последно време и *Cb. maltaromaticum.*

Во литературата може да се најдат податоци дека многу автори сугерираат употреба на бактериоцините од МКБ како заштита од *L.monocytogenes* во прехранбените производи. Исто така, многу трудови во последните години ја докажале способноста на МКБ за успешна инхибиција на *L.monocytogenes* во различни прехранбени производи од месо како резултат на активноста на органските киселини.

Резултатите од истражувањата покажале дека популацијата на *L.monocytogenes* во контролниот примерок на говедско обликувано месо за време на складирањето при температура од 4°C расте. Тоа се совпаѓа со тврдењата на неколку автори дека ниската температура за време на складирање во ладилник не го инхибира растот на *L.monocytogenes*, односно може да се развие до загрижувачко ниво. Во примероците каде што биле додадени *Lb.paracasei, Cb.maltaromaticum, Lb.sakei* I 151 како заштитни култури, популацијата на *L.monocytogenes* континуирано се намалувала за време на складирањето што се совпаѓа со резултатите на неколку автори кои употребувале *Lb.sakei* во говедско месо, *Lb.sakei* и *Lb.curvatus* во говедско и јагнешко месо и *Lb curvatus* L442 во говедско месо за време на складирање. Од резултатите може да се забележи дека последниот ден од испитувањето популацијата на *L. monocytogenes* се намалила од почетната за околу 0,6 log cfu/gr.

Споредено со бројот на *L.monocytogenes* за време на складирањето на говедското обликувано месо на температура од 7°C, може да се забележи дека 5-тиот ден од складирањето бројот на *L.monocytogenes* бил помал отколку при складирање на производот на 4°C. Ова намалување се толкува како резултат на поголемата активност на метаболитите на МКБ при повисока температура на складирање. Бројот на *L.monocytogenes* последниот ден достигнал вредност повисока за околу 0,4 до 0,5 log cfu/gr од почетната вредност, само во примероците во кои биле инокулирани МКБ како заштитни култури. Во контролниот примерок, популацијата на *L. monocytogenes* континуирано

растела и се зголемила за скоро една логаритамска единица повисока од почетната вредност.

Од истражувањата се гледа дека температурата на складирање има важна улога во размножувањето на *L.monocytogenes* за време на складирањето на говедско обликувано месо, но додавањето на млечно киселинска култура предизвикува сигнификантни промени во популацијата на *L.monocytogenes*. Во овој случај, инокулираните *Lb.sakei I151, Lb.paracasei* и *Cb.maltaromaticum* покажале скоро идентична ефикасност во инхибицијата на *L.monocytogenes* во говедските примероци, како при температура од 4°C, така и при температура од 7°C. Резултатите од истражувањата иницираат дека, ако е *L.monocytogenes* присутна во месото, нејзиниот активен раст во текот на складирањето претставува опасност по човековото здравје. Популацијата на листерија присутна во месото може да се редуцира во зависност од соодветно избраната МКБ, односно нејзината активност кон другите целни микроорганизми, кон температурата и, секако, кон нејзината концентрација.

Од резултатите за популацијата на МКБ во примероците говедско обликувано месо со инокулирана *L. monocytogenes*, забележано е дека бројот на МКБ расте за време на складирањето и дека подобро расте при температура од 7°C, односно последниот ден при складирање разликата е околу 0,5 log cfu повисока во примероците кои биле складирани на температура од 7°C, што не претставува значителна разлика. И покрај тоа што при истражувањата мал број автори ја следат популацијата на МКБ во испитуваните примероци, таа е неоспорно битна за нивото на инхибиција.

Добиените резултати за промената на pH-вредноста во комбинација со органолептичките промени се скоро идентични како за примероците со инокулирана *L.monocytogenes* така и за примероците со инокулирана *L.innocua*. Но, сепак, евидентни се разликите во промените на pH-вредностите на примероците складирани на 4°C и 7°C. Така, вредностите на pH при температура од 4°C се движеле од почетни pH 5,2–5,3 за сите примероци (со и без инокулирана МКБ) до pH 5,9–6,0 во последниот ден на складирањето, додека pH вредностите при температура од 7°C од почетни pH 5,2–5,3 континуирано растеле и веќе 6-тиот ден биле повисоки од pH 6,2 во примероците без инокулирани МКБ, односно веќе наредниот ден pH-вредноста во примероците со инокулирани МКБ достигнала 6,2. Заклучено е дека инокулираните заштитни култури не влијаат врз pH-вредноста на производот, што се совпаѓа со наводите на уште два автора.

На крајот на дискусијата се истакнува дека добиените резултати ги потврдуваат како издржани иницијативите и препораките на бројни автори за употребата на МКБ како биолошки протектори на храната, со цел да се продолжи рокот на траење при што безбедноста на производот нема да се наруши, како и квалитетот на производот да остане непроменет. Останува потребата за понатамошни истражувања за дефинирање на соодветни заштитни култури за одредени производи од месо, како и условите и соодветните концентрации на инокулираните МКБ во супстратот.

7. ***Литература.*** Кандидатката има опфатено голем број литературни податоци и наведува 238 референци од разни автори кои работеле и објавиле податоци во различни списанија и книги од соодветните области.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во предложената докторска дисертација, кандидатката м-р Ирена Ераковиќ-Токалиќ ја има за првпат во Македонија детално истражена преваленцата и дистрибуцијата на млечнокиселинските бактерии во грозје и вино. Истовремено е испитана и во неколку изолати докажана инхиборната активност врз *Listeria monocytogenes,* во лабораториски услови и во експериментален модел на говедско обликувано месо.

Врз основа на резултатите, кандидатката ја препорачува употребата на лактобацилите како биолошки протектори на храната со цел да се продолжи рокот на употребливост, при што безбедноста на храната нема да биде нарушена.

Врз основа на изнесеното, Комисијата смета дека трудот „**Детекција и типизација на лактобацили од автохтони вински сорти грозје и вина од тиквешкиот регион и нивното влијание врз инхибицијата на *Listeria monocytogenes* во системи со говедско мелено обликувано месо**“, поднесен од м-р Ирена Ераковиќ-Токалиќ, претставува оригинален научен труд и со тоа дава значаен придонес во науката и практиката, особено во делот на безбедноста на прехранбените продукти.

Од тие причини, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, поднесениот труд „**Детекција и типизација на лактобацили од автохтони вински сорти грозје и вина од тиквешкиот регион и нивното влијание врз инхибицијата на *Listeria monocytogenes* во системи со говедско мелено обликувано месо**“, од м-р Ирена Ераковиќ-Токалиќ да го прифати како докторска дисертација, да одреди комисија за јавна одбрана и да го одреди датумот на одбраната.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Павле Секуловски, с.р.

Проф. д-р Ристо Проданов, с.р.

Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, с.р.

Проф. д-р Ромел Велев, с.р.

Доц. д-р Деан Јанкулоски, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: ОСНОВИ НА МЕНАЏМЕНТОТ, БИЗНИС-АДМИНИСТРАЦИЈА, МАРКЕТИНГ, ПЛЕТЕНИНИ, ДИЗАЈН НА ТЕКСТИЛОТ И ПРОЕКТИРАЊЕ ТКАЕНИНИ, НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на XXVII редовна седница одржана на 17.6.2013 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наслoвен доцент по предметите: **основи на менаџментот, бизнис-администрација, маркетинг, плетенини, дизајн на текстилот и проектирање ткаенини**, во состав:

1.д-р Јован Степановиќ, редовен професор на Технолошкиот факултет во Лесковац, Универзитет во Ниш, Р.Србија;
2. д-р Магдалена Пренџова, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", во Скопје;
3. д-р Сашо Јосимовски, редовен професор на Економскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", во Скопје.

Врз основа на пријавата и по разгледувањето на поднесената документација Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија" и „Лајм" од 29.5.2013 година, во определениот рок се пријави еден кандидат: д-р Елена Томовска, асистент на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Со пријавата се доставени сите потребни документи според објавениот конкурс.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Елена Томовска е родена на 1.7.1981 година во Скопје, Р. Македонија.

2. УНИВЕРЗИТЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ

2008/11	Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет, Скопје, доктор на науки. *Докторска дисертација:* „Истражување на перспективите за развој на електронска продажба на облека од македонските конфекциски производители".
2005/06	Универзитет Heriot – Watt, Школа за текстил и дизајн, Единбург, Велика Британија, магистер по конфекциски менаџмент, cum laude. *Просечна оценка*: А.

Магистерска теза: „Истражување на карактеристиките на веб-страни за продажба на облека и нивната корелација со квантитетот на продажбата".

1999/04 Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Технолошко-металуршки факултет, Скопје, дипломиран конфекциски инженер.
Просечна оценка: 9,95, добитник на наградата „Инженерски претек".

3. РАБОТЕН АНГАЖМАН

2008- Технолошко-металуршки факултет, Скопје,
асистент по предметите: дизајн на текстилот, преплетки кај ткаенините, технологија на ткаење, технологија на плетење, проектирање на ткаенини, менаџмент на квалитет, испитување на текстилот, ефектни и текстурирани преѓи, кончени преѓи, основи на менаџментот и технологија на предење.

2007/08 Агенција за странски инвестиции на Република Македонија,
аналитичар и имплементатор во Секторот за маркетинг и комуникации.

2006/07 Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија.

2004/05 Демонстратор по предметите: основи на дизајн во текстил, технологија на плетење, технологија на ткаење, конструкција и проектирање на ткаенини.

2004 Волонтер (4 месеци) во приватната конфекција „Кала", Скопје.

2003/04 Демонстратор по предметите: технологија на плетење, машини и уреди во конфекциското производство.

2002/03 Демонстратор по предметот: основи на дизајн во текстил.

4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Елена Томовска како асистент на Технолошко-металуршкиот факултет е ангажирана со изведување на вежби на додипломските студии на студиската програма дизајн и инженеринг на облека, како по предметите на кои е избрана, така и на доделените предмети – технологија на предење и основи на менаџментот. Покрај обврските околу изведувањето на пресметковните и лабараториските вежби, писмените испити, консултациите со студентите и помош при изработка на дипломски трудови, кандидатката е коавтор на два средношколски учебника од областа на технологија на ткаење и преплетки кај ткаенините.

Во текот на проектот TEMPUS-CD-JEP-16045-2001 „Трансфер на технологија во хемиското и текстилното инженерство" учествува во подготовка на прирачници за две работилници и помага при одржаните предавања.

5. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачката дејност на д-р Елена Томовска е во полето на конфекциското менаџмент, но има и публикации од областа на проектирање, структура и својства на ткаенини. Кандидатката е автор/коавтор на 6 труда објавени во референтни научни списанија со фактор на влијание. Учествувала на повеќе национални и меѓународни научно/стручни собири, при што одржала 3 усни презентации на меѓународен научно/стручен собир и 5 постерски презентации на национални конгреси. Исто така, кандидатката учествувала на два стручни конгреса со реферат. Во 2008 година, кандидатката д-р Томовска ја пријавила за изработка својата докторска теза под наслов „Истражување на можностите за електронска продажба на облека од македонските конфекциски производители", која успешно ја одбранила во декември 2011 година.

Д-р Елена Томовска учествувала во два меѓународни TEMPUS-проекта и во еден национален научноистражувачки проект. Во текот на кариерата остварила 5 студиски престои во странство, меѓу кои и едногодишен студиски престој на Универзитетот Хериот-Ват во Велика Британија.

6. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Во стручно-апликативната дејност кандидатката учествувала во повеќе промотивни активности на Факултетот во средни училишта, на отворените денови на Факултетот и на саемите за образование. Д-р Елена Томовска учествувала како соработник одговорен за статистичката анализа на неколку истражувања на пазарот. Таа е активно вклучена и во дејностите од поширок интерес како член на уредувачкиот одбор на MJCCE и член на организационите одбори на повеќе конгреси кои ги организира Факултетот.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените податоци и анализа на наставно-образовната (52,98 бода), научноистражувачката (59,64 бода) дејност, како и стручно-апликативната дејност и дејностите од поширок интерес (29 бода), Рецензентската комисија констатира дека д-р Елена Томовска е перспективен кандидат кој континуирано се надградува како во наставната, така и во научноистражувачката дејност.

Од горенаведеното, а во согласност со критериумите за избор на наставник според Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" со вкупно **141.62** бодови (Анекс 2) и нашата позитивна оцена во однос на нејзината наставно-образовна и научноистражувачка активност, членовите на Рецензентската комисија со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Елена Томовска да биде предложена за избор во звањето насловен доцент за групата предмети: основи на менаџмент, бизнис администрација, маркетинг, плетенини, дизајн на текстилот и проектирање ткаенини.

Рецензентска комисија

1. Д-р Јован Степановиќ, ред. проф., Технолошки факултет, Лесковац, Србија, с.р.

2. Д-р Магдалена Пренџова, ред. проф., Технолошко-металуршки факултет, Скопје, с.р.

3. Д-р Сашо Јосимовски, ред. проф., Економски факултет, Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Елена Томовска
Институција: Технолошко-металуршки факултет
Научна област: 50624 и 22306

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на вежби**	
1.1.	Испитување на текстилот (3 часа), 2008-2012	6,75
1.2.	Менаџмент на квалитет (2 часа), 2007-2009	2,28
1.3.	Менаџмент на квалитет (1 час), 2010-2012	1,35
1.4.	Дизајн на текстилот (1 час), 2010-2012	1,35
1.5.	Основи на дизајн во текстил (2 часа), 2002/03, 2004/05, 2007/08	2,28
1.6.	Технологија на ткаење (2 часа), 2004/05, 2008-2012	5,40
1.7.	Технологија на плетење (2 часа), 2003-2005, 2007-2012	6,78
1.8.	Проектирање на ткаенини (2 часа), 2008-2012	4,50
1.9.	Преплетки кај ткаенините (2 часа), 2010-2011	1,80
1.10.	Ефектни и текстурирани преѓи (2 часа), 2009/10	0,90
1.11.	Кончени преѓи (2 часа), 2010/11, 2012/13	1,80
1.12.	Основи на менаџмент (1 час), 2008-2012	2,25
1.13.	Технологија на предење (3 часа), 2009-2010	2,70
1.14.	Машини и уреди во конфекциско производство (1 час), 2003/04	0,45
1.15.	Конструкција и проектирање на ткаенини (3 часа), 2004/05	1,35
2.	**Консултации со студенти** (1020x0,002)	2,04
3.	**Интерна скрипта**	
3.1.	Волдрон, Ф., Томовска Е. CAD за конфекциско инженерство, Прирачник за моделирање, градирање и планирање на кројни слики со Lectra CAD-систем, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2003	3,00
3.2.	Зафирова, К., Недановска М., Томовска, Е. Компјутерски интегриран дизајн на ткаенини, Прирачник за работа со Weave Expert, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2004	3,00
3.3.	Томовска, Е. Пребарување на бази на податоци, Прирачник, Технолошко металуршки факултет, Скопје, 2005	3,00
	Вкупно	52,98

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во национален научен проект**	
1.1.	Дизајн на производи-одредување на граничните вредности при формирање на ткаенини, раководител: д-р К.Зафирова	3,00
2.	**Учесник во меѓународен научен проект**	

2.1.	TEMPUS-CD-JEP-16045-2001, Technology Transfer Centre in Chemical and Textile Engineering, Contractor: d-r Fernando Martins, Faculty of Engineering, University of Porto, Portugal. Coordinator: d-r Liljana Markovska.	5.00
2.2.	TEMPUS- UM - JEP -18027-2003, Creating e-LibraryIntegrated in Faculty Information System, , Contractor: d-r Fernando Martins, Faculty of Engineering, University of Porto, Portugal. Coordinator: d-r Liljana Markovska.	5.00
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	
3.1.	Tomovska, E. (2009) *Components of Apparel E-Retailers Websites: Qualitative Analysis of the Components of Apparel E-Retailers Websites (Part I)*, Tekstil, Vol 58, No 5, pp 207-214.	6,17
3.2.	Tomovska, E. (2009) *Components of Apparel E-Retailers Websites: Differences in the Components of Apparel E-Retailers Websites and Their Relationship to Online Purchase (Part II)*, Tekstil, Vol 58, No 6, pp 281-287.	6,17
3.3.	Tomovska, E., Zafirova, K. (2011) *The Contribution of Weave to Visual Perception of Fabric Texture,* Tekstil, Vol 59, No.9, pp. 379-388	5,55
3.4.	Tomovska, E., Josimovski, S., Trenevska Blagoeva, K. (2011) *Classifying Potential Online Consumers of Macedonian Apparel,* Tekstilna Industrija, Vol. 59, No.1. , pp.5-11	4,80
3.5.	Tomovska, E., Zafirova, K. (2012) *Face-to-face Woven Velvet – Ground Fabric Construction and Mechanical Properties*, Tekstilna industrija, vol. 60, 2, 5-11	5,55
3.6.	Dimitrovska, M., Tomovska, E., Bocevska, M.(2012) *Characterisation of Vranec, Cabernet Sauvignon and Merlot wines based on their chromatic and anthocyanin profiles, J. Serb. Chem. Soc.* doi:10.2298/JSC130101026D	5,60
4.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови на научен/стручен собир**	
4.1.	Tomovska, E. *Consumers of Apparel E-Retail in an Emerging Market*, IV Textile Conference, November 2010, Tirana, Albania, pp.41-48	2,00
4.2.	Tomovska. E. Perspectives of Development of Apparel E-retail, 5 th International textile conference, Tirana, Dec. 2012 (целосен текст во печат)	2,00
4.3.	Zafirova, K. Tomovska. E. *Investigation of Factors Afecting the Perception of Fabric Texture*, 5 th International textile conference, Tirana, Dec. 2012 (целосен текст во печат)	1,80
5.	**Апстракти објавени во зборник на конференција**	
5.1.	Tomovska, E. *Components of Apparel E-retailers Websites and their Relationship to Online Purchase*, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 2008, pg. 341	1,00
5.2.	Dimitrovska, E., Tomovska, E., Zafirova, K. *Objective Evaluation of the Influence of Weave on Fabric Smoothness*, VIII Congress of Pure and Applied Chemistry for the Students of Macedonia, October 2009, Skopje	1,00
5.3.	Tomovska, E., Zafirova, K. *Investigation on waste produced by apparel manufacturers*, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 2010, pg. 169	1,00
5.4.	Tomovska, E., Zafirova, K.*Influence of the ground fabric on the mechanical properties of face-to-face woven velvet* , XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 2012, pg. 342	1,00

5.5.	Tomovska, E., Zafirova, K. *Comparison of objective and subjective fashion innovativeness,* XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 2012, pg. 343	1,00
6.	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	
6.1.	Томовска, Е., *Електронска продажба на облека – маркетиншки имплшкации,* Тринаесетто советување на текстилните инженери на Република Македонија, Струмица, мај 2007	1,00
6.2.	Tomovska, E. *Impact of R&D on the socio-economic development of Macedonia,* Balkan Summit of Young Scientists, Thessaloniki, December, 2010	1,00
	Вкупно	59,64

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	Поени
1.	**Основен школски или средношколски учебник**	
1.1.	Зафирова, К., Томовска, Е. (2011) Технологија на ткаење: III година текстилно-кожарска струка, МОН на РМ, Скопје, ISBN: 978-608-226-301-4	6,00
1.2.	Зафирова, К., Томовска, Е. (2011) Технологија на ткаење: IV година текстилно-кожарска струка, МОН на РМ, Скопје, ISBN: 978-608-226-300-7	6,00
2.	**Соработник во студија, физибилити-студија, истражување на пзарот**	
2.1.	Истражување на пазар за проектот „Создавање на приходи преку собирање на пластика за рециклирање", 2011-2012 (реш.бр.170/12, 5.6.2012)	1,00
2.2.	Истражување на пазар за Неотел-Скопје, 2012 (реш. бр. 0301-737/1, 31.1.2012)	1,00
2.3.	Истражување на пазар за Infoproject-Скопје, 2012 (реш. 30.5.2012)	1,00
3.	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**	
3.1.	Саем за образование, Скопје, 2009	0,50
3.2.	Отворен ден на ТМФ, 2010	0,50
3.3.	Саем за образование, Скопје, 2010	0,50
3.4.	Отворен ден на ТМФ, 2011	0,50
3.5.	Презентација на програмата на ТМФ во Берово, Пехчево и Скопје, 2011	0,50
4.	**Предавање на институции од јавен интерес**	
4.1.	Компјутерски поддржан дизајн во конфекциското производство, Центар за трансфер на технологии, септември 2003	0,50
4.2.	Компјутерски поддржан дизајн на ткаенини, Центар за трансфер на технологии, март 2004	0,50
4.3.	Извори на информации во инженерството, ТМФ, април 2006	0,50
	Вкупно	19,00

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

1.	**Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание**	1,00
2.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	

2.1.	VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија, Скопје, 2009	0,50
2.2.	IX конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија, Скопје, 2011	0,50
2.3.	XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2012	0,50
3.	**Студиски престој во странство**	
3.1.	Еднонеделен студиски престој, Технологија и менаџмент на отпад, одржан од Техничкиот универзитет Вилдау, Германија, на Универзитетот за хемиска технологија и металургија во Софија, Бугарија, 2001.	0,50
3.2.	Едномесечен студиски престој за обука за Lectra CAD системи во конфекциско производство на Универзитетот Heriot-Watt, Единбург, Велика Британија, 2003.	0,50
3.3.	Едномесечен студиски престој за обука за Градирање на облека на Универзитетот Heriot-Watt, Единбург,Велика Британија, 2004.	0,50
3.4.	Едномесечен студиски престој за обука за COBISS/OPAC каталози и прбарување на бази на податоци на Факултетот за природни науки и инженерство,Оддел за текстил, Љубљана, Словенија, 2005.	0,50
3.5.	Едногодишни магистерски студии по конфекциски менаџмент на Универзитетот Heriot-Watt, Единбург,Велика Британија, 2005/06.	2,00
4.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект**	
4.1.	Заштита од УВ-зрачење со текстилни материјали, МОН, предлог-проект, 2010	0,50
4.2.	Истражување на можностите за електронска малопродажба на облека и потенцијалните интернет-потрошувачи на облека во Македонија, МОН, предлог-проект, 2011	0,50
5.	**Член на факултетска комисија** (од 2008 до 2012)	2,50
	Вкупно	10,00

	НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	52,98
	НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	59,64
	СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	19,00
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	10,00
	Вкупно поени	141,62

Рецензентска комисија

1. Д-р Јован Степановиќ, ред. проф., Технолошки факултет, Лесковац, Србија, с.р.

2. Д-р Магдалена Пренџова, ред. проф., Технолошко-металуршки факултет, Скопје, с.р.

3. Д-р Сашо Јосимовски, ред. проф., Економски факултет, Скопје, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХЕМИЈА/АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, на седницата одржана на 04.VI 2013 година, донесе одлука за формирање Комисија за избор на соработник во звањето асистент на научната област хемија/аналитичка хемија.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Јулијана Цветковиќ, проф. д-р Трајче Стафилов и проф. д-р Ана Сарафимовска, до Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен на 30. IV 2013 година во весниците "Дневник" и "Коха", за избор на едно лице во соработничко звање-асистент на научната област **хемија-аналитичка хемија,** се пријави кандидатката м-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски.

Податоци за кандидатката

Кандидатката м-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски е родена на 8.XI 1979 година во Охрид. Средно образование завршила во УСО "Св. Климент Охридски" во Охрид. Во јули 2004 година дипломирала на ПМФ, Институт за хемија, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во јули 2006 година се стекнала со звањето специјалист по хемиски науки на Институтот за хемија при ПМФ во Скопје со одбраната на специјалистичкиот труд под наслов: *Сепарирање на елементи во траги од минералина бакар и железо и нивно определување со атомска апсорпциона спектрометрија.* Во јануари 2009 година, на Институтот за хемија на ПМФ ја одбранила магистерската работа под наслов *Методи за определување на траги од елементи во минерали и соли на бакар, железо и манган со неутронска активациона анализа и атомска апсорпциона спектрометрија* и се стекна со академскиот степен магистер на хемиски науки. М-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски е докторанд на ПМФ, Институт за хемија, при УКИМ во Скопје.

Во периодот 2004-2005 година, кандидатката работела како новинар во весникот "Нова Македонија". Во учебната 2005/2006 година работела како демонстратор за лабораториски вежби на Катедрата за физичка хемија на ПМФ во Скопје. Во периодот 2007-2008 година работела во "Скопски легури" во Скопје како заменик раководител на лабораторијата и одговорна за анализа на суровини, полупроизводи и готови производи. Од 2009 година е вработена во "Фармахем ДООЕЛ", Лабораторија за животна средина, Скопје, како стручен соработник и менаџер за квалитет по МКС EN ISO/IEC 17025:2006.

Во текот на работата, кандидатката м-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски покажала особен интерес за развивање аналитички методи со атомска апсорпциона спектрометрија и неутронска активациона анализа за траги од елементи во минерали, почви, вода, стени, ѓубрива, храна, биолошки и растителни материјали. При тоа, се стекнала со вештини за работење со различни инструменти, како што се:

- Thermo Solar 2, пламен атомски апсорпционен спектрометар со воздух/ ацетиленски пламен;
- Varian SpectrAA 640 Z, електротермички атомски апсорпционен спектрометар со Varian PSD-100 автосемплер;
- Varian 715-ES, оптичко емисионен спектрометар со индуктивно спрегната плазма;
- SRM-25, рендгенски спектроскоп;
- 250 kW TRIGA Mark II реактор со термален неутронски флукс од $1{,}1\text{-}10^{12}$ $cm^{-2}s^{-1}$, апсолутно калибриран HPGe детектор за мерења, HyperLab софтвер за пикови и софтверски пакет KAYZERO /SOLCOR за пресметки;
- Spectroquant NOVA 400 Merck, спектрофотометар;
- TVOC, TG-502 VOC, инструмент за мерење испарливи органски компоненти;
- Cirrus CR:831B, букомер.

Кандидатката м-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски во текот на работењето постојано се усовршувала и го надградувала своето знаење. Студиските престои во странство придонесуваат за проширување на вештините за ракување со различни инструменти и воведување на нови методи за определување елементи во траги во различни медиуми. Во 2005, 2006 и 2007 година била на повеќемесечен студиски престој во Институтот "Јожеф Стефан" во Љубљана, Словенија. Во текот на јули 2005 година била на студиски престој на Универзитетот "Babes-Bolyai" во Клуж, Романија. Во мај 2009 година била на студиски престој на Хемискиот факултет во Софија, Бугарија, а во текот на септември 2010 година престојувала на Природно-математичкиот факултет во Нови Сад, Србија.

Како резултат на научноистражувачката работа во текот на сите години работење и усовршување, м-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски е автор или коавтор на тринаесет научни трудови, а, исто така, учествувала во изработката на шест научноистражувачки проекти.

Објавени трудови

1. V. M. Petrusevski, M. Taseska, Demonstrations as a tool for ironing-out misconceptions. 1. On the catalytic reduction of potassium permanganate solution with atomic hydrogen, *Bull. Chem. Technol. Macedonia*, **23**(1), 47-51 (2004).

2. V. M. Petruševski, M. Taseska, M. Monković, Reaction of copper with fuming nitric acid: a novel lecture experiment in passivation, *Chemical Educator*, **10**(3), 208-210 (2005).
3. M. Taseska, T. Stafilov, P. Makreski, G. Jovanovski, Determination of trace elements in some copper minerals by atomic absorption spectrometry, *Ovidius University, Annals of Chemistry*, **16**(1), 43-46 (2005).
4. M. Taseska, T. Stafilov, P. Makreski, R. Jaćimović, V. Stibilj, G. Jovanovski, Liquid-liquid extraction and determination of trace elements in iron minerals by atomic absorption spectrometry, *Geologica Macedonica*, **20**, 33–38 (2006).
5. R. Jaćimović, M. Taseska, V. Stibilj, P. Makreski, T. Stafilov, G. Jovanovski, Element composition of some copper minerals from the Republic of Macedonia, *Geologica Macedonica*, **21**, 87-91 (2007).
6. P. Naumov, Lj. Pejov, G. Jovanovski, T. Stafilov, M. Taseska, E. Stojanovska, Unilateral exclusion of Jahn-Teller-inactive d^5 $Mn(H_2O)_4(C_7H_4NO_3S)_2^{2+}$ guests by strongly distorted host d^9 $Cu(H_2O)_4(C_7H_4NO_3S)_2^{2+}$ lattice, *Crystal Growth & Design*, **8**, 1319-1326 (2008).
7. M. Taseska, I. Karadjova, T. Stafilov, Determination of trace elements in manganese salts after preliminary matrix separation, *Eurasian Journal of Analytical Chemistry*, **3**, 1-9 (2008).
8. M. Taseska, P. Makreski, V. Stibilj, R. Jaćimović, T. Stafilov, G. Jovanovski, Determination of trace elements in chalcopyrite ($CuFeS_2$) by neutron activation analysis after matrix elements removal, *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, **27**(2), 141-147 (2008).
9. M. Taseska, P. Makreski, V. Stibilj, R. Jaćimović, T. Stafilov, Determination of trace elements in hematite's iron reference material JSS-804-1 using k_0-INAA, *Geologica Macedonica*, **22**, 43-48 (2008).
10. M. Taseska, R. Jaćimović, V. Stibilj, T. Stafilov, P. Makreski, G. Jovanovski, Is copper removal by electrolysis from copper minerals appropriate method for determination of trace elements?, *Nuclear Instruments and Methods in Physics Research, Section A (NIMA)*, **622**, 449-452 (2010).
11. Д. Неделковски, А.Сарафимовска, Г.Миланов, К.Белески, М.Тасеска-Ѓорѓијевски, Влијание на условите за чување на виното и староста врз динамиката на опаѓање на антоцијаните во виното од сортата вранец, *Годишен зборник на Земјоделски институт*, XXVIII/XXIX, 145-154 (2012)
12. M. Taseska, P. Makreski, V. Stibilj, T. Stafilov, Is extraction of Fe from iron based reference materials an appropriate method for determination of trace elements?, *Radiochimica Acta*, **100**(1), 57-63 (2012)
13. M. Taseska, R. Jaćimović, V. Stibilj, T. Stafilov, P. Makreski, G. Jovanovski, Determination of trace elements in some copper minerals by k_0-instrumental neutron activation analysis, *Applied Radiation and Isotopes*, **70**, 35-39 (2012)

Учество во научноистражувачки проекти

1. Elemental composition of minerals from the Republic of Macedonia, Slovenian-Macedonian Intergovernmental S&T Cooperation, Skopje-Ljubljana, 2005-2006.
2. Silicates minerals from Macedonia – Mineralogical characterization, Croatian-Macedonian Intergovernmental S&T Cooperation, Skopje-Zagreb, 2006-2007.
3. Elemental composition of minerals from the Republic of Macedonia, Slovenian-Macedonian Intergovernmental S&T Cooperation, Skopje-Ljubljana, 2007-2008.
4. Силикатни минерали од Македонија - идентификација и систематизација, Природно-математички факултет-Министерство за образование и наука на Република Македонија, Скопје, 2006-2009.
5. Teaching and learning bioanalysis, CEEPUS (Central European Exchange Program for University Studies), CII-HU-0010-03-0809, 2008-2009.
6. Неоргански природни цврсти супстанци и нивни синтетички аналози - Спектар-структурни корелации и споредба со хемискиот состав, МОН, Скопје, 2010-2012.

Во два од објавените трудови е разработена проблематика од областа на школското експериментирање. Двата труда претставуваат значаен придонес кон збогатување на листата на демонстрациони опити наменети за учениците од средните училишта и за приближување на хемијата кон младата популација. Останатите осум труда се изработени во рамките на специјалистичките и магистерските студии, како и во рамките на научноистражувачките проекти. Трудовите се од областа на аналитичката хемија и третираат проблематика во врска со определување на елементи во траги во различни средини. Сите трудови се објавени во престижни домашни и меѓународни списанија.

Вклучувајќи се во работата на Одделението за винарство, објавен е трудот под наслов **Влијание на условите за чување на виното и староста врз динамиката на опаѓање на антоцијаните во виното од сортата вранец,** кој обработува актуелна проблематика од областа на винарството поврзана со начинот на чување и процесот на стареење на виното.

Заклучна оцена и предлог

Комисијата со внимание ја разгледа поднесената пријава, и, согласно со сето она што беше претходно наведено, заклучи дека м-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски е надежен млад научен работник кој со леснотија ќе може да ги извршува поставените задачи. Комисијата има задоволството да му предложи на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје да ја избере м-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски за асистент на научната област хемија-аналитичка хемија во Лабораторијата за вино и алкохолни пијалаци при Земјоделскиот институт во Скопје.

Рецензентска комисија

Д-р Јулијана Цветковиќ, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје, с.р.

Д-р Трајче Стафилов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Ана Сарафимовска, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје, с.р.

Кандидат	Тема	Ментор
Јане Спасиќ	„Носталгија за носталгијата – примена и експериментирање со медуза стратегија во авторска претстава“	Проф. Слободан Унковски
Нина Николиќ	„Евридика – испитување на поетиката во просторот во претставата Евридика од Сара Рул„	Проф. Слободан Унковски
Бранко Вељановски	„Естетската функција на филмската музика и звучните ефекти во монтажата на филмот„	Проф. Димитар Грбевски
Драгана Милошевски - Попова	„Пипи Долгиот Чорап – претстава (режисерско читање)	Проф. Слободан Унковски

П Р Е Г Л Е Д

На пријавена и прифатена тема за изработка на магистерски труд на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје

Ред.бр.	Кандидат	Наслов на тема за изработка на магистерски труд	Ментор
1.	**Дипл.шум.инж.Тахир Ахмети**	*„Можности за обновување на дабовите шуми од изданково потекло на подрачјето Блинаја во Република Косово "*	**Вонр.проф.д-р Николчо Велковски**

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ 5 И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО ОД 7 – 9 НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет - Скопје, донесена на 52. седница одржана на 17.6.2013 година, формирана е рецензентека комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на архитектонското проектирање по предметите: архитектонско проектирање 5 и архитектонско студио 7 – 9, на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во состав:

1. Никола Павловски, редовен професор – претседател;
2. Д-р Тихомир Стојков, редовен професор – член;
3. Д-р Митко Хаци-Пуља, редовен професор – член.

На конкурост распишан и објавен во дневниот весник „Дневник“ од 4.6.2013 година, се пријави кандидатот д-р Александар Радевски, асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на увидот во поднесените документи и врз основа на познавањето на работата и делото на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

3.7.1969	Роден е во Битола.
1984 -1988	Средно образование завршил во гимназија „Јосип Броз Тито“ во Битола.
1989 -1995	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет – Скопје.
1995	Дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје, на тема: „Погон за рециклирање на тврди градски отпадоци во Скопје“, ментор: проф. Никола Павловски, и се стекнал со звањето дипломиран инженер-архитект.
2008	Магистрирал на Архитектонскиот факултет во Скопје на тема „Светлосните отвори во архитектонските објекти во корелација со техничките решенија за заштита од сончева радијација”, ментор: проф. Никола Павловски, и се стекнал со академскиот степен магистер од областа на архитектурата и урбанизмот.
2013	Докторирал на Архитектонскиот факултет во Скопје на тема „Влијанието на дневната светлина врз димензионирањето на волуменот на работниот простор и креирањето на естетскиот израз на архитектонските објекти“, ментор: проф. Никола Павловски, и се здобил со научен степен- доктор на технички науки.

2. РАБОТНО ИСКУСТВО

1996-1998	Вработен во “Дизајн студио С + М” заедно со архитектите Софија Хациева Мизова и Маргарита Хациева Трандафиловска
1998- до денес	Вработен на Архитектонскиот факултет во Скопје (предмети: проектирање на стопански објекти, проектирање на индустриски згради и архитектонски проектирање (продлабочена настава)

3. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

1998-2011	Од изборот во звањето помлад асистент и асистент, учествува во изведувањето на наставата по предметите проектирање на стопански згради, проектирање на индустриски згради и архитектонско проектирање (продлабочена настава).
2001	Учество во одржувањето на вежбите по предметот елементи на проектирање.
2002	Учество во одржувањето на вежбите на Шумарскиот факултет во Скопје.
2007	Учество во одржувањето на вежбите по предметите проектирање на општествени здради I и проектирање на општествени згради II.
2010-2011	Продлабочена настава на тема „ОБЛАКОДЕРИ“ за онтологијата на вертикалата, раководител: проф. Д-р Минас Бакалчев.
2007-2013	Учество во Архитектонско студио 1-2, раководител: проф. д-р Митко Хаџи Пуља.
2012-2013	Учество во Архитектонско студио 3-4, раководител: проф. Гоце Аџи-Митревски.
2010-2013	Учество во Архитектонско студио 7-8, раководител: доц. Гордана Атанасоска и проф. Минас Бакалчев.

4. СТРУЧНИ ТРУДОВИ

2012	Стручна монографија објавена во странство , 1000 European Architecture, Braun, 2012. The Deutsche Nationalbibliothek.
2012	Помеѓу возвишеното и секојдневното, Порта 133/2012.
2012	Биенале во Венеција, Архитектура во огледало, секојдневно и возвишено Архитектон бр. 16/2012, Република Србија.
2012	Архитектура во огледало, секојдневно и возвишено, Пресинг, бр.10/2012, списание на комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија
2011	Винарија „Стоби“, Архитектон бр. 10/2011, Република Србија.
2011	Поуки за архитектурата, МетаМак Архитектонски колектив, Пресинг, бр.5/2011, списание на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија.
2011	Дневната светлина-дефинирање, толкување и примена, Прссинг, бр.3/2011, списание на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија.

5. НАУЧНА ДЕЈНОСТ

2001	Учесник во истражувачкиот проект „Климата и нејзиното влијание врз изборот на материјали за изведба на фасади во Република Македонија“. Проект на Архитектонски факултет, УКИМ- Скопје и АДИНГ- Скопје, (проф. Љ. Филиповски и В. Бошковски).
2001	Семинарски труд „Дневна светлина“ кај ментор проф. д-р Михајло Волканов.
2002	Семинарски труд „Четврта кожа“ кај ментор проф. д-р Тихомир Стојков.
2002	Семинарски труд „Системи за засенување“ кај ментор проф. Владимир Бошковски.
2002	Семинарски труд „Боја во индустријата“ кај ментор проф. Александар Никољски.
2005	Интерна скрипта по предметот (проектирање на стопански згради) со проф. Никола Павловски и доц. м-р Гордана Атанасоска.

2008	Одбрана на магистерски труд: „Светлосните отвори во архитектонските објекти во корелација со техничките решенија за заштита од сончева радијација" кај ментор проф. Никола Павловски.
2008	Учесник во проектот „ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ГРАДБА СО АКЦЕНТ НА ФАСАДНА ТЕХНОЛОГИЈА". Проектот е поддржан од Austrian Development Cooperation, STO, МАЦЕФ-Центар за енергетска ефикасност на Македонија И АЛПОС STO.
2009	Интерна скрипта по предметот проектирање на индустриски згради со проф. Никола Павловски, доц. м-р Гордана Атанасоска и ас. Горан Мицковски.
2011	Автор на „ПРИРАЧНИК ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА КОМПОЗИТНИ СИСТЕМИ ЗА НАДВОРЕШНА ТЕРМИЧКА ИЗОЛАЦИЈА КСИНТ", заедно со проф. Никола Павловски и Викторија Ставриќ д.и.а., издавач: Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија, поддржано од АДА, Sto Ges.mbH, Вилах Австрија, АЛПОС во рамките на проектот.
2011	Vinarija Stobi, PROSTOR, naučno-stručni časopis za arhitekturu i građevinarstvo br.15/2011 Banja Luka, Republika Srpska.
2011	Dnevna svetlina-definicija, tumačenje i primena u današnjici, PROSTOR, naučno-stručni časopis za arhitekturu i građevinarstvo br.17/2011 Banja Luka, Republika Srpska.

6. ЛЕТНИ ШКОЛИ И РАБОТИЛНИЦИ

2012	Архитектонска работилница со студентите од Архитектонскиот факултет УКИМ (8. семестар) во соработка со општина Илинден, раководител на работилницата: проф. Г. Ачи-Митревски, ментор.
2007	Проект на Британски совет (МАКЕДОНИЈА МОЈА АРХИТЕКТУРА) Павилјон „Александар Бротски", во дворот на Архитектонскиот факултет.
2007	ПРОСТОРОТ КАКО МЕДИУМ, студентска работилница поддржана од градоначалникот на Скопје, Македонија-ментор.
2007	16. Интернационална летна школа по архитектура во „Св. Јоаким Осоговски" во Крива Паланка, Македонија (Град за сите) – секретар на школата и ментор.
2004	13. Интернационална летна школа по архитектура во „Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Рехабилитирање на индустриски објекти) – секретар на школата и коментор со архитект George Kunihiro.
2003	12. Интернационална летна школа по архитектура во „Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Поддршка на локалната заедница) – коментор со архитект Christos Papoulias.
1999	8. Интернационална летна школа по архитектура во „Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Проектирање на архитектура на Не-Место) – секретар на школата и ментор.

7. ПРОЕКТИ + КОНКУРСИ

2011-2013	Основен проект за Катна гаража на ул. „Мито Хаџивасилев-Јасмин" во Скопје.
2013	Идеен проект за ентериерно уредување на крстилница (трпезарија) со придружни простории во црква Св. Петка во Скопје.
2013	Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Долно Нерези, инвеститор: семејство Битики, со В. Ставриќ.
2012	Основен проект за индивидуална викенд-куќа во с. Стење, Преспа, инвеститор: семејство Ѓорѓевски, со В. Ставриќ.

2012	Индивидуален станбен објект во нас. Водно, инвеститор: семејство Кочовски.
2012	Индивидуален станбен објект во нас. Бел Камен, инвеститор: семејство Минков.
2012	Идеен проект за ентериерно уредување на продажно–изложбен салон на компанијата МАРИСТ, Скопје.
2012	Идеен проект за ентериерно уредување на деловен простор на компанијата МИНАКО, Скопје.
2011	Идеен проект за телекумуникациска кула на Водно со Минас Бакалчев д.и.а. Митко Хаџи-Пуља д.и.а. Саша Тасиќ д.и.а. Дамјан Момировски д.и.а. и Никола Стрезовски д.и.а.
2011	Конкурс за идејно решение за ревитализација на Скопското кале, II награда со Минас Бакалчев д.и.а. Митко Хаџи Пуља д.и.а. Саша Тасиќ д.и.а. Дамјан Момировски д.и.а. и Никола Стрезовски арх.
2010	Изработка на штанд на Универзитет Св. Кирил и Методиј за манифестација „Саем на образование" заедно со Огнен Марина д.и.а.
2010	Конкурс за идејно решение за Општинска зграда за ОПШТИНА КАРПОШ - II награда заедно со Минас Бакалчев д.и.а. Митко Хаџи Пуља д.и.а. Саша Тасиќ д.и.а. Дамјан Момировски д.и.а. и Никола Стрезовски арх.
2010	Конкурсен проект за идејно решение за градски хотел во Скопје, заедно со М. Хаџи Пуља, М. Бакалчев, С. Тасиќ и Н. Стрезовски
2010	Конкурс за идејно решение за станови за АРМ - II награда (I награда не е доделена) заедно со Минас Бакалчев д.и.а. Митко Хаџи Пуља д.и.а. Саша Тасиќ д.и.а. Дамјан Момировски д.и.а. и Никола Стрезовски арх.
2010	Идеен и основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Водно, Инвеститор семејство Кочовски со В. Ставриќ
2010	Конкурсен проект за идејно решение на Мост на уметноста заедно со М. Хаџи Пуља, М. Бакалчев, С. Тасиќ и Н. Стрезовски.
2009	Идеен и основен проект за надградба на барака во Црниче, инвеститор: семејство Маленко.
2009	Конкурс за реконструкција на Хавзи Пашините Конаци во с. Бардовци - откуп, заедно со: Викторија Ставрик-Радевски д.и.а., Јован Радевски д.и.а., Дамјан Момировски д.и.а., Маја Лукаревска д.и.а., Митко Доновски д.и.а.
2009	Идеен проект за Млекара во Градско, инвеститор Аргеади, Градско
2009	Идеен и основен проект за доградба на типски бараки во населба Радишани.
2009	Проект за ентериерно уредување на кафе-бар Il Cafe Di Roma во Т.Ц. Рамстор.
2009	Документирање и евидентирање на постојната состојба на споменичката целина Хавзи Пашините Конаци во с. Бардовци, зедно со Викторија Ставрик-Радевски д.и.а., Јован Радевски д.и.а., Дамјан Момировски д.и.а., Маја Лукаревска д.и.а., Митко Доновски д.и.а., Цветанка Хаџи Пецова виш.конз., Анета Таневска д.и.а. и Ема Петрова Николовска виш. конз.
2009	Проект за ентериерно уредување на наплатни пунктови на ЕВН на територијата на Р. Македонија.
2009	Идеен проект за индивидуален станбен објект во нас. Бардовци, Инвеститор семејство Благоевски-Тразоф, со В. Ставриќ.
2008-2009	Идеен и основен проект за Винарија „Стоби"-Градско, инвеститор: Винарија Стоби, со Викторија Ставриќ д.и.а.
2008	Идеен проект за станбен комплекс во Рача, Охрид.
2008	Проект за ентериерно уредување на „Хотел Бетон" во Охрид, инвеститор: Бетон АД-Скопје.
2008	Проект за пристаниште за лесни пловила во Охрид, инвеститор Бетон АД Скопје.
2008	Идеен и основен проект за индивидуална семејна куќа во Галичник, со Викторија Ставриќ д.и.а.

2008 Идеен проект за ентериерно уредување на станбен објект во нас. Аеродром, Скопје, инвеститор: В. Ефтов, со В. Ставриќ.

2007 Магацин за градежни материјали „KARAVAS" Јурумлари, Скопје, со арх. Горан Стојановски.

2007 Идеен проект за комплетно партерно уредување на просторот околу црква „Св. Ѓорѓи" во с. Кнежино, Кичево.

2007 Ентериерно уредување на станбен објект, инвеститор: Караѓозови.

2007 Студија за реконструкција на Хотел „ГРАНД", Приштина, со идејно решение за хотелски единици, со арх. Викторија Ставриќ.

2006 Основен проект за ентериерно уредување на главната зграда на Централен Регистар на Република Македонија, Скопје.

2006 Идеен и главен проект за столарска работилница „Кузе-Трејд", Петровец, Скопје.

2006 Основен проект за ентериерно уредување на главната зграда на Централен регистар на Република Македонија, Скопје, со В. Ставриќ.

2006 Основен проект за винарска визба ДУДИН, винотека и административен објект со сала за дегустации, со Е. Јегени и Е. Павловска.

2005 Основен проект за ентериерно уредување на експозитури на Централен регистар на Република Македонија, Скопје.

2005 Основен проект за ентериерно уредување на работни простории на UNDP во Скопје, заедно со LOW-TECH архитектонско студио од Скопје.

2005 Идеен и главен проект за индивидуален станбен објект на ул. Букурешка 97б, инвеститор: Слободан Ангеловски.

2005 Основен проект за реконструкција на болница во Тетово, со С. Блажевски и К. Грозданов.

2005 Идеен и главен проект за доградба на административе објект на ТЕХНО-КОМЕРЦ, Скопје, ул. Даме Груев 3.

2004 Идеен проект за заштита од сончева радијација на фасадата на Архитектонскиот факултет во Скопје, со архитект Огнен Марина и во соработка со GTZ.

2003 Идеен и основен проект за деловен и магацински простор на BUEBHEN во Скопје, со арх. Гордана Атанасоска.

2003 Идеен и главен проект за таложник на езеро Треска кај Матка.

2003 Проект за решение за мермерен под во црквата Св. Петка во Скопје.

2003 Индивидуална станбена зграда во Тафталиџе на ул. Букурешка 134б, инвеститор: Слободан Ангеловски.

2003 Идеен проект за ентериерно уредување на стан на семејство Тоневски во нас. Аеродром, со В. Ставриќ

2002 Идеен и главен проект за индивидуален станбен објект и производен погон на семејството Јовановски во Припор.

2002 Ентериерно уредување за изложбено-продажен салон на фирмара ДИГИТ во населба Аеродром.

2002 Комплетно ентериерно решение за индивидуална семејна зграда на семејството Караманди во населба Влае.

2001 Идеен и главен проект за доградба на индивидуална семејна куќа на семејството Лупевски.

2001 Идеен проект за стакларник на семејство Јан од Холандија.

2001 Идеен и основен проект на индивидуална семејна куќа на семејство Карапеев, Скопје.

2001 Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Тафталиџе, инвеститор: Александар Дамовски, со М. Ралев.

2000 Идеен проект за ентериерно уредување на клуб-простории на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со проф Н. Павловски и проф А. Никольски.

2000 Основен проект за Куќа на сестрите „Св. Винко Паулски", Скопје.

2000 Основен проект за фарма за 150 крави молзници во Косово, со проф Н. Павловски.
2000 Основен проект за фарма за бројлери во Косово, со проф. Н. Павловски.
2000 Основен проект за фабрика за столарија во Косово, со проф. Н. Павловски.
2000 Основен проект на објект за пакување во с. Петровец, инвеститор: Весна Кисин, со В. Ставриќ.
2000 Основен проект за доградба и адаптација на индивидуален станбен објект во нас. Железара, Скопје, инвеститор: семејство Роуз.
1999 Основен проект за надградба (поткровја) на станбени блокови во КАРПОШ 1, со В. Ставриќ.
1999 Идеен проект за комплетно ентериерно уредување на индивидуален станбен објект во нас. Водно, Скопје, инвеститор: Д. Милошевски, со М. Ралев.
1999 Основен проект за преадаптација на спортска сала ПАРТИЗАН во хотел – преноќиште за спортисти во парк, со М. Ралев.
1999 Идеен проект за ентериерно уредување на деловен објект во с. Псача, инвеститор: БОНУМ.
1998 Идеен проект за ентериерно уредување на просторот пред Голема сала на Архитектонски факултет, со М. Ралев.
1998 Основен проект за пржилница за кафе ЗЛАТНО ЗРНО во Скопје, со М. Ралев.
1998 Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Влае, Скопје, инвеститор: Тони Костовски.
1998 Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Козле, Скопје, инвеститор: Славица Вељановска Петреска, со С. Мизова и М. Трандафиловска.
1997 Доградба, надградба и адаптација на Центарот за дијализа и нефрологија во Струга, со АТЕЉЕ С+М.
1997 Идеен проект за комплетно ентериерно уредување на административен дел на ИНВЕСТ БАНКА во Скопје, реализиран со АТЕЛЈЕ С+М.
1997 Идеен проект за комплетно енетериерно уредување на кафе-бар А-ХА во нас. Центар, Скопје.
1997 Идеен проект за комплетно енетериерно уредување на кафе-бар БЛУ во Порта Буњаковец, Скопје.
1997 Идеен проект за комплетно ентериерно уредување па претставништво за козметика ОРИФЛЕЈМ во Скопје, со М. Ралев.
1997 Основен проект за застаклување на тераса на кафе-бар ДОН ВИТО во Охрид, со М. Ралев.
1997 Основен проект за индивидуален станбен објект во Кисела Вода, Скопје, инвеститор: сем. Спирковски, со АТЕЛЈЕ С+М.
1997 Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Црниче, Скопје, инвеститор: сем. Грчеви, со АТЕЛЈЕ С+М.

8. ОРГАНИЗАЦИЈА И УЧЕСТВО НА ИЗЛОЖБИ И МАНИФЕСТАЦИИ

2012 Куратор на Македонската изложба „Architecture in a Mirror“ на XIII биенале во Венеција, со С.Тасиќ.
2012 Изложба на МЕТАМАК АРХИТЕКТОНСКИ КОЛЕКТИВ (дел од тимот) на XVI биенале на македонската архитектура во 2012.
2011 Учесник на изложбата „10000 World Arhitects Exibition“, на XXIV светски конгрес на архитектура UIA одржан во Токио, Јапонија.
2011 Учесник на изложбата „Отпечатоци, упатство за создавање“, подготвена од МЕТАМАК АРХИТЕКТОНСКИ КОЛЕКТИВ во галеријата МЦ, во Њујорк, САД.
2011 Изложба АСК 2011, по повод 13 Ноември, во Музеј на град Скопје.

2010	Добитник на GRAN PRIX на XV биенале на македонската архитектура за објект ВИНАРИЈА СТОБИ во Градско, заедно со Викторија Ставриќ.
2010	Учесник на XII биенале во Венеција на тема „People meet in Architecture", како дел од македонскиот тим.
2010	Изработка на штанд на УКИМ за манифестацијата „Саем на образование", со О. Марина
2010	Архитектура Скопје 2010-АСК / ASK, Музеј на град Скопје: Типологија за повеќесемејно домување / АРМ, Скопје (М.Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С.Тасиќ, А.Радевски, М.Зиновски, Н.Стрезовски, Д. Момировски), Административна зграда на општина Карпош, Скопје, (М.Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С.Тасиќ, А.Радевски, , Н.Стрезовски, Д. Момировски), Градски хотел, Скопје (С.Тасиќ, А.Радевски, , Н.Стрезовски, М.Бакалчев, М. Хаџи Пуља).
2009	Изработка на штанд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за манифестацијата „Саем на образование", заедно со Митко Хаџи Пуља д.и.а. и Наташа Милованчев д.и.а.
2009	НИЕ, 60 години Архитектонски факултет, Скопје, Музеј на град Скопје: ВИНАРИЈА СТОБИ во Градско.
2008	Изложба „Современа македонска архитектура" на XIV биенале на македонската архитектура.
2008	Учесник на македонската изложба „Современа македонска архитектура" на XXIII светски конгрес на архитектура UIA 2008 во Торино, Италија.
2008	Член на организационен одбор на 14. Биенале на македонската архитектура, организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија.
2008	Жири-комисија за конкурс "ГОЛЕМА ЛИВАДА" -Битола.
2005	Учесник на македонската изложба (>20 под <40) на XXII светски конгрес на архитектура UIA 2005 во Истанбул.
2004	Член на жири-комисија на 12. Биенале на македонската архитектура, организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија.
2001	Секретар на 10. Биенале на македонската архитектура, организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија.
2000	Изработка на каталог за БИСТА (Студентско биенале).

9. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

2012-2013	Член на издавачки одбор на едиција „СВЕТЛИНА", едиција за архитектура и култура на живеење, Издавачка куќа ИКОНА. Мислејќи архитектура, Петер Цумтор, 2012. Атмосфери, Петар Цумтор, 2012. Во слава на сенките, Јунихиро Танизаки, 2013.
2012	Претседател на организационен одбор на 16. Биенале на македонската архитектура организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија, 2012.
2012	Член на Управен одбор на Асоцијацијата на архитекти на Македонија.
2010-2012	Член на Комисијата за енергетска ефикасност ТК8 при Институтот за стандардизација на Република Македонија.
2009	Студиско патување во Холандија.
2008	Член на организационен одбор на 14. Биенале на македонската архитектура, организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија, 2008.
2007	Студиско патување во Италија со студентите од Архитектонскиот факултет.
2007	Студиско патување во Берлин, Германија, со студентите од Архитектонскиот факултет.

2004-2006	Член на уредувачки одбор на весникот за архитектура ПОРТА 3.
2004	Студиско патување во Атина, Грција – посета на Олимпискиот спортски комплекс.
2003	Член на ААМ, Асоцијација на архитектите на Македонија (член на UIA International Union of Architects).
2003	Студиско патување во Берлин, Германија (GTZ проект – Заштита од сончева радијација).
2001	Секретар на 10. Биенале на македонската архитектура, организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија, 2001.
2000	Salzburg, Austria 2000 (за истражувачкиот проект „Климата и нејзиното влијание врз изборот на материјали за изведба на фасади во Република Македонија“).

10. КОНГРЕСИ И КОНФЕРЕНЦИИ

2010	Претставник на асистенти на Архитектонскиот факултет во Скопје на Деветтиот конгрес на студентите по архитектура на поранешна Југославија одржан во Љубљана, Словенија.
2008	Претставник на асистенти на Архитектонскиот факултет во Скопје на Петиот конгрес на студентите по архитектура на поранешна Југославија одржан во Љубљана, Словенија.
2008	XXIII Congress UIA Torino.
2006	Претставник на асистенти на Архитектонскиот факултет во Скопје на Петиот конгрес на студентите по архитектура на поранешна Југославија одржан во Белград, Србија.
2005	XXII Congress UIA Instanbul.
2004	Претставник на асистенти на Архитектонскиот факултет во Скопје на Четвртиот конгрес на студентите по архитектура на поранешна Југославија одржан во Сараево, Босна и Херцеговина.

Во Анексот на овој Извештај детално се наведени и бодувани сите активности на кандидатот од областа на наставната и стручно-апликативната дејност.

ОБРАЗЕЦ **АНЕКС 2**

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Александар Боро Раденски**
Институција: **Архитектонски факултет, УКИМ - Скопје**
Научна област: **архитектура**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Р.б.	НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:	Поени
1	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар 1997/1998 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 3.6	3.6
2	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 1997/1998 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2.7	2.7
3	Проектирање на индустриски згради (2+2), летен семестар 1997/1998 вежби: вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи =1.8	1.8
4	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар	3.6

	1998/1999 вежби: вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 3.6	
5	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 1998/1999 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2.7	2.7
6	Проектирање на индустриски згради (2+3), летен семестар 1998/1999 вежби: вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2.7	2.7
7	Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар 1998/1999 вежби: вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 5.4	5.4
8	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар 1999/2000 вежби: вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 5.4	5.4
9	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 1999/2000 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2.7	2.7
10	Проектирање на индустриски згради (2+3), летен семестар 1999/2000 вежби: вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	4.05
11	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар 2000/2001 вежби: вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 5.4	5.4
12	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 2000/2001 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2.7	2.7
13	Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар 2000/2001 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	4.05
14	Архитектонско проектирање (продлабочена настава) (0+3), летен сем. 2000/2001 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 1 групи = 1.35	1.35
15	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар 2001/2002 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 3.60	3.60
16	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 2001/2002 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	4.05
17	Архитектонско проектирање (продлабочена настава) (0+8), зимски семестар 2001/2002 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 1 групи = 1.80	1.80
18	Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар 2001/2002 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	4.05
19	Архитектонско проектирање (продлабочена настава) (1+5), летен сем. 2001/2002 вежби: 5 часа x 15 недели x 0.03 x 1 групи = 2.25	2.25
20	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар 2002/2003 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 3.60	3.60
21	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 2002/2003 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	4.05
22	Архитектонско проектирање (продлабочена настава) (4+8), зимски семестар 2002/2003 вежби: 5 часа x 15 недели x 0.03 x 1 групи = 2.25	2.25
23	Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар 2002/2003 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	4.05
24	Архитектонско проектирање (продлабочена настава) (1+5), летен сем. 2002/2003 вежби: 5 часа x 15 недели x 0.03 x 1 групи = 2.25	2.25
25	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар 2003/2004 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 3.60	3.6
26	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 2003/2004 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	4.05
27	Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар 2003/2004 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2.7	2.7
28	Елементи на проектирање (2+4), летен семестар 2003/2004 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 3.6	3.6
29	Елементи на проектирање мебел и ентериер ШФ (2+2), летен семестар 2003/2004 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 1.8	1.8
30	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар	3.6

	2004/2005 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 3.60	
31	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 2004/2005 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 5.4	5.4
32	Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар 2003/2004 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2.7	2.7
33	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар 2005/2006 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 5.4	5.4
34	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 2005/2006 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 5.4	5.4
35	Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар 2003/2004 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 5.4	5.4
36	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар 2006/2007 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 5.4	5.4
37	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 2005/2006 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	4.05
38	Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар 2006/2007 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 5.4	5.4
39	Проектирање на општествени згради I (2+3), летен семестар 2006/2007 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2.7	2.7
40	Проектирање на општествени згради II (2+3), летен семестар 2006/2007 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2.7	2.7
41	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар 2007/2008 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 5.4	5.4
42	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 2007/2008 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	4.05
43	Архитектонско студио 1 (0+6), зимски семестар 2007/2008 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	2.7
44	Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар 2007/2008 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 5.4	5.4
45	Архитектонско студио 2 (0+6), летен семестар 2007/2008 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	2.7
46	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар 2008/2009 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 5.4	5.4
47	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 2008/2009 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 5.4	5.4
48	Архитектонско студио 1 (0+6), зимски семестар 2008/2009 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	2.7
49	Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар 2007/2008 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 5.4	5.4
50	Архитектонско студио 2 (0+6), летен семестар 2008/2009 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	2.7
51	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар 2009/2010 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 5.4	5.4
52	Проектирање на стопански згради (2+3), зимски семестар 2009/2010 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	4.05
53	Архитектонско студио 1 (0+6), зимски семестар 2009/2010 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	2.7
54	Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар 2009/2010 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	4.05
55	Архитектонско студио 2 (0+6), летен семестар 2009/2010 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	2.7
56	Архитектонско проектирање продлабочена настава (3+5), летен сем. 2009/2010 вежби: 5 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.25	2.25

57	Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар 2010/2011 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 5.4	5.4
58	Архитектонско студио 1 (0+6), зимски семестар 2010/2011 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	2.7
59	Архитектонско студио 7/3 (0+8), зимски семестар 2010/2011 студио: 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 3.6	3.6
60	Архитектонско проектирање продлабочена настава (2+8), зимски семестар 2010/2011 вежби: 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 3.6	3.6
61	Архитектонско студио 2 (0+6), летен семестар 2010/2011 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 2 група = 5.4	5.4
62	Архитектонско студио 8/3 (0+8), летен семестар 2010/2011 студио: 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 3.6	3.6
63	Архитектонско студио 1 (0+6), зимски семестар 2011/2012 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	2.7
64	Архитектонско студио 7/3 (0+8), зимски семестар 2011/2012 студио: 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 3.6	3.6
65	Архитектонско проектирање 5, зимски семестар 2011/2012 часови: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 1.8	1.8
66	Архитектонско студио 2 (0+6), летен семестар 2011/2012 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 2 група = 5.4	5.4
67	Архитектонско студио 8/3 (0+8), летен семестар 2011/2012 студио: 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 3.6	3.6
68	Архитектонско проектирање 5, зимски семестар 2011/2012 часови: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 0.9	0.9
69	Архитектонско студио 1 (0+6), зимски семестар 2012/2013 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	2.7
70	Архитектонско студио 3 (0+6), зимски семестар 2012/2013 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	2.7
71	Архитектонско студио 7/3 (0+8), зимски семестар 2012/2013 студио: 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 3.6	3.6
72	Архитектонско проектирање 5, зимски семестар 2012/2013 часови: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 1.8	1.8
73	Архитектонско студио 2 (0+6), летен семестар 2012/2013 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	2.7
74	Архитектонско студио 4 (0+6), летен семестар 2012/2013 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	2.7
75	Архитектонско студио 8/3 (0+8), летен семестар 2012/2013 студио: 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 3.6	3.6
76	Архитектонско проектирање 5, зимски семестар 2011/2012 часови: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 0.9	0.9
77	8. Интернационална летна школа по архитектура во „Св. Јоаким Осоговски“, Крива паланка, Македонија (Проектирање на архитектура на Не-Место) – секретар на школата и ментор, 1999	1
78	12. Интернационална летна школа по архитектура во „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка, Македонија (Поддршка на локалната заедница) – коментор со архитект Christos Papoulias, 2003	1
79	13. Интернационална летна школа по архитектура во „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка, Македонија (Рехабилитирање на индустриски објекти) – секретар на школата и коментор со архитект George Kunihiro, 2004	1
80	16. Интернационална летна школа по архитектура во „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка, Македонија (Град за сите) – секретар на	1

	школата и ментор, 2007	
81	Просторот како медиум, студентска работилница поддржана од Градоначалникот на Скопје, Македонија – ментор, 2007	1
82	Архитектонска работилница со студентите од Архитектонскиот факултет УКИМ (8 семестар) во соработка со Општина Илинден, Раководител на работилницата проф. Г.Ачи-Митревски, ментор, 2012	1
83	Подготовка на нови предмети според новата наставна ЕКТС програма: Архитектонско проектирање 5 (стопански згради), Архитектонско проектирање 5 (индустриски згради), Архитектонско студио 7, Архитектонско студио 8, Селектирани теми од индустриски згради, Селектирани теми од стопански згради	6
84	Консултации со студентите: 16 семестри (летен 8) x (70-110 студенти) x 1 предмети 16 семестри (зимски 7 и 9) x (70-110 студенти) x 2 предмети	7.36
85	Интерна скрипта по предметот проектирање на стопански згради, со проф. Н. Павловски и доц. М-р. Г. Атанасоска	4
86	Интерна скрипта по предметот проектирање на индустриски згради, со проф. Н. Павловски и доц. М-р. Г. Атанасоска	4
87	Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методиско списание: ▪ Дневната светлина-дефинирање, толкување и примена, ПресИНГ, бр.3/2011, списание на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија ▪ Поуки за архитектурата, МетаМак архитектонски колектив, ПресИНГ, бр.5/2011, списание на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија ▪ Архитектура во огледало, секојдневно и возвишено, ПресИНГ, бр.10/2012, списание на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија ▪ Винарија „Стоби“, Архитектон бр. 10/2011 ▪ Биенале во Венција, Архитектура во огледало, секојдневно и возвишено, Архитектон бр. 16/2012 ▪ Помеѓу возвишеното и секојдневното, Порта 133/2012	6
	ВКУПНО	**303.36**

НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЛНОСТ

Р.б.	НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:	Поени
1	Меѓународен научен проект за енергетска ефикасност во архитектурата заедно со GTZ, заедно со доц. д-р О. Марина	5
2	Меѓународен научен проект на Британскиот совет (МАКЕДОНИЈА МОЈА АРХИТЕКТУРА), Павилјон „Александар Бродски”, во дворот на Архитектонскиот факултет, ментор, 2008	5
3	Меѓународен научен проект организиран од страна на Британскиот совет на Романија, на тема: Art and public space.. Who is shaping the city and for whom. Букурешт 2008	5
4	Учесник во проектот „ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ГРАДБА СО АКЦЕНТ НА ФАСАДНА ТЕХНОЛОГИЈА”. Проектот е поддржан од Austrian Development Cooperation, STO, МАЦЕФ -Центар за енергетска ефикасност на Македонија И АЛПОС STO.	5
5	Прирачник КСИНТИ (композитни системи за надворешна термичка изолација), во рамките на меѓународниот проект „Енергетска ефиканост на градежни објекти од аспект на фасадна технологија“, поддржан од ADA, Sto Ges. mbH Villach Austria, издавач: Комора на	5

	овластени архитекти и овластени инженери на Македонија.	
6	Учесник во истражувачкиот проект "Климата и нејзиното влијание врз изборот на материјали за изведба на фасади во Република Македонија", проект на Архитектонски факултет, УКИМ-Скопје и АДИНГ-Скопје (проф. Љ. Филиповски и В. Бошковски)	5
7	Dnevna svetlina-definicija, tumačenje i primena u današnjici, PROSTOR, naučno-stručni časopis za arhitekturu i građevinarstvo br.17/2011 Banja Luka	2
8	Vinarija Stobi, PROSTOR, naučno-stručni časopis za arhitekturu i građevinarstvo br.15/2011 Banja Luka	2
	ВКУПНО	34

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Р.б.	**НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:**	**Поени**
1	Винарија СТОБИ во Градско, награда ГРАН ПРИ за реализиран објект на XV биенале на македонската архитектура во 2010, со В. Ставриќ	8
2	Финалист (5 финалисти) во категоријата Индустриска архитектура за 2010, објект Винарија СТОБИ, на порталот ARCHDAILY	8
3	Конкурсен проект за катна гаража на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин" во Скопје, I награда во 2010, со М. Хаџи Пуља, М. Бакалчев, С. Тасиќ, Д.Момировски, Н. Стрезовски	8
4	Конкурсен проект АРМ – Мој вистински дом, II награда (I награда не е доделена) во 2010, со М. Хаџи Пуља, М. Бакалчев, С. Тасиќ, Д.Момировски, Н. Стрезовски	8
5	Конкурсен проект за Општинска зграда на Општина Карпош во Скопје, II награда во 2010, со М. Хаџи Пуља, М. Бакалчев, С. Тасиќ, Д.Момировски, Н. Стрезовски	8
6	Конкурсен проект за ревитализација на скопското Кале, II награда во 2011, со М. Бакалчев, С. Тасиќ, Д.Момировски, Н. Стрезовски	8
7	Конкурсен проект за реконструкција на Хавзи Пашини конаци во с. Бардовци, Скопје, откуп во 2009, со В. Ставриќ, Ј. Радевски, Д. Момировски, М. Лукаревска, М. Доновски	8
8	Идеен проект за колективна станбена зграда во Охрид, во АТЕЛЈЕ С+М, 1996	4
9	Идеен проект за реконструкција на еден од катовите на бања Цар Самоил во Банско, во АТЕЛЈЕ С+М во 1996	4
10	Идеен проект за доградба, надградба и адаптација на Центарот за дијализа и нефрологија во Струга, во АТЕЛЈЕ С+М во 1996-1997	4
11	Идеен проект за доградба и адаптација на индивидуален станбен објект во нас. Железара, Скопје, инвеститор: семејство Ј. Роуз во 2000	4
12	Идеен проект за доградба и адаптација на индивидуален станбен објект во нас. Драчево, Скопје, инвеститор: семејство Ѓорѓевски, со В. Ставриќ во 2000	4
13	Идеен проект на објект за пакување во с. Петровец, инвеститор: В. Кисин со В. Ставриќ во 2000	4
14	Идеен проект на индивидуална семејна куќа на семејство Карапеев, Скопје со В. Ставриќ во 2001	4
15	Идеен проект за стакларник на семејство Јан од Холандија, проектот е реализиран во Холандија во 2001	4

16	Идеен проект за доградба и надградба на индивидуална семејна куќа на семејство Булуков во нас. Капиштец со В. Ставриќ во 2001	4
17	Идеен проект за доградба на индивидуална семејна куќа на семејството Лупевски со В. Ставриќ во 2001	4
18	Идеен проект за индивидуален станбен објект и производен погон на семејството Јовановски во Припор со В. Ставриќ во 2002	4
19	Идеен проект за деловен и магацински простор на BUEBHEN во Скопје, со проф. Г. Атанасоска во 2003	4
20	Идеен проект за таложник на езеро Треска кај Матка со Г. Стојановски во 2003	4
21	Идеен проект за индивидуална станбена зграда во Тафталице на ул. Букурешка 134б, инвеститор: Слободан Ангеловски со В. Ставриќ и Г. Стојановски во 2003	4
22	Идеен проект за индивидуален станбен објект на ул. Букурешка 97б, инвеститор: С. Ангеловски со В. Ставриќ и Г. Стојановски во 2005	4
23	Идеен проект за доградба на административен објект на ТЕХНОКОМЕРЦ, Скопје на ул. Даме Груев 3 со В. Ставриќ во 2005	4
24	Идеен проект за винарска визба ДУДИН, винотека и административен објект, со сала за дегустации со Е. Јегени и Е. Павловска во 2006	4
25	Идеен проект за столарски погон „Кузе -Трејд" Петровец, Скопје во 2006	4
26	Идеен проект за станбен комплекс во нас. Рача, Охрид, 2008	
27	Идеен проект на винарска визба со дистрибутивен центар во Градско, Инвеститор АРГИАДИ со В. Ставриќ во 2008	4
28	Идеен проект за пристаниште за лесни пловила во Охрид, Инвеститор БЕТОН АД – Скопје, во 2008	
29	Идејно – архитектонско решение на индивидуален станбен објект во с. Галичник, Инвеститор семејство Сарцоски со В. Ставриќ во 2008	4
30	Идеен проект за млекара во Градско, Инвеститор АРГИАДИ во 2009	4
31	Идеен проект за доградба на типски бараки во нас. Радишани во 2009	4
32	Идеен проект за индивидуален станбен објект во нас. Пржино, Инвеститор семејство Маленко со В. Ставриќ во 2009	4
33	Идеен проект за индивидуален станбен објект во нас. Бардовци, Инвеститор семејство Благоевски-Тразоф со В. Ставриќ во 2009	4
34	Идеен проект за индивидуален станбен објект во нас. Водно, Инвеститор семејство Кочовски со В. Ставриќ во 2010	4
35	Доградба, надградба и адаптација на Центарот за дијализа и нефрологија во Струга, во АТЕЉЕ С+М во 1996-1997	6
36	Индивидуален станбен објект во нас. Црниче, Скопје, инвеститор: Сем. Грчев, во 1998	6
37	Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Влае, Скопје, инвеститор: Т. Костовски во 1998	6
38	Доградба и адаптација на индивидуален станбен објект во нас. Железара, Скопје, инвеститор: семејство J. Poyз во 2000	6
39	Доградба и адаптација на индивидуален станбен објект во нас. Драчево, Скопје, инвеститор: семејство Ѓорѓевски во 2000	6
40	Објект за пакување во с. Петровец, инвеститор: В. Кисин во 2000	6
41	Доградба на индивидуална семејна куќа на семејството Лупевски во 2001	6
42	Индивидуален станбен објект во нас. Тафталице, инвеститор:	6

	Александар Дамовски во 2001	
43	Индивидуална семејна куќа на семејство Карапеев, Скопје во 2002	6
44	Куќа на сестрите Св. Винко Паулски, Скопје во 2001 – 2002	6
45	Доградба и надградба на индивидуална семејна куќа на семејство Буљуков во нас. Капиштец во 2002	6
46	Индивидуален станбен објект и производен погон на семејството Јовановски во Припор во 2002	6
47	Деловен и магацински простор на BUEBHEN во Скопје, во 2004	6
48	Индивидуална станбена зграда во Тафталице на ул. Букурешка 134б, инвеститор: Слободан Ангеловски во 2005	6
49	Винарска визба ДУДИН, винотека и административен објект, со сала за дегустации во 2007	6
50	Столарски погон "Кузе -Трејд" Петровец, Скопје во 2007	6
51	Магацин за градежни материјали „КАРАВАС" Јурумлари,Скопје во 2007	6
52	Надградба и доградба на индивидуален станбен објект на сем. Ѓурчинов во 2008	6
53	Индивидуален станбен објект во нас. Драчево, Инвеститор семејство Саздовски во 2010	6
54	Винарија СТОБИ во Градско, Инвеститор Винарија СТОБИ 2010 – 2011	6
55	Индивидуален станбен објект во нас. Бел Камен, Инвеститор семејство Минков во 2011 – 2012	6
56	Индивидуален станбен објект во нас. Водно, Инвеститор семејство Кочовски во 2012	6
57	Катна гаража на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин" во Скопје, во 2012 – 2013	6
58	Учесник на Македонската изложба (>20 под <40) на XXII Светски конгрес на архитектура UIA 2005 во Истанбул, Турција	8
59	Учесник на Македонската изложба Современа Македонска Архитектура на XXIII светски конгрес на архитектура UIA 2008 во Торино, Италија	8
60	Учесник во Македонската изложба "People meet in Architecture – Learning Architecture" на XII биенале во Венеција во 2010	8
61	Учесник на изложбата „Отпечатоци, упатство за создавање" подготвена од МЕТАМАК АРХИТЕКТОНСКИ КОЛЕКТИВ во галеријата МЦ, во Њујорк , САД во 2011	8
62	Учесник на изложбата „10000 World Arhitects Exibition", на XXIV светски конгрес на архитектура UIA 2011 одржан во Токио, Јапонија	8
63	Учесник на Македонската изложба „Architecture in a Mirror" на XIII биенале во Венеција во 2012	8
64	Конкурсен проект за идејно решение на Мост на уметноста заедно со М. Хаџи Пуља, М. Бакалчев С. Тасиќ, и Н. Стрезовски во 2010	4
65	Конкурсен проект за идејно решение за градски хотел во Скопје, заедно со М. Хаџи Пуља, М. Бакалчев, С. Тасиќ и Н. Стрезовски	4
66	Куратор на Македонската изложба „Architecture in a Mirror" на XIII биенале во Венеција во 2012 заедно со С.Тасиќ	2
67	Изложба Современа Македонска Архитектура на XIV биенале на македонската архитектура во 2008	2
68	Изложба „НИЕ" по повод јубилејот 60 години Архитектонски	2

	факултет, во Музеј на град Скопје во 2009	
69	Изложба АСК 2011, по повод 13 Ноември во Музеј на град Скопје	2
70	Изложба на МЕТАМАК АРХИТЕКТОНСКИ КОЛЕКТИВ (дел од тимот) на XVI биенале на македонската архитектура во 2012	2
	ВКУПНО	**360**
	НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ+ СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
	НИ + СУ	**394**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Р.б.	**НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:**	**Поени**
1	Стручна монографија објавена во странство , 1000 European Architecture, Braun, 2012. The Deutsche Nationalbibliothek	12
2	Идеен проект за комплетно ентериерно уредување на административен дел на ИНВЕСТ БАНКА во Скопје, реализиран во АТЕЛЈЕ С+М во 1997	2
3	Идеен проект за комплетно енетериерно уредување на кафе бар А - ХА во нас.Центар, Скопје во 1997	2
4	Идеен проект за комплетно енетериерно уредување на кафе бар БЛУ во Порта Буњаковец, Скопје во 1997	2
5	Идеен проект за комплетно ентериерно уредување на претставништво за козметика ОРИФЛЕЈМ во Скопје со М. Ралев во 1997	2
6	Идеен проект за ентериерно уредување на просторот пред Голема сала на Архитектонски факултет со М. Ралев во 1998	2
7	Идеен проект за комплетно ентериерно уредување на индивидуален станбен објект во нас. Водно, Скопје, инвеститор: Д. Милошевски со М. Ралев во 1999	2
8	Идеен проект за ентериерно уредување на деловен објект во с. Псача, инвеститор: БОНУМ во 1999	2
9	Идеен проект за ентериерно уредување на клуб-простории на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со проф Н. Павловски и проф А. Никољски во 2000	2
10	Идеен проект за комплетно ентериерно уредување на индивидуална семејна зграда на семејството Караманди во населба Влае, Скопје во 2002	2
11	Идеен проект за комплетно ентериерно уредување на изложбено-продажен салон на фирмата ДИГИТ во населба Аеродром во 2002	2
12	Идеен проект за ентериерно уредување на стан на семејство Тоневски во нас. Аеродром со В. Ставриќ во 2003	2
13	Идеен проект за заштита од сончева радијација на фасадата на Архитектонскиот факултет во Скопје со О. Марина и во соработка со GTZ во 2004	2
14	Студија за реконструкција на "ГРАНД" Хотел, Приштина, Косово, со идејно решение за хотелски единици, со В. Ставриќ во 2007	2
15	Идеен проект за ентериерно уредување на станбен објект во нас. Капиштец, инвеститор: семејство Караѓозови во 2007	2
16	Идеен проект за комплетно партерно уредување на просторот околу црквата „Св Ѓорѓи" во с. Кнежино, Кичево во 2007	2
17	Идеен проект за архитектонско - ентериерно уредување на два апартмани и јавни тоалети во хотел БЕТОН во Охрид, инвеститор: БЕТОН	2

	со В.Ставрић во 2008	
18	Идеен проект за ентериерно уредување на наплатни пунктови на ЕВН на територија на Р. Македонија во 2009	2
19	Идеен проект за ентериерно уредување на станбен објект во нас. Аеродром, Скопје, инвеститор: В. Ефтов со В. Ставрић во 2008	2
20	Идеен проект за ентериерно уредување на станбен објект во нас. Козле, Скопје, инвеститор: семејство Јанковски со В. Ставрић во 2008	2
21	Идеен проект за ентериерно уредување на кафе-бар Il Café di Roma во ТЦ Рамстор во Скопје, во 2009	2
22	Идеен проект за ентериерно уредување на продажно–изложбен салон на компанијата МАРИСТ, Скопје, во 2012	2
23	Идеен проект за ентериерно уредување на крстилница (трпезарија) со придружни простории во црквата „Св. Петка“ во Скопје, во 2013	2
24	Основен проект за застаклување на тераса на кафе бар ДОН ВИТО во Охрид со М. Ралев во 1997	
25	Основен проект за индивидуален станбен објект во Кисела Вода, Скопје, инвеститор: сем. Спирковски, со АТЕЉЕ С+М во 1997	4
26	Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Црниче, Скопје, инвеститор: сем. Грчеви, со АТЕЛЈЕ С+М во 1997	4
27	Основен проект за пржилница за кафе ЗЛАТНО ЗРНО во Скопје, со М. Ралев во 1998	4
28	Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Влае, Скопје, инвеститор: Тони Костовски во 1998	4
29	Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Козле, Скопје, инвеститор: Славица Вељановска Петреска, со С. Мизова и М. Трандафиловска во 1998	4
30	Основен проект за преадаптација на спортска сала ПАРТИЗАН во хотел – преноќиште за спортисти во парк со М. Ралев во 1999	4
31	Основен проект за надградба (поткровја) на станбени блокови во КАРПОШ 1, со В. Ставрић во 1999	4
32	Основен проект за фарма за 150 крави молзници во Косово, со проф Н. Павловски во 2000	4
33	Основен проект за фарма за бројлери во Косово, со проф. Н. Павловски во 2000	4
34	Основен проект за фабрика за столарија во Косово, со проф. Н. Павловски во 2000	4
35	Основен проект за Куќа на сестрите „Св. Винко Паулски“, Скопје, со В. Ставрић во 2000	4
36	Основен проект на објект за пакување во с. Петровец, инвеститор: Весна Кисин, со В. Ставрић во 2000	4
37	Основен проект за индивидуален станбен објект во нас Тафталице, инвеститор: Александар Дамовски, со М. Ралев во 2000	4
38	Основен проект за доградба и адаптација на индивидуален станбен објект во нас. Железара, Скопје, инвеститор: семејство Роуз во 2000	4
39	Основен проект за доградба и надградба на индивидуална семејна куќа на семејство Булъков во нас. Капиштец со В. Ставрић во 2001	4
40	Основен проект на индивидуална семејна куќа на семејство Карапеев, Скопје со В. Ставрић во 2001	4
41	Основен проект за доградба на индивидуална семејна куќа на семејството Лулевски со В. Ставрић во 2001	4

42	Основен проект за индивидуален станбен објект и производен погон на семејството Јовановски во Припор со В. Ставриќ во 2002	4
43	Основен проект за решение на мермерен под во црквата „Св. Петка“ во Скопје во 2003	4
44	Основен проект за деловен и магацински простор на BUEBHEN во Скопје, со проф. Г. Атанасоска во 2003	4
45	Основен проект за таложник на езеро Треска кај Матка со Г. Стојановски во 2003	4
46	Основен проект за индивидуална станбена зграда во Тафталице на ул. Букурешка 134б, инвеститор: Слободан Ангеловски, со В.Ставриќ и Г. Стојановски во 2003	4
47	Основен проект за индивидуален станбен објект во с. Соње, Инвеститор Е. Дончева со В. Ставриќ во 2005	4
48	Основен проект за ентериерно уредување на работни простории на UNDP во Скопје, заедно со С. Блажевски и К. Грозданов во 2005	4
49	Основен проект за реконструкција на болница во Тетово со С. Блажевски и К. Грозданов во 2005	4
50	Основен проект за ентериерно уредување на експозитура на плоштад Пела на Централен регистар на Република Македонија, Скопје во 2005	4
51	Основен проект за индивидуален станбен објект на ул. Букурешка 97б, инвеститор: С. Ангеловски со В. Ставриќ и Г. Стојановски во 2005	4
52	Основен проект за доградба на административен објект на ТЕХНО-КОМЕРЦ, Скопје на ул. Даме Груев 3 со В. Ставриќ во 2005	4
53	Основен проект за столарски погон “Кузе -Трејд” Петровец, Скопје во 2006	4
54	Основен проект за винарска визба ДУДИН, винотека и административен објект, со сала за дегустации со Е. Јегени и Е. Павловска во 2006	4
55	Основен проект за ентериерно уредување на главната зграда на Централен Регистар на Република Македонија,Скопје со В. Ставриќ во 2006	4
56	Основен проект за магацин за градежни материјали „КАРАВАС” Јурумлари, Скопје со Г. Стојановски и В. Ставриќ во 2007	4
57	Основен проект за надградба и доградба на индивидуален станбен објект на сем. Ѓурчинов со В. Ставриќ во 2008	4
58	Основен проект за индивидуален станбен објект во с. Галичник, инвеститор: семејство Сарџоски, со В. Ставриќ во 2008	4
59	Основен проект за Винарија СТОБИ во Градско, инвеститор: Винарија СТОБИ, со В. Ставриќ во 2009	
60	Основен проект за катна гаража на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин во Скопје, со М. Хаџи Пуља, М. Бакалчев, С. Тасиќ, Д.Момировски, Н. Стрезовски во 2010	4
61	Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Водно, инвеститор: семејство Кочовски, со В. Ставриќ во 2010	4
62	Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Драчево, инвеститор: семејство Саздовски, со В. Ставриќ во 2010	4
63	Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Бел Камен, инвеститор: семејство Мињков ,со В. Ставриќ во 2011	4
64	Основен проект за индивидуална викенд куќа во с. Стење, Преспа, инвеститор: семејство Ѓорѓевски, со В. Ставриќ во 2012	4
65	Основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Долно	4

	Нерези, инвеститор: семејство Битики, со В. Ставриќ во 2013	
66	Документирање и евидентирање на постоечката состојба на споменичката целина Хавзи Пашините Конаци во с. Бардовци, заедно со В. Ставрик-Радевски, Ј. Радевски, Д. Момировски, М. Лукаревска, Митко Доновски, Ц. Хаџи Пецова, А. Таневска и Е.Петрова Николовска	4
67	Изработка на штанд на УКИМ за манифестацијата „Саем на образование“ со М. Хаџи Пуља и Н. Милованчев во 2009	0.5
68	Изработка на штанд на УКИМ за манифестацијата „Саем на образование“ со О. Марина во 2010	0.5
69	Член на национална жири-комисија на XII биенале на македонската архитектура, организирано од ААМ	1
70	Член на национална жири-комисија за конкурс „Голема ливада“ во Битола во 2008 год.	1
	ВКУПНО	**223**

ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Р.б.	**НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:**	**Поени**
1	Член на издавачки совет на Порта 3	0.5
2	Секретар на 10. Биенале на македонската архитектура, организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија, 2001	0.5
3	Член на Организационен одбор на 14. Биенале на македонската архитектура, организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија, 2008	0.5
4	Претседател на Организационен одбор на 16. Биенале на македонската архитектура, организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија, 2012	1
5	Член на Управен одбор на Асоцијацијата на архитекти на Македонија	
6	Студиски престој до 3 месеци ▪ Salzburg, Austria 2000 (за истражувачкиот проект „Климата и нејзиното влијание врз изборот на материјали за изведба на фасади во Република Македонија“) ▪ Berlin, Germany 2003 (за истражувачкиот проект во соработка со GTZ) ▪ Saraevo, Bosna i Hecegovina 2005 (Конгрес на студентите по архитектура KCAJ) ▪ XXII Congress UIA Instanbul 2005 ▪ Beograd, Srbia 2005 (Конгрес на студентите по архитектура KCAJ) ▪ Berlin, Germany 2007 ▪ Ravena, Italy 2007 ▪ Турција 2008 ▪ XXIII Congress UIA Torino 2008 ▪ Ljubljana, Slovenia 2008 (Конгрес на студентите по архитектура KCAJ) ▪ Amsterdam, Roterdam, HolLand 2009 ▪ Bucharest, Romania 2009	6
7	Член на Комисијата за енергетска ефикасност ТК8 при Институтот за стандардизација на Република Македонија	2
8	Член на Издавачки одбор на едицијата „СВЕТЛИНА“, едиција за архитектура и култура на живеење, Издавачка куќа ИКОНА. ▪ Мислејќи архитектура, Петер Цумтор, 2012 ▪ Атмосфери, Петар Цумтор, 2012	1.5

	▪ Во слава на сенките, Јунихиро Танизаки, 2013	
	ВКУПНО	12

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	303.36
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ+ СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА	394
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	235
ВКУПНО	932.36

З А К Л У Ч О К

Врз основа на презентираниот професионален курикулум, Рецензентската комисија смета дека д-р Александар Радевски, дипломиран инженер-архитект, со своето знаење, искуство, ангажираност во наставата и широката палета професионални активности ги надминува критериумите утврдени со Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Комисијата цени дека кандидатот д-р Александар Радевски, покрај големиот број научни, стручни, конкурсни и реализирани творби, активно учествувал во организација на домашни и меѓународни изложби и манифестации, конгреси и конференции за кои добил и посебни признанија и награди.

Заради несебичното ангажирање во наставата, желбата за продлабочување на знаењата и постигнатите резултати во научната и апликативната дејност, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да го избере д-р Александар Радевски во звањето доцент по предметите: архитектонско проектирање 5 и архитектонско студио 7 – 9 на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Никола Павловски, редовен професор – претседател, с.р.
2. Д-р Тихомир Стојков, редовен професор – член, с.р.
3. Д-р Митко Хаџи-Пуља, редовен професор – член, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЕКОНОМСКО ПЛАНИРАЊЕ, АГРАРНА ПОЛИТИКА И ОПШТЕСТВЕНО БОГАТСТВО И НАЦИОНАЛНИ СМЕТКИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, бр. 0202-1934/3, донесена на седницата од 24.6.2013 година, определени сме за рецензенти за избор на наставник по предметот економско планирање. Врз основа на проучувањето на пријавата и на другите конкурсни материјали (приложени научни и стручни трудови), Комисијата го поднесува до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс од страна на ректорот, по предлог на деканот на Економскиот факултет во Скопје, за избор на наставник по предметот економско планирање на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во дневниот весник „Дневник" на 14.6.2013 година, се пријави само кандидатот д-р Сашо Ќосев, досегашен вонреден професор по предметите економско планирање, аграрна политика и општествено богатство и национални сметки.

I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Сашо Ќосев е роден на 24.8.1971 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје. По отслужувањето на воениот рок, студирал на Економскиот факултет во Скопје, на насоката економска политика и развој во периодот 1991-1995 година. Дипломирал во октомври 1995 година, со просечен успех од 8,81.

Во 1996 година кандидатот Сашо Ќосев се запишал на постдипломски (втор циклус) студии на Економскиот факултет во Скопје, на насоката економски развој со методи на економска анализа. Испитите ги положил со просечна оценка 9,10, а во март 2001 година го одбранил магистерскиот труд на тема: "Макроекономското планирање во развиените пазарни економии и во Република Македонија", со што се стекнал со академски степен - магистер на економски науки од областа на економскиот развој со методи на економската анализа.

Во јуни 2003 година, на Економскиот факултет во Скопје ја одбранил докторската дисертација под наслов: "Примена на матрицата на општествени сметки, со посебен осврт на Република Македонија", со што се стекнал со научниот степен доктор на економски науки.

Во периодот 1.3.1996-31.3.1998 работел како технички секретар на проектот "Национална стратегија за економскиот развој на Република Македонија" во Македонската академија на науките и уметностите, во соработка со United Nations Development Programme (УНДП) и The Vienna Institute for Comparative Economic Studies (WIIW).

Од 1.8.1997 до 31.3.1998 година бил ангажиран како домашен консултант за финансирање во здравството на проектот "Транзиција на здравствениот сектор во Република Македонија" од страна на Светската банка.

Во периодот 1.4.1998-30.8.1998 година бил вработен во Народна банка на Република Македонија како приправник - помлад истражувач во Дирекцијата за истражување.

На 1.9.1998 година бил избран за помлад асистент по предметот економско планирање на Економскиот факултет во Скопје. По магистрирањето, во јули 2001 година бил избран за асистент на предметите економско планирање и економија на работна сила. По одбраната на неговата докторска дисертација, кандидатот во ноември 2003 година бил избран во звањето доцент по предметот економско планирање. Во септември 2008 година е избран во звањето вонреден професор по предметот економско планирање, а му се доверени и предметите аграрна политика и општествено богатство и национални сметки.

Кандидатот д-р Сашо Ќосев одлично зборува и се служи со стручна литература на англиски јазик, а на пониско ниво и со стручна литература на германски јазик.

II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Сашо Ќосев има повеќегодишно искуство во наставно-образовната дејност. Во периодот од неговиот избор за помлад асистент до денес, покажа забележителна активност на полето на наставно-образовната дејност. Притоа, особено внимание заслужуваат неговите ангажмани во изведувањето предавања и консултации по предметот економско планирање. Особено значајно е и неговото активно учество во организирањето и реализирањето на практиката, во рамките на наставата по предметот економско планирање, да се поканууваат предавачи – гости од соодветните институции во Република Македонија, кои директно или индиректно се вклучени во процесот на макроекономската анализа, планирањето и програмирањето на економскиот развој (Народна банка на Република Македонија, Министерството за финансии, Државниот завод за статистика, Делегацијата на ЕУ во Скопје, Светска банка, и др.). Оваа практика тој продолжил да ја спроведува и по неговиот избор за наставник по предметот економско планирање. Исто така, од неговиот избор за вонреден професор, тој е активно вклучен и во изведувањето на наставата по предметите аграрна политика и општествено богатство и национални сметки, каде што соодветно ја применувал практиката да поканува гости-предавачи од соодветните институции во Република Македонија (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за економија, ИПАРД - агенцијата, Државниот завод за статистика и сл.). Тој, во секојдневните консултации и контакти со студентите, им нуди несебична помош при изработката на нивните семинарски и дипломски трудови, како и при подготвувањето на испитите, поради што е високо почитуван кај сите студенти. Проф. д-р Сашо Ќосев ги изведува мошне компетентно, совесно и ангажирано предавањата по сите три предмети, за што говорат и резултатите од анкетите на студентите во рамките на процесот на самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје. Во насока на иновирање на наставните програми и содржини по предметите економско планирање и аграрна политика, објави нов учебник по предметот економско планирање (во 2010 година) и интерна скрипта од предавања по предметот аграрна политика (во 2011 година). Тука, би сакале да го потенцираме фактот дека проф. д-р Сашо Ќосев е ангажиран и во изведувањето настава од предметите економско планирање и аграрна политика на дисперзираните студии во Струга на Економскиот факултет.

Д-р Сашо Ќосев е ангажиран и како член на тимот за изведување на наставата по предметите јавна администрација и јавна одговорност и локален економски развој на постдипломските (втор циклус) студии по *управување со јавниот сектор*. Д-р Сашо Ќосев е раководител на тимот за изведување настава од предметот економија на аграрниот сектор и член на тимот за изведување настава од предметот макроекономско моделирање, во рамки на студиската програма *економски науки* за трет циклус на студии при Економскиот факултет.

Проф. д-р Сашо Ќосев бил ментор на повеќе дипломски работи од сите три предмети за кои изведува настава. Тој, исто така, бил ментор на 3 докторски дисертации и член на 9 комисии за оцена и одбрана на докторска дисертација.

III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Сашо Ќосев, уште од своето вработување како помлад асистент, покажал забележителен интерес и резултати во научноистражувачката дејност. Резултатите од неговата научноистражувачка дејност се прикажани во рефератот за неговиот избор во звањето вонреден професор по економско планирање, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 946 од 15.VII 2008 година.

Изминатиот петгодишен период, по неговиот избор за вонреден професор, е одбележан со интензивна научноистражувачка дејност на кандидатот д-р Сашо Ќосев. Тој бил ангажиран во пишувањето и објавувањето книги, во реализација на неколку проекти, учества на домашни и меѓународни конференции, како и во пишување и објавување на статии. Во продолжение е даден систематски приказ на резултатите од неговата научноистражувачка дејност.

Позитивно рецензирани учебници:

1. **Економско планирање**, универзитетски учебник, Економски факултет, Скопје, 2010.

Позитивно рецензирани интерни скрипти од предавања:

2. **Аграрна политика**, интерна скрипта од предавања, Економски факултет, Скопје, 2010.

Раководител на национален научен проект

- Студија за можноста и оправданоста за основање Банка како правно лице, за вршење на банкарски активности (проект финансиран од ЗЕЛС за сопствени потреби), 2012-2013.

Учесник во национален научен проект

- "Имплементација и ратификација на Протоколот за тешки метали, Протоколот за ПОПс и Гетеборшкиот протокол – Национален план за редукција на емисии", Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје, 2011/2012.

Учесник во меѓународен научен проект

- "*Technical Assistance to the State Statistical Office*", Implementing consortium: ASA Institut für Sektoranalyse und Politikberatung GmbH, Federal Statistics Office of Germany, Czech Statistical Office, State Statistical Office of the Republic of Macedonia (2010-2011)
- "*European Employment Observatory*", engaged as sub –consultant, employment and labor market specialist, GHK consultancy group, Birmingham, UK

Дел од монографија објавена во странство

- "Social Accounting Matrix – Methodological Basis for Sustainable Development Analysis", in: Chaouki Ghenai (Ed.): *Sustainable Development - Policy and Urban Development - Tourism, Life Science, Management and Environment*, ISBN: 978-953-51-0100-0
- "Self-employment in Europe –Republic of Macedonia" (national review), in: "*Self-employment in Europe*", European Employment Observatory Review, Luxembourg: Publications Office of the European Union, ISSN 1725-5376, July 2010
- "Youth Employment Measures – Former Yugoslav Republic of Macedonia (national article)", in: European Employment Observatory Review, Luxembourg: Publications Office of the European Union, ISBN 978-92-79-19354-5, October 2010

Трудови со оригинални резултати, објавени во научно/стручно списание

- Kjosev, Sasho and Pece Nedanovski (2008): "**Health Care System in the Republic of Macedonia – Current Situation and Development Perspectives**", The Young Economists Journal, Year VI, No. 11, November 2008, Faculty of Economy and Business Administration, University of Craiova, Craiova, Romania
- Kjosev, Sasho (2009): "**Agricultural Sector in the Republic of Macedonia – Current Situation and Development Perspectives**", The Young Economists Journal, Year VII, No. 12, April 2009, Faculty of Economy and Business Administration, University of Craiova, Craiova, Romania

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир

- Kjosev, Sasho (2008): "**Planning for the future – experiences of some of the SEE countries (Hungary, Czech Republic, Slovenia, Bulgaria), with special reference to the Republic of Macedonia**", in the Proceedings of the International Conference: "*Perspectives of sustainable economic growth in the countries of SEE*", organized by the ECOSTAT Government Institute for Strategic Research of Economy and Society, in Budapest, Hungary, 06-08.11.2008

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор

- Kjosev, Sasho (2009): "Economic Planning for the Future – a Way out of the Global Recession?", in the Proceedings of the International Conference: "*Economic Policy and Global Recession*", organized by the Faculty of Economics in Belgrade, Belgrade, Republic of Serbia, 24-27.09.2009
- Petrevska, Biljana and Sasho Kjosev (2012): "Planning and estimating tourism demand – the case of Macedonia", in the Proceedings of the International Conference: "*Contemporary tourism – wishes and opportunities*", organized by the College of tourism, Belgrade, Republic of Serbia, 22-24.03.2012
- Kjosev, Sasho (2013): "Planning the Future (Institutional Aspects) – Possible Solution for the Contemporary Crisis?", in the Proceedings of the International Conference: "*Globalisation Challenges and the social-economic environment of the EU*", organized by the Faculty of Business and Management and School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 04-05.04.2013
- Temenugova-Gradiska, Olga, Kjosev, Sasho and Daniela Mamucevska (2013): "The market and the plan – an amalgam for solution of the crisis of contemporary economies", in the Proceedings of the 9th International Conference of ASECU: "*Systemic economic crisis – current issues and perspectives*", organized by the Faculty of Economics, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, 30-31.05.2013

Во понатамошниот дел од извештајов ќе дадеме осврт на некои од позначајните трудови на кандидатот д-р Сашо Ќосев, објавени по изборот на кандидатот во звањето вонреден професор во 2008 година, на Економскиот факултет во Скопје.

1. **Економско планирање**, универзитетски учебник, Економски факултет, Скопје, 2010, стр. 404.

Учебникот беше позитивно рецензиран при неговото објавување и затоа Комисијата, во оваа прилика, се осврнува само накратко. Материјата што е презентирана во трудот е систематизирана во следниве пет дела:

Предговор
Вовед
Прв дел Теоретски пристап кон економското планирање
Втор дел Процес на изработка на стратегија за економски развој

Трет дел	Современи тенденции на економското планирање
Четврти дел	Методолошки основи на економското планирање
Литература	

Содржината на учебникот во целост е во согласност со усвоената предметна програма по предметот економско планирање на департманот економија. Нивото на обработка на материјата е во согласност со барањата на наставата и е прифатливо за студентите. Материјата е адекватно структурирана, организирана и логички секвенционирана што го прави учебникот прегледен и лесен за употреба и комуникација. Во трудот се вградени теоретските сознанија и наставното искуство на авторот во соодветната област. Во подготвувањето на учебникот авторот користел обемна понова литература од домашни и странски извори. Авторот направил обид да доближи одделни сегменти на трудот до актуелната економска реалност во земјава. Во однос на претходното издание на учебникот, направени се целосни и сеопфатни промени. Притоа потребно е да се потенцира фактот дека е остварен значаен придонес во иновирањето на содржината, особено со поопстојното вклучување на делот во кој се објаснува процесот на изработка на стратегија за економски развој (како најзначаен вид на макроекономски плански документ кој се изработува и применува во современите економии во светот), како и делот за методолошки основи на економско планирање, во кој посебно внимание се посветува на промените на новата публикација СНС 2008, како и значително проширување на материјата која се однесува на макроекономските модели како методолошка основа на макроекономската анализа и планирање. Врз основа на сите тие карактеристики, текстот на учебникот ги исполнува потребните барања за современ учебник по економско планирање.

2. **Аграрна политика**, интерна скрипта од предавања, Економски факултет, Скопје, 2011.

Интерната скрипта од предавањата беше позитивно рецензирана при објавувањето и затоа Комисијата, во оваа прилика, се осврнува само накратко. Материјата што е презентирана во трудот е систематизирана во следниве седум дела:

Предговор	
Прв дел	Теоретско-методолошки пристап кон земјоделството
Втор дел	Специфи:ности на земјоделството и основни економски концепти
Трет дел	Аграрна политика
Четврт дел	Либерализација на трговијата со земјоделски производи
Петти дел	Аграрната политика на ЕУ и САД
Шести дел	Рурален развој
Седми дел	Аграрната политика на Република Македонија
Литература	

Содржината, карактерот и опфатот на учебното помагало (скрипта) „Аграрна политика" од авторот проф. д-р Сашо Косев е усогласено со усвоената наставна програма по предметот аграрна политика. Секако, вреден за споменување е и фактот дека трудот, исто така, претставува вредна и корисна литература за поширок круг на корисници кои во практиката се преокупирани со проблемите на управувањето со економскиот развој во областа на земјоделството во Република Македонија. На тој начин, трудот претставува збогатување на литературата од оваа област во Република Македонија.

Тоа што го подобрува квалитетот на овој труд е и фактот што на крајот на секој дел авторот поставува прашања за разговор и контрола на знаењето, што го прави овој труд побогат, па и мошне применлив за самата практика на примена на аграрната политика.

Солидната систематизација на материјата, како и разбирливиот стил на објаснување на проблематиката, ќе му овозможат на читателот постапно и без особени проблеми да навлезе во, инаку, мошне сложената проблематика на аграрната политика. Со задоволство може да се констатира дека според успешно конципираната содржина и според пристапот кон третирањето на проучуваната материја, авторот го приближил

ракописот до содржината на книгите од оваа проблематика што се објавуваат во земјите со развиена пазарна економија.

3. Temenugova-Gradishka, Olga, Kjosev, Sasho and Daniela Mamucevska (2013): "**The market and the plan – an amalgam for solution of the crisis of contemporary economies**", во Зборникот на трудови (во печат) од 9-та Меѓународна конференција на ASECU: "*Systemic economic crisis – current issues and perspectives*", организирана од страна на Економскиот факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 30-31.5.2013.

Глобалната економска и финансиска криза е се уште жива, па следствено и владите во светот се уште не завршиле со своите интервенционистички мерки во напорите за нејзино надминување. Всушност, кризата ја менува својата физиономија. Во нејзиниот опис придавките постојано се менуваат: од финансиска, преку реална, економска, суверена до системска, но именката останува непроменета, т.е. "криза".

Настанувањето на кризата и анемичните перформанси на развиените земји повторно ја наметнаа дилемата за постоењето на т.н. "мешани економии". Искуствата од историјата водат до заклучокот дека современите економии не можат да бидат оставени само на пазарниот механизам, туку тие треба да постојат како симбиоза од пазарот и државната интервенција (планирање, државна регулација и економска политика). Оттука, овој труд прави напор да покаже дека "мешаните економии" се можни и посакувани за тековната економска реалност. Следствено, еволуцијата на мешаните економии, промените на капитализмот, остварувањата на пазарот и карактеристиките на модерното макроекономско планирање (прикажано преку случаите на Шведска, Кина и Малезија) се главни прашања презентирани во овој труд.

4. "**Planning the Future (Institutional Aspects) – Possible Solution for the Contemporary Crisis?**", in the Proceedings of the International Conference: "*Globalisation Challenges and the social-economic environment of the EU*", organized by the Faculty of Business and Management and School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 04-05.04.2013.

Авторот ја поддржува идејата дека со "оживување" на макроекономското (индикативно) планирање во светот може да се очекува успешна комбинација на "невидливата рака" на пазарот и "видливата рака" на државата, со што ќе се придонесе кон порационална употреба на производните фактори и подинамичен развој на националните економии.

Без намера да се обезбедат комплетни одговори, овој труд ги презентира искуствата на полето на планирање на иднината (институционални аспекти) во некои земји-членки на ЕУ и се обидува да дефинира некои основни препораки за примена на системот на макроекономско индикативно планирање во Република Македонија.

5. "**Social Accounting Matrix – Methodological Basis for Sustainable Development Analysis**", in: Chaouki Ghenai (Ed.): *Sustainable Development - Policy and Urban Development - Tourism, Life Science, Management and Environment*, ISBN: 978-953-51-0100-0, 2011.

Самитот во Рио го постави одржливиот развој како водечки принцип и визија за развојните напори на сите земји во светот. По Самитот, сите влади преземаа активности за изработка и примена на национални стратегии за одржлив развој, кои треба да обезбедат општествено одговорен економски развој, истовремено заштитувајќи ја суровинската база и животната средина во полза на идните генерации. Едноставно кажано, одржливиот развој значи **интегрирање на економските, социјалните и еколошките цели на општеството**, со цел максимизирање на благосостојбата на луѓето

денес без притоа да се намали способноста на идните генерации за задоволување на нивните потреби.

Сепак, со цел подобро да се разбере концептот на одржлив развој, треба да се изработи и примени соодветен методолошки инструмент. Напоредно со воведувањето на концептот на одржлив развој, Системот на национални сметки 1993 ја воведе матрицата на општествени сметки (а подоцна се изработија и нејзините проширувања - пристапите SESAME и NAMEA) како методолошка основа за анализа на одржливиот развој.

Оттука, овој труд најпрвин ги прикажува теоретските основи на матрицата на општествени сметки и нејзините проширувања (SESAME и NAMEA), а потоа ги прикажува можностите за нивна примена во Република Македонија.

6. **"Economic Planning for the Future – a Way out of the Global Recession?"**, in the Proceedings of the International Conference: "*Economic Policy and Global Recession*", organized by the Faculty of Economics in Belgrade, Belgrade, Republic of Serbia, 24-27.09.2009.

Борбата против рецесијата е дневна обврска, но истовремено е од голема важност да се препознаат основните причини за кризата и да се стави акцент на значајна реформа на глобалниот систем на управување со економијата. Оттука, според авторот д-р Сашо Ќосев, само со повторно навраќање на практиката на примена на макроекономско индикативно планирање во светот може да се очекува успешна комбинација на „невидливата рака на пазарот" и „видливата рака на државата" може да се обезбеди порационална употреба на производните фактори и подинамичен економски развој на националната економија.

7. **"Planning for the future – experiences of some of the SEE countries (Hungary, Czech Republic, Slovenia, Bulgaria), with special reference to the Republic of Macedonia"**, in the Proceedings of the International Conference: "*Perspectives of sustainable economic growth in the countries of SEE*", organized by the ECOSTAT Government Institute for Strategic Research of Economy and Society, in Budapest, Hungary, 06-08.11.2008.

На почетокот на 21 век, ЕУ прими во членство 12 нови земји-членки: Полска, Чешка, Словачка, Унгарија, Словенија, Литванија, Естонија, Латвија, Кипар, Малта, Бугарија и Романија. Различноста е заедничка карактеристика на оваа група. Во неа се присутни земји од северот и југот, каде што големите земји имаат исти права и обврски како и малите земји. Фактот дека овие земји станаа членки на ЕУ ја потенцира нивната заедничка иднина и заедничка судбина. Како некои од овие 12 нови земји-членки ја планираат својата иднина? Какви институционални и методолошки основи имаат кога преземаат активности за планирање на својата иднина, со цел да бидат подобро подготвени за идните предизвици?

Општо земено, сите овие земји следат иста рутина кога станува збор за институционалната поставеност: „играч" од јавниот сектор (департман под раководство на Премиерот или најважно Министерство), „играч" од академската сфера (истражувачки инсститут во рамки на Академијата на науки или најзначајниот универзитет), и, доколку тоа е соодветно, „играч" од приватниот сектор (регионални или независни организации). Од аспект на методолошката основа, повеќе или помалку, тие употребуваат и применуваат инпут-аутпут анализа, систем на национални сметки и матрици на општествени сметки и макроекономски модели.

8. **"Agricultural Sector in the Republic of Macedonia – Current Situation and Development Perspectives"**, The Young Economists Journal, Year VII, No. 12, April 2009, Faculty of Economy and Business Administration, University of Craiova, Craiova, Romania

На Република Македонија ѝ е потребна рамнотежа помеѓу економскиот развој, социјалната праведност и заштитата на животната средина. Основната причина за ова лежи во намалувањето на извозната конкурентност на аграрниот сектор во Република Македонија. Оваа негативна тенденција доведува до губење на извозните пазари и голем

притисок наметнат од страна на странските производители на храна. Познат е фактот дека Македонија има силни компаративни предности на полето на производството на храна. Овие компаративни предности треба да се поддржани со зајакнување на конкурентските предности, со што ќе се овозможи подинамичен извоз на висококвалитетни земјоделски производи од Република Македонија.

IV. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во последните пет години, кандидатот проф. д-р Сашо Ќосев, покрај наставно-образовната и научноистражувачката дејност, активен е и на повеќе полиња од поширок академски и општествен интерес.

По неговиот избор за вонреден професор, кандидатот проф. д-р Сашо Ќосев реализирал едномесечен студиски престој (1-31.1.2013 година) на Универзитетот Масарик во Брно, Чешка Република, на Факултетот за економија и администрација, во рамките на Програмата JoinEU-SEE III mobility scheme.

Во продолжение даваме преглед на некои активности кои кандидатот ги извршувал во периодот по изборот во звањето вонреден професор, а кои спаѓаат во дејности од поширок интерес:

- член на програмскиот одбор на меѓународната научна конференција: "*Globalisation Challenges and the social-economic environment of the EU* ", Faculty of Business and Management and School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 4-5.4.2013;
- член на програмскиот одбор на меѓународната научна конференција: "*The Significance of Endogenous Factors and Knowledge in Business*", School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 26.3.2010;
- член на програмскиот одбор на меѓународната научна конференција: "*Management under Global Recession*", School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 26.3.2009 ;
- член на Универзитетската комисија за наука (2009-2012) ;
- член на Комисијата за самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје (2009-2012) ;
- член на Комисијата за оцена на студентите по пат на самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје (2009-2011) ;
- член на Комисија за изработка на преглед на студиски престои во странство на наставниците и соработниците на Економскиот факултет во Скопје (2009-2012) ;
- член на Комисија за спроведување јавни тендери на Економскиот факултет во Скопје (2009-2013) ;
- член на Комисија за располагање со движни и недвижни ствари на Економскиот факултет во Скопје (2012-2016) ;
- ЕРАЗМУС координатор за мобилност на Економскиот факултет во Скопје, 2009–;
- директор на Центарот за економски истражувања на Економскиот факултет во Скопје (ноември 2009 – јуни 2012) ;
- член на тимот за економски развој на градоначалникот на град Скопје;
- член на Друштвото за статистичари на Република Македонија;
- член на Сојузот на економисти на Република Македонија.

Во сите ангажмани кандидатот Ќосев покажа исклучителна сериозност, совесност и исполнителност на обврските кон Факултетот.

Во прилог на Рефератот за избор на наставник по предметите економско планирање, аграрна политика и општествено богатство и национални сметки доставен е и пополнетиот Анекс бр.2 - Образец кон Извештајот за избор во наставно-научни и

соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за кандидатот проф. д-р Сашо Ќосев.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Последните пет години, колку што поминале од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот д-р Сашо Ќосев ги исполнил со интензивна работа од која произлегле забележителни резултати. На полето на образовниот процес на Факултетот, кандидатот особено се истакнува со совесно, редовно и одговорно извршување на задачите, пред сè со квалитетно извршување на наставата, со непосредна соработка и помош на студентите во совладувањето на наставната материја и воопшто со неговиот сериозен однос кон работата.

Комисијата посебно ја истакнува оценатa дека д-р Сашо Ќосев направил видни чекори и постигнал забележителни успеси во целокупната негова наставна и научна дејност. За тоа сведочи фактот дека кандидатот во наведениот период објавил учебник од предметот *економско планирање* и интерна скрипта од предавањата по предметот *аграрна политика*. Ито така, бројните објавени трудови на меѓународни и домашни конференции и учеството во домашни и меѓународни научни проекти го претставуваат д-р Сашо Ќосев како солиден и афирмиран научен работник и како самостоен истражувач на полето на економското планирање.

Покрај тоа, кандидатот д-р Сашо Ќосев успешно е вклучен во задачи што ги добива од органите на Факултетот, а кои произлегуваат од сложеното работење и функционирање на Факултетот во современите услови на зголемена конкуренција.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата е наполно уверена дека кандидатот д-р Сашо Ќосев, со својата досегашна работа во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и публицистичката активност, стручните и научните квалитети и изразените морални квалитети се претставува како сериозен, солиден и високопрофесионален наставно-научен работник и истражувач на полињата на економското планирање, аграрната политика и општественото богатство и националните сметки.

За сите наведени активности сведочи и високиот број на вкупни поени што кандидатот проф. д-р Сашо Ќосев ги има остварено (172,1), а кои се дадени во Анекс 2 во прилог на овој Извештај, и тоа по основ на наставно-образовна дејност (91,9), научно-истражувачка дејност (66,7) и стручно-апликативна дејност (13,5).

Поради тоа, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" воСкопје, Комисијата, Рецензентската комисија, со целосна увереност и со особено задоволство, има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го избере кандидатот проф. д-р Сашо Ќосев **за редовен професор по предметите економско планирање, аграрна политика и општествено богатство и национални сметки.**

Скопје, 28.6.2013 год.

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Акад. д-р Гоце Петрески, с.р.

2. Проф. д-р Бобек Шуклев, с.р.

3. Проф. д-р Методија Стојков, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Сашо Александар Ќосев**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Економски факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: економски науки, економско планирање, аграрна политика, општествено богатство и национални сметки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување настава на прв циклус студии по предметите: - Економско планирање (6*15*0,04*5 години = 18) - Аграрна политика (4*15*0,04*5 години = 12) - Општествено богатство и национални сметки (4*15*0,04*4 години = 9,6) - Економско планирање – дисперзирани студии Струга (6*15*0,04*2 години = 7,2) - Аграрна политика – дисперзирани студии Струга (4*15*0,04*2 години = 4,8)	51,6
2	Консултации со студенти: - Економско планирање (100*0,002*5 = 1) - Аграрна политика (150*0,002*5 = 1,5) - Општествено богатство и национални сметки (50*0,002*4 = 0,4) - Економско планирање – дисперзирани студии Струга (50*0,002*2 = 0,2) - Аграрна политика – дисперзирани студии Струга (50*0,002*2 = 0,2)	3,3
3	Ментор на дипломска работа (100 * 0,2)	20
4	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (10*0,5)	5
5	Позитивно рецензиран универзитетски учебник (Економско планирање, 2010, автор) (1*8 = 8)	8
6	Интерна скрипта од предавања (Аграрна политика, 2011, 1*4 = 4)	4
	Вкупно	91,9

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Ментор на докторска дисертација (3*3 = 9)	9
2	Раководител на национален научен проект - Студија за можноста и оправданоста за основање банка како правно лице, за вршење на банкарски активности (проект финансиран од ЗЕЛС за сопствени потреби), 2012-2013	6
3	Учесник во национален научен проект	3

	- "Имплементација и ратификација на Протоколот за тешки метали, Протоколот за POPs и Гетеборшкиот протокол – Национален план за редукција на емисии", Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје, 2011/2012	
4	Учесник во меѓународен научен проект (2*5 = 10) - "*Technical Assistance to the State Statistical Office*", Implementing consortium: ASA Institut für Sektoranalyse und Politikberatung GmbH, Federal Statistics Office of Germany, Czech Statistical Office, State Statistical Office of the Republic of Macedonia (2010-2011) - "*European Employment Observatory*", engaged as sub – consultant, employment and labour market specialist, GHK consultancy group, Birmingham, UK	10
5	Дел од монографија објавена во странство (3*6 = 18): - "Social Accounting Matrix – Methodological Basis for Sustainable Development Analysis", in: Chaouki Ghenai (Ed.): *Sustainable Development - Policy and Urban Development - Tourism, Life Science, Management and Environment*, 2012, ISBN: 978-953-51-0100-0, Available from: http://www.intechopen.com/articles/show/title/social-accounting-matrix-methodological-basis-for-sustainable-development-analysis - "Self-employment in Europe –Republic of Macedonia" (national article), in: "*Self-employment in Europe*", European Employment Observatory Review, Luxembourg: Publications Office of the European Union, ISSN 1725-5376, July 2010, available at: http://www.eu-employment-observatory.net/resources/reviews/NationalArticles/FYROM-SERvw2010.pdf - "Youth Employment Measures – Former Yugoslav Republic of Macedonia (national article)", in: European Employment Observatory Review, Luxembourg: Publications Office of the European Union, ISBN 978-92-79-19354-5, October 2010, available at: http://www.eu-employment-observatory.net/resources/reviews/NationalArticles/FYROM-YMRvw2010.pdf	18
6	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание - Kjosev, Sasho and Pece Nedanovski (2008): "**Health Care System in the Republic of Macedonia – Current Situation and Development Perspectives**", The Young Economists Journal, Year VI, No. 11, November 2008, Faculty of Economy and Business Administration, University of Craiova, Craiova, Romania (0,90*4 = 3,6) - Kjosev, Sasho (2009): "**Agricultural Sector in the Republic of Macedonia – Current Situation and Development Perspectives**", The Young Economists Journal, Year VII, No. 12, April 2009, Faculty of Economy and Business Administration, University of Craiova, Craiova, Romania (1*4 = 4)	7,6
7	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (1*2 = 2) - Kjosev, Sasho (2008): "**Planning for the Future – Experiences**	2

	of Some of the SEE Countries (Hungary, Czech Republic, Slovenia, Bulgaria), With Special Reference to the Republic of Macedonia", in the Proceedings of the International Conference: "*Perspectives of sustainable economic growth in the countries of SEE*", organized by the ECOSTAT Government Institute for Strategic Research of Economy and Society, in Budapest, Hungary, 06-08.11.2008	
8	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (2*3 + 1*2,7 + 1*2,4) - Kjosev, Sasho (2009): "Economic Planning for the Future – a Way out of the Global Recession?", in the Proceedings of the International Conference: "*Economic Policy and Global Recession*", organized by the Faculty of Economics in Belgrade, Belgrade, Republic of Serbia, 24-27.09.2009 - Petrevska, Biljana and Sasho Kjosev (2012): "Planning and estimating tourism demand – the case of Macedonia", in the Proceedings of the International Conference: "*Contemporary tourism – wishes and opportunities*", organized by the College of tourism, Belgrade, Republic of Serbia, 22-24.03.2012 - Kjosev, Sasho (2013): "Planning the Future (Institutional Aspects) – Possible Solution for the Contemporary Crisis?", in the Proceedings of the International Conference: "*Globalisation Challenges and the social-economic environment of the EU*", organized by the Faculty of Business and Management and School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 04-05.04.2013 - Temenugova-Gradiska, Olga, Kjosev, Sasho and Daniela Mamucevska (2013): "The market and the plan – an amalgam for solution of the crisis of contemporary economies", in the Proceedings of the 9th International Conference of ASECU: "*Systemic economic crisis – current issues and perspectives*", organized by the Faculty of Economics, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, 30-31.05.2013	11,1
	Вкупно	66,7

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Вкупно	

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
Дејности од поширок интерес		
1	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен /стручен собир (3*1 = 3) - International Scientific Conference: "*Globalisation Challenges and the social-economic environment of the EU*", Faculty of Business and Management and School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 04-05.04.2013 (Programme Committee Member) - International Scientific Conference: "*The Significance of Endogenous Factors and Knowledge in Business*", School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 26.03.2010 (Programme Committee Member) - International Scientific Conference: "*Management under Global Recession*", School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 26.03.2009 (Programme Committee Member)	3
2	Студиски престои во странство - до три месеци (1*0,5 = 0,5) Masaryk University, Faculty of Economics and Business Administration, 01-31.01.2013, Brno, Czech Republic	0,5
3	Член на Универзитетска комисија - Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Комисија за наука (2009-2012)	1
4	Член на факултетска комисија (6*0,5 = 3) - член на Комисија за самоевалуација (2009-2012) - член на Комисија за оценка на студентите по пат на анкета (2009-2011) - член на Комисија за изработка на преглед на студиски престои во странство на наставниците и соработниците (2009-2012) - член на Комисија за спроведување јавни тендери (2009-2013) - член на Комисија за располагање со движни и недвижни ствари (2012-2016) - ЕРАЗМУС Координатор за мобилност (2009-)	3
5	Раководител на внатрешна организациона единица - директор на Центарот за економски истражувања (ноември 2009 – јуни 2012)	3
6	Учество во комисии и тела на државни и други органи (3*1 = 3) - член на тимот за економски развој на Градоначалникот	3

	на град Скопје - член на Друштвото за статистичари на Република Македонија - член на Сојузот на економисти на Република Македонија	
		13,5
Спортска дејност		
	Вкупно	13,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**91,9**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**66,7**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**13,5**
Вкупно	**172,1**

Членови на Комисијата:

Скопје, 28.6.2013 год.

1. Акад. д-р Гоце Петрески, с.р.
2. Проф. д-р Бобек Шуклев, с.р.
3. Проф. д-р Методија Стојков, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КЛУЧНИТЕ МАКРОЕКОНОМСКИ ПОЛИТИКИ ВО УСЛОВИ НА СОВРЕМЕНАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАКЕДОНИЈА“, ОД М-Р БОРЧЕ ТРЕНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 19.6.2013 година, нè именува за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација, поднесена од кандидатот **м-р БОРЧЕ ТРЕНОВСКИ**, под наслов „**КЛУЧНИТЕ МАКРОЕКОНОМСКИ ПОЛИТИКИ ВО УСЛОВИ НА СОВРЕМЕНАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАКЕДОНИЈА**“. По внимателно проучување на текстот на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. ПРИКАЗ НА СОДРЖИНАТА НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација претставува подрачјето на економската теорија, економската стварност и креирањето на економската политика (пред сè, фискалната и монетарната политика), во контекст на предизвиците што ги наметна Глобалната економска криза. Во тие рамки, посебна нагласка во дисертацијата е ставена на дизајнирањето на клучните макроекономски политики во глобални рамки и посебен конкретен осврт на специфичната ситуација во Македонија. Целокупната материја која е предмет на истражување во докторската дисертација е систематизирана во седум одделни поглавја:

1. Вовед (стр. xiii – стр. xxiii);
2. Теоретската фундираност на економските циклуси и клучните макроекономски политики (стр. 2 – стр. 37);
3. Глобалната економска криза (стр. 39 – стр. 95);
4. Дизајнирање на клучните макроекономски политики во услови на Глобалната економска криза (стр. 97 – стр. 170);
5. Креирање на клучните макроекономски политики во САД, ЕУ и земјите во развој во услови на глобалната криза (стр. 172 – стр. 225);
6. Дизајнирање на клучните макроекономски политики во Македонија во услови на глобалната економска криза (стр. 227 – стр. 318);
7. Заклучни согледувања и препораки (стр. 319 – стр. 336).

Понатаму, дисертацијата содржи и анекс со графикони и табели во врска со резултатите од истражувањето, а на крајот се наоѓа пописот на литературата која е користена при изработката на трудот (502 библиографски единици). Притоа, главниот текст, анексот и референците се простираат на вкупно 415 страници. Докторската дисертација е проверена преку електронскиот систем за плагијати при што споредбата со другите трудови покажа совпаѓање на 2,98% од вкупниот број зборови во дисертацијата.

Воведниот дел од дисертацијата го поставува предметот на истражувањето и дава кусо образложение на оправданоста на избраната тема. Исто така, во овој дел,

кандидатот ги образложува целите на истражувањето, како и применетата методологија. Најпосле, во воведот е даден кус приказ на концепциската поставеност на трудот.

Во *првата глава*, кандидатот го претставува односот меѓу економската теорија, економската политика и економската практика. Притоа, во оваа глава се разработени погледите и сфаќањата на доминантните макроекономски теории за флуктуациите на економската активност, а потоа се елаборирани економските политики засновани врз одделните макроекономски теории. На крајот од првата глава се претставени можностите за синтеза на теоретските концепции на економската политика (т.н. ситуационен пристап). За таа цел, кандидатот формулира теоретски модел кој, преку четири варијабли (карактерот на пазарниот систем, клучниот проблем, компетентноста на владата, очекувањата на поединците и нивното вкрстување), сугерира избор на одредена теоретска подлога на економската политика.

Во *втората глава*, најпрвин се претставени најважните видови економски кризи, а потоа е даден краток преглед на поважните економски кризи во XX и XXI век (нафтената криза и стагфлацијата во 70-тите, должничката криза во Латинска Америка, јапонската криза во 80-тите, скандинавските кризи, финансиската криза во Русија, кризата на „дот-ком" во САД, аргентинската економска криза). Во тие рамки, посебно е издвоена и анализирана „Големата депресија" (причините, последиците и мерките за излез). Во остатокот од втората глава се анализирани причините за појавата на глобалната финансиска и економска криза, трансмисиониот механизам преку кој се шири кризата, како и последиците врз глобалната економија (по групи на земји или региони и на глобално ниво).

Третата глава е посветена на сржта на макроекономскиот одговор на глобалната криза – улогата на фискалната и монетарната политика, нивната имплементација, карактеристики, ефикасност, стратегии за нивно напуштање и научени лекции за нивно унапредување. Понатаму, кандидатот ги елаборира и интервенциите во финансискиот сектор, кои во голем број точки се приближуваат до мерките на клучните макроекономски политики и имаат значајно влијание на макроекономската околина во една економија. Соодветен простор во оваа глава е посветен и на излезните стратегии кои треба да ги практикуваат фискалните и монетарните власти за стабилизирање на нивните позиции и фокусирање кон нивната одржливост на среден и долг рок. На крајот од третата глава, кандидатот прави сублимирање на претходните точки, посочувајќи ги лекциите кои треба да бидат основа за новата редизајнирана рамка на економската политика во периодот по кризата: монетарната политика, фискалната политика, супервизијата и регулативата, и меѓународната финансиска архитектура.

Во *четвртата глава*, кандидатот го претставува практичниот одговор на економските политики од страна на одделни земји. Конкретно, во оваа глава, фокусот на анализата е ставен на: примената на конвенционални и неконвенционални мерки од страна од монетарната политика како одговор на глобалната криза; одговорот на фискалната политика насочен кон економската криза (економските стимулации) и кон справување со финансиската криза (интервенциите во финансискиот сектор). Во посебен дел, сумирано се елаборирани последиците од глобалната економска криза, трансмисијата на кризата на глобално ниво, како и одговорот на економските политики во земјите во развој и транзиционите економии.

Петтата глава, заедно со третата и четвртата глава, го претставува централниот дел од докторската дисертација, бидејќи во неа се прикажани методологијата и резултатите од емпириското истражување на ефектите и

интеракциите на фискалната и монетарната политика во Македонија. Анализата на ефектите од клучните макроекономски политики во Македонија е структурирана во неколку дела: *прво*, анализирани се главните канали по кои глобалната криза се пренесе во македонската економија и последиците врз клучните макроекономски варијабли; *второ*, анализиран е одговорот на монетарната политика во услови на глобалната криза, во контекст на случувањата во монетарната и економската сфера во Македонија; *трето*, анализиран е одговорот на фискалната политика, нејзината позиција пред кризата и нејзиниот директен одговор (антикризните пакети) во услови на глобалната криза; *четврто*, направена е емпириска анализа (со користење на два модела на рекурзивна векторска авторегресија) кои даваат одговор на прашањата: Дали во Македонија во анализираниот период има „монетарно доминантен" или „фискално доминантен" режим?; Што ја детерминира функцијата на реакцијата на монетарната политика?; Што го детерминира фискалниот одговор (јавните расходи, јавниот долг) во анализираниот период?; Дали фискалната и монетарната политика во анализираниот период биле координирани?; Какви ефекти предизвикуваат интеракциите на монетарната и фискалната политика врз макроекономската околина?

На крајот на докторската дисертација се пренесени најважните заклучни согледувања и препораки за економската политика во Македонија, и тоа:

- ✓ Имајќи ја предвид макроекономската околина во Македонија, може да се даде само делумна поддршка на дискреционата фискална политика, која води помалку сметка за нивото на јавни обврски. Имено, емпириската анализа покажува дека зголемувањето на јавниот долг на среден и на долг рок води до зголемување на јавното трошење и зголемување на стапката на инфлација, по што следува реакција на монетарната политика, што преку ефектот на „истиснување" и останатите канали, влијае на намалување на економската активност.
- ✓ Во случајот кога се води рестриктивна фискална политика (пораст на јавните приходи) и скромна експанзија во монетарната политика, движењето на економската активност е позитивно. Во спротивно, при експанзивна фискална политика (преку зголемување на јавните расходи) и рестриктивна монетарна политика доаѓа до намалување на економската активност. Истражувањето, исто така, покажа дека фискалната и монетарната политика во Македонија се однесуваат како стратешки супститути, меѓутоа оваа комбинација на политиките придонесува за намалување на економската активност, што го отвора прашањето за нивото на нивната координираност.
- ✓ Неефикасноста на фискалната експанзија (негативните мултипликатори на јавните расходи) упатува на потребата од реформи кои ќе придонесат за зголемување на ефикасноста на фискалниот мултипликатор. Во спротивно, фискалната власт треба да се воздржува од зголемувањето на јавните расходи, имајќи го предвид нивното негативно влијание врз економската активност, и да се фокусира на страната на јавните приходи, чиј ефект има позитивни ефекти на економската активност.
- ✓ Позитивните ефекти од фискалната контракција врз економската активност во Македонија ја потврдуваат тезата, спротивна на кејнзијанската филозофија за стимулирање на економската активност со експанзивна фискална политика, дека фискалната контракција може да има експанзивни ефекти на економската активност.

II. МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ ЗА ДОКТОРСКИОТ ТРУД

Докторската дисертација под наслов „Клучните макроекономски политики во услови на современата економска криза, со посебен осврт на Македонија“ обработува актуелна и значајна проблематика за економската теорија и политика. Имено, глобалната економска криза сериозно ги разниша не само темелите на економската политика, туку и теоретските фундаменти на тие политики. Конкретно, глобалната економска криза беше причина за актуализирање на прашањата поврзани со дизајнирањето на клучните макроекономски политики (фискалната и монетарната) – нивните меѓусебни интеракции, како и нивната ефикасност. Оваа криза беше причина, од една страна, за откривање на границите на монетарната политика и нејзино надополнување со бројни неконвенционални мерки, а од друга страна, причина за зголемување на стабилизационата улога на фискалната политика.

Прифаќајќи го овој предизвик, докторската дисертација се фокусира врз интеракцијата на клучните макроекономски политики во услови на сериозни нарушувања на економската активност. Основната цел на дисертацијата е најпрвин да се систематизираат причините, трансмисионите канали и последиците од глобалната економска криза, а потоа да се утврдат лекциите за дизајнирање оптимални макроекономски политики кои успешно ќе се справуваат со ваквите предизвици во иднина. Посебен акцент во дисертацијата е ставен на клучните економски политики во Македонија, нивните интеракции и ефикасноста, со цел да се дадат конкретни препораки за креирање оптимална макроекономска политика. Докторската дисертација дава научен придонес во неколку насоки:

✓ Придонес за економската теорија – во дисертацијата се претставени теоретските фундаменти на економската политика и, особено, теоретските фундаменти на економските кризи. Исто така, во трудот, кандидатот формулира теоретски модел на оптималниот пристап за креирање економски политики, засновани на доминантните макроекономски концепции.

✓ Придонес за економската практика – во дисертацијата се систематизирани причините за настанувањето на Глобалната економска криза, трансмисиониот механизам преку кој се пренесуваа ефектите од кризата, како последиците од економската криза за глобалната економија.

✓ Придонес за економската политика – во дисертацијата се анализира одговорот на кризата од страна на клучните економски политики, нивната структура, ефикасност и специфики во САД, ЕУ и во земјите во развој. Врз основа на спроведената анализа на податоците, практиките и релевантните истражувања, кандидатот извлекува конкретни лекции, кои го покажуваат патот за редизајнирање на макроекономската рамка на економската политика во периодот по кризата.

✓ Придонес за економската практика и политика во Македонија – кандидатот прави анализа на трансмисиониот механизам преку кој ефектите од глобалната финансиска криза се прелеваат во македонската економија, посочувајќи на слабите алки и ранливоста на економијата. Исто така, во дисертацијата е направена детална анализа на конкретните одговори од страна на фискалните и монетарните власти во Македонија на предизвиците од Глобалната економска криза.

Имајќи ги предвид сиромашните емпириски истражувања за земјите во развој, а особено за земјите од Југоисточна Европа, дисертацијата дава придонес во емпириската литература во областа на ефективноста на фискалната и монетарната политика. Во тој поглед, таа претставува една од првите емпириски анализи во Македонија (и една од ретките во регионот) која се фокусира на интеракциите на фискалната и монетарната политика, како и на ефектите врз економската активност

(особено, на ефектите од експанзивната фискална политика). Резултатите од емпириското истражување се од особена важност за разбирање на трансмисиониот механизам и ефектите од клучните макроекономски политики, како основа за нивно оптимално спроведување и координирање во услови на поголеми негативни економски флуктуации.

Водејќи се од наведените констатации, Комисијата е убедена дека докторската дисертација обработува тема која е актуелна и релевантна, како од гледна точка на економската наука, така и од аспект на практичното водење на стабилизационата политика. Во докторската дисертација, кандидатот дал сеопфатна разработка на проблематиката која е предмет на интерес, при што применил современа методологија, која се користи како стандардна алатка во евалуацијата на економските политики. Дисертацијата е напишана со јасен и разбирлив стил и во неа кандидатот целосно ги остварил целите на истражувањето. Несомнено, резултатите од докторската дисертација претставуваат придонес за научната мисла во Македонија, која со неа добива нови емпириски сознанија за улогата на монетарната и фискалната политика во неутрализирањето на цикличните флуктуации на економската активност. Во тој контекст, емпириското истражување на ефектите на монетарната и фискалната политика во Македонија, како и препораките кои се извлечени врз таа основа, можат да бидат искористени во практичното водење на стабилизационата политика.

Врз основа на сето тоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно- научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

прво, да го прифати рецензентскиот извештај за докторската дисертација на кандидатот м-р Борче Треновски под наслов „Клучните макроекономски политики во услови на современата економска криза, со посебен осврт на Македонија“;

второ, да одобри закажување на јавна одбрана.

Скопје, 25.6.2013 година

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Горан Петревски с.р.
2. Проф. д-р Методија Стојков с.р.
3. Проф. д-р Трајко Славески с.р.
4. Академик д-р Таки Фити с.р.
5. Проф. д-р Михаил Петковски с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **МЕРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ, НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА МОТОРНИОТ СТАТУС НА МЛАДИТЕ**, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АВДИ ПИРЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје, врз основа на одлуката дел. број 0201-869/16 од 18.6.2013 година, формира Комисија за оцена на докторската дисертација поднесена од м-р Авди Пирева, во состав: 1. вонр. проф. д-р Георги Георгиев (ментор), 2. ред. проф. д-р Жарко Костовски (претседател), 3. ред. проф. д-р Даниела Шукова-Стојмановска (член), 4. ред. проф. д-р Небојша Марковски (член) и 5. ред. проф. д-р Роберт Христовски (член). По разгледувањето на доставениот материјал, Комисијата го донесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов **МЕРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ, НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА МОТОРНИОТ СТАТУС НА МЛАДИТЕ**, од кандидатот м-р Авди Пирева, содржи 241 страница текст, подреден во единаесет глави, и тоа: 1. ВОВЕД, изработена на 2 страници; 2. ТЕРМИНОЛОГИЈА, изработена на 2 страници, 3. ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА, изработена на 10 страници, 4. ПРЕДМЕТ И ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, изработена на 1 страница, 5. ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, изработена на 3 страници, 6. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, изработена на 1 страница, 7. МЕТОДИ НА РАБОТА, изработена на 33 страници, 8. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА, изработена на 160 страници, 9. МОЖНОСТ ЗА ПРИМЕНА И ГЕНЕРАЛИЗАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ, изработена на 2 страници, 10. ЗАКЛУЧОЦИ, изработена на 3 страници и 11. ЛИТЕРАТУРА, изработена на 11 страници (наведени се 128 библиографски единици).

Кај ваков вид истражувања, како што е докторската дисертација, во методолошко-техничка смисла и според квалитетот, обемот, пропорционалниот однос на главите и подглавите ги задоволуваат и најстрогите критериуми.

Во таа смисла, во понатамошниот текст ќе се задржиме, во најкуси можни црти, на секоја глава одделно.

Во првата глава – ВОВЕД, авторот дава кус осврт за видовите на тестови кои се однесуваат на различни способности и карактеристики. Наведено е значењето на мерните карактеристики на тестовите, како и потребата од нивно постојано контролирање и проверување.

Оправданоста за реализација на истражувањето е во фактот дека проблемот на мерните карактеристики е доста актуелен и тие се предмет на истражување во голем број современи истражувања од голем број научни работници.

Во втората глава – ТЕРМИНОЛОГИЈА, на соодветен начин се објаснети и дефинирани термините и поимите кои се непосредно поврзани со темата за истражување. Коректно се дадени информации и објаснувања за поимите: трансферзално истражување, мерни карактеристики, валидност, релијабилност, осетливост, објективност, практичност и економичност, мерење, податок, тест, евалуација, тестирање, моторен тест, резултат и варијабла.

Во третата глава – ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА, кандидатот дава увид на истражувањата кои имаат голема блискост со предметот на ова истражување. Од наведените актуелни досегашни истражувања, кои се во тесна врска со предметот на ова истражување, најголемиот дел се истражувања од последните години, почнувајќи од 2006 година и наваму.

Врз основа на презентираниот материјал во оваа глава може да се забележи дека изборот на досегашните истражувања во целост одговара на предметот на истражувањето и во голема мера ја расветлува опфатената проблематика во ова истражување.

Во четвртата глава – ПРЕДМЕТ И ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕ, тие се јасно и прецизно дефинирани.

Во петтата глава – ЦЕЛ И ЗАДАЧИ, јасно, прецизно и логички се дефинирани *основната цел* во докторската дисертација - да се утврдат мерните карактеристики на моторните тестови кај учениците и ученичките на возраст од 11 до 15 години и поаѓајќи од тоа, да се утврдат соодветни нормативи и стандарди за оценување на моторните способности со различни статистички униваријантни и мултиваријантни методи.

Врз основа на концептот на докторската дисертација, поставени се и 4 комплексни парцијални цели и 7 оперативни задачи кои се тесно поврзани со предметот и целите во истражувањето.

Во шестата глава – ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, поставени се пет хипотези кои навидум како бројка се малку, меѓутоа се доста комплексни и се однесуваат на секој супримерок испитаници според возраста и полот (вкупно 10 супримероци). Тие во целост одговараат на поставениот предмет, целите и задачите на истражувањето.

Седмата глава – МЕТОДИ НА РАБОТА, ги содржи и следниве четири подглави: примерок на испитаници, батерија на применети моторини тестови, опис на моторните тестови и методи за обработка на податоците. Вкупниот примерок испитаници е составен од 800 испитаници или вкупно по 400 испитаници од секој пол и беше поделен на 10 супримероци. Секој супримерок според полот и возраста се состои од 80 испитаници.

Целокупниот примерок ученици е составен од ученици од следниве 5 (пет) основни училишта од Приштина (Република Косово): 1. ОУ „Илирија“, 2. ОУ „Фаик Коница“, 3. ОУ „Исмаил Џемаили“, 4. ОУ „Џемил Мустафа“ и 5. ОУ „Хасан Приштина“.

Примерокот на применетите тестови е составен од 18 моторни тестови, по три теста за проценување на следниве моторни способности: фреквенција на движењето, еластичност, експлозивна сила, репетитивна сила, координација и рамнотежа. Описот и техниката на мерењето на предвидените тестови се прецизно опишани.

Во подглавата која е дефинирана како примена на статистички методи, поаѓајќи од потребите на ова истражување, а врз основа на поставените цел и задачи, авторот навел и применил адекватни математичко-статистички постапки кои навестуваат за коректно решавање на проблемот на истражувањето.

Во осмата глава – РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА, која е изработена на 160 страници, со помош на табеларен приказ (прикажани се вкупно 290 табели), авторот на јасен и прецизен јазик ги презентира добиените резултати. Табелите, посебно за секој супримерок според возраста и полот, се однесуваат на: основните дескриптивни параметри, коефициентите на корелација, Хотелингова постапка на главните компоненти и варимакс ротацијата на трите мерења и за трите тестови за мерење на одделна моторна способност, Хотелингова постапка на главните компоненти меѓу трите честици за секој тест посебно, мерки на репрезентативност и релијабилност, како и прелиминарни нормативи за оценување на способностите на учениците според нивната полова припадност и возраста.

Во деветтата глава – МОЖНОСТ ЗА ПРИМЕНА И ГЕНЕРАЛИЗАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ, авторот укажува на теоретското и практичното значење на истражувањето, а добиените резултати даваат нови научни информации кои се однесуваат на утврдените мерни карактеристики на моторните тестови. Истражувањето остава можност на истражувачите за избор на валидни и релијабилни моторни тестови при реализација на слични истражувања. Според тоа, може успешно да се дефинира соодветна батерија моторни тестови кои се одликуваат со задоволителни мерни карактеристики. Од посебно значење се табелите во кои се прикажани прелиминарните нормативи според евентуалните постигнувања на испитаниците според нивната полова припадност и возраста.

Во однос на генерализацијата на резултатите, кандидатот истакнува дека е можна и се однесува на испитаници од вишите одделенија од основните училишта на ученици и ученички од истите возрасни категории, како и на оние што се со максимално слични карактеристики како третираните испитаници во ова истражување.

Во десеттата глава – ЗАКЛУЧОЦИ, дадени се соодветни заклучоци кои се резултат од добиените резултати во истражувањето. Од нив се гледа дека авторот поседува научни квалитети за сублимирање на многу голем број резултати кои се јасно, прецизно и концизно прикажани и објаснети. Со нив е одговорено на сите

поставени прашања кои се наведени во целите, задачите и хипотезите на дисертацијата, со што во целост се разјаснува и оправдува третираната проблематика во оваа докторска дисертација.

Во единаесеттата глава – ЛИТЕРАТУРА, се презентирани 128 библиографски единици, согласно со препораките на Американската психолошка асоцијација (според APA-стилот). Прикажаната литература е соодветна и во целост одговара на поставените цели, задачи и хипотези на истражувањето, а тоа говори за упатеноста и познавањето на проблематиката од страна на кандидатот, како и за неговиот сериозен приод во решавањето на проблемот во истражувањето. Од презентираната литература може да се согледа темелниот пристап при проучувањето на литературните извори со што стручно и научно е реализирано самото истражување.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот труд, како и од досега изнесеното, Комисијата е на мислење дека докторската дисертација по својата содржина, обем, квалитет и значење е оригинална. Поради тоа и сето претходно изнесено, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје да ја усвои приложената докторска дисертација од м-р Авди Пирева на тема: **МЕРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ, НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА МОТОРНИОТ СТАТУС НА МЛАДИТЕ** и на кандидатот да му се дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија

Д-р Георги Георгиев, вонреден професор, ментор с.р.

Д-р Жарко Костовски, редовен професор, претседател с.р.

Д-р Даниела Шукова-Стојмановска, редовен професор, член с.р.

Д-р Небојша Марковски, редовен професор, член с.р.

Д-р Роберт Христовски, редовен професор, член с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за физичка култура во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Ангелина Димитровска.	"СПОРЕДБА НА МОТОРНИТЕ СПОСОБНОСТИ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ СО ЛОРДОТИЧНО И КИФОТИЧНО ЛОШО ДРЖЕЊЕ НА ТЕЛОТО И УЧЕНИЦИТЕ СО НОРМАЛЕН ТЕЛЕСЕН СТАТУС"	Редовен професор д-р Вујица Живковиќ.
Камил Елмази	"АНАЛИЗА НА МОТОРИЧКАТА ОНТОГЕНЕЗА КАЈ МАШКИОТ ПОЛ ОД 11 – 14 ГОДИНИ"	Вонреден професор д-р Митричка Џ. Старделова
Бојан Темелкоски	"КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ДВА ПРИСТАПА ЗА МЕРЕЊЕ НА КРИВИНИТЕ НА 'РБЕТНИОТ СТОЛБ ВО САГИТАЛНА РАМНИНА "	Редовен професор д-р Вујица Живковиќ.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ НАУКИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ, ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ И МЕЃУНАРОДЕН ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр. 0202-1934/4, донесена на седницата одржана на 24.6.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за избор на наставник од областа на економските науки по предметите финансиски менаџмент, проектен менаџмент и меѓународен финансиски менаџмент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје.

По разгледувањето на доставените материјали, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот распишан од страна на ректорот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, а на предлог на деканот на Економскиот факултет во Скопје, објавен во весникот „Дневник" на 14.6.2013 година се пријави само кандидатот проф. д-р Сашо Арсов, досегашен вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет - Скопје.

I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Сашо Арсов е роден на 9.2.1971 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во родниот град, по што се запишал на Економскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката деловна економија. Дипломирал во октомври 1994 година, како најдобар студент во генерацијата, со просечна оценка 9,84.

Се запишал на постдипломски студии на Економскиот факултет, на насоката монетарна економија во 1994 година, а магистрирал во март 1999 година, со магистерскиот труд на тема „Оценка на економската ефикасност на инвестициските проекти од општествен аспект (Кост-бенефит анализа)". Во 2003 година докторирал на Економскиот факултет на тема "Вреднување на добрата и ефектите во интегралниот пристап за анализа на проектите".

Во 2009 година се стекнал со звањето CFA (Сертифициран финансиски аналитичар), од американскиот CFA Institute.

Првото вработување го имал во Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, каде што работел во периодот од јануари 1995 до јануари 1997 година. Од 1 февруари 1997 година е ангажиран како помлад асистент по предметите економија на инвестиции и инвестиционен менаџмент на Економскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2003 година е избран за доцент, а во 2008 година за вонреден професор по предметите финансиски менаџмент и проектен менаџмент. Во периодот 2005-2006 година, предавал и на постдипломските студии по јавни политики и

менаџмент, организирани од страна на Школата за постдипломски студии по јавна администрација од Питсбург, САД.

Течно го зборува англискиот јазик.

II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

II/1 Наставно-образовни активности на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј", Економски факултет - Скопје. Во извештајниот период (октомври 2008-2013) година, проф. д-р Сашо Арсов е ангажиран во наставата по предметите:

На прв циклус студии:

Финансиски менаџмент, проектен менаџмент, меѓународен финансиски менаџмент (од учебната 2011/12), финансиски менаџмент - дисперзирани студии во Штип (во 2008/09 и 2009/10 година), финансиски менаџмент - дисперзирани студии во Струга (од учебната 2011/12), меѓународен финансиски менаџмент-дисперзирани студии во Струга (од учебната 2011/12) и економија на инвестиции - дисперзирани студии во Струга (во учебната 2011/12).

На втор циклус студии: финансиски менаџмент на насоките МБА-менаџмент и сметководство и ревизија, финансии на корпорации, проектен менаџмент на двогодишните студии (две години), финансиски менаџмент на двогодишните студии по монетарна економија, финансии и банкарство и сметководствени и финансиски алатки во е-бизнис (делот финансии, во текот на 4 години).

На специјалистичките студии по корпоративно управување ја изведувал наставата на модулот транспарентност и обелоденување на податоците.

II/2 Наставни активности надвор од Економскиот факултет:

1. Предавања на Обуката за инвестициони советници, организирана од Комисијата за хартии од вредност на РМ, за подрачјето: финансиски менаџмент – финансии на корпорации, јануари 2011 година.

2. Предавања на Обуката за актуари, организирана од агенцијата за супервизија на осигурувањето, за подрачјето: финансиски менаџмент, октомври 2012 година.

Други предавања:

- Пленарно предавање на стручен собир: Годишна конференција на Македонската берза, 2010 година;
- Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Предавање на тема: „Состојби и перспективи на економијата на Република Македонија" на Собирот на Федерацијата на евро-азиските берзи, Охрид, 5.5.2011 година.

III. КОМИСИИ ЗА ДОКТОРАТИ, МАГИСТЕРСКИ И ДИПЛОМСКИ ТРУДОВИ

Во извештајниот период, проф. д-р Сашо Арсов бил ментор на три докторски дисертации, 7 магистерски труда и 25 дипломски работи, а бил и член на 5 комисии за оцена и одбрана на докторат, 19 магистерски труда и на 10 дипломски труда. Наведените се исклучиво трудови кои се досега завршени и одбранети.

IV. КОМИСИИ ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИЦИ

Бил член на две комисии за избор на асистенти.

V. НАУЧНА ДЕЈНОСТ – ТРУДОВИ И ПУБЛИКАЦИИ ОБЈАВЕНИ ПО НЕГОВИОТ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР:

1. *„Даниел МекФаден, Нобеловци по економија*, Економски факултет-Скопје, Скопје, 2008.
2. *Финансиски извештаи и обелоденување на податоците*, во книгата *Корпоративно управување*, редактор Б. Шуклев, Екон. фак. и IFC, 2008
3. *„Динамички аспекти на квантифицирање на систематскиот ризик преку примерот на македонските компании, Годишник на Економскиот факултет во Скопје,* Скопје, 2008.
4. *Интегрираноста на финансискиот систем на Република Македонија со меѓународниот финансиски систем, ПРИЛОЗИ 2, 2008,* МАНУ
5. *The impact of the crisis on the balance of payments – the case of Macedonia (When vulnerabilities come to the fore)*, конференција: *The impact of the global financial crisis on non-EU countries: Mitigating the short-run impact and strengthening resilience*, Франкфурт, Германија, октомври 2009, коавтор.
6. *Финансии на корпорацијата – финансиски менаџмент*, Поглавје во Прирачник за обука и полагање стручен испит за инвестициско советување, КХВ на РМ, 2010
7. *Специфичности на проектниот менаџмент во малите претпријатија, Претприемач.мк* (Нова Македонија), 26.8.2010
8. *Анализа на структурата на капиталот на македонските компании, Годишник на Економскиот факултет во Скопје,* Скопје, 2010.
9. *Некои аспекти на финансискиот менаџмент во услови на неизвесност и криза, Економија и бизнис*, септември 2011
10. *Foreign exchange reserves adequacy and management*, конференција *Finance and Monetary Policy after the Global Financial Crisis*, Економски факултет Скопје, Македонија, 18.11.2011.
11. *Дивидендната политика на македонските компании и нејзиното влијание врз цените на акциите, Годишник на Економскиот факултет во Скопје*, Скопје, 2011.
12. *Recent Developments in Corporate Transparency and Disclosure in Macedonia and the Region*, Конференција *Corporate Governance – its Perspectives and Challenges*, Економски факултет – Скопје, ноември 2012
13. *Транспарентноста на македонските компании мерена преку индексот на транспарентноста на Standard and Poor's, Годишник на Економскиот факултет во Скопје*, Скопје, 2012 год.
14. *Stock Market Rationale under conditions of Deffective Corporate Governance – The Case of Macedonia, Meditteranean Journal of Social Sciences*, May 2012.
15. *Проект менаџмент*, дел од учебникот *Инвестиционен менаџмент*, второ издание, коавторство со М. Несторовски и А. Наумовски, Економски факултет (во печат).

VI. ПРОЕКТИ

Во периодот од претходниот избор до денес, проф. Арсов бил ангажиран и во работата на повеќе проекти:

- Ноември 2009 година – за потребите на Светската банка - изработка на Економска и финансиска анализа за компонентите од дополнителното финансирање за проектот за реформа на Катастарот на недвижен имот.
- Јануари – Јуни 2010 година:
  - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – ОУ „Гоце Делчев";
  - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – Спортска сала „Гоце Делчев";
  - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – Дом на културата;
  - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – ПОУ и градинка "Гоце Делчев";
  - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – Општинска зграда.
- Подготовка на национални документи:
  - *Методологија за проценка на еколошките влијанија* за потребите на Министерството за животна средина (2011 година);
  - Оценка на економските ефекти од промената на временската зона во која се наоѓа Република Македонија.

VII. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Студиски престои, конференции и конгреси:

Остварен е еден студиски престој – во периодот 23-29 октомври 2008 година на IAE de Paris, Universite Paris 1 – Pantheon-Sorbone.

Реализирани се и учества на следниве меѓународни научни и стручни собири:

- *Governance and Oversight of Investment Management, ECA Region* - семинар организиран од Светска банка, во Софија, Бугарија, јули 2011 година;
- учество на *21. European Banking Congress*, Франкфурт, Германија, ноември 2011 година;
- *EU Banking Reforms and Financial Stability in SEE*, конференција организирана од Централната банка на БиХ и SEESOX центарот, во Оксфорд, Велика Британија, мај 2013 година.

Членство во факултетски комисии:

- Комисија за акредитација во AACSB – претседател;
- Комисија за изработка на Стратегиски план – претседател;

- Комисија за испитување на можностите на Економскиот факултет за стекнување меѓународна акредитација – претседател;
- Комисија за издавање под закуп недвижен имот (4 комисии: банкарска филијала, книжара, бифе и банкарска филијала) – претседател;
- Комисија за утврдување предлог за вработување референт за правни работи – претседател;
- Комисија за спроведување упис на студенти (2010/11) – член;
- Комисија за јавни набавки (најмалку 30 учества) – претседател.

Ангажмани во институции од јавниот и приватниот сектор:

1. член на Советот на Народната банка на Република Македонија од 2008 година;
2. член на надзорниот одбор на АД „Скопски пазар" – Скопје од 2011 година;
3. член на Комитетот за инвестиции во рамките на Националниот совет за претприемаштво и конкурентност;
4. член на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во два мандата: 2011-2012 и од 2012 до денес.

Осврт врз трудовите на кандидатот:

Во понатамошниот дел од извештајов ќе дадеме осврт на некои од позначајните трудови на кандидатот, д-р Сашо Арсов објавени во периодот за кој се однесува овој извештај.

1. *Финансиски извештаи и обелоденување на податоците*, во книгата *Корпоративно управување*, редактор: Б. Шуклев, Економски факултет и IFC, 2008.

Ова е едно од петте поглавја во книгата „Корпоративно управување", во кое авторот прави опсежна елаборација на значењето на транспарентноста и обелоденувањето на податоците од страна на акционерските друштва како предуслов за нивно ефикасно корпоративно управување. Во оваа глава е даден и целосен опфат на регулативата и институциите кои се однесуваат на обезбедувањето транспарентност на компаниите во Македонија, дефиницијата и значењето на т.н. ценовно чувствителни информации, како и на современите меѓународни трендови на ова поле и реформите кои се предлагаат во развиените економии по искуствата стекнати со кризата од 2001 година.

2. *Динамички аспекти на квантифицирање на систематскиот ризик преку примерот на македонските компании, Годишник на Економскиот факултет во Скопје,* Скопје, 2008.

Во овој труд, надоврзувајќи се на едно свое претходно истражување, авторот се обидува да ја испита поврзаноста на бета-коефициентите, како мерило на систематскиот ризик, со временскиот период врз кој се базира нивната пресметка. Тоа се однесува како на должината на овој временски период, така и на временските интервали што се применуваат при утврдувањето на приносите на акциите. Пресметките покажуваат дека се во право критичарите на моделот за вреднување на капиталните средства, според кои применливоста на овој популарен модел е сериозно доведена во прашање, поради недефинираноста на овие прашања и разликите во пристапот што постојат помеѓу бројните финансиски аналитички сервиси.

3. *Интегрираноста на финансискиот систем на Република Македонија со меѓународниот финансиски систем, ПРИЛОЗИ 2, 2008,* МАНУ.

Во овој труд е направен обид да се испита степенот на поврзаност на македонскиот финансиски систем со меѓународниот финансиски систем, со цел да се утврди ранливоста на финансискиот систем на Македонија во периоди на големи меѓународни финансиски потреси. Презентираните податоци недвосмислено покажуваат дека финансискиот систем на Република Македонија има определено, иако не многу високо, ниво на поврзаност со меѓународниот финансиски систем. Исто така, евидентно е дека таквата поврзаност во континуитет се зголемува, така што во целост може да се напушти стереотипот за македонскиот финансиски систем како неразвиен и изолиран во меѓународни рамки. Ова многу повеќе се однесува на пазарот на капитал, каде што корелациите меѓу берзанските индекси потврдуваат дека интеграцијата на македонскиот пазар во глобалните движења се одвива и побрзо отколку што беше очекувано. За разлика од него, банкарскиот систем претежно се потпира на традиционалните облици на финансирање и вложување на капиталот, што го прави прилично стабилен и заштитен од директни влијанија на турбуленциите во меѓународните финансиски текови.

4. *The impact of the crisis on the balance of payments – the case of Macedonia (When vulnerabilities come to the fore)*, конференција: *The impact of the global financial crisis on non-EU countries: Mitigating the short-run impact and strengthening resilience*, Франкфурт, Германија, октомври 2009, коавтор.

Во овој труд од областа на меѓународните финансии, авторите ја анализираат ранливоста на надворешнотрговската позиција на Македонија и можните последици од глобалната финансиска криза. Преку статистичките податоци од првите неколку квартали по избувнувањето на кризата од 2008 година, тие согледуваат дека првичните ефекти се силни, но подоцна доаѓа до намалување на платно-билансниот дефицит. Сепак, за да се намали чувствителноста на нашата економија, неопходно е во иднина да бидат преземени мерки за намалување на структурните диспропорции во увозот и извозот, кои, доколку опстојат и во иднина, секогаш ќе претставуваат извор на ризици за влошување на состојбата на девизните резерви и стабилноста на валутниот курс.

5. *Анализа на структурата на капиталот на македонските компании, Годишник на Економскиот факултет во Скопје,* Скопје, 2010.

Авторот тука со свое истражување се вклучува во дебатата која веќе педесетина години е присутна во корпоративните финансии околу оптималната структура на капиталот. И покрај обемните истражувања на ова поле, ова прашање останува отворено. Сепак, недостасуваат конкретни истражувања на оваа тема за случајот на македонската економија. Овој труд прави обид да даде скромен придонес кон пополнувањето на оваа празнина. Во трудот е направена анализа на 46 македонски акционерски друштва, од аспект на односот долг-сопствен капитал, врз основа на податоците од нивните ревидирани биланси на состојба. Анализата покажа дека компаниите имаат прилично конзервативен пристап, при што околу една половина од нив немаат воопшто долгови во нивната структура, голем дел од нив ги финансираат долгорочните вложувања од сопствени извори, а некои за таа намена користат и краткорочни кредити.

6. *Foreign exchange reserves adequacy and management*, труд објавен во зборникот од конференцијата *Finance and Monetary Policy after the Global Financial Crisis*, Економски факултет – Скопје, Македонија, 2011.

Во овој труд д-р Сашо Арсов прави опсежна анализа на меѓународната практика на чување и вложување на девизните резерви и во тој контекст ја анализира адекватноста на нивото на девизните резерви на Република Македонија. Во светот се применуваат неколку основни мерила на адекватноста на нивото на девизните резерви и според

повеќето од нив, девизните резерви на Македонија незначително го надминуваат прагот на задоволителноста. Од аспект, пак, на формите во кои се вложуваат овие средства, постои голема разноликост во светски рамки, при што доминираат конзервативните форми, како државни обврзници и злато, додека во поново време се појавуваат и поризични вложувања, во акции, мотивирани со потребата од остварување повисоки стапки на поврат. Структурата на девизните резерви на Македонија не отстапува од овие трендови.

7. *Дивидендната политика на македонските компании и нејзиното влијание врз цените на акциите, Годишник на Економскиот факултет во Скопје*, Скопје, 2011.

Во овој труд е направено едно практично истражување на дивидендните политики на македонските компании со цел да се утврди дали и во колкава мера тие ги почитуваат вообичаените модели на дивидендната политика, како и да се согледа евентуалната поврзаност помеѓу нивните дивидендни одлуки и вредноста на нивните акции. Авторот покажува дека кај помал број компании може да се забележи одредена конзистентност во дивидендното одлучување, додека останатите се чини дека сé уште не ја согледуваат потребата од почитување на одредни принципи и правила. Од друга страна, акциите на компаниите што имаат постабилна политика на исплата на дивиденди и повисоки дивидендни приноси бележат и помали ценовни варијации. Тоа е покажано преку статистички показатели засновани на примерок составен од 16 компании и нивните одлуки за исплата на дивиденда во последните 5 години, како и преку следењето на цените на нивните акции во истиот период, на неделно ниво. Ова сознание може да им послужи на менаџерите на компаниите како основа при воспоставувањето на целите и принципите на распределбата на финансискиот резултат.

8. *Recent Developments in Corporate Transparency and Disclosure in Macedonia and the Region*, конференција *Corporate Governance – its Perspectives and Challenges*, Економски факултет – Скопје, ноември 2012.

Во овој труд е направена споредбена анализа меѓу компаниите во Македонија, Србија и Хрватска во поглед на нивната транспарентност. При тоа е користена методологијата на рејтинг-агенцијата Standard&Poor's која се базира на годишните извештаи на компаниите и ја испитува присутноста на околу 98 параметри во нив. Врз основа на истражувањето, утврдено е дека компаниите во Македонија имаат пониско ниво на транспарентност во однос на споредливите компании од соседните земји. Како можни причини за ова авторот ги наведува инсајдерската приватизација, ниското ниво на ликвидност на акциите на берзата или, можеби, повисокиот степен на присилност присутен во законската регулатива на соседните земји.

9. *Stock Market Rationale under Conditions of Deffective Corporate Governance – The Case of Macedonia, Meditteranean Journal of Social Sciences*, May 2012.

Во овој труд, објавен во меѓународно списание, авторот го отвора прашањето на рационалноста на постоењето на берзите на акции во земји во кои корпоративното управување е со сомнителен квалитет. Имено, целокупниот финансиски менаџмент и неговите постулати својата целисходност ја засноваат на околности кои владеат во развиените земји. Кога тие ќе се пренесат на полето на земјите во развој, до израз доаѓаат низа неконзистентности кои ја доведуваат во прашање реалноста од нивната примена во овие земји. Во доменот на пазарите на капитал, овие неконзистентности се јавуваат во форма на неефикасност на пазарот, што го отежнува донесувањето рационални одлуки од страна на инвеститорите, така што тргувањето на нив добива карактеристики на хазардна игра.

10. *Проект менаџмент*, дел од учебникот *Инвестиционен менаџмент*, второ издание, коавторство со М. Несторовски и А. Наумовски, УКИМ (во печат). Во овој учебник д-р Сашо Арсов се јавува како автор на третиот дел, посветен на проектниот менаџмент, материја со која тој се занимава подолго време и за која е избран како предметен наставник на истоименит предмет. На околу стотина страници е презентирана материјата од областа на управувањето со проектите, на еден современ и лесно приемчив начин, збогатена со илустрации.

VIII. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид сето она што погоре го изнесовме за научните, стручните и наставни резултати на кандидатот, Комисијата е во целост убедена дека проф. д-р Сашо Арсов со својата досегашна работа на Економскиот факултет во Скопје постигнал забележителни успеси. Се работи за солиден наставник, многу одговорен и исполнителен кон сите преземени задачи како наставник на Факултетот и на сите други доверени задачи, како и за личност со високи морални вредности. Тој со особена преданост и со највисок квалитет ја извршува наставната дејност по неколку предмети, има мошне успешен и стручен напредок во дисциплините кои ги предава, а во научната работа се претставува како плоден и многу сериозен научен работник. Поради тоа, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го избере кандидатот д-р Сашо Арсов за наставник по предметите финансиски менаџмент, проектен менаџмент и меѓународен финансиски менаџмент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје, во звањето редовен професор.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Методија Несторовски, с.р.
2. Проф. д-р Димитар Бојаџиоски, с.р.
3. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО,НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Сашо Димитар Арсов
(име, татково име и презиме)
Институција: Економски факултет-Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: економски науки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување настава на прв циклус студии по предметите: Финансиски менаџмент (6*15*0,04*5 год.=18) Проектен менаџмент (6*15*0.04*5 год.=18) Меѓународен финансиски менаџмент (4*15*0.04*2 год.=4,8) Финансиски менаџмент – дисперзирани студии Штип (6*15*0,04*2 год.=7,2) Финансиски менаџмент – дисперзирани студии Струга (6*15*0,04*2 год.=7,2) Економија на инвестиции – дисперзирани студии Струга (6*15*0,04*1 год.=3,6) Меѓународен финансиски менаџмент – дисперзирани студии Струга (4*15*0.04*1 год.=2,4)	61,2
2	Одржување настава на втор циклус студии по предметите: Финансиски менаџмент – насока МБА Менаџмент(2*20*0,05*5 год. = 10) Финансиски менаџмент – насока: сметководство и ревизија (2*20*0,05* 4 год. = 8) Финансии на корпорации (2*20*0,05*5 год.=10) Сметководствени и финансиски алатки за Е-бизнис (20*0,05* 4 год. =4) Проект менаџмент –двогодишни студии Е- бизнис менаџмент (2*20*0,05* 2 год. =4)	36
3	Настава во школи и работилници: Специјалистички студии по корпоративно управување (2 години по 1 поен)	2
4	Подготовка на нов предмет: Предавања по предметите меѓународен финансиски менаџмент и сметководствени и финансиски алатки за Е-бизнис (0,5)	1,5
5	Консултации со студенти 1. На прв циклус студии: Финансиски менаџмент (650*0,002*5=6,5) Проект менаџмент (60*0,002*5=0,6) Меѓународен финансиски менаџмент (130*0,002*2=0,5) 2. На втор циклус студии: Финансиски менаџмент – насока: МБА Менаџмент(120*0,002*5 год. = 1,2)	10,2

	Финансиски менаџмент – насока: сметководство и ревизија (20*0,002* 5 год. =0,2) Финансии на корпорации (120*0,002*5год. = 1,2)	
6	Ментор на дипломска работа (25*0,2=2)	5
7	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (5*0,5)	2,5
8	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (19*0,3=5,7)	5,7
9	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа(10*0,1=1)	1
10	Позитивно рецензиран универзитетски учебник (коавтор)	6
11	Пакет материјали од одреден предмет (Меѓународен финансиски менаџмент)	2
	Вкупно	**133,1**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Ментор на докторска дисертација (3*3=9)	9
2	Ментор на магистерска работа (7*1=5)	7
3	Учесник во меѓународен научен проект (1*5=5) *TEMPUS JEP 40093-2005 Master of E Business Management at the Faculty of Economics in Skopje-MEMFES,* финансиран од Европската комисија	5
4	Дел од монографија: - Даниел МекФаден, *Нобеловци по економија*, Економски факултет-Скопје, Скопје, 2008. - „Финансиски извештаи и обелоденување на податоците“, глава во книгата *Корпоративно управување*, редактор: проф. д-р Б. Шуклев, Екон. фак. и IFC, 2008 (2*4=8)	8
5	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно-стручно списание: „Интегрираноста на финансискиот систем на Република Македонија со меѓународниот финансиски систем“, *ПРИЛОЗИ 2, 2008,* МАНУ	4
6	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: „Stock Market Rationale under Conditions of Defective Corporate Governance – The Case of Macedonia“, *Meditteranean Journal of Social Sciences, May* 2012.	6
7	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно популарни списанија (2x2=4): - Специфичности на проектниот менаџмент во малите претпријатија, *Претприемач.мк*, 26.8.2010 - Некои аспекти на финансискиот менаџмент во услови на неизвесност и криза, *Економија и бизнис*, септември 2011	4
8	Труд со оригинални научно-стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир - Recent Developments in Corporate Transparency and disclosure in Macedonia and the Region, Конференција *Corporate Governance – Its Perspectives and Challenges*, Економски факултет – Скопје, ноември 2012	2
9	Трудови со оригинални научно-стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научно-стручни собири со меѓународни	5,7

	уредувачки одбори (2,7+3=5,7) 1. "The impact of the crisis on the balance of payments - the case of Macedonia (When vulnerabilities come to the fore)", Конференција: *The impact of the global financial crisis on non-EU countries: Mitigating the short-run impact and strengthening long-run resilience, Frankfurt, Germany, 19-20 October, 2009 (коавтор)* 2. Foreign Exchange Reserves Adequacy and Management, *Proceedings of the conference Finance and Monetary Policy after the Global Financial Crisis,* Скопје, Македонија, 18.11.2011.	
10	Трудови објавени во зборник на трудови на високообразовна институција (4*2=8) 1. Динамички аспекти на квантифицирање на систематскиот ризик преку примерот на македонските компании, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје,* Скопје, 2008. 2. Анализа на структурата на капиталот на македонските компании, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје,* Скопје, 2010. 3. Дивидендната политика на македонските компании и нејзиното влијание врз цените на акциите, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје*, Скопје, 2011. 4. Транспарентноста на македонските компании мерена преку индексот на транспарентноста на Standard and Poor's, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје*, Скопје, 2012 год.	8
11	Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: - Предавање на тема: „Состојби и перспективи на економијата на Република Македонија" на Собирот на Федерацијата на евро-азиските берзи, Охрид, 5.5.2011 година	3
12	Пленарно предавање на стручен собир: - Годишна конференција на Македонската берза 2010 година	1
	Вкупно	**62,7**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред.бр.	Назив на активноста:	Поени
		/
	Вкупно	/

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред.бр.	Назив на активноста:	Поени
1	Поглавје во книга (2*1=2) „Финансии на корпорацијата – финансиски менаџмент", Поглавје во Прирачник за обука и полагање стручен испит за инвестициско советување, КХВ на РМ, 2010	2
2	Експертски активности: - Оценка на економските ефекти на промената на временската зона во која се наоѓа Република Македонија	1
3	Студии, физибилити студии – одговорен проектант: (6*2=12) - Ноември 2009 година – за потребите на Светската банка - изработка на Економска и финансиска анализа за компонентите од дополнителното финансирање за проектот за	12

	реформа на Катастарот на недвижен имот Јануари – јуни 2010 година: - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – ОУ „Гоце Делчев"; - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – Спортска сала „Гоце Делчев"; - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – Дом на културата; - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – ПОУ и градинка "Гоце Делчев"; - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – Општинска зграда.	
4	Предавања на институции од јавен интерес: - Обука за инвестициони советници за Комисијата за хартии од вредност (2010 година); - Обука за актуари за потребите на Агенцијата за супервизија на осигурување на РМ (2012).	1
Дејности од поширок интерес		
1	Член на Одборот за организација на меѓународната конференција *The Challenges to Economic Theory and Policy in the Aftermath of the Global Economic Crisis.*	1
2	Студиски престој во странство • до три месеци 1*0,5=0,5 (IAE de Paris, Universite Paris 1 – Pantheon-Sorbone)	0,5
3	Член на факултетска комисија: - Комисија за акредитација во AACSB - претседател - Комисија за изработка на Стратегиски план - претседател - Комисија за испитување на можностите на Економскиот факултет за стекнување меѓународна акредитација - претседател - Комисија за издавање под закуп недвижен имот (4 комисии: банкарска филијала, книжара, бифе и банкарска филијала) - претседател - Комисија за утврдување предлог за вработување референт за правни работи - претседател - Комисија за спроведување упис на студенти (2010/11) - член Комисија за јавни набавки (30 комисии) - претседател	19,5
4	Член на комисија за избор во звање (член на рецензентска комисија за избор на асистент) 2*0,2	0,4
5	Член на Универзитетскиот сенат (два мандати)	4
6	Подготовка на национални документи: - *Методологија за проценка на еколошките влијанија* за потребите на Министерството за животна средина (2011)	2
7	Членство во комисии и тела на државни и други органи: - Член на Советот на Народна банка на Република Македонија - Комитет за инвестиции во рамките на НСПК - Член на надзорниот одбор на АД Скопски пазар - Скопје	3
Спортска дејност		

	/	/
	Вкупно	**46,4**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	133,1
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	62,7
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	46,4
Вкупно	**242,2**

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Методија Несторовски, с.р.
2. Проф. д-р Димитар Бојаџиоски, с.р.
3. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.